Виктор Христовски



МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА И Д-Р ХРИСТО ТАТАРЧЕВ

ПОМЕЃУ МИТОТ И РЕАЛНОСТА

Предговор

Долго време ме мачеше мислата дали не би било подобро револуционерната дејност на ВМРО во Македонија и Одринско да остане како митологија отколку како историска реалност. Митологијата би ја изразила суштината на таа епска активност – оној внатрешен мир појавен од македонско-одринскиот бугарски народ во борбата за слобода; таа борба е всушност опкружена со мистицизам и копнежи, протест и волја на еден народ угнетуван со векови како еманација на спонтано, длабоко очувствување и будење на неговото постоење во беда и ропство и на осознавањето на неговата интелектуална и културна моќ за слободен живот. И од таа мистична вера, туркан неуморно и бестрашно до и по востанието на ИЛИНДЕН, со натчовечки напор пред природни стихии, жртви и лишувања за извојување на неговата слобода, тој народ можеше да ја создаде великата ослободителна епопеја која за навек ќе дава стимул во неговиот живот. И како апотеоза на таа борба може да послужат не само фактите за историската реалност во времето и просторот, туку она што е поважно – нивната внатрешна суштина како реална вредност, ако во нив е предаден оној дух, онаа вера на борбениот народ од моментот на раѓањето на ВМРО, нејзиниот растеж и нејзината дејност. Од тие причини ние се бевме откажале од секаков обид за изнесување на нашите спомени во врска со дејноста на таа Револуционерна организација бидејќи тоа го сметаме за тешко остварливо, но на крај требаше да го променам тоа решение поради настојчивоста на младото поколение, чиј претставник меѓу другите е и г-дин Јордан Чкатров, кој дојде во Торино во средината на месец јуни 1933 г. да ме поздрави од Централниот комитет по повод четириесет годишнината на ВМРО. Сепак, најмногу настојуваше жена ми, и таа мој соборец во борбата, на која бев должен да ѝ обезбедам и најмало внимание откако таа беше разделена од најблиските и од родната земја и која добила од мене (не) живот, туку само горчини и страдања. Спомените изложени во оваа книга опфаќаат дел од оние настани кои го одбележаа најинтензивно, во најразнообразна конфузија, својот печат во мојата душа: кога радоста се преливаше незабележително во тага и мака, илузиите во очајување, но волјата на револуционерот го придушуваше гласот на срцето и тој врвеше непоколебливо кон целта. Се трудев да бидам објективен, ако е тоа воопшто возможно во едно дело, во кое сме биле истовремено во улога на актер и сведок. Објективноста, која, како што е извесно, се состои од односот помеѓу објектот и субјектот во самиот субјект, од кој таа (објективноста, В.Х.) произлегува и ја добива својата реална вредност. Ете, зошто, во овој случај не може да се претендира на една безусловна објективност во моите спомени и ако, еден ден, историчарот при оценка на историските факти се потпре на оние [факти] кои му се чинат во моментот во согласност со неговите субјективни сфаќања, нема да биде ни најмалку чудно при разгледување на дејноста на ВМРО, да имало субјективност од моја страна.

Во таа борба преовладуваа, воопшто, безброј и ретки во историјата, натопени со идеализам, херојски подвизи на одделна личност, како и на колективитетот. Многу дејци, не се сомневам, дека сум ги пропуштил, но тоа не се случило намерно, со никаква тенденција, туку можеби како резултат на мојата исклучителна положба. Можно е и хронологијата на настаните да сум ја побркал според последните [настани] кои ми беа запаметени. Не создавам илузии за непогрешливост на моите спомени и во тој однос би прифатил со благодарност дополнувања и нивни корекции.

Торино, јули 1934 г. Д-р Христо Татарчев

I

Мислата за слобода кај македонскиот народ

Бугарската мисла не згасна под турското ропство и грчкото духовно угнетување * Израз на таа мисла е апелот на Паисиј * Американската и Француската револуција * Преродбата на бугарскиот народ * Племенската и културна врска помеѓу Бугарите од Мизија, Тракија и Македонија * Ослободителните движења на Балканскиот Полуостров * Априлското востание * Цариградската конференција * Руско-турската војна и Санстефанскиот договор * Берлинскиот конгрес * Училишното дело во Македонија: ученичките бунтови * Македонското учество на младината во Кнежевството и Источна Румелија * Социјалистичкото учење * Раѓањето на мислата за слобода кај македонската младина * Македонската интелигенција и конспирација *

Мислата за слободата на Македонија се јави во македонскиот бугарски народ како природен тек на еден долготраен и континуиран процес на развој во неговиот историски живот. Таа мисла се всели во него не толку како импулс и волја во биолошка и органска форма, колку во онаа моќна творечка сила, оформена како идеја и практична акција во неговото битие и историја на свесен народ. Животот на еден народ претставува непрекинат контингент на развојот на неговата мисла и на стремежот кон одредена цел, вклучувајќи ги во себе минатото и сегашноста со предвидување на иднината. Народната мисла отсекогаш црпи инспирација од животот, енергија и материјал за своето оформување и создавање и гради со живите народни сили емпириски и културни вредности како манифестација на самиот живот. Во крајна инстанција, мислата секогаш се стреми да ја достигне универзалната вистина, како и целите на животот само кога човекот преку народот ќе се ослободи од физичко-механичката каузалност на малтретирање и угнетување и ќе ги издигне неговата вера и вербата во себеси за достоинство и чест. На тој начин, кога [мислата] влијае врз развојот на самочувството и сознанието за целите и задачите на животот, истовремено во него го докажува чувството на правичност и морал во социјалноста на таа финалност, меѓутоа мислата би била достижна при слобода на развивање на физичко-интелектуалните индивидуални сили во животот. Затоа слободата се јавува како насушна потреба и заземала најважно место во мислата на поединецот, како и на народот како есенција и реалност за неговото доближување до вишото човечко добро. Таа е природен принцип и во исто време услов за идигнување на сознанието на личноста на народот – да се чувствува законодавец на себеси, да живее според својот разум и да го твори заедничкото добро на колективитетот. Сите оние возвишени мисли и копнежи, воопшто, кои го брануваат човештвото би останале илузии без присутноста на слободата. Затоа историјата (борбите) на народите за слободата претставува трагедија помеѓу угнетувањето и законитоста, правдата и неправдата, како и помеѓу новите и старите идеи и сфаќања во однос на животот и

општественото-политичко уредување. Тие борби се решавале во повеќето случаи со крвави конфликти – револуции во кои одделната индивидуа ја внесувала својата мисла и ги подметнувала своите гради за општиот народен идеал. Цивилизацијата и новото општествено-политичко уредување се изградувале во колективитетот најчесто врз човечки коски и пепел по [завршување на] тие конфликти. Стимулот и ограничувањата на тој процес на еманципација секогаш биле историските услови, под чие влијание биле моделирани личноста и народите. Генерално, нивниот историски развој се наоѓа во врската на контрастите на тие услови. Нивната волја овде се манифестира како акција – историски факт за слободен развој на физичките и духовните сили. Копнежот за слобода на индивидуалната, како и на народната душа не може да биде ограничен ниту со синџири, ниту со какво било механичко влијание. Мислата врви напред и твори со [силата на] својот неуништлив закон. Таа може да претрпи извесни модификации во фазите на ревендекацијата за слобода, но никогаш нема да изгасне наполно. Така, турското владеење, кое конечно се воспостави на Балканскиот Полуостров (1352-1464), уништи секаква внатрешна политичка и културна појава на бугарската мисла. А, пак, грчкото духовенство од своја страна ја лиши од книгата и највредните нејзини блага иако тоа духовенство го толерираше привидното постоење на Охридската архиепископија до 1767 г. како автокефална. Таа, всушност, поставуваше во Македонија и во Јужна Тракија, грчки архиепископи, владици, свештеници и др., но и покрај тоа духовно угнетување бугарската мисла не престана да сјае, макар и слабо, само во темните и влажни ќелии на манастирите, во недостапните планини, како Рилскиот, „Св. Наум" во Охрид, Пречистанскиот во Дебар, „Св. Пантелејмон" во Кочани и др., кои станаа нејзини храмови, како и наши народни блага. Тоа беа обично посебни лица, кои поради турско-грчкото угнетување на општествено-политичкиот живот во бугарските земји, било поради мистично духовно настроение се откажале од обичниот живот и барале спокојство на душата во тишината и ненаселените и недостапните катчиња во планините. Тие таму се предавале на влијанието на она разурнувачко чувство од грандиозноста, величественоста и мистериозноста на вселената на контемплацијата, екстазата за достигнување на божеството или, пак, работеле со наведнати чела при слабиот зрак на восочна свеќа на запазената, во тие манастири, бугарска книга, за да го реконструираат историското минато на бугарската мисла и нејзината творба. И првиот израз на таа мисла по многувековната летаргија стана токму по историскиот датум 1767 г., со суспендирањето на Охридската архиепископија во книшката на јеромонахот Паисиј, роден во градот Разлог, напишана со пердув од патка во светогорскиот Хилендарски манастир. Тоа беше еден горешт апел кон бугарскиот народ за неговото славно и велико минато.

Настаните од Американската револуција во 1775 г., по ослободувањето на Северноамериканските држави од англиското владеење, Француската револуција од 1789 г., биле предвесници на тенденцијата за изделување на народноста во нејзиниот специфичен

организам и географски граници, како и за нејзината слобода и независност. Тие најдоа одзив во сите народи на Европа, кои се нашле во тешки и угнетувачки општествено-политички услови. И како резултат на тоа, во средината на XIX в. се јавува борбата на бугарскиот народ за ослободување од Грчката патријаршија и истовремено таа беше подоцна и прелудија за неговото ослободување од турското ропство. Преродбата на бугарското племе беше воопшто во подем подеднакво во сите бугарски земји и во него се појави фактички племенската и културна врска помеѓу Бугарите од Мизија, Тракија и Македонија, која е создадена уште во крајот на VI в. од Аспарух – водачот на прабугарската орда и од неговите наследници. Долговековното ропство и покрај напорите на турската власт и Патријаршијата не можеше да ја прекине таа врска бидејќи бугарскиот народ преку единство и волја беше резултат на еден непрекинат еволутивен и инволутивен историски процес на почвата на вродени и непрекинато потхранувани животни сили – динамизам во неговото битие и беше веќе израснал и зацврстен како сила и акција под влијанието на неопходните контингентни противречија на надворешниот свет при реализирањето на неговите тежненија во животот. Тоа негово национално единство во однос на племенската врска, беше конечно зацементирано со писменоста на св. Кирил и Методиј, како и со поддршката на неговите ученици Климент, Наум и др., со што на бугарскиот народ му се дадоа нужните претпоставки за напредок и цивилизација. Македонскиот народ тогаш го образуваше еднакво со Мизијците и Тракијците моќниот пиедестал на кој подоцна се изгради бугарското царство и кога последното се распадна во 963 г. во Источно и Западно царство, Западното беше она кое го востанови бугарското царство. Тој народ даде исто така при Преродбата забележителни мажи, како Јоаким Крчовски од Кичево, Неофит Рилски од Разлошко, Хаџи Теодосиј од Дојран, Рајко Жинзифов од Велес и браќата Миладиновци од Струга. Создавањето на Егзархијата во 1870 г. беше дело, општо, на сите Бугари. Акцијата на Иларион Макариополски, Иларион Ловчански, Панарет, д-р Чомаков и др. не би го имала оној ефект пред Портата и амбасадите на големите држави ако не била поткрепена од манифестациите на работниот македонски народ во Цариград. Ехото на внатрешните бранувања од тоа едвај стигнувало до Портата со потребната светлина, но она на цариградските бугарски маси не можеше веќе да биде игнорирано од Портата. Таа општа бугарска акција ја принуди Високата порта да ја постави Велешката епархија под управување на Егзархијата и две години подоцна да ги приклучи кон неа уште и Скопската и Охридската епархија. Преродбата, всушност, претставуваше една најславна епоха во бугарската историја – напори и самопожртвуваност на интелигенцијата и духовенството во борбата против црковно-просветителната пропаганда на Патријаршијата. Младите генерации, чии татковци при таа борба ги палеле митрополиите, ги доживувале најинтензивно тие настани. Слободољубивите движења на народите на Балканскиот Полуостров за слобода и независност, кои завршија со ослободување на Србија и Грција, наидоа во нив на моќен одзив за слободен национален живот. Тие исто

така прибегнаа кон методите употребени од соседните народи за да ја извојуваат слободата на својата родна земја. Патот кој беше зацртан од Раковски, Ботев, Каравелов и др. се оделотвори во лицето на Васил Левски. Резултат, пак, од тоа беше Априлското востание и како последица на тоа, турските жестокости во 1876 г. Последните ја предизвикаа Цариградската европска конференција која создаде две бугарски автономни области: источна и западна, а во втората влегуваше и Македонија. Ова решение се наметна под притисок на Портата, по кое дојде и до Руско-турската војна. Ослободувањето на бугарските земји според Санстефанскиот договор на 19 февруари 1878 г. беше всушност акт на праведност и вистина, но на Берлинскиот конгрес истата година се анулира овој акт и се разделија бугарските земји во две одделни слободни бугарски области и една трета – Македонија, која се остави под турска власт со задолжение да се примени за неа чл. 23 од Критските реформи[919]. Тоа решение со право предизвика протестно чувство на негодување во македонскиот народ против Големите сили и се обиде веднаш да му парира на тој жесток удар на дипломатијата со Кресненското востание (1878), а подоцна и со Охридското и Прилепското востание (1880), но без никаков резултат. Македонскиот народ, тогаш, наместо да се повлече, се оддаде со редок елан и волја кон просветата. Необичен поток од младина, дури и брадати мажи, се протегаше од паланките и селата кон градовите каде што веќе имало бугарски училишта. Тоа даде повод за отворање училишта во сите бугарски населби за задоволување на таа толку зголемена потреба за наука. Беше сосема нормално дека училишната младина, со проширувањето на своите погледи, нема да најде толку страст во апстрактните предмети, онака како што тоа го чувствуваше и привлекуваше во предметите за историскиот развој на народите и нивната независност. И покрај тоа што тоа вовлекување стануваше мошне претпазливо поради посебните политички услови, младината извлекуваше од негацијата факти кои се граничеа со слободољубиви илузии. Таа состојба совршено ја трансформира младешката душа и мисла и ја доведе до сфаќањето дека слободата не сака молитва, туку мотика. И оттука, природно произлезе она предубедување во поразбудената младина дека не може да слушаат повеќе за „камењата". Бунтовите, воопшто, во бугарските училишта во Солун, Битола и Цариград беа рожби на времето на новите сфаќања и идеи, во чија жртва беа принесени темпераментните и мечтателни младешки природи, на кои им се затвораа вратите на училиштата. Такви беа Дамјан Груев, Петар Попарсов, Никола Наумов и др., кој го завршија на крај своето образование во вишото училиште во Софија, а Пере Тошев, Ѓорче Петров, Андреја Љапчев и др. се упатија во Пловдив за да го довршат гимназискиот курс. Авторот на овие спомени се упатил директно од Ресенското основно училиште во Брацигово, каде што неговиот поголем брат Михаил Татарчев бил тогашен учител во прогимназијата, а потоа во

[919] Се мисли на чл. 23 од Берлинскиот договор на Берлинскиот конгрес, а не на чл. 23 од Критските реформи. Всушност, овој член бил формулиран во духот на Критските реформи.

втората година се префрли во Пловдивската гимназија. Поради ученичкиот бунт во неа, тој бил исклучен и предаден на власта која ги ставаше бунтовните ученици во касарните, но тој успеа да избега и да замине за Швајцарија – Цирих, каде што и студираше првите две години на медицинскиот факултет. Кнежевството Бугарија и Источна Румелија, воопшто, со нивната врела творечка дејност во сите гранки на животот, брзиот просветен и културен напредок и задоволство во сите слоеви на општеството, тоа беа за македонската младина потресни контрасти наспроти состојбата во Македонија, каде што владееше еден беспримерен, бесправен општествено-политички режим, во кој личната слобода, имот, честа и трудот беа доверени под закрилата на произволноста на турскиот фанатик. Младешкиот ум не беше во состојба да ги синтетизира тие контрасти кои тој ги набљудуваше во македонскиот живот и колку повеќе се оддаваше на размислувања, толку помалку наоѓаше потпора во дијалектиката за спојување на тие контрасти и толку понемоќен се чувствуваше за да се спротивстави на своите бунтовнички идеи кои врвно ја окупираа младешката душа. Револуционерната литература во Бугарија, Франција, Италија и руските нихилисти се читаше од младината со голем восхит - до самозаборав и ја поттикнуваше уште повеќе кон бунтовнички идеи. Резултат од таа душевна борба беше, најпосле, што некои од нив се решија да се организираат во дружина како за самозапознавање, а исто така и за една целесообразна активна дејност во Македонија. Таа дружина во Софија, која се беше родила во тесен круг, на училишна клупа, еволуираше и со определена цел да работи за слободата на Македонија. Членовите на таа дружина беа: Д. Груев, П. Попарсов, Хр. Попокоцев, Н. Наумов и др., кои по убиството на министерот Белчев се распрснаа и дружината се растури. Авторот, А. Љапчев и Божидар Татарчев од Македонија, Јончев, Манчев и др. од Бугарија, студенти на Циришкиот универзитет и политехника, беа формирале, заедно со студентите од другите нации на Балканскиот Полуостров, дружина за да ја пропагира идејата за зближување на народите на Полуостровот врз база на полна слобода на народноста и нејзиниот развој во нејзиниот специфичен организам и култура. Младината, пак, која студираше во Македонија, го идеализираше просветителството во Кнежевството Бугарија и Источна Румелија [и] гледаше како да стигне до тие братски држави кои се радуваат на слободата. Не мал дел од неа од нивните гимназии и вишото училиште, земаше најживо учество во општествениот живот; освен тоа, таа беше вовлечена по силата на нештата во вртлогот на соодветниот општествено-политички систем, дури и во борбите помеѓу политичките партии и текови по кардиналните социјални и национални прашања. Тие случувања не можеа да не остават своја трага во младешката душа. Човекот не е ништо друго освен комплекс од биографски и општествени акции и реакции или, пак, од една механичка каузалност. Македонската училишна младина се нареди рамноправно со Мизијците и Тракијците во редовите на ученичката легија во српско-бугарската војна. За тоа време социјалистичкото учење настапуваше со брзи чекори во Бугарија и ги обзеде умовите на училишната младина. Тоа создаде во неа сосема

различни сфаќања во односите помеѓу учителот и ученикот, дисциплината и религијата, на што неретко беа плод ученичките бунтови. Тоа учење уште повеќе ја засили, особено во македонската младина, тенденцијата за револуционерна дејност. Социјалистичкото учење, макар и да е класна-пролетерска борба против буржоаскиот капиталистички сталеж – антитеза на владејачкиот општествен систем, има доста допирни точки со зародената револуционерно течение кај македонската училишна младина за ослободување на Македонија од турското ропство. Ако тоа учење ја вклучува во доктрината борбата на пролетеријатот како неопходност за обновување на социјалниот систем во општеството како универзален закон, според создавачот на таа доктрина Карл Маркс, така тогаш борбата за слобода на Македонија се јавуваше како надуниверзален закон, без која борба реализирањето на тоа учење во колективитетот е илузорно. Тоа учење, воопшто, најмногу се совпаѓаше со сфаќањата и копнежите на македонската младина, која наоѓаше во него најголем мотив за идната акција во татковината. По тоа прашање таа расудуваше така што ако социјализмот се јавува како една социјална неопходност во слободните цивилизирани и индустриски држави за отстранување на неправедливото натрупување на богатствата на човечкиот труд кај одделни лица или групи и се стреми да ги распредели на рационален начин производството, искористувањето и натрупаните богатства во општеството, тогаш револуционерноста на македонската младина се јавува како една [...] социјална потреба, еден исход во теократските држави како Турција, каде што се игнорираа најелементарните права на човекот и каде што доминираше феудалното земјоделие во најпонизен, за човечкото достоинство, облик и религиозен фанатизам на владејачкото муслиманско племе и каде што христијанинот се сметаше за долна облека, предодредена група да му служи на избраниот од провидението – правоверниот муслиман. Социјалистичкото учење, колку и да беше спротивно во однос на методот и целите на стремежите, објектот и идеите на македонската младина, не можеше да не биде блиско до неа по својата финалност. Таа гледаше во поимот на борбата, макар и класна, израз на виша правда и морал. Тој прифатен синоним воопшто за двете тенденции, макар и различни по својата суштина, ги принуди Гоце Делчев и Ѓорче Петров да врбуваат во 1896 г. приврзаници за Организацијата од создадените овде-онде во Бугарија, главно во Самоков, младински социјалистички групи. Тие младинци, кои не најдоа душевно задоволство во нивните темпераментни природи и полетта на неспокојниот дух во сувите социјалистички формули, се нафрлија со редок ентузијазам во рацете на Револуционерната организација. Мнозина од нив останаа до крај верни на нејзиниот идеал и дисциплина и ги оставија коските во македонските гори и полетот за нејзиното величење и слава. Во тие услови, воопшто, македонската младина израсна и се оформи како интелект и сила за претстојната дејност во нејзината татковина. Слободата во Бугарија, колку и да беше примамлива за некои млади, која им ги откриваше прекрасните перспективи за интелектуален и културен напредок, социјална положба и мирен живот, не можеше повеќе да ги

оттргне од онаа мисла до која тие стигнаа по интуиција – да служат на татковината. Тие тукушто го беа завршиле образованието, се втурнаа во родната земја за да ги применат своите поранешни идеи и мечти во конкретни дела, без да мислат дали еден ден ќе бидат зафрлени од бурите на македонското море на спасителниот брег. Тие веќе беа инструмент на една идеја – волја, која ги обусловуваше нивниот императивен долг и акција и требаше да го заглушат гласот на срцето и да станат цврсти како гранитна карпа пред оние уништувачки сцени од тортура, тепачки, затвори и убиства на татковци, браќа и сонародници кои тие се осмелија да ги поднесат на жртвеникот за слободата на Македонија, дури и авторите на таа трагедија потпаднаа под ударите на истата немилосрдна судбина како жртва за нивното смело дело и како симбол за слободата. Од тие млади луѓе посебно беа назначени како учители Дамјан Груев во Смилево, Пере Тошев во Прилеп, Ѓорче Петров во Штип, а Иван Хаџиниколов, Петар Попарсов, Андон Димитров и др. во Солун, како и д-р Христо Татарчев, кој по завршувањето на Медицинскиот факултет во Берлин беше сместен како лекар во Солун. Така, значителен контингент од млади и интелигентни сили се смести во училиштата од целата земја, а последните се издигнаа со својот просветен учителски персонал, богатствата на професорските материјали и библиотеки до тоа ниво, што не отстапуваа во ништо од оние во културните земји. Солунската гимназија сепак заземаше прво место меѓу нив и го носеше заслужено името „Алма матер" за Македонија. Тие ги култивираа во младешката природа научните и граѓанските принципи и на тој начин ја подготвија идната интелигенција на Македонија, на чии што плеќи натежна великото ослободително дело. Солунската гимназија, колку и да беше скромна по својата внатрешност, се појави толку моќна во однос на возвишените погледи и способна да ја изгради по интуиција и со ретка вештина конспиративната Внатрешна македонска организација и да вклучи во нејзините објекти и цели вечни принципи, колку рационално, толку и национално, така што конспирацијата можеше да ја разниша од дно турската империја.

II

Конституирање на Македонската револуционерна организација

Револуционерната идеја * Сондажи помеѓу создателите на организацијата * Дебатата за положбата на Македонија * Обидите на Турците за реформирање на Империјата * Прифаќање на автономниот принцип * Изработка на уставот на Организацијата * Основање на Централниот македонски комитет со седиште во Солун * Утврдување на содржината и средствата на заговорот * Весникот на организацијата и неговата содржина *

Револуционерната идеја, воопшто, се роди по интуиција во македонската младина уште во училишната клупа и созреа таму чекајќи го моментот на своето појавување во конкретна форма. Таа не беше резултат на спонтаност и избувнување на младешката душа под влијание

на надворешни или внатрешни ефекти, транзитен протест против физичкото и духовното угнетување на нејзиниот полет од средината, туку беше дело на долг – индуктивно-дедуктивен процес на проучување и следење на проблемот на слобода кај народите ослободени од ропство. Револуционерната идеја за младите беше станала религија и се јавуваше во нивните очи не само како легитимна и хумана, туку и како должност за создавање услови за ред, правда и законитост во татковината. Таа долго време ја поставуваше младешката душа пред перспективите со многу неизвесности бидејќи нејзиното реално оформено олицетворение во македонската суштина претполагаше многу претпоставки од кои зависеше нејзиниот успех или неуспех. Впрочем, тука се криеше загатката на револуционерниот проблем – влогот за светоста на револуционерната идеја. Иницијативи за тоа имало уште пред создавањето на Внатрешната македонска револуционерна организација, како тие на Д. Штерев и Голев, кои образуваат комитети во Македонија (1878), на Охридскиот митрополит Натанаил во Југозападна Македонија (1880) и Дамјан Груев во родното село Смилево (1890), а Иван Хаџиниколов се обидувал во септември 1875 г. во Кукуш да врбува млади луѓе, кои ќе се заземат за подготовка на народот за востание. Но, тие обиди не можеле да пуштат корени во широките маси и биле ефемерни појави – епизоди во македонската ослободителна историја. И ако неуспехот на оние првични обиди лесно би се објаснил, тогаш обидот на Д. Груев во Смилево е полесно објаснив, макар што изминало доста време помеѓу тие индивидуални обиди до формирањето на револуционерната организација. Ако се претпоставеше дека во последните години ќе настане суштествен пресврт во концепцијата на македонската интелигенција и широките маси во полза на револуционерната идеја, тогаш антитезата (противконцепцијата) не била од своја страна помалку против револуционерната идеја. Успехот, општо, во секој случај е во зависност најчесто од случајноста. Последната играла, често, улога како важен и судбоносен фактор во историските настани. Таа е, општо, Х-неизвесност и не се должи ниту на непосредната интуиција, ниту на размислувањата, и од нејзината интервенција неретко се обусловуваат позитивниот или негативниот добиен исход на секое индивидуално или народно дело. Да не беше таа случајност, целата група основачи на револуционерната организација да се најде во тоа време во Солун и секој поединец од таа група, одделно, да не беше обземен од истата револуционерна мисла и да ја сфати како неизбежна неопходност за ставање крај на хаосот во Македонија, хаос создаден од турскиот бесправен и економски уништувачки режим, како и од поддржаните од власта грчко-српски пропаганди, уривачки за единството и моралот на нашата нација. Немаше веќе тука причина за да се агитира и да се убедуваат децата од групата за потребата и целесообразноста на револуционерната дејност. Тоа прашање одамна го беше разрешил секој од нас одделно, лично во себе, остануваше само да се сондира секој одделно и да се пристапи веќе кон практична работа. Таа задача се олеснуваше од фактот што се знаеше добро минатото на мнозина од групата како ученици кои учествувале во

софиската дружина и во списанието „Л о з а“, издавано во Софија, а и од нашите разговори ни се доловуваше лесно интимната мисла која го брануваше секој одделно. Разговорите, општо, помеѓу поинтелигентните се водеа главно на темата за учебното дело и општествено-политичката положба на Македонија. Тоа беа, имено, дневнополитичките прашања. Така, при средбата на авторот со Дамјан Груев во август 1893 г., кого дотогаш тој не го познаваше и кој беше дошол кај него во кабинетот за медицинска помош поради егзем околу левото уво, се отпочна разговор, како при средба со интелигентни луѓе, за политичките и општествени прашања кои ги интересираше нашиот народ, а особено за неподносливата политичка и економска положба на Македонија. Положбата ми беше делумно позната не само од слушање и разговори, туку и од обиколката на Македонија, преземена од мене преку летниот распуст во 1893 г. за таа цел, имено: во Гевгелија, Дојран, Струмица, Радовиш, Штип, Кочани, Кратово, Куманово, Скопје и Велес и во Југозападна Македонија; Охрид, Битола, Прилеп ми беа познати уште како студент. Виденото за време на патувањето создаде во мене потресен впечаток: селското население тонеше во мрак и мизерија; полтронството пред Турчинот го задушило неговото чувство за човечко достоинство и чест. Тоа беше во полна смисла на зборот повеќе од роб. Животот му течеше во примитивно биолошко вегетирање. Градското население, пак, беше раздвоено: едни се држеа за егзархиската политика на централизација, а други се спротивставуваа и сакаа децентрализација, т.е. поактивно учество на граѓаните во општинските и училишните работи. Последната тенденција произлегуваше од фактот што веќе нараснатата интелигенција во градот, лишена од политички права, копнееше да ги појави своите духовни сили барем во општинските работи. При таа прва средба со Д. Груев се забележа полна идентичност во нашите разбирања и се разделивме со желба да го продолжиме другпат разговорот по поттикнатите прашања. И по две други средби, ние се изјаснивме конечно по нашата идна дејност, решивме, без да се губи време, да се почнат сондажи помеѓу нашите познаници. Д. Груев, кој штотуку го беше заменил Никола Наумов како коректор во печатницата на Муратори и К. Самарџиев, располагаше со слободно време и имаше, поради професијата, постојан и поблизок контакт со учителскиот персонал во солунските гимназии и основните училишта и со некои од нив се познаваше дури и од Бугарија. Не измина долго време и Д. Груев повторно се јави кај мене за да му ги соопштам резултатите од моите средби и тогаш го определивме датумот на општата средба, која се случи на 23 октомври 1893 г. во собата на Христо Батанџиев. Тука присуствуваа: Дамјан Груев од с. Смилево, коректор во печатницата на Муратори и Самарџиев, Петар Попарсов од с. Богомила, Велешко, Иван Хаџиниколов од Кукуш, Андон Димитров од с. Ајватово, Солунско – учители, Христо Батанџиев од Гуменџе, секретар во Солунската општина и д-р Христо Татарчев од Ресен, лекар во Солун. Тука се разменија мисли по општата положба во Македонија. Сепак, најмногу нè интересираше прашањето дали Турција може по своја иницијатива да ја подобри положбата на христијанското

население, дотолку повеќе што последното се наоѓаше под покровителството на Големите сили согласно со Парискиот договор, чл. 9, склучен во 1856 г. по Кримската војна, а пак подоцна согласно со чл. 23 од Берлинскиот договор (1878). По исцрпната дискусија по тоа прашање, со оглед на тоа што се имаше предвид дека обидите за реформирање на Турската империја не недостасувале, на пр., како оние со Гулханскиот хатишериф (1839), Хатихумајуна (1856) и Отоманскиот устав (1876), дојдовме до заклучок дека реформирањето на Турската Империја ќе заврши секогаш со неуспех, сè додека теократскиот режим се вдахнува од принципите на Коранот и не се извршат суштествени промени во душата на муслиманот и неговата традиција. Не можеше, следствено, да се надеваме на едно мирољубиво, законски подобрено учество на христијанското население, туку напротив, македонската реалност ни ја покажуваше најочигледната интимна тенденција на турската власт да го уништи по секоја цена компактното христијанско население, посебно бугарското со поддршката на грчко-српските пропаганди. Во однос на стопанството, власта пројавуваше целосна индиферентност спрема експлоатацијата на физичкиот труд на земјоделецот и на исполичарот од земјоделскиот бој, спахиите и др., како и спрема жалбите на трговскиот сталеж кој беше често ограбуван по патиштата од разбојнички банди. И поради тие услови во земјата голем дел од машкото население беше принудено да оди во странство каде што неговиот живот и труд беа наполно загарантирани. На тој начин, земјата ги губеше луѓето, работната рака и наполно се запустуваше.

За таа неподнослива положба немаше двојба помеѓу нас: секој од нас тврдеше дека подобрување не би се постигнало никогаш без една сериозна и планска акција и тоа, колку поскоро тоа би се случило, толку посигурен би бил изгледот за успех. Притоа, растечкиот подем на Турција од воен, просветен и стопански апект, како и применуваната системска политика на Портата „devide et impera" на компактните христијански маси ја зацврстија уште повеќе нашата мисла да се побрза со создавањето на тајна револуционерна организација во земјата.

Идејата за тоа беше прифатена едногласно од шестминатa и на крај Иван Хаџиниколов кажа дека „отсега натаму треба да бидеме готови на секакви ризици и дури да одиме на бесилка". Но, од очите на сите нас по тие зборови излегуваше сериозност и малку загриженост од возбуда и си подадовме сите рака еден на друг како знак на согласност на создавањето на Револуционерната организација. И потоа се реши да свикаме уште една другарска средба, за секој посебно да размисли за лозунгот, формата и дејноста на замислената организација. По неколку дена се случи и втората средба на нас шестминатa, без да се преземе какво и да е конкретно решение, поради што јас им обрнав внимание на другарите и настојував категорично дека треба на следната средба да се преземе конечно решение за формирањето на организацијата. Така, на третата средба, која се случи за време на божиќниот распуст 1893 г. во станот на Андон Димитров од бугарскиот пансион, кој беше подоцна

откупен од браќата Дамјанови од Прилеп и на негово место беа изградиле живеалишта за трите браќа, се пристапи без многу дискусија кон конституирањето на конспирацијата и тука се манифестира колку идеализам, толку и волја. Тука се отцрта една надлогика и проценката на нештата – чистиот разум како да се изгуби зад претчувствата и бранувањата на душата и отстапи во тој случај од својата суштина на идеализам како принцип при избор на возможностите и резоните пред волјата. Таа концепција базираше на императивот на животот и светската историја и нè ослободи од врските на владејачката реалност, со тоа што нè наведе истовремено на оној, универзален закон осветен од животот, чии окови на срамот и ропството на претходните поколенија биле секогаш дел од индивидуалната и масовна саможртва. Аспирациите кон слободата биле неодминлив дел на суштината како израз на конзервација во универзалноста на човечкиот род и неговиот напредок. И од таа причина, слободата го претставувала највисокото богатство во животот за чие постигнување не се штеделе никогаш морални и материјални жртви. Во тој дух, воопшто, се движеа нашите расудувања за тоа смело дело. И колку да бевме со запален ентузијазам и восхит од идеалот за слободата на Македонија, сепак не можевме да ги скриеме душевните бранувања пред сеништето на последиците од нашето дело и на големата одговорност што го фрливме народот во ризична и опасна неизвесност. Најпосле, охрабрени од правичноста на каузата, ние, гореспоменатите шестмина, пристапивме за време на истите божиќни празници да го означиме почетокот на револуционерната организација и тоа се случи повторно во станот на Андон Димитров. Притоа, најделикатна и тешка работа беше да се определи целта, за која се водеа долги разговори иако имавме морална и правна основа во чл. 23 од Берлинскиот конгрес. Тешкотијата сепак се состоеше во синтезата на идеализмот и реалноста. Нашето внатрешно чувство и мисла се движеа повеќе околу општобугарскиот идеал – присоединувањето на Македонија кон Бугарија, но требаше да ставиме воденичен камен на таа култивирана мечта низ толку години кај македонскиот народ и слободниот бугарски народ и да вршиме реална политика. Затоа го зедовме чл. 23 како појдовен на нашата дејност и бидејќи чл. 23 ни изгледаше како апстрактен поим кој тешко би се сфатил од народот, решивме да го замениме со една попластична фигуративна формулација – автономијата на Македонија во нејзините географски и етнографски граници, а тоа се внесе и во уставот на Организацијата. Такво едно разрешување на македонското прашање мислевме дека ќе ги задоволи подеднакво справедливо етничките единки во земјата, како и аспирациите на соседните држави и Големите сили и сметавме истовремено и на суверенитетот на Турција. Минималната слобода која се постигнуваше на тој начин гарантираше доволно материјален и културен развој на сите нации во Македонија. Ние не можевме да дејствуваме поинаку и да ја предодредуваме судбината на македонскиот народ и му оставивме нему понатаму да си ја искова судбината: тој би се присоединил кон Бугарија или би станал алка на една Балканска конфедерација. Тоа што би му се диктирало подоцна од неговите интереси – тој е слободен да

прави што сака. По дефинирањето на целта на организацијата се заложивме за изработка на нејзиниот устав. Тој стана на база на оној од Бугарскиот револуционерен комитет во „Записите" на Захари Стојанов кои ги имавме при рака, кога секој член се фрли на темелна дебата – критика. На П. Попарсов му се довери да го изработи проектот и на една од следните седници проектот се прифати со мали измени за устав на Организацијата, и се даде името „Македонска револуционерна организација", а на Солунскиот комитет, формиран од нас шестминатa – „Централен македонски револуционерен комитет" (ЦМРК). За претседател беше избран д-р Хр. Татарчев со псевдонимот Светомиров, а за секретар-касиер Д. Груев. Солун се предвиде за седиште на ЦМРК поради неговиот голем интелигентен контингент. Тој град беше избран, во случајот, за да ја одигра голема историска улога во животот на македонскиот народ. Еднаш прифатен, автономниот принцип ни налагаше да бидеме доследни и во понатамошните решенија и да го избегнеме сето она што би предизвикало сомнение на тесноградeн национализам во инородните народи. Од таа причина го изоставивме зборот „бугарска" од Револуционерната организација; исто така и од Централниот комитет. Од почеток Одринско не влегуваше во нашата програма. Целото наше внимание беше тогаш концентрирано околу Македонија, но подоцна почна да се зацврстува идејата во нас револуционерната дејност да го опфати и Одринско, каде што судбината на христијанското население, особено на бугарското, не се разликуваше во ништо од она на македонскиот народ и каде што општествено-политичките и економските услови беа речиси идентични со оние во Македонија. Притоа, чл. 23 од Берлинскиот конгрес нè поттикна доста во тој однос и се зафативме подоцна да поработиме подетално и на тоа прашање – дали ќе биде полезно ако и Одринско биде вметнато во нашата програма. Најпосле дојдовме до заклучок дека и таа област треба да претставува дел од нашата револуционерна дејност, така што на тој начин мислевме дека ќе се даде едно задоволително решение на Балканското прашање. Решението за тоа се донесе кон крајот на 1895 г. и почна да се применува во пракса во 1896 г.

Три суштествени ставови се најдоа во уставот на Револуционерната организација: цел, состав и средства. Како цел, како што е кажано погоре, се прифати автономијата на Македонија, а како член на Организацијата се допушти секој Бугарин, од кој и да е крај, да може да биде член на организацијата, откако ќе се покрсти според воспоставената формула – клетва пред евангелие и кама како симбол на одговорност пред Бога и татковината, и тоа по убедување, но не и против својата волја. Тоа решение да се примаат за членови на Организацијата само Бугари ни се диктираше од суштината и карактерот на заговорот, поради што во прво време требаше да се врбуваат членови од оние средини кои беа најугнетени, интелектуално и морално издигнати, цврсти и издржливи по карактер. Во тој однос бугарскиот народ беше најсоодветен и сигурен елемент и при тоа го претставуваше мнозинството во земјата така што Револуционерната организација можеше да се потпре на него без големи

ризици. Најпосле, основачите на конспирацијата произлегуваа од срединатa на бугарскиот народ, така што тој афинитет им беше и многу природен. Тие не се поколебаа да ги вметнат во Организацијата дури и своите родители, браќа и др. во редовите на заговорот. Таа околност помогна не малку да се цементираат здраво фундаментите на Организацијата и го олесни во голем степен нејзиниот брз, но и сигурен развој. Националниот карактер на заговорот на почетокот следствено беше една неопходност за неговата безбедност, диктирано од посебните услови во земјата, при кои ја започна својата дејност, но никако не се раководеше од друга тенденција освен од идејата за слободата и благосостојбата на целиот македонски народ. Подоцна, сепак, кога Организацијата се почувствува доста силна за да избегне секакво загрозување и опасност од каде и да доаѓа, се дозволија во неа сите македонски христијани кои стасаа да се одушевуваат од истата идеја и да бидат искрено предани на ослободителното дело. Меѓу нив први беа Власите, кои се зачленија во конспирацијата и ѝ служеа со ентузијазам и пожртвуваност, кога мнозина од нив, меѓу кои Питу Гули и др., ја запечатија со крв верноста кон делото. Идејните убедувања воопшто не претставуваа пречка за прием на членови на организацијата, но за да има едномислие и единство меѓу нејзините членови и за правилен развој на делото, се бараше штом стапнат во нејзините редови, да се апстрахираат од своите лични убедувања. Таа жртва, која беше и морална, се налагаше од природата на конспирацијата. Тоа барање се почитуваше долго време, макар што имаше работници од најразлични убедувања, сепак во последните години, и тоа во соседните краишта на Бугарија, започна одредено отклонување од тој принцип, кое им наштети делумно на единствениот дух и на дисциплината на Организацијата. Како средство за реализирање на револуционерната идеја во уставот се предвиде народно масовно востание; тука се зеде предвид утврдената аксиома од животот на народите ослободени од ропство, како и од историјата на балканските народи. Поединечните парцијални движења ни се гледаа неефикасни поради посебната положба во Македонија; според нашите разбирања потребна беше импресивна масовна акција внатре во земјата која може да се наложи во меѓународната политика и да предизвика една ефикасна интервенција од Големите сили за разрешување на македонско-одринското прашање, за кое тие се беа ангажирале морално и правно на Берлинскиот конгрес. Истовремено, со конституирањето на Централниот комитет се хектографира уставот на Организацијата и почна да се издава хектографиран весник „Востаник", кој се уредуваше од сите, но главно од Д. Груев, како послободен од нас. Темите беа најмногу од карактер на политичките случувања во Ерменија, Јемен и Крит. Весникот служеше како моќно агитациско средство и истовремено како материјален доказ за суштината и карактерот на конспирацијата. Тој се читаше со голем занес и интерес и минуваше од рака на рака поради ограниченият број примероци и како едно необично откровение се јавуваше пред очите на народот. Неговото таинствено распространување ѝ даваше уште поголема мистичност на конспирацијата.

III

Револуционерната дејност

Карактеристики на основачите на Револуционерната организација * Нивната заемна верност и другарство * Правила на конспирацијата * Почетокот на револуционерната пропаганда * Опозицијата * Младината * Принципот на таинственоста * Првите покрстени * Патувањето на Д. Груев за Штип * Зачленувањето на П. Тошев * Ресенскиот конгрес и неговите решенија * Стапувањето на Ѓорче Петров во Организацијата * Учителствувањето на Г. Делчев, Д. Груев и Туше Деливанов во Штип * Г. Делчев во Кукуш и Солун * Распределувањето на учителските сили во околиите * Покрстувањето на Хр. Матов * Кореспонденцијата на ЦМРК *

Основачите на Револуционерната организација со подоцна приклучените Пере Тошев од Прилеп, Гоце Делчев од Кукуш, Ѓорче Петров од Прилеп и Христо Матов од Струга, произлегуваа од сите краишта на Македонија и беа заеднички столбови и градители на Организацијата. Тие, притоа, претставуваа нешто помеѓу чуден, но полезен конгломерат на контрасти – по темперамент, наклоности, сфаќања и начин на животот, кои заемно се неутрализираа во името на револуционерната идеја. Така, Д. Груев беше еластичен, проникliв и практичен ум, помалку на теорија отколку на дело, во пракса тој имаше нешто сократско во иронијата и методот на пропагирањето на ослободителната идеја и почнуваше секогаш од обичните [нешта] во животот кои го засегаа соговорникот, сè додека најпосле не го доведе до крајната цел. Тој се однесуваше обично со извесен сомнеж спрема соговорникот, прикриен често со иронија и потсмев кои го издаваа неговиот внатрешен мир. Неговиот индуктивен манир и верба во силите на народот многу му ја олеснуваа пропагандата. Тие квалитети создадоа од него редок организатор апостол.

Гоце Делчев беше олицетворение на голема и беспримерна душа по добрина, неисцрпна енергија и нескршлива волја. Тој беше синтеза на идеализам и акција кои го издигнаа до вистински култ на Македонија. Неговата моќ и волја изгледаа натприродни кога ги игнорираше загрозувањата [на неговиот живот] и опасностите. Мисли и дела зрачеа секогаш од неговата изобилна душа со самоувереност и ретка смелост; тие ги вкочануваа широките маси кои стануваа негов инструмент за постигнување на идеалот. Тој беше нивниот идол кој го обожаваа.

Пере Тошев беше мистичен мечтател. Неговиот дух беше најчесто депримиран и тој беше затворен во себе и се воодушевуваше при афекти на смели индивидуални подвизи или анархистички дејствија кои предизвикуваа во него екстаза од радост и смеа. Неговиот краен индивидуализам го спречуваше за широка активност среде општеството. Неговите нихилистички сфаќања и хроничната болест имаа голем удел во неговото душевно расположение и светоглед.

Христо Матов беше тромав схоластичен ум. Тезите и антитезите му доминираа во расудувањето, како контрастите кај Шекспир. Тој беше колку тврд и кохерентен во неговите силогизми, толку и компромисен во пракса. Постигнувањето на слободата за него беше една постепена еволуција. Резигнацијата треба да ги крепи војниците на делото при неуспесите на ослободителните акции.

Ѓорче Петров беше извонредно силен, визионерски дедуктивен ум кој избувнуваше често при дијалектиката на контрастите во негација. Неговата принципиелност или, подобро кажано, догматизам, го одделуваше од животот и реалноста и затоа секогаш бил погрешно толкуван од поширокото општество. Тој го игнорираше последното и не се движеше само од математички формули, туку и од непосредната интуиција, поради што тоа општество погледна на неговата дејност како на мистериозност, како на дело од демонски гениј. И кога тој проба по силата на околностите да се акомодира во грубата реалност, тој остана разочаран од резултатот. Но, и покрај тој трагизам помеѓу него и бугарското општество, Ѓ. Петров се смета за една од забележителните фигури во ослободителната македонска историја.

Петар Попарсов беше солиден и позитивен ум со една многу силна, но инертна волја. Тој беше повеќе академик отколку деловен работник.

Иван Хаџиниколов беше строг формалист, понекогаш запаѓаше во педантизам, еднакво строг кон себе си како и кон другите. Тој имаше практично чувство за нештата и беше секогаш прецизен, последователен и коректен за сите појави по однос на делото.

Христо Батанџиев беше тивок; итар и практичен ум. Тој можеше умешно да ја исползува средината за каузата како секретар на Солунската црковна општина.

Андон Димитров беше позитивен ум, со тврд карактер, фанатик во своето убедување, ревносен и крајно совесен како заштитник на делото, со леснотија во тој однос, бидејќи ги познаваше основното турско право и турскиот јазик. Независно од тој разновиден колорит и дисонанција помеѓу нас, ние формиравме едно моќно тело по дух, сфаќања и акција, кое ја вршело низа години револуционерната дејност низ сите успешни и неуспешни фази, сè додека голем дел од нас не ги положија коските за вечни времиња во нашата убава татковина. Тоа се должеше на фактот што секој од нас направи жртви од своето „јас“ и никој не се стремеше за предност во Револуционерната организација. Секој, впрочем, беше обземен еднакво од непоколебливата мисла да служи според своите способности и положба за остварување на револуционерната идеја. Никој од првите основачи на заговорот не се обврза за тоа формално ниту со клетва бидејќи Организацијата се сметаше за дело на совеста; само си дадовме, со полно сознание и добра волја, чесен збор за верност и другарство дека ќе работиме за слободата на Македонија. Клетвата која беше усвоена во уставот, свечен акт на долг и одговорност пред Бога и татковината – олицетвореното единство на народните сили и нивната

акција за постигнување на слободата како најсублимирачко богатство во животот - се одмина како задолжително за создателот, изразителот на каузалниот принцип, а нејзин исполнител. Така, верата, верноста и другарството, кои беа во тој момент врзувачките елементи меѓу промоторите на заговорот за изградување на формата и структурата на ЦМРК, легнаа подоцна како суштински норми – закон во понатамошната дејност, како и во самиот заговор. Верата во нашето право и сила беше непрекинат стимул за нас и народот, кој го надминуваше дури и разумот, зрак на светлина кој го осветлуваше патот на почетокот на делото, како и подоцна во борбата за слобода, и која создаде ретки примери од подвизи на самопожртвуваност во нашата историја. Верноста, пак, се издигна во култ на заемност и љубов меѓу борците. Таа беше гаранција за дисциплина во конспирацијата без оглед на хиерархијата во неа и го спаси делото при големите потреси, аферите како резултат на предавство на првите раководни сили, иако им беа познати на сите работници. Другарството, од своја страна се изрази како симбол на морална и физичка моќ, која се појави во сите поважни акции наложени од Организацијата или нејзините претставници. На тие основни принципи, впрочем, се издигна великолепното здание на конспирацијата. Во нејзините редови немаше идоли. Сите беа рамни еден на друг. Само така Организацијата можеше да стане држава во држава со сите функции кои припаѓаат на една држава, меѓутоа со демократски, народен дух. Првите места во неа се заземаа од оние што се покажаа со труд и дела во полето на ослободителната кауза. И во тој дух, имено, ЦМРК ја раководеше дејноста на Револуционерната организација, пред сѐ, така што таа би требало да биде по својата природа наполно воена организација. Дефиницијата ЦМРК немаше ништо заедничко со поимот „централизација на власт и раководството". Таа централизација се должеше исклучително на географската положба на градот Солун како централно место во однос на другите градови во земјата. Духот на другарството секогаш владееше во ЦК. Така П. Тошев, Ѓ. Петров, Хр. Матов, Гр. Попев, Хр. Попкоцев беа веднаш зачленети во ЦК и сите прашања се решаваа заеднички врз другарски принципи. Никој од нив не појави претензии за некаква предност во Комитетот, а се гледаше само да се изврши позитивна и полезна работа. Принципот на другарството се почитуваше како во окружните, така и во околиските комитети итн. Работниците кои застануваа на чело на комитетите се одликуваа со љубов, трудољубивост и преданост кон делото. Воопшто, никогаш немало наредби од горе. Неоспорно, ЦК се грижеше да им препорачува на општините учители и да застапува пред Егзархијата учители за училиштата назначени од нивната дејност и што одговараа на револуционерните потреби по општините. Почетокот на револуционерната дејност воопшто не беше така лесен, со оглед на тоа што идејата за слобода на Македонија беше одамна легната во сознанието на македонската емиграција, како и на интелигенцијата во Македонија. Таа се судри од самиот почеток со големата опозиција од егзархиските органи, вишето учителство и трговскиот сталеж, кои ја поддржуваа

еволуциската политика во земјата. Се гледаше на револуционерното дело како на детска и опасна фантазија која би довела до несреќи и уништување на народот. Крупни работи, тие велеа, не се работи на коректори и учители, кои немаат никаква општествена положба во земјата. Меѓутоа, нивниот став не нè зачуди, ниту нè разочара. Нашата решителност беше неотповиклива. Секое национално дело бара жртви и секој од нас беше готов да ги даде. Во таква ситуација заговорот требаше да започне во онаа средина, која во очите на мнозинството на нашето општество изгледаше како безнадежна и ризична, посебно кај учениците, учителите и работниците. Кај првите два сталежа ние имавме најголем афинитет бидејќи и ние самите произлегувавме од нивните редови и туку што ги бевме напуштиле училишните клупи. Оној идеализам кој тогаш нè движеше, не можеше да им биде туѓ и на тие два сталежа. Младината беше, воопшто, главната надеж и сила на која требаше да ги поставиме темелите на конспиративната конструкција бидејќи таа го преживуваше најинтензивно бесправниот општествено-политички и економски систем во нашата татковина, при што личноста и народот не можеа да реализираат никаква културна и морална финалност во историјата на своето постоење. Таа веќе добро знаеше дека човечкиот дух би можел во слобода да ја твори историската реалност на животот, поради што таа ја сметала слободата отсекогаш како неопходна за прогресот и културата. Младината била најчувствителна на слободољубивите идеи и секогаш го држела првото место во борбата за нивното остварување; исто така таа била најверна и ревносна носителка и чувар на придобиените историски вредности на човечкиот дух од минатото. Сепак се гледаше и принципот на таинственоста, како суштински елемент на секоја конспирација, да биде испочитуван колку што е тоа возможно, без да се западне во положба на инертност, статичност, поради првично наложувачката одредена селекција на работниците. Покрстените го познаваа само својот крстител и носеа свој број, соодветен по ред на нивното покрстување, така што образуваа групи од по 10 души. Нивните крстители, десетарите на групите во реонот, беа во меѓусебна врска. Тој принцип, колку и да беше теоретски безгрешен, во практиката, меѓутоа, се покажа не така ефикасен. Работниците лесно од другарувањето и средбите помеѓу десетарите и меѓу погорните раководители можеа да дојдат до сознание кои се раководните сили. Љубопитството и интересот во тој случај се испреплетуваа за сметка на излегување на делото во јавност. Тоа беше, од една страна, стимул за поттикнување и поддржување на духот и дејноста увидувајќи дека не се само тие кои се жртвуваат себе си, но од друга страна, пак, илузијата за таинственоста на заговорот стануваше веќе проблематична, сè додека подоцна, кога немаше друг излез, посветувањето стануваше без селекција, та дури се отиде и дотаму што тоа се извршуваше на цели села од реонот на влијанието на црквата. Таа пракса во реалноста беше придружувана со големи опасности, но од друга страна, тоа прилично помогна да се создаде еднакво чувство и сознание за заемна сигурност и самозаштита на просветените луѓе во делото.

Првите покрстени од Д. Груев борци беа: Славејко Стрезов од Ресен, Александар Хаџипанов од Прилеп (ученици), Алексо Панчев од Велес и Алексо, часовничар во „Мирчев хан" во Солун, од Прилеп (работници). Подоцна беа посветени: Васил Мончев од Прилеп, сопственик на гостилница и хотел „Бошнак хан", цврст Бугарин, патриот и предаден служител на бугарското дело. Неговиот хотел беше претворен во револуционерен клуб за агитации и дискусии. Тој редок националист падна од грчки куршум; свештеник поп Стамат Танчев од с. Бугариево, Солунско, една моќна стројна фигура со соодветна енергија и железна волја. Смелоста и тактичноста кај него претставуваше ретка комбинација; секогаш беше прв каде што постоеше ризик и опасност. Нему му се должи распространувањето на револуционерната идеја насред работниот народ и околните солунски села. Куќата му беше засолниште за работниците и транзиторен арсенал; Стефан Матлиев од Охрид, комисионер во Солунската царинарница (тој доста помогна за внесувањето револуционерни предмети низ границата). По нив веднаш беше покрстен Туше Делииванов од Кукуш по препорака на Ив. Хаџиниколов и од Д. Груев во присуство на првиот. Т. Делииванов беше високо ценет во целиот Кукуш и околијата поради неговата доброта, чесност и тактичност во училишно-општинските работи, како и надвор во односите спрема граѓаните и селаните. Малку подоцна беше покрстен ученикот Минчев од Кавадарци и потоа по негова препорака беше посветен Иван Велков, исто така од Кавадарци, трговец на тиквешки вина во Солун. По тие поттикнувачки искуства се реши Д. Груев да замине за Битола преку Штип, Кавадарци, Прилеп и на 15 август 1894 г. да се најде во Ресен, каде што требаше да стане осветувањето на бугарската црква „Св. Кирил и Методиј". Д. Груев замина во месец јули за Штип, каде што се задржа малку, без да успее да создаде таму комитет, а се задоволи само со разговори со учители и некои граѓани. Оттаму тој се насочи за Кавадарци, и по препорака на Минчев и на Ив. Велков, каде што се посветија главниот учител Пане Иванов и Јанаки Илиев, кожар, и двата од Кавадарци, така што можеше да се формира таму комитет. Во Прилеп, Д. Груев ја најде идејата веќе пропагандирана во тесен круг од Ал. Хаџипанов, Јордан Гавазов (железар) и Јордан Попконстантинов, учител – сите прилепчани. Задачата на Д. Груев во Битола беше олеснета од. П. Тошев, кој беше еден од учесниците покрај Димитар Ризов во соединувањето на Кнежевството Бугарија со Источна Румелија и кој тогаш работеше во банкарската куќа на брат му. Битола во тоа време беше станал важен трговски и културен центар на Југозападна Македонија. Енергични млади луѓе од тој крај беа ја поплавиле Битола и со претприемчивиот шпекулативен ум беа ја зеле в раце речиси целата трговија од влашкиот елемент. Во тој однос имаа предност младите од Прилеп, како: браќата Попеви, Пешкови, Бадеви, Тошеви, Биолчеви и др. Пере Тошев откако слушнал од Д. Груев за веќе создадената Револуционерна организација, како и за веќе формираните комитети во некои градови, поставил главно некои принципиелни прашања во однос на средствата за постигнување на идеалот. Тој, како голем индивидуалист,

ги боговеличеше секогаш личните подвизи и не можеше да се помири со мислата за народно востание. Само личноста, воопшто, имаше значење за него бидејќи таа ја создава историјата, а не масата. Анархичните дејствија, бомбаџиството беше ја завладеале неговата душа. Секое друго средство беше за него неефикасно за борба против Турција и од таа причина тој настојувал час поскоро да се испратат луѓе во странство за да го изучат тој занает. Авторите на Револуционерната организација сепак не застанувале специјално на тоа прашање и на други од тој тип зашто првата задача им беше да го подготват народот за борбата, а тоа за некои специјални средства со поголем ефект требаше да стане подоцна објект на дискусија, соодветно на потребите на времето и на борбата. По овие објасненија, П. Тошев дал согласност и пристапил во Организацијата. Истовремено тогаш беа посветени: Григор Попов, Георги Пешков, и двата од Прилеп, А. Лозанчев, фотограф, Неделко Дамјанов, учител во селата и др., така се формира и комитет од тие млади, енергични и интелигентни сили на чело со П. Тошев. Тогаш исто така, беше предложено Никола Наумов, инспектор на селските училишта во Битола, да се зачлени во заговорот. Тој на почетокот откажа бидејќи се сомневал во успехот на започнатото дело. Трајче Доревски од Ресен, учител во Битола, мечтател на „перпетуум мобиле", пак, поставил услов да се зачлени во конспирацијата откако ќе се усовршел во летањето со авион и само тогаш требало да се дејствува за слободата на Македонија. Пропагандата сепак врвеше задоволително и на 15 август 1894 г. се одржа во Ресен средба помеѓу 15 души од поврвните раководители: Д. Груев, П. Тошев, Ив. Хаџиниколов, А. Лозанчев, Г. Пешков, Ал. Чакаров, д-р Хр. Татарчев и др. за разменување мислења за веќе постојната револуционерна организација, како и по сите оние прашања што ја засегаа. Заседанијата се одржуваа во татковата куќа на последниот и траеја три дена. Тоа беше првиот револуционерен конгрес, на кој се определи ставот, кој конспирацијата требаше да го држи спрема Егзархијата и општинските училишта. Се усвои решение да се преземат општините и училишните управи во наши раце. Притоа се препорачуваше да се преземат поголеми усилби за собирање членарини; исто така секој беше должен да работи за засилувањето на месните комитети; тоа исто и за снабдување со оружје, најмалку барем со револвери. Потоа делегатите се распрснаа. Д. Груев замина за Охрид, каде што веднаш се конституира комитет со следните лица: Ал. Чакаров, Лев Огненов, главен учител, Ив. Лимончев, но пред тоа таму беше посветен уште еден ученик Н. Филипчев, кој подоцна замина да студира во Женева, а по завршувањето почина. Во Ресен, иако идејата беше пропагирана меѓу младината на повидните фамилии Стрезови, Љапчеви и Тамарчеви, од Славејко Стрезов, комитет се формира дури во 1895 г. со посредство на Битолскиот комитет и во него влегуваа: Никола Константинов од Ресен, учител, П. Стрезов, трговец и др. Во ноември 1894 г. во Битолскиот комитет пристапи Ѓорче Петров од Прилеп, учител во Битола, кој дотогаш се беше предал на внатрешните училишно-егзархиски борби заедно со Наследников во Скопје и потоа се беше побунил против српската пропаганда во тој крај, кога истовремено собирал материјал за

географијата на Македонија. Неговото влегување во Битолскиот комитет внесе нова струја во животот на конспирацијата. Тој, како агитатор со шпекулативен ум, со такт и животно искуство помогна да се рашири многу револуционерното дело меѓу еснафот во градот, како и во околијата. Тогаш се зачленија цела плејада интелигентни младинци А. Кецкаров од Охрид, Хр. Чемков, учител од Штип и др., ѓакон Тома Николов од с. Вранештица, Кичевско и за тоа време почна да се издава уште друг хектографиран весник „Н а о р у ж ј е" главно во соработка со Ѓ. Петров. Тој, бидејќи ЦМК држеше многу до Штипската област и соседните околии, се најде кога беше потребно за Д. Груев да замине таму како учител, каде што беше веќе запознат со некои граѓани и да влијае врз штипскиот одбор за неговото назначување во штипските училишта. Тупе Делииванов требаше да издејствува кај Егзархијата свое преместување во некој друг град и беше заминал за Софија, каде што се сретна со Г. Делчев, кому му раскажа за конспирацијата. Пред тоа, сепак, во јули 1892 г. Иван Хаџиниколов, загрижен од декларацијата на солунскиот валија, издадена за свештеникот Ив. Маџаров, претседател на Солунската општина, дека власта ќе се мачи уште две години со нас Бугарите, а потоа ќе нè остави да се расправаме со Србите, замина во јули истата година за Софија за да бара лице кое ќе застане на чело на еден евентуално формиран револуционерен комитет. По тоа прашање тој дискутирал во прво време со Коста Шахов. Последниот му го препорачал Гоце Делчев, питомец на Военото училиште. При средбата на тројцата, Г. Делчев ветил дека по една година, откако ќе го заврши Военото училиште, ќе отиде во Солун, каде што ќе го формираат тој револуционерен комитет. Двајцата аплицираат кај Егзархијата за нивно назначување и беа назначени во Штип. Во ноември 1894 г., тие пристигнуваат и го затекнуваат таму веќе Д. Груев како учител. Гоце Делчев уште како ученик во Солунската гимназија и потоа во Военото училиште мечтае за револуционерна дејност во Македонија и ја имал веќе таа можност тука за да ја оствари на дело. И по едно среќно совпаѓање, тука се формира една идеална целина, чии особености по карактер, енергија и сфаќања заемно се дополнуваа.

Тројцата се заземаа да ја пропагираат идејата со разговори, приказни, читање весници и револуционерна литература и театарски претстави и др. откако ги посветија во делото Тодор Лазаров, Ѓурков, Е. Чучков, Мише Развигоров (штипјани), Тодор Станков од Прилеп, учител во Радовиш, Даскалов од Кратово, учител во Кратово, Д. Мирасчиев од Штип, учител во Паланка и др.; така што се создадоа речиси насекаде револуционерни гнезда во тој крај. Не помина многу време, револуционерната мрежа се рашири во 1895 г. и во Североисточна Македонија: во Серес беше посветен А. Ников, книжар, од Иван Хаџиниколов, како и Благој Какалејчев, учител. Во Неврокоп беа Лука Теофилов од с. Белица, Разлошко, главен учител, подоцна и архимандрит Саев; во Мелник беше сместен Ефрем Чуков како учител; таму имаше исто така еден ревносен и многу предаден старец над 50 г. – Калиманцалијата, кој скокнуваше понекогаш до Солун. Во Гевгелија беа: Аргир Манасиев, Христо Стојанов и др.; во Дојран – А. Костов; во Пороj –

Христо Динков, а во Скопје – Кандиларов, учител. Воопшто, кон крајот на 1895 г. заговорот беше се разлеал во целата земја и во повеќето места имаше добро уредени комитети; во малку села беа посветени само поединечни лица. Велигденските празници во 1895 г. беа искористени од Гоце Делчев и Т. Делиивanов за да го посетат родниот град Кукуш, а Д. Груев беше исто така дошол во Солун. Притоа, Г. Делчев се упатил во Солун за да се запознае со луѓето од ЦК. Токму за обедот, Д. Груев го доведе во мојот лекарски кабинет со следните зборови: „Ти водам еден мрсен клиент." Се разбра отпосле кој беше тој клиент, кого тогаш го видов за прв пат. Немаше потреба од долги прикаски; неговата интимна мисла се доловуваше лесно од големите очи што му светеа, од кои се зрачеше блесокот на неговата душа. Искреноста, добротата и другарските манири го завладеаја наполно соговорникот. Темата на разговорот се однесуваше главно за состојбата на делото во одделните околии и идните мерки. На враќање за Штип, Г. Делчев замина заедно со Т. Делиивanов преку Дојран и Гевгелија, каде што ги формираа месните комитети. Согласно со потребите на Револуционерната организација, требаше да се направи една распределба на силите било со посредство на Егзархијата, било директно преку општините. Д. Груев беше назначен во 1895-1896 г. за инспектор на солунските селски училишта; Г. Делчев замина во с. Банско како учител; Ѓ. Петров беше преместен за учител во Солунската машка гимназија; Петар Попарсов – главен учител во Прилеп, назначен од прилепскиот училишен одбор; Велко Думев – во Велес; Кирил Прличев – во Воден; Ат. Мурџев – во Горна Џумаја; Христо Попкоцев – во Одрин и др. На крајот на јули 1895 г., Христо Матов заминува како директор на Педагошкото училиште во Скопје. Тој како таков во Серес се држеше пасивно, но во Солун, кога се сретна со учителите, тој се приклони, и покрај спротивните мислења и опомени против делото меѓу нив, да стапи во Организацијата и беше покрстен од Д. Груев во присуство на Ив. Хаџиниколов. Во прво време тој се беше оддал исклучително на борбата против српската пропаганда, поради што револуционерното дело беше наполно занемарено од негова страна. Таа околност нè беше принудила да дискутираме неколкупати за тоа како да се постапи во случајот за да се даде поголем поттик на делото во тој толку важен центар. Најпосле, есента 1896 г. дојде Д. Груев кај мене и ми рече: „Јас мислам да му се довери активната работа на учителот Кандиларов", кој нас ни изгледаше со многу добра сила, како што и сторивме, за чија цел му напишавме доверливо писмо на Кандиларов. За тоа време, меѓутоа, Хр. Матов, по затворот во Куршумли-ан (1897) ги измени од корен психата и менталитетот и сфати во што се состои суштината на целата таа борба против засилувачката напаст од странските пропаганди. И кога Фирмилијан, српскиот агитатор во Скопје, требаше да оди во Цариград за да биде ракоположен од Патријаршијата за скопски владика, под молчеливата благонаклоност на министерот Данев и настојувачката желба на Русија (1900), Хр. Матов презеде одговорност да го дочека на Солунската железничка станица и да го посочи на определениот терорист за негова егзекуција бидејќи го познаваше уште од Солун. Но,

Фирмилијан замина два-три дена подоцна мошне претпазливо, без никој да разбере за неговото патување.

Во однос на кореспонденцијата на Организацијата, таа се водеше главно од Д. Груев, а кога тој го напушти Солун, таа се извршуваше од сите нас. Така, П. Тошев и Ѓ. Петров кога беа во Солун, држеа кореспонденција со Битола, Хр. Матов – со Скопје, Ив. Хаџиниколов – со Серес, лично јас – со Софија, а понекогаш П. Тошев и ретко Хр. Матов. Писмената работа во 1897 г. беше извонредно зголемена поради Грчко-турската војна. Шифруваните писма со хемиско мастило едвај се дешифрираа. Требаше да се работи по цели ноќи во мојот дом заедно со Григор Попов. Таа се состоеше главно од информации за развојот на делото во реоните, како и за инцидентите во врска со него. Кореспонденцијата на ЦК со Софија се однесуваше главно на дејноста на Егзархијата, трговските агентства, нашиот став за прашањата со ВК (Врховниот македонски револуционерен комитет), како и за потребите на Организацијата. Задграничното претставништво, пак, го држеше ЦК главно во тек со политиката на бугарската влада, дејствувањето на ВК и доставувањето материјали. Писмата се испраќаа од внатрешноста со курири, ретко по пошта на туѓи имиња, на работниците од еснафот. Градовите носеа псевдоними: Солун го нарекувавме Света Гора, Битола – Ерусалим, Софија – Висока итн., а П. Тошев – Лефтер, Ѓ. Петров – Марко итн. Самите ние се викавме: [...]

IV

Основачкиот конгрес на Внатрешната македонска револуционерна организација

Одлуката на Македонецот за револуционерното дело *Ширење на револуционерното дело * Основачкиот конгрес * Административната револуционерна поделба * Прашањето за централизацијата или децентрализацијата * Дозволување странски етнички [малцинства] во организацијата * Предлогот на егзархистите и испраќањето на Г. Делчев во Бугарија како агент на организацијата * Решението на ЦК да замине Ѓ. Петров во Бугарија за да ја претставуваат заедно со Г. Делчев Организацијата и да ја регулираат состојбата на Цариград со Одрин, како и другарството „Странџа“ * Стопанското прашање * Организациските судии – судови *

Имаше нешто натприродно што, воопшто, лебдеше над македонската земја и реалност и дејствуваше магично врз имагинацијата на луѓето. Млади момчиња, кои недостасале уште полнолетство и старци изнемоштени под товарот на годините, брзаат главоломно да се наредат под знамето на Организацијата – во прегратката на смртта. Беше ли тоа небесно откровение кое ги екстазираше за да се издигнат тие луѓе над земната сфера и оттаму да го видат во транс светлиот образ на утрешната слободна Македонија или, пак, тоа беше некоја таинствена сила која ги извлекуваше од недрата на грдата македонска реалност, та ги правеше

слободни за да живеат како луѓе со достоинство и чест во родната си земја!.. Таа илузија, колку и слатка, беше сепак туѓа за Македонецот роб: тој беше пател и видел! Животот му се причинуваше како непрекината низа од маки, страдања и жртви во митологијата на неговата историја. Пред него најпосле сепак се испречил проблемот: да продолжи ли суштествувањето на грдото многувековно минато уривајќи ги сите принципи на човечкото суштество или да го измие срамот на минатите поколенија? Тој не гледаше одникаде надежни перспективи: последиците во секој случај подеднакво ги покриваа пасивноста и активноста. Затоа тој народ реши најпосле да побара по интуиција разрешување на тој проблем преку акцијата. И во таа насока подејствуваа немалку поттикнувачки надворешните настани кои се случија, како Ерменското движење (1894 г.), Јеменското востание и Бугарското во Североисточна Македонија (1895 г.). Тие потреси ја беа разнишале доста морално и политички турската држава. Имагинацијата на угнетените народи во неа веќе ја надмина реалноста: крајот на турското владеење се чинеше неминовен, порано или подоцна. Тоа сфаќање беше толку многу аргументирано, особено во душата на Македонецот, што ништо не би можело да го поколеба тоа негово убедување. И со таква екстазна опојност и со таква вера тој започна да работи, да се приготвува и да живее за оној свечен момент кога ќе треба да му го нанесе последниот удар на вековниот угнетувач за да изгрее сонцето на слободата во неговата земја. Револуционерната идеја не сретнуваше повеќе отпор сред широките маси. Освен тоа, за подемот на духот и сознанието на народот кон бунтовништво помогнаа во голем степен и вечерните и неделните училишта. Такви се беа создавале речиси во сите градови. Во вечерните училишта се обучуваше работниот народ, меѓу другото, за професија или да чита и да смета. Во неделните училишта, пак, се држеа предавања од општ актуелен карактер и неретко се даваа театарски претстави. И така, револуционерното дело се беше распространило во 1896-1897 г. Од целата земја и во големите центри имаше крупни раководители; така, на пример, П. Тошев беше во Битола, Хр. Матов – во Скопје, П. Попарсов – во Штип, Хр. Попкоцев – во Одрин, Т. Деливанов – [во Кукуш], Александар Чакаров – во Охрид, Велко Думев – [во Велес], Кирил Прличев во Воден, Павел Генадиев – во Мустафа-паша и др. Се почувствува веќе потреба да се систематизира работата во Организацијата и да се реализира присоединувањето на Одринско кон ВМРО, како и да се определи став на Организацијата спрема небугарските етнички единки во Македонија и Одринско. За таа цел беше свикан за време на учебниот распуст во 1896 г. конгрес од повидните раководители во Солун. Тој конгрес имаше основотворен и законодавен карактер на Организацијата. На него учествуваа: Гоце Делчев, Пере Тошев, Христо Матов, Петар Попарсов, Кирил Прличев и ЦК: Д. Груев, Ѓорче Петров, Иван Хаџиниколов, Андон Димитров, Христо Батанџиев и д-р Христо Татарчев. Конгресот го претседаваше претседателот на ЦК. Најнапред соопштуваше секој одделно за состојбата на реоните и нивните потреби, а потоа се пристапи кон административното распределување на Македонија. Се создадоа следните

организациски окрузи: Солунски, Битолски, Скопски, Штипски, Струмички, Џумајски (во кој влегуваше Сер) и Одрински, заедно со Цариград. Окрузите координираа со ЦК преку шифра, а околиите со соодветните окрузи – со сопствена шифра. Тоа правило, меѓутоа, не беше почитувано за солунските околии: Кукуш, Воден, Дојран, Гевгелија, Енице Вардар, кои координираа директно со ЦК и подоцна (1900) минаа кон Солунскиот окружен комитет, но старата традиција сепак остана во сила – да координираат многу од нив со ЦК. Тука се постави прашањето за печатот на организацијата, за потпечатувањето на расписките. Тоа даде повод за дискусија на основниот принцип на организацијата: дали да биде таа централистичка или децентралистичка? П. Тошев ја застапуваше идејата за децентрализација и секој округ да има свој печат и да издава расписки потпечатени со свој печат. Тој се убеди подоцна од дејноста на ЦК дека не се забележуваше дотогаш никаква тенденција за централизација во функциите на Организацијата иако таа по својот карактер, како воена сила, треба да биде централистичка. Окрузите се развиваа и дејствуваа самостојно врз месни принципи. Мешањето на ЦК во окрузите било секогаш по нивна желба и кога се однесувало за поставување раководни учителски сили според нивните потреби. Видни раководители, кои беа поставувани во Солун како учители или на приватна, лична работа, се третираа директно со членовите на ЦК и учествуваа при разгледување на тековните организациски работи. И затоа беше усвоена едногласно од сите, вклучително и од П. Тошев, старата пракса, со која беше воспоставено другарството како закон, но отпосле, кога се наложи од реалноста секој округ да има печат и да издава расписки со свој печат, ЦК не направи проблем – не беше важна за него формата, туку позитивната работа. На конгресот се истакна, исто така, потребата за тоа револуционерната идеја да се рашири и кај останатите незадоволни народи, без разлика на вера и народност, што произлегуваше од ставот дека делото ќе има тогаш чисто македонски карактер и ќе придонесе на тој начин за отстранување на пропагандите и националните раздори, како и за создавањето мир, хармонија и заемна соработка – за напредокот и благосостојбата на целата татковина. Одринско, на кое се беше осврнал ЦК уште кон крајот на 1895 г., за да влезе и тоа во програмата на ВМРО, беше исто така објект на долги дискусии: дали би било рационално и полезно за ослободителната кауза на бугарското племе и се усвои најпосле едногласно дека тоа не треба да се третира одделно од Македонија и треба да составува една единствена кауза со Македонија кога веќе се вложуваат сите напори за да се израмни во подготвеноста со онаа на Македонија. Врз основа на гореспоменатите дискусии, беше решено да се направи измена на уставот, како што се дозволи, секој Македонец и Одринец без разлика на народност и вера да може да биде член на Организацијата, но кој не е компромитиран со ништо и може да биде полезен за делото. Се постави исто така прашање: дали да се примаат жени за членки во организацијата или не. Мислењата по тоа прашање беа различни. Ѓорче Петров беше најжесток противник на тој предлог. Најпосле, се усвои како најпогодно да им биде оставено на

реонските комитети да постапуваат така како што би се диктирало од интересите на делото. Потоа беше прочитан предлогот на Софискиот врховен комитет до ЦК, како и одговорот на ЦК. Колку и да беа воопшто желбите на ВК неусогласени со духот и принципите на ВМРО, а имено: ВК да ја претставува надворешната политика на ослободителната кауза, да објавува востание и дури да го раководи делото, никој сепак не беше против тоа да се остави надворешната политика на ВК, но онаа за внатрешноста се сметаше мошне опасна за делото, ако му биде поверена, поради фактот што ЦК е едно изборно тело и тајна во него тешко би се зачувала. Независно од тоа, лицата на ВК кои се далеку од робот, не би можеле да се внесат во неговата душа, ниту пак да ги разберат моралните и реалните негови потреби. Поради овие причини, беше решено да се дејствува во насока да се обесхрабри таа тенденција, но во никој случај да не се отиде до расцеп во односите бидејќи делото би се лишило од една ефикасна материјална помош. Сепак, совети кои се беа давале од ВК би се зеле предвид само ако реално би биле од полза за каузата. Од друга страна, пак, се реши ВМРО да не се меша во внатрешните работи на ВК, ниту во партискиот живот на Бугарија, но и ВМРО од своја страна да не дозволува да ѝ се мешаат во нејзините внатрешни работи. Исто така, се подвлече да се поддржат добро разбрани и целесообразни односи со ВК, како со бугарското општество и емиграцијата во Бугарија. Во врска со тоа, Пере Тошев постави прашање за зближување со егзархиските луѓе – книжарот Самарџиев и некои учители. Изгледаше сепак јасна неговата тенденција, небаре за тоа имало некакво несакање од основачите на Револуционерната организација. Дискусиите по тоа прашање беа доста бурни. Се истакна дека пред конституирањето на ЦМРК беа направени сондажи на сите познати [луѓе] без разлика дали се егзархисти или антиегзархисти. Тоа подвојување на бугарската интелигенција, кое се јави како резултат на борбата меѓу Константин Величков и Начевич, беше против интересот и целите на Организацијата, која со повикот кон сите Бугари се мачеше да го отстрани тоа подвојување и да создаде единство во интелигенцијата. Егзархистите, за жал, ја пречекаа идејата како несериозна, младешка работа, која ќе донесе само зло на нашата нација и тие нема да бидат дотаму избезумени, та да се водат по идеите на коректори и даскалчиња. Притоа, основачите, освен Ив. Хаџиниколов, не се мешале никогаш во тие борби, ниту припаѓале на некои од тие групи. Нема никој кој би бил против зближување, [дури] и оние другари што се надеваа дека ќе го постигнат тоа зближување, ја имаа нашата целосна поддршка (другарска). Тој одговор се однесуваше на прашањето поставено од П. Тошев, за зближување на егзархистите од протагонистите на Организацијата. П. Тошев, Ѓ. Петров и Хр. Матов, кои изгледаа во нивните очи „персон гратисиме“, беа назначени од конгресот да го реализираат тоа зближување, со оглед на тоа што тие би го направиле најдоброто за делото. П. Тошев беше најревносен и огнен ентузијаст по однос на зближувањето, тој и пред да се постави тоа прашање, бил во врска со егзархистите, но откако ги употребил сите возможни усилби за разбирање со нив, тој наполно се разочарал и ги напуштил, откако се

испокарал. Тој соопшти, на последното заседание на конгресот, дека се убедил оти со нив е невозможно да се постигне разбирање. Тие поставиле како прв услов да бидат претставувани директно во ЦК, како и во сите други комитети каде што има нивни луѓе. Тоа барање не само што нè збуни, туку ни се виде и мошне опасно ако се прифатеше. Целата организација беше вознемирена; местата во неа се добиваа преку најверна и долготрајна работа по хиерархиски ред. Освен тоа, не би можело да се знае што мислат тие бидејќи зад сите оние фактори, на пример, Егзархијата со разните органи, се криеја други сфаќања во однос на ослободувањето на Македонија. Поради сето тоа, беше решено да се прекинат преговорите, но им се соопшти дека вратите на Организацијата се отворени за нив, како и за секој кој би сакал да пристапи во неа, врз заеднички принципи. По ова беа осудени барањата на Цариградскиот комитет во лицето на Димитар Љапов, да се признае тој како самостоен центар и ако тоа не биде прифатено, тој дури да биде посредник помеѓу Бугарија и Македонија, но тоа прашање помина без да му се даде никакво значење и се остави на дискреција на ЦК. На крај, при затворањето на конгресот, се реши Г. Делчев да замине во Бугарија како еден вид агент на ВМРО. Нему му се наложи да се грижи за текот на делото во соседните реони на Бугарија, како и за доставка на воени материјали и за нивното пренесување во внатрешноста и формирањето на канали. Тој конгрес траеше три дена; не се држеа никакви протоколи. Заседанијата се држеа во собата на Иван Хаџиниколов – во куќата на госпоѓицата Цекина Камара и во домот на д-р Христо Татарчев. Така, бидејќи Г. Делчев требаше да се движи често околу границата и понекогаш да поминува во внатрешноста, тој беше настојувал пред ЦК да се испрати некој кој ќе биде постојано во Софија за да ја извршува тековната работа и да ја претставува Организацијата. Тоа даде повод за принципиелна дискусија по тоа прашање: дали би било разумно и полезно за делото ако се делегира наш човек од ЦК со таква мисија како Задграничен претставник и дали тоа не би било во спротивност со принципите на Врховниот комитет и дали не би ги засегнало атрибутите на ВК. Тука се истакна дека штом се влезе во врска и во преговори со Надворешната организација во Бугарија и Г. Делчев е испратен да се грижи за потребите на Организацијата, природно е дека не може веќе да се избегне да не се води општо политика, дотолку повеќе што суштината на револуционерното дело е од политички карактер. ВО не би можела, следствено, да не води сметка за политичките и психолошките реалности на Македонија и Одринско, како и за нивниот модалитет и условеност. Покрај тоа, бидејќи се имаше предвид дека ВК беше изборна институција, несоодветна на конспиративните принципи, бидејќи Надворешната организација не би можела да не претставува опасност за издавање тајни, како и од нестабилноста на политиката за делото, беше решено по долги дискусии за таа работа да се испрати човек кој ќе ја претставува ВМРО и ќе ги спречува влијанијата однадвор кои би го повредиле делото, така што тоа лице ќе се придржува кон конгресното решение за немешање во внатрешните работи на ВК, како и во политичкиот живот на Бугарија.

Некои од членовите на ЦК не се сметаа подготвени за таа тешка и деликатна мисија и најпосле застанавме на Ѓ. Петров, кого го најдовме за најпогоден во случајот бидејќи тој беше доволно искален во општествените работи и ги познаваше најдобро Македонија и потребите на Организацијата. Освен тоа, се имаше уште предвид и таа евентуалност дека е возможно членовите на ЦК да паднат еден ден во затвор итн., та тој и Делчев да ги заменат веднаш за да се избегнат големи потреси во делото, со оглед на тоа што и двајцата уживаа популарност и авторитет во земјата. Затоа решивме Ѓ. Петров да си поднесе оставка како учител во Солунската гимназија и да замине во Софија. Тој ја прими неволно таа мисија и му се препушти нему заедно со Г. Делчев да го преработат уставот и правилникот во дух на конгресното решение и да ги испечатат. Исто така му се наложи да замине преку Цариград за да ја испита положбата на Цариградскиот комитет, на чие чело стоеше Димитар Љапов бидејќи тој комитет изгледаше дека не ја врши сериозно работата, туку само му создаваше главоболки на ЦК. Д. Љапов, заведен од ерменското движење, беше изгубил чувство и разбирање за системска организациска дејност каква што се практикуваше на другите места и таму не можеше да го искористи расположливиот богат и жив материјал за делото од многу краишта на Македонија и Одринско, поради отсуство на критериум и реалност. Така, исто и Ѓ. Петров беше ополномоштен да се справи со несогласувањата кои постоеја помеѓу луѓето на ВО во Одрин и другарството „Странџа", на чие чело стоеше Петар Драгулев. Претензиите на тоа другарство беа речиси еднакви со тие на ВК за Македонија. Тој успеа со големи тешкотии да го реши тоа прашање, така што Одринско и Цариград образуваа еден округ и претставуваа дел од ВМРО, чие раководење требаше да се извршува од ЦК, потребите ќе му се задоволуваат [исто] од ЦК, како и од неговото Задгранично претставништво. Но, не замина со ентузијазам Ѓ. Петров во Бугарија; нему тоа му беше наложено од другарите. Тој, колку и да се владееше себеси, не можеше да ги скрие душевните бранувања при збогувањето со мене и се раздели со зборовите: „Вие ме жртвувавте во името на идеалот; јас претчувствувам уште отсега дека еден ден ќе бидам изоставен од сите зашто јас одам да исполнам, со длабоко сознание, еден долг кон мојата татковина."

Стопанско-културниот проблем во Македонија и Одринско претставуваше, покрај револуционизирањето на населението, важен објект за Внатрешната организација, зашто од неговото рационално разрешување зависеше во голем степен успехот на конспирацијата. Турската влада го сметаше стопанското прашање повеќе како национално-политичко отколку како економско. Таа се служеше со него, од една страна, да го држи христијанското население во мизерија, беда и незнаење за да не може да дојде некогаш до сознание за потребата од националниот живот, а од друга страна, гледаше да му даде во тој меѓупростор можност на муслиманското население да се издигне во просветен и стопански однос за да може тоа да доминира економски и културно над другите народи во земјата. Поради тоа, турската влада не

наоѓаше за потребно да обезбеди општествена положба на населението во таа област на почвата на правдата и законот, ниту пак сакала некогаш да го ограничи барем бесправното и неморалното користење на секојдневниот труд од неговите органи и земјоделци-бејови, дури и од последниот муслиман. Таа тенденција природно го запирала да го подобри постојниот режим во ропските земји. Христијанското население во тие покраини на турската империја би требало да ги преиспита последиците од таа политика врз својата компактност. На тој угнетувачки режим беа подеднакво жртва трговскиот и селскиот слој. Така, трговецот требаше да оди до најблискиот град за откуп на стока и ризикуваше со животот додека да се прибере во семејството, да биде убиен или ограбен од разбојниците кои беснееја по патиштата. Тој, како и еснафот, не беа господари на својата стока, ниту на рачниот труд. Турчинот можеше да зема колку што ќе посака, без да плати, а одбивањето во тој случај беше секогаш придружено со убиство или потпалување на дуќанот. Положбата на селското население беше уште понеподнослива; тоа се состоеше од две категории: ситни земјоделци и исполичари, привржани кон земјата на крупните земјоделци феудалци. Ситните земјоделци поседуваа толку работна земја колку да можат да ја обезбедат барем прехраната на нивните семејства. Покрај неродните години, тие уште беа ограбувани од спахиите препродавачи на десеток, а живеалиштата им служеа како анови на жандармериските патроли кои поминуваа, каде што доаѓаа и пиеја без да платат. Турчинот патник можеше да гостува таму како во свој дом, без да смее стопанот да поднесе какви било приговори, така што тоа население беше притиснато во очај поради тие работи. Исполичарите, пак, беа сместени во чифлиците на земјоделците бејови и претставуваа еден вид крепосници, како што тоа било во Русија и Романија, но само во полоша и потешка форма, зашто беа оставени на каприците на бејовите или на нивните администратори кехаи (главни сточари). Тие никаде не го наоѓаа своето право против своеволијата и посегнувањето по семејната чест и живот од бејот или неговиот претставник бидејќи тој стоеше над секој закон и право. Исполичарот ја обработуваше земјата на бејот со сопствен инвентар и добиток и го вложуваше физичкиот труд на целото свое семејство, а добиениот производ се делеше помеѓу бејот и него на половина: дополнително - и државен десеток од 11.5 % излегуваше од амбарот на исполичарот. При таа положба тој беше уште задолжен да работи извесен број денови во другите имоти на бејот, да му достави дрва и др. Меѓу тие две категории постоеше една класа човечки суштества, таканаречените „момци“ (ратаи). Тоа беа вистински робови кои се движеа со семејствата без инвентар по големите земјопоседници нудејќи го својот труд за сметка на извесен надомест во натура и сосема малку во пари. Ситниот земјоделец, како и исполичарот, воопшто не можеа да уживаат од резултатите на својот труд бидејќи беа ограбувани освен од десетокот 11.5 %, уште од закупците, така што тој десеток им излегуваше околу 20 %, без да се сметаат дополнителните прослави за време на вршидбата за сметка на ситниот земјопоседник и исполичарот. Често при недоволен род тие беа принудувани да прибегнуваат кон кредиторите бејови, имотни

турци и лихвари, за заеми кои се договараа по неповолни услови. Земјоделските каси, создадени од Мидхат-паша предимно за такви случаи, беа уништени во времето на султанот Хамид, а поради таа негова политика ситните христијански земјопоседи почнаа да минуваат во турски раце, а ситните земјоделци требаше, во сета неволја, да станат исполичари. Освен легалните и нелегалните ограбувачи на селското население, не мало зло беше и падарскиот институт, бидејќи во него влегуваа најголемите злосторници. Кајмакаминот или мудурите ги назначуваа лицата за него. Функцијата им се состоеше не да внимаваат на имотот и животот на селското население, туку да ги шпионираат и да сеат страв и трепет во него. Тие [...] и располагаа со семејната чест – елемент на разврат и деморализација во селата. Поради тоа, стопанскиот проблем заземаше видно место во рамките на Организацијата. Не беше, меѓутоа, лесна работа да се промени владејачката стопанска структура на тие области, кои беа резултат на многувековен историски процес. Ете зошто пропагандата за слобода вклучуваше во себе подобрување на економската положба на работниот народ иако тоа и не беше внесено како девиза во програмата на Револуционерната организација. Организацијата не можеше на почетокот да мисли за тоа прашање додека таа не ја зацврсти својата положба сред широките народни маси. Инцидентот во с. Виница, Кочанско, со убиството на богатиот Турчин Ќазим од една разбојничка банда, колку и да беше фатален за Скопскиот крај и револуционерното дело, како и заробувањето на струмскиот Турчин Назлим-бој од Г. Делчев за откуп, уплаши многу имотни Турци. Ефектот од тие два факта беше воопштен од ЦК во системот против бејовите и сите угнетувачи на селското население, за кое помогна создадениот Четнички институт. Мерките преземени од Организацијата во таа насока, беа применети со упорност и непоколебливост против злосторниците, падарите, колциите и разбојниците, така што следствено на тоа настапи тешка и опасна атмосфера за Турците феудалци и за разбојничките банди. Контрамерките на власта не беа во состојба да ја вратат старата привилегирана положба на Турчинот. Мистериозни информации доаѓале, од ден на ден пострашни, за да се стават на знаење движењето и моќта на четите. Бејовите не смееја веќе да ги посетуваат своите земјишни поседи. Селаните, пак, исполичари станаа господари на имотите и им даваа од производот онолку колку што сметаа за добро и често ги ограбуваа. Спахијата можеше веќе да прибере помалку од она што му припаѓаше по закон бидејќи ја сретнуваше тупаницата на смелиот селанец. Јуначките разбојници беа речиси исчистени, а нови не смееја да се појават. Воопшто, стопанската положба се измени во полза на христијаните. Некои бејови беа принудени сега да ги продаваат земјоделските поседи, на пр., во Овче поле, Еничевардарско итн. Откупувањето стануваше по наредба на Организацијата и тоа колективно од селаните, а кога ситните земјопоседници и исполичари од еден земјоделски посед не беа во состојба, за откупот требаше да се образува конзорциум со најблиското село за неговото откупување. Тој стремеж прифатен со голем восхит од населението беше прекратен со востанието. Меѓу другото, Организацијата

го отстрани економски уништувачкиот традиционален обичај по селата да се продолжува цела недела свадбата на младоженците во расипнички гоштавки, поради што младоженецот бил принуден да зема заеми од разни лихвари, а потоа години со ред требало да оди на печалба, оставајќи ја младата сопруга, за да спечали некоја пара и да го врати долгот. Против тој разурнувачки обичај, Организацијата требаше да примени немалку напори за да се искорени. Исто така, со текот на времето, пред Организацијата се испречија задачи од правосуден карактер, а од правилното нивно решавање зависеа многу мирот и хармонијата во општеството. Често, поради земање-давање се водеа исцрпувачки процеси и за двете страни во турските судници што ги полнеа со пари џебовите на судиите и писарите. Затоа, се создадоа судии од граѓани за градските, а од селани за селските [населби] при учество на месниот раководител. Решенијата издавани на тој начин ги задоволуваа спорните страни и вистински ги зацврстуваа меѓусебните другарски односи. Такви судии постоеја исто така и за духовно-семејни дела. Довербата на народот во судовите на Организацијата беше непоколеблива и пресудите им се сметаа како акт на виша справедливост. Овие судии помогнаа, исто така, немалку за искоренување на т.н. „одмазда" од населението, која се беше загнездила во крвта во оние покраини блиски на албанскиот свет. ВМРО беше принудена, освен тоа, да дава пресуди од морална природа против пропаднати жени по селата било поради порочна природа, било поради измама од севластниот Турчин. Тие беа не само опасни за моралот во селото, но уште служеа на власта како шпионки. Сите тие грижи и мерки на Организацијата беа високо оценети од народот. Таа стана веќе за народот вистински култ, кому му поднесуваше со задоволство секакви морални и материјални жртви и во таа возвишена апотеоза се создадоа непроценливи епски херојски подвизи кои ја красат ослободителната историја.

V

Средства и вооружување

Паричната помош од Кукуш * Собирање пари од трговците во Солун преку расписки на ЦК * Обиди за обезбедување средства со грабнување бејови, богати Турци и др. * Грабнувањето на мис Стон * Не се оправдаа надежите на ВК * Апелот кон народот за парична помош * Поединечни случаи за одбивање и казната * Самовооружувањето на Битолскиот крај * Деморализацијата на ВК од другата страна на Вардар.

Усната агитација ја изврши својата задача. Меѓутоа, нејзиниот апстрактен карактер не ја стоплуваше повеќе народната душа. Широката маса сакаше да види реални конкретни факти. Таа беше поттикната на тоа и од инстинктот за самоодржување бидејќи секојдневно беше изложена на ризик.

Оружјето ѝ се претставуваше како првостепена потреба за пречек на изненадувањата од новиот начин на животот. Мислата дека поседува

оружје го окрилуваше нејзиниот полет. Таа добиваше кураж и полесно се носеше со времето од создавањето на револуционерната дејност. И затоа потребата за оружје беше потцртана уште од Ресенскиот конгрес, кога конспирацијата се наоѓаше во пелените во својата лулка и колку повеќе се растегнуваше револуционерната мрежа, толку посилно се чувствуваше таа потреба од оружје. Беше решено во прво време да се доставаат револвери за активните членови; меѓутоа недостасуваа средства за тоа. Членарините не стигнуваа за покривање на обичните тековни потреби и не можеше да се мисли, следствено, за какво и да е купување оружје. Најпосле, кон крајот на 1895 г. беше решено да се направи обид со собирање доброволна помош преку формални расписки потпишани од мене и Д. Груев, така што сите од нас требаше да ги искористат врските кои ги имавме со трговците, а дотогаш ЦК црпеше средства за потребите исклучително од Кукуш. Тоа мало гратче, но со високо бугарско чувство и сознание, претставуваше една гранитна тврдина, во чии карпи се разбиваше грцизмот и од таа тврдина се провлекуваа пипалата на бугарската мисла и енергија кон Солун и го прекинаа неговиот обрач. Кукушанецот со својот непоколеблив дух и волја го скршуваше секоја антинационална пречка. Тој со својата гордо исправена и кренатa глава се истакнуваше насред шарениот конгломерат од народи во Солун како симбол на една животна и неисцрпна енергија на блескаво племе, предодредено за една велика историска мисија во земјата на плачот и солзите. Кукуш беше ги запазил незасегнати народностните вредности од турскиот политички и грчкиот духовен гнет и тој беше светилник на просвета и национално сознание во тој крај. И кога заговорот се зароди, тој беше еден од првите градови кој ја прими со ретка готовност и предаденост револуционерната идеја. Средствата кои беа внесувани од тој град во касата на ЦК кон крајот на 1894 и на почетокот на 1895 г., беа околу 330 лири, потоа кога 50, а кога 100 лири итн., така што во првите години беа внесени над 880 турски лири. Таа дарежливост се должеше не само на родољубивото граѓанство, туку и на преданоста и верноста на првиот комитет кој се состоеше од Кољо Бучков, Туше Гугушев, Христо Влахов и Христо Хаџидељов и следните подоцна членови: Мицо Г'л'бов, Ѓорѓо Душков, Мицо Икономов, Мицо Бојациев, Стефан Димитров, Кољо Иванов. Еден од најревносните и најзаслужните меѓу нив беа Кољо Бучков, кој почина во 1898 г. Покојниот беше обземен од идејата за слобода до самозаборав. Тој ги беше вложил животот и имотот за нејзиниот успех. Неговата каса беше каса на ЦК кој повлекуваше пари од неа секогаш кога имаше потреба. Сумите, воопшто, кои се собираа во градот, како и во околијата, се користеа исклучително од другите реони. Никогаш не се појавил локалниот егоизам од кукушани. Нивниот алтруизам во тој случај беше во нивниот израз на длабоко разбирање и смислена проценка на значењето на одделниот реон спрема целината. Благодарение на цврстиот карактер и на великите добри дела на граѓаните и покрај нив и на другото население во тој крај Кукуш беше станал важен јазлов револуционерен пункт за соопштение и пренос на кореспонденцијата и материјалите за Солунскиот крај. Секојдневно оттаму пристигаа курири во Солун. Едни од

најзаслужните од нив беа Анго Арабаџијата, пренесувач главно на материјали; писмата тој ги оставаше во книжарницата на Иван Хаџиниколов, а материјалите – кај свештеникот поп Стамат, а кога отсуствуваше свештеникот поп Стамат, ги оставаше често, а посебно револверите од типот „Туфекчиев" во мојот дом.

Во Солунската афера во 1901 г., Анго беше уапсен во месноста „Тумба" од полицијата кога ги пренесуваше избеганите од нејзините раце Милан Ризов, ученик, Тодорчето од Гевгелиско и Сандо од Битола (кој се самоуби) за да се сокријат во Кукушко. Анго, и покрај сверските тортури не издаде ниту еден член од ЦК, ниту пак некој друг од работниците.

За собирање, воопшто, доброволни парични прилози од бугарските трговци бевме одговорни главно јас и Ѓорче Петров. Така, браќата Хаџимишеви изброија за мене 100 лири, браќата Шавкулеви – 90 лири, П. Сарафов – 35 лири, Илија Попстефанов – 25 лири на Ѓорче Петров и др. Генерално, не се наиде на никаков отпор иако сумите за тоа време беа извонредно тешки. Поттикнати од тие искуства, се воведе веќе систем во 1896 г. да се бараат пари од сите побогати Бугари, без разлика дали се тие членови на Организацијата или не. Авторот, ослободен во 1896 г. од должноста лекар во бугарските пансиони, можеше веќе да се посвети исцело на агитации и собирање средства во земјата. Тој, како и неговите другари, патуваа за таа цел со лични средства. Покрај тоа, јас еднаш или двапати во неделата одев во Кукуш и како лекар и тие случаи ги бев користел за пропаганда меѓу граѓаните: Станишеви, Кушевлиеви, Тодорови, Јарцеви и др., а таму беше агитирано исто така и од Иван Хаџиниколов. На почетокот на истата година јас бев повикан во Гевгелија од бугарскиот трговец Лазар Дерменџиев, чија сопруга беше болна и требаше да престојувам 5-6 дена. Разговорот за тоа време со граѓаните се однесуваше на состојбите во турската држава и ослободувањето на Македонија. Кон крајот на летото 1898 г., јас требаше да поднесам еден вид вербален ултиматум на скопскиот владика Синесија за непријателското држење на неговата митрополија спрема делото и да му се побара определената сума од Организацијата – прилог. Таму тогаш беше лекар д-р Вл. Руменов, кај кого гостував. По првата точка, Синесија изрази наполно задоволство, но по втората почна да се правда дека неговата положба го присилувала да биде воздржан и дека тој ќе работи во духот на неговото паство. При таквиот резултат од разговорот, се разделивме. Не поминало долго време, во таа област настапија тешки моменти поради српската пропаганда, посебно како последица на епската борба на кумановчани со србоманите за црквите (последните поткрепени од турската власт), но тоа прашање беше изоставено од ЦК.

Со сумите, воопшто, собирани на тој начин, не можеше ниту збор да стане за некакво вооружување. Од Софискиот врховен комитет и покрај ветувањата на Луков, кој беше дошол во Солун за да се информира за истиот, ВМРО не дозна речиси ништо, а повторно да се прибегне до истите претходни дарители, веќе беше неразумно. Со таа алтернатива сепак нашата пасивност ќе беше осудена и од таквата ситуација би се

предизвикало разочарување на широките народни маси. Ете зошто по долги мудрувања решивме да се послужиме, во името на еден висок идеал, со средствата и методите кои ги употребуваа арамиите. Македонската историја беше полна со такви појави и не се разликуваше од онаа на карбонарите во Сицилија. Но, тука се зема сепак предвид дека таа акција треба да се спроведе само врз оние бејови што беа вистинска напаст за населението и кои беа изградиле богатство со црниот труд и потта на селските слуги и исполичарите, или на оние Турци што беа натрупале богатство со злоупотреба под закрилата на законот или на насилен начин, од кој населението беше напатено.

Кон крајот на март 1896 г., Борис Сарафов беше дошол во Солун од Зографскиот и Хилендарскиот манастир, каде што се обидел под превезот на богомолец да ги ограби; меѓутоа се покажало дека касите во тоа време им биле празни. Тоа дело било поддржано и од Д. Груев без знаење на другарите, кое предизвика едно бурно заседание помеѓу нас.

Д. Груев имаше обичај попладне да скршне кај мене и секогаш носеше алва и уште од вратата почнуваше: „Еве, ти носам алва да се насладиш малку" и почнувавме разговор за тековните проблеми. Меѓу другото, тој ми изјави дека пропуштил горниот случај да го соопшти на другарите. Тоа, меѓутоа, даде повод да се дискутира на едно од заседанијата. Јас требаше да го поставам тоа прашање зашто се засегнуваше и се повредуваше принципот на другарството, толку неопходно за успехот на делото. Кавалерството и сознанието на долгот на Груев го надминаа личното „јас" и тој ја призна грешката на општо задоволство без никакво огорчување. Во врска со тоа, се пристапи кон дискусија за обидите од тој вид за да се набават средства затоа што со растењето на револуционерното дело, потребите стануваа од ден на ден сè поголеми и поголеми. Средствата беа потребни не само за доставка на оружје, туку уште и за издршка на семејствата на убиените работници и затвореници. Грабежот на ќустендилската каса со околу 10.000 – 15.000 лева извршен од Златаров од Охрид, по лична идеја на 2-3 наши работници, без знаење на Делчев, беше како капка во морето. Обидот, од друга страна, на Делчев кон крајот на јули 1897 г. во село Буковец, Кочанско, да го киднапира богатиот Турчин Черкез излезе без резултат зашто во тој момент немало никој во неговата куќа. Исто така, без резултат бил и обидот во септември 1898 г. со киднапираниот од него струмички богаташ Назлим-бej, кој им избега на стражарите кога Делчев, истоштен од стомачни болки само што задремал, а откупот од 3000 лири бил на пат. Пленувањето на Гркот лихвар Димитраки од с. Шилинес, Серско, во септември 1898 г. завршил исто така со неуспех: Гркот се извлекол од рацете на четниците пред да пристигнат бараните дополнителни 180 лири од [претходно платените] 300 лири. Во есента 1899 г. беше заробен валандовскиот Турчин трговец Турани од четата на Иван Карасулски и Апостол Георгиев, од кого беа земени откуп 500 турски лири, но благодарение на Филип Георгиев од Лерин, учител во с. Бојмица, тој успеа да искубе од тој арамија 200 лири за Организацијата,

кои тој со сопругата ми ги предадоа мене. Иван Карасулски беше војвода, исклучен од редовите на Организацијата поради своеволија и беше прибран од Врховниот комитет, кој подоцна го искористи против Внатрешната организација. Такви обиди беа правени исто и во Одринско: грчкиот лекар Керемицоолу во Лозенград беше киднапиран и тоа без никаков резултат; четата на Мерџанов и Соколов беше одвлекла едно богато Турче, но таа била откриена и уништена близу до Одрин од пешадија и коњица во јули 1901 г., а војводата Мерџанов, тешко ранет, беше паднал како плен во турски раце и подоцна обесен во Одрин. Тие обиди, воопшто, завршуваа речиси без резултат, со големи жртви за Организацијата и причинуваа секогаш големи страдања на месното население. Единствениот успешен обид беше оној извршен на 21 август 1901 г. од Сандански, Хр. Чернопеев, Крсто Асенов и Сава Михајлов со киднапирањето на мис Стон на патот помеѓу Г. Џумаја и Банско и по редица непријатни перипетии од бугарската власт и американските посредници, најпосле успеаја да се земе откуп 14.500 лири. Најголемиот дел од таа сума, меѓутоа, беше искористена, за жал, во борбата против безумните аспирации на Врховниот комитет во желбата да подигне востание во Македонија; друг поголем дел од останатата сума беше злоупотребена главно за едната страна по Вардар, а само мал дел – за потребите за другата страна на Вардар. Надежите, кои ВМРО ги полагаше за материјална помош од ВК, излегоа на тој начин не само илузии, туку требаше ВМРО да троши уште енергија и средства за да дејствува против авантуристичките обиди на ВК за објавување востание против желбата и волјата на внатрешноста. Настаните се таложеа со време и неодложно кон скорешна македонска катаклизма; немаше повеќе време за ВМРО да измисли нови начини за собирање средства. Таа, по силата на околностите, беше принудена пак да се сврти кон народот иако кај него не постоеше богат сталеж како кај другите народи зашто тука-таму во големите центри, како Солун, Скопје и Битола, туку што беше почнал да се зародува еден трговски и банкарски сталеж. Последниот се одзва великодушно на првиот апел на Организацијата и внесе суми надвор од своите можности. Тоа не му беше туѓо на делото, тоа се сретнува и во другите револуции и опфаќаше само или преку синовите и роднините најживо учество, како што се констатира во Битола, Прилеп, Охрид, Ресен, Кукуш, Велес, Мало Трново и др. Рамнодушноста и скржавоста биле исклучителни појави во револуционерното дело. Таков еден беше Михаил Пенушлиев од Штип, трговец во Солун. Тоа беше дело на нарушена чест – зошто да му се определи од други сумата од 25 лири. Тој не одби, туку ни фрли 5 лири како на просјаци. Тој негов цинизам мошне чувствително ги засегна престижот и авторитетот на Организацијата и само за таа нечесна провокација требаше да биде казнет. Тој беше посочен од Хр. Матов на еден терорист и при заемната престрелка беа ранети и тој и терористот. М. Пенушлиев беше обвинет од полицијата како убиец и требаше да даде 400 лири мито за да ја избегне пресудата, а терористот им подлегна на раните. Друг сличен случај беше со поп Ставре во Битола, кој одби да ја даде определената сума, поради што беше убиен во 1902 г. и

Д. Груев беше осуден и заточен во Подрум Кале, Мала Азија. Во однос на убиството, пак, на Јосиф Дамјанов од Прилеп, трговец во Солун, тоа беше случаен и несреќен инцидент при збунетост и претерана загриженост, извршен во време кога членовите на ЦК се наоѓаа во Подрум Кале. Општо кажано, како богатата класа, така и широките маси не откажувале никогаш пари. Трогателни случаи не недостасуваат во револуционерното дело, кога млади невести и моми си ги кинеле ѓерданите и ги давале во касите на реонските комитети.

Вооружувањето на Битолскиот крај се изврши исклучително со средства собирани од сите слоеви на народот. Помошта која беше дадена на тој крај однадвор, посебно од Бугарија, се состоеше од неколку десетици манлихерки и обични пушки, со кои беа вооружени неколку мали чети како кадри во тој крај. Таа тенденција, за жал, која беше исто така спроведена и во соседните реони, познатите апостоли на револуцијата на Бугарија, „дека ние треба да сметаме пред сè на сопствените сили и со наши средства да се приготвиме за оној историски момент – востанието", беше осуетена од надворешни влијанија. До таа тажна состојба дојде зашто се чекаше не само бесплатно оружје, туку требаше да се плаќа и храната на дојдените четници. Тој дел на Македонија, за голема жал, не можеше да ги оправда очекуваните надежи поради фаталната агитација и дејствувањето на Врховниот комитет.

VI

Борбата на ВМРО со егзархиската струја во Македонија

Бугарските влади, Егзархијата и револуционерната идеја * Антагонизмот помеѓу политиката на бугарските влади и егзархот * Револуцијата и црковно-училишното дело * Ученичкиот бунт во Солунската гимназија * Интелигенцијата и егзархискиот апсолутизам * Прогонството на учители, припадници на Револуционерната организација * Егзархиското течение и создавањето на заедничко читалиште и неделно училиште со центар во Солун* Оформување на егзархиското течение во „братство" против ВМРО * Моралната поддршка на братството од бугарскиот трговски агент А. Шопов * Преминување на братството во Револуционерно братство * Приведувањето на ЦК * Преземање на раководството на ЦК од Ив. Гарванов * Неговата љубов кон Македонија и нејзините чеда * Востанието *

Дејноста на Револуционерната организација се најде уште од почетокот пред мошне сложен комплекс од надворешни и внатрешни фактори кои требаше да ги надмине. Оние што произлегуваа од турската власт и разните народи во Македонија и Одринско, како и од соседните држави, беа разбирливи за конспирацијата, но тие од бугарските влади, Врховниот комитет, Егзархијата и нејзините органи беа сосема нелогични, така што револуцијата за која држеше толку многу Егзархијата беше одамна погребана од Кнежевството Бугарија со присоединувањето на Источна Румелија, потоа со четничкото движење во

1895 г. и најпосле со Врховниот комитет на чие чело стоеја офицери од Бугарската армија и видни политички мажи. Егзархијата, под чија јурисдикција остана еден дел од бугарското племе кое се наоѓаше под туѓо ропство, ја носеше за него правната и моралната одговорност; таа меѓутоа не можеше да ги спречи оние судбоносни случувања за народот што ја отфрлаа револуцијата за да оди по својот нормален пат во бугарските земји зашто тогаш бугарскиот народ можеби немаше да ги искуси несреќите и поразот на неговите идеали што следеа. Егзархијата, за несреќа, не беше поддржана од бугарските влади и слободниот бугарски народ, кои во повеќето случаи се држеа непријателски спрема неа. Тој антагонизам помеѓу духовната и световната власт, останат уште од револуционерната епоха на Бугарија, се појави и во новите услови на бугарскиот живот, поради што она што го градеше Егзархијата се уриваше од световната власт. Отсуството, воопшто, на рационална и методична политика помеѓу тие власти во раководството на судбините на бугарското племе има најфатални последици за неговата кауза. Бугарските влади успеаја навистина да спасат од опасност и репресалии извесни права на црковно-училишното дело од Високата порта кога последната се наоѓаше во тешкотии, но тоа исто така ја ставила и дејноста на Егзархијата во уште потешка и деликатна положба. Портата, во слични случаи кога даваше некакви права, бараше начин како да ги суспендира со внатрешни трансформации. Така, на пр., на владиците им се одзеде онаа тежина во судовите која ја имаа порано; потоа се воведе практиката да се заверат дипломите на учителите од меарифите, со што се нанесуваше тежок удар на училишното дело. Тие односи помеѓу бугарските влади и Портата, воопшто, ја правеа револуцијата проблематична. Егзархијата, колку и да беше лојална спрема турската власт, како бугарски институт таа секогаш била третирана со сомнеж, следствено на што секое нејзино барање минувало низ призмата на недоверба. Притоа, бугарските влади, од друга страна, по атавизам од минатото гледале со извесна сомнителност на дејноста на Егзархијата и неретко ѝ поставувале клинови во нејзините тркала. Тие ценеле дека грижите и старателството на поробените Бугари требало да паднат исклучително во орбитата на нивните атрибути. Ете, зошто бугарските влади и Егзархијата дејствувале речиси секогаш одделно, но според моменталните нивни разбирања, можности и методи што личеле на калеидоскоп. Нивната дисхармонична политика имала фатален одраз на поробените Бугари, а особено за поведението и дејствијата на бугарските влади најмногу настрадаа македонските Бугари. Така, кога Бугарија водеше австрофилска политика, маста на руската дипломатија се излеваше на бугарското население во Македонија со посредство на српската пропаганда со давање активна поддршка на таа пропаганда пред турските власти и, обратно, кога таа беше русофилска, тогаш австриската дипломатија ја поддржуваше српската пропаганда, со други зборови кажано – бугарскиот народ беше ставен во циркуска арена во која Срби и Грци, особено првите, го играа своето јудинско оро по тактот ту на Русија, ту на Австро-Унгарија. При таа положба, имено, се јави Револуционерната организација, но не како рушителка на постојните

национални институти, туку како нивно дополнување. Нејзините задачи и цели се совпаѓаа наполно со тенденциите на националните институти. Таа се издигна на нивните фундаменти. Црковно-училишното дело за неа беше исто така скапоцено, како и за Егзархијата. Слободата, која се аспирираше од конспирацијата можеше да се крене и да цути над црквата и училиштето зашто ги црпеше инспирацијата и енергијата од славното минато и Преродбата, кога духовноста и паштвото врвеа со еднаков потстрек и себеодрекување во борбата за ослободување од фенерската Патријаршија, а ореолот на таа велика историска борба беше создавањето на Егзархијата. Таа конституција природно држеше многу до таа концепција длабоко вкоренета во македонската душа. Оној контраст, како што е „Слободата не сака егзарх, сака Караџа", беше туѓ за творците на револуционерното дело; романтизмот не ги одушевувал при творењето и нивните аспирации. Револуцијата им се претставуваше како историска и реална неопходност, откако револуцијата беше осуетена, од една страна, од заедничката акција на турската власт и српско-грчката пропаганда, а од друга – од експерименталната политика на бугарските влади со Високата порта. Единството и целоста на нацијата ќе беа силно загрозени ако револуцијата продолжеше понатаму по горекажаните услови. Единствениот отпор против уривачката и превратна акција на пропагандите може да се огледа главно од една моќна Револуционерна организација која би била во состојба да ја уништи вистинската и суштествена причина за појавата на пропагандите. Принципот на народното единство, врз кој се базираше силата на Организацијата, претставуваше суштествен услов за нејзиниот успех. Една од нејзините први задачи, следствено, беше да ги опфати сите слоеви од народот, со што се градеше не само нејзината моќ, туку се внесуваше уште поголемо искуство и разбирање во делото. На тој нејзин стремеж, меѓутоа, се одговори на почетокот на нејзиното појавување со една молчелива опозиција од Егзархијата, нејзините органи и некои граѓани, очекувајќи од ден на ден да исчезне без трага сама од себе, како детинска фантазија. Но, кога тие видоа дека револуционерното дело се шири со гигантски чекори насред народот, јавно се побунија против конспирацијата, така што им припишаа особини и тенденции на нејзините создавачи дека тие биле безбожници, социјалисти, сепаратисти и други слични бесмислици, кои имале за цел да направат штета на важноста и авторитетот на Егзархијата и на нејзиното уредување во Македонија и Одринско, исто така и во однос на атрибутите и нивните права во однос на раководството на црковно-просветното дело, слична мисла воопшто не постоела никогаш кај раководителите на Револуционерната организација, ниту пак тие ги потценувале престижот, авторитетот и нивната мисија. Напротив, тие мислеле секогаш дека една заедничка дејност би биле пожелна кога двете организации ќе се дополнат заемно во достигнување на крајната заедничка цел. Многу природно беше во прво време заговорот да го прифати онаа интелигенција која одамна водеше борба со Егзархијата поради нејзиното отстранување од управувањето на црковно-училишното дело, особено против централизацијата на тоа дело во рацете на

владиците, општинските претседатели и училишните директори. Интелигенцијата, која штотуку го беше напуштила училиштето со слободољубиви концепции и идеи, се виде неоспорно ограничена во својот идеен полет кон воспоставениот поредок од Егзархијата во земјата. Таа би можела при владејачките специјални политички услови да ги примени сфаќањата и енергијата само во црковно-училишното дело. Тоа право, меѓутоа, кое ѝ се даваше, фактички, од егзархискиот устав, беше суспендирано од Егзархијата, покрај појавата на интелигентни сили во поголемите центри на земјата и оттука природно произлегуваше огорченоста против Егзархијата за нејзиниот безобѕирен апсолутизам без да вникнат во суштината на положбата, наложена од специфичните услови при кои требаше да функционира. Освен тоа, постоеше една заемна недоверба помеѓу нив: Егзархијата не веруваше дека штотуку создадената интелигенција може да има јасен реалистичен поглед на животот и неговите сложени појави и мислеше дека таа треба да се испита доволно пред да ѝ се довери тоа деликатно дело, кое се атакуваше постојано од турската власт, како и од пропагандите. Од своја страна, интелигенцијата ги сметаше за неискрени мотивите на Егзархијата за недопуштањето во нејзините општински работи бидејќи таа (интелигенцијата, В.Х.) не ја сфаќаше причината за негативниот однос на Егзархијата спрема неа. Таков впечаток извлеков и јас од егзархот Јосиф I, кога бев отишол да полагам колоквиум во Цариград и го посетив пред да заминам за Македонија, како приватен лекар. Тој го плену ваше соговорникот со длабоката ерудиција (начитаност, В.Х.), со широкиот и визионерски поглед и висок патриотизам и трепереше кога стануваше збор за нашето револуционерно дело, дело поверено нему од плејадата народни великани-борци, пресоздадени лично од самиот него. Тој можеше да се смета, воопшто, за синтеза на револуцијата и еволуцијата, зашто ја внесуваше во своите дела не спонтаноста на инстинктот и неговата моќ, туку здравото логичко расудување и железната дисциплинирана волја. Но, и тој замина во вечниот си покој без да биде разбран од бугарските управници и од кнез Фердинанд, ниту пак од потчинетите негови луѓе; опкружен од сите страни со сомнеж, тој страдаше морално и физички, што не може да се изрази со јазикот на срцето и да дејствува според неговиот императив. Тоа беше впечатокот кој можев да го извлечам од него во еден долг разговор при неговиот последен престој во Софија. Тој знаеше многу добро дека еден ден просветното дело ќе се претвори во револуција. Таа страшна помисла не сакаше да излезе од неговата уста, ниту да ја каже на тие што го опкружуваа зашто го познаваше длабоко нивниот менталитет. Револуцијата беше опасна според него зашто тој се беше убедил одамна во лекомисленоста, слабоумието и невизионерството на бугарските државници, вклучително и бугарскиот кнез, во однос на третирањето и разбирањето на нашите национални проблеми и се плашеше дека таа (револуцијата, В.Х.), со која тие се служеа често и безрасудно, нема да биде искористена рационално од бугарската дипломатија за чисто бугарските идеали. Така, исто Д. Груев, кога се појави во 1898 г. кај

егзархот, за да се разјасни лично по однос на неговото отстранување од инспекторската служба во солунските села (поради клеветите за безбожништво од општинскиот претседател), при враќањето во Солун и тој изнесе добри впечатоци за него како голем државник со сестрани познавања и сфаќања по нашиот национален проблем. Неговото непомирливо држење и посебните мерки преземани спрема револуционерното дело беа диктирани од неговата положба. Тоа не нè зачудуваше ни најмалку; нашиот револт, всушност, беше насочен главно против дејствувањето на Васил К`нчев, Михаил Сарафов, А. Наумов и др., кои беа толку претерале со гонењето работници и учители што се беа убедиле дека тие се лишени од секакви скрупули зашто сигурно биле покриени однадвор, а го вршеле тоа често и од лични побуди. Пелагонискиот митрополит Григориј, уште како претседател на Солунската општина, беше заразен од месните училишни борби помеѓу Начевисти и Великовисти и во својство на митрополит во Битола се вовлече многу, било [по однос на] во солидарноста со бившите солунски истомисленици, било во внатрешните убедувања против револуционерните текови. Наредбите на Егзархијата беа за него еден реален мотив за да им објави безобзирна борба на работниците од револуционерното дело, за кое за малку ќе му паднеше главата (1898). Самарџиев, Кондов, Мацанов, Матов и др., кои отсекогаш ја претставуваа Солунската општина и од каде што се избираа надзорни комисии и [се вршеше] снабдувањето на пансионите, беа заменети од почетните старци: Тодор Хаџимишев, Никола Попстефанов, Саздо Дерменџиев и др., зад кои стоеја нивните синови: Ангел Хаџимишев, Илија Попстефанов и од други млади сили, како П. Дамјанов, Петруш Сарафов, авторот на актуелните мемоари, околу кои се групираа интелигенцијата и еснафот. Новата општина разви веднаш трескава дејност: загради гробишта, таму изгради црква, закупи место во кварталот „Пиргити" за училиште и црква и сето тоа се создаде со лична пожртвуваност и конечно го намали значењето на егзархиската група. Најмногу од тоа беше засегнат книжарот К. Самарџиев, кој беше во постојани врски со Егзархијата, владиците и бугарските политички мажи. Тој, кој дотогаш играше важна улога во просветното национално дело, не можеше да се помири со мислата дека ги гледа на чело на ослободителната кауза својот коректор Д. Груев и разни вчерашни даскалчиња. Освен неговата амбиција, тука беа начнати и неговите интереси со отворањето на книжарницата на Иван Хаџиниколов, што се случи по неговото (на И. Хаџиниколов, В.Х.) преместување од Солунската гимназија во Сер, пред уште да учествува во револуционерното дело. Книжарниците беа од голема важност за Организацијата како центри за средби на учителите од солунските училишта, како и на учителите кои доаѓаа од околијата. Во нив обично се случуваа дискусии за училишното дело и агитацијата за и против револуционерната дејност. Тие причини нè принудуваа да ја избегнуваме книжарницата на Самарџиев, без да се мешаме во нивните лични трговски зделки. Непријателството на Самарџиев кон револуционерното дело, колку и да немаше некаков посебен резултат, сепак создаваше едно

заладување насред работниците и учителите, поради што последните, често на своја иницијатива, ги воведуваа учебниците на Ив. Хаџиниколов во училиштата. Непријателството на егзархиската група кон револуционерното дело можеше да најде извесно оправдување. Нејзиното неприфаќање на предлогот од Револуционерната организација да земе и таа учество во револуцијата беше доста логичен: таа ценеше дека замислената револуција е избрзана и опасна за народната кауза. Таа дијалектика која се потхрануваше од мислата дека револуцијата ќе изгасне наскоро сама од себе пред тешкотијата на животот беше веднаш напуштена од групата кога видоа како револуцијата се шири побрзо и кон сите слоеви на македонско-бугарското општество и затоа, имено, таа група побрза да се оформи во одделно еволуциско течение или „партија на егзархистите". Идеолозите на тоа течение беа исклучително учителите на солунските гимназии: Михаил Сарафов – директор на машката и женската гимназија, Андреј Тошев, А. Наумов, Н. Калушев, Ив. Гарванов и др., на чело со началникот на училишниот оддел при Егзархијата, В. К'нчев. Директивата на таа партија се состоеше во закрепнување на црковно-училишното дело и насочување на сите народни сили против пропагандите, со истовремено наговарање на населението да мирува и да не потпаѓа на проповедите за револуција и кога ќе дојде време за тоа, Бугарија сама со 200.000 пушки ќе ги ослободи Македонија и Одринско. Првата грижа на таа партија беше да ги очисти училиштата од учителите, приврзаници на заговорот, како : П. Попарсов, Ив. Хаџиниколов, учители од Солунската машка гимназија, Д. Груев од инспекторатот на солунските селски училишта, наклеветен како сепаратист, безбожник, социјалист, авторот како лекар на пансионите. Таа ценеше дека кога ќе ги растера лицата на ЦК, лесно би можела да завладее со центарот и после да се справи со внатрешноста. Расцепот се пренесе од Солун во градовите Прилеп, Велес и Битола. Така, на крајот на 1894 г. прогонствата помеѓу егзархистите и антиегзархистите во Воден беа зеле законувачка форма и требаше да одам таму за да ги помирам и благодарение на многу заслужната фамилија Занешеви, кои беа на чело на антиегзархистите, успеавме да создадеме во Воденско важен револуционерен пункт. Организацијата беше свесна за штетата од таа борба за националното дело и беа преземени не мали напори од неа за избегнување на тој расцеп и најпосле таа (Организацијата, В.Х.) успеа да го канализира негодувањето на интелигенцијата против Егзархијата, со тоа што [Егзархијата] беше отстранета од раководењето на општинските работи бидејќи сметаше дека поставувањето на тоа прашање не е само ненавремено, туку и штетно за престижот и авторитетот на Егзархијата иако последната беше објавила безобзирна борба против револуционерното дело. Навистина, беше решено уште на Ресенскиот конгрес (1894 г.) да се освојат општините и училишните управи, но тоа беше со цел да се провлечат повеќе нејзини работници и учители во градските и селските училишта, без некогаш да се мисли да се посегне по атрибутите на Егзархијата.

Ѓорче Петров беше специјално испратен од ЦК во Цариград (1898 г.) за да ги даде потребните објаснувања во Егзархијата по сите тековни и спорни прашања, а подоцна отиде и Д. Груев за да разјасни лично со Егзархијата по припишуваните особини за безбожност, антиегзархист, за да дејствуваат заедно и да може да запре прогонството на учителите, приврзаници на организацијата, како и да се назначат исти во некои места. Посредништвото на Врховниот комитет во лицето на Борис Сарафов во 1899 г. преку Л. Стоенчев пред Егзархијата беше во истата смисла за да се стави крај на прогонствата на учителите на Организацијата. Со тоа се постигнуваше двојна цел: учебното дело ќе беше помалку изложено ако се назначуваат првостепени сили на Организацијата, а и авторитетот на Егзархијата би бил запазен, а со тоа, пак, од друга страна ќе беа избегнати судирите помеѓу општините и граѓаните и ќе се намалеа раздорите и озборувањата кои ја труеја бугарската душа. Егзархијата, место да биде вентил на штетните контрасти кои се јавуваа во интелигентниот свет на земјата, и покрај предупредувањата кои се упатуваа од двете страни, таа остана да биде повлечена [на страна] од развојот на настаните во земјата додека тие настани не тргнаа по својот неминовен динамизам – кон громогласната разврска.

Раздорите помеѓу двете течениja не можеа, а да не станат општа карактеристика во земјата, поради што се создаде и една тешка атмосфера во егзархиските кругови и во општеството. Училишната младина, меѓу кои имаше и брадати мажи, беше револуционизирана уште и пред да се појави заговорот и ја следеше одблизу борбата што се водеше помеѓу двете течениja. Симпатиите на непокорниот и свесен дел од неа беше се ставила на страната на револуционерниот тек. Таа не можеше да ги трпи учителите од спротивното течение, ниту да ги слуша со задоволство предметите од природните науки и на таа нејзина душевна состојба даде најпластичен израз ученикот Нацев од VI клас, леринчанин, кој му изјави на учителот Лука Димитров да си го подигне каменот по минералогија – „Сега е време за револуција". Таа детска постапка предизвика бунт во гимназијата (1896 г.) поради претераното настојување на некои учители да биде зачуван учителскиот авторитет. Учителот Хр. Ганов го убедувал директорот на гимназијата А. Наумов да повика полиција за да ја прочисти гимназијата од бунтовните ученици и ако не се замешаше Ѓ. Петров, полицијата ќе ставеше клуч на гимназијата. По тој повод, дојде Лазаров, началникот на училишниот оддел во Солун, за да ја проучи таа жална случка во гимназијата. Тој со заканување изјавил во солунската општина дека бунтот бил дело на револуционерното течение, како што ценеше и општината , но последното се состоеше исклучително од лица блиски на Револуционерната организација. Тој отиде дотаму што се закануваше со затворање на гимназијата. Јас требаше да ѝ ги дадам на општината потребните објаснувања во однос на тој младешки инцидент за кои и публикував статија „Новиот курс на политиката" во в. „Македонски глас" на Шахов, и во истиот дух проговори и Петруш Сарафов. Најпосле, се установи дека тоа не беше друго освен чисто

ученички акт, без никакво мешање однадвор и гимназијата продолжи да функционира како и пред тоа.

Во тоа време, пак, Егзархијата се наоѓаше во борба со Русија, која се обидуваше да ја отстрани од Цариград, за на тој начин да го откине поробениот дел на нацијата од нејзиното влијание. Меѓутоа, тогаш таа (Егзархијата, В.Х.) не смееше да се обрати за поддршка директно од населението бидејќи интелигенцијата и народот беа раздвоени. Тоа прашање беше од судбоносна важност како за нејзината егзистенција, така и за општата народна кауза. Ете зошто најпосле таа се реши да го соопшти тоа на ЦК преку Танев, секретар на училишниот оддел при Егзархијата, а имено дека се наложува една импозантна манифестација на народот против догмите на руската дипломатија врз тој национален институт (Егзархијата, В.Х.). Без да се губи време, ЦК веднаш ги даде потребните совети до сите општини и на тој начин интервенцијата на заинтригираниот народ ја заплаши руската влада, чиј притисок веќе стивна во руско-егзархиските односи.

Општо, од Револуционерната организација никогаш не се пропуштило да се истакне усно и на дело дека кога се засегнати општите народни интереси, таа треба да биде секогаш во првиот ред. Тоа нејзино држење несомнено многу го вознемируваше спротивставеното течение бидејќи Организацијата ги отфрлаше сите критики во борбата против него, но егзархистите, со амбиции на тој пат, не престанаа да ѝ создаваат непријатности и тешкотии. Луѓето од конспирацијата, макар и зафатени со активна работа од мошне деликатен и ризичен карактер, беа принудени да реагираат против провокациите од Егзархијата. Таа мислеше дека кога ќе се нанесе удар во срцето на конспирацијата – ЦК, тогаш може да се развие интензивна контрадејност во внатрешноста и затоа борбата во Солун беше најтешка, можеби решавачка и за двете страни. Падне ли солунската тврдина со општината и еснафот, успехот (како што претпоставуваше егзархиското течение) би бил сигурен за да се наложи тоа и во земјата. За таа цел, менторите на тоа течение: В. К'нчев, А. Наумов, Н. Колушев, Ив. Гарванов, Г. Самарџиев и др. измудрија една нова тактика за групирање на интелигенцијата и граѓанството околу нив сметајќи на големиот контингент на видните учителски сили. Тоа беше идејата за формирање читалиште во Солун, кое ќе има клонови во целата земја, под форма на неделно училиште и кое ќе ги опфати веќе постојните неделни училишта. Прикриената замисла и задача на таа просветна опрганизација се состоеше имено во тоа да бидат откинати интелигенцијата и еснафот од влијанието и авторитетот на ЦК. Една јавна опозиција од наши луѓе би предизвикала погодна провокација против нив зашто тие беа ретроградни луѓе во своите желби да ги поддржат мракот и темнината среде широките маси. Нивниот предлог се прифати принципиелно со ентузијазам и кон крајот на 1895 г. се свика собрание од учителите, граѓаните и еснафот во машката гимназија за формирање неделно училиште најнапред во Солун, а потоа и во другите градови. Огромното мнозинство ја држеше страната на револуционерната струја и

за управата беа избрани луѓе од Револуционерната организација: јас бев избран за претседател, Ѓорче Петров за секретар итн. Малку подоцна се формира женско друштво на кое госпоѓа Т. Хаџимишева беше претседателка, високоинтелигентна дама, која учела во Русија. Јас ја држев првата реч во холот на машката гимназија во врска со колерата која пустошеше тогаш во Европа; Ѓ. Петров говореше за географија во врска со производството и трговијата. Нашето вечерно училиште при Вардарската црква беше раководено од Д. Груев и Лазар Димитров, еден од првите кршителници, заедно со Тане Мурџев. Тие предаваа во него општи познавања по читање, сметање и раскази за ослободувањето на поробените земји. Тоа продолжи долго време со вечерните занимања; но, како и во другите неделни училишта, се прекрати поради подоцнежните случки и афери. Сумите се прибраа во комитетските каси. Егзархистите и во та смисла претрпеа полн пораз. Тие веќе сфатија дека противниците не им се обична партија во која неколку егзалтирани глави под маската на фантастични халуцинации сакаат да создадат популарност во општеството со антиегзархиското движење. Но, кога видоа дека, за времето, им се доверуваат крупни суми од целата земја, како од Кукуш, Дојран, Гевгелија и др., тие во Цариград и Солун се убедија дека имаат работа со сериозно дело, без, меѓутоа, да ги знаат неговата сила и размер. Кон крајот на 1895 г. егзархистите го испратија К. Самарџиев да ги обиколи главните градови во Македонија и да го проучи, од една страна, делото по тие места, а од друга страна, да пропагира против него. Насекаде тој говореше против конспирацијата: „Вашите села и куќи ќе бидат опожарени, чувајте си ги црквата и училиштата. Бугарија со своите 200.000 бајонети ќе ја ослободи Македонија." Но, и покрај тоа, тој не се осмели да ги скрие своите впечатоци од таа обиколка пред нашите другари во Битола, дека „револуционерната агитација зела широки размери во земјата и дека младината била силно и идејно вовлечена од делото." Извештајот на К. Самарџиев предизвика преврат во разбирањата на егзархистите, на што како резултат се појави нов метод на нивната борба, не веќе против Организацијата, туку само против некои личности од ЦК, кои се сметаа за несериозни луѓе. Тие беа изолирани и таа изолираност ги беше обезличила доволно како општественици и затоа тие решија најпосле преку Пере Тошев, Ѓорче Петров и Хр. Матов, кои ги сметаа за сериозни и погодни за посредници, да влезат и тие во Организацијата. Таа идеја се дочека од ЦК со радост зашто единството на народните сили за него беше гаранција за успех на ослободителната кауза и во однос на тоа им се дадоа широки овластувања на П. Тошев и Ѓорче Петров (1896 г.) да го разрешат тоа прашање, така како што тие сметаат дека ќе биде најкорисно за делото бидејќи тие, како и егзархистите, се сомневаа дека има во ЦК некои амбициозни личности кои се противат на зближувањето. Пред тоа, уште јас лично му бев предложил на директорот Михаил Сарафов да пристапи во Организацијата било како активен член, било како пасивен. Тој предлог беше одбиен од него со иронија и надменост. Третирањето на прашањето за обединувањето помеѓу П. Тошев и Ѓ. Петров и егзархистите: А. Наумов, Ив. Гарванов, К. Самарџиев

и др. продолжи доста време, ту надежно, ту безнадежно и на крај не можеше да се дојде до никакво разбирање. Заклучокот на Ѓ. Петров беше дека тие не мислат сериозно на револуционерна борба, ниту се способни за тоа. П. Тошев, пак, ги заврши преговорите со пцовки в лице. Потоа егзархистите се оформија во благотворно друштво „Братство" надевајќи се дека под таа маска може да се води полесна агитација врз база на револуционерната идеја против конспирацијата, но на друг начин: „да се готви народот морално и да не се купуваат пушки бидејќи кога ќе дојде погодниот момент, Бугарија ќе даде пушки". Таа нова насока совршено ги дискредитира. Интелигенцијата ја гледаше честата промена на нивните насоки и се убеди дека тие се многу далеку од идејата за револуција и дека тие сакаат да ја уништат Организацијата, а како резултат на таа уништувачка тенденција, ние бевме сведоци во периодот од 1896 г. до средината на 1900 г. на едно трагично преместување и прогонство на организациските учители, диригирано несомнено од В. К'нчев, А. Наумов и Селцобалиев (касиер во Егзархијата). Во таа насока и покрај ефикасната поддршка на Егзархијата, тие не можеа да се надеваат на некаков поволен резултат, а најпосле по долги непринципиелни лавирања, тие стапија на патот кој одамна беше изминат од нивните противници и го преобратија благотворното братство во „Револуционерно братство" (1898 г.). Додека кошмарот на заговорот ги збеснуваше пред призракот од уривањето на црковно-училишното дело, опозицијата и покрај нивните макијавелистички потфати, имаше уште некаква логика: нивното Револуционерно братство при постоење на Револуционерната организација веќе им ги откриваше моралот и менталитетот. Постоење на втора револуционерна организација не можеше да резултира со засилување на националното дело, туку повеќе во негово омаловажување токму тогаш кога македонскиот народ беше атакуван најинтензивно од српско-грчката пропаганда и имаше потреба од сплотеност за посмело опстојување на бугарската кауза. Егзархистите како посериозни и со повисок интелект во своите кадри не положија сметка за последиците од деморализацијата која тие ја посеаја среде широките маси во една ранлива земја како Македонија. Поради тоа, не можеше да се критикува ЦК за непатриотичност и непрозорливост во своите дејствија со прифаќање на принципот: „Слезете вие, да дојдеме ние." ЦК ценеше таков еден преседан опасен за делото ако тој се реализира во пракса зашто тој ист принцип би се употребил од други против нив, а со тоа би се создале анархистички преседани во Организацијата. Никој од ЦК не го држел местото и секој виден раководител кој живеел во Солун како учител или со друга професија беше прифатен без никакви формалности за член на ЦК; но егзархистите настојуваа да влезат исклучително во најгорните раководни места. Тоа барање да бидат допуштени веднаш во ЦК многу нè зачудуваше. Знаејќи им ги врските со Егзархијата, со трговскиот агент А. Шопов, познат противник на револуционерното дело, како и со другите надворешни фактори, во прво време ни се налагаше во интерес на делото да бидеме малку претпазливи, така што во случај на нивна активност во револуционерен дух, би можеле да ги преземат највисоките места во

конспирацијата. Имено, во таа смисла им беше упатена декларација дека вратата на Организацијата е отворена за нив секогаш кога би го посакале тоа. Независно од сите тие причини, тие основаа Револуционерно братство чие управно тело се состоеше од: Ив. Гарванов, Хр. Тенчев, А. Наумов, Н. Калушев, Јосиф Кондов и Д. Мирчев. Душата на тоа братство беше Ив. Гарванов, силна и смела личност, но при афект со лесно избувлива природа, со благородна амбиција и индуктивно рефлексен ум. Оттогаш натаму тие веќе се втурнаа да формираат револуционерни гнезда во земјата: А. Наумов, директор на Педагошката гимназија во Сер, ги обиколуваше селата за ревизија на училиштата и ги подбуцнуваше селаните против Организацијата; Н. Калушев, секретар во Трговското агенство во Солун, понекогаш по налог за собирање материјали за положбата во земјата, пропагираше против Организацијата. Така, на пр., во село Туше, Гевгелиско, прашувајќи ги наивните луѓе за работата на револуционерното дело, дознал дека имало таму веќе складирано 250 кримки на ЦК и им кажал дека тие пушки се испратени за нивното село. Поради тоа негово потпалување настанала престрелка помеѓу селаните од соседните села зашто секое село претендираше пушките да бидат негови. А. Шопов, бугарскиот трговски агент во Солун, создаде една непријатна атмосфера пред бугарските влади и општественици против ЦК, со тоа што даваше тенденциозни објаснувања за секоја негова [на ЦК, В.Х.] пројава. Тој, на еден многу нечесен начин го преувеличи вовлекувањето на едно од Весовите деца во Велес од учителот Парнаров за откуп, за да го компромитира револуционерното дело во Бугарија, кога всушност тоа вовлекување не беше извршено по лична иницијатива на споменатиот учител, а такви случки беа многу вообичаени среде егзалтираните солунски атентатори: Богданов и Киров беа им раскажале на своите родители дека биле киднапирани од бугарските комити и татко му на Киров продал некаков си имот во Курубаглар во Софија за да го откупи синот за 250 лири. Подоцна, Киров ги украл синџирите и прстените од тетка му за целите на гемиџиите. Во исто време, пак, емисари од Револуционерното братство беа ја поплавиле Бугарија за да фрлаат инсинуации против ЦК и Јосиф Ковачев, член на ВК, беше веќе влегол во кореспонденција со Револуционерното братство. Така се именуваа атентаторите од Солунската афера, а таа состојба беше искористена од егзархистите како морална поддршка од ВК. И токму во екот на таа заемна борба, на 3 јули 1898 г. се изврши убиството на учителот Христо Ганев од Плевен од бугарскиот ренегат Пејчиновски и ранувањето на Ив. Гарванов. По тој повод луѓето на ЦК зедоа најживо учество во тоа тажно дело, организирано од српската пропаганда и ние веднаш решивме да преземеме мерки за наоѓање на убиецот кој го одзеде животот на учителот. Казната му се сметаше не само како акт на правосудие, но и како потсетување за српската пропаганда дека главите на нејзините луѓе ќе се тркалаат при најмал повод од нејзина страна. По општо согласување, се зеде решение да се егзекутира по секоја цена убиецот колку што е можно поскоро. Убиството беше извршено во август од терорист на Организацијата. Но, непријателството помеѓу Револуционерното братство

и ВМРО се зголемуваше. Најавторитетните лица на Егзархијата: В. К'нчев, А. Наумов, Хр. Тенчев и др. продолжуваа да го деморализираат населението со терање да не даваат пари за оружје бидејќи Бугарија ќе им го дадела тоа што е потребно. Парите, кои се собираа од народот, велеа тие, оделе во џебовите на таканаречените револуционери, кои се луѓе од кол и јаже. Поради таа нивна безумна деморализирачка акција, Организацијата беше приморана да се самозаштити. Се гледаше да се избегнуваат крајности бидејќи резултатот не можеше да биде поволен за делото, колку и да има оправдување за каузата.

Во однос на дејноста на А. Наумов, често се изнесуваа лоши информации во ЦК. Тоа негово држење не нè чудеше зашто тој, отстранет на еден брутален начин од должноста директор на гимназиите во Солун по ученичкиот бунт, беше се самозаборавил во дејноста против револуционерното дело.

И покрај предупредувањата од серското раководно тело, тој не реагирал на тоа и најпосле последното за што беше решено во април 1900 г. беше посегнување по А. Наумов, но место тој, беше убиена неговата сопруга. Тоа беше припишано на ЦК, во кое тогаш влегуваа како членови П. Тошев и Хр. Матов. Немаше потреба да се крие дека ако тоа убиство било извршено по заповед на ЦК зашто неговите дела од тој вид биле секогаш објавувани, употребувани пред бугарското општество како поука, [...]. Револуционерното братство по таа случка, особено Ив. Гарванов, се закани дека ќе посегне по членовите на ЦК, но на таа негова закана ЦК одговори ладнокрвно чекајќи го одговорот од спротивната страна. Братството се сепна веднаш од последиците на братоубиствата. Благоразумието преовлада над страстите. Излезот од положбата во која беше попаднало Револуционерното братство се побара во консултација со бугарското општество во Бугарија: како општеството и владата би гледале, а исто така и Егзархијата, на тоа евентуално заемно истребување. Таа мисија му беше доверена на Ив. Гарванов, кој во периодот на летниот распуст во 1900 г. изврши таква одисеја сондирајќи министри, шефови на партии, Врховниот комитет и најпосле и самата Егзархија. Јасно беше дека ниеден умен човек немаше да му каже „Испоубивајте се!", а најкарактеристичен бил одговорот на Егзархијата на неговото прашање: „Ваше блаженство, каков бил и ќе биде Вашиот план по работите во Македонија?" Тој одговор бил: „Да имаме повеќе владици, да нафрлиме повеќе интелигенција во земјата, та таа самата да го решава прашањето."

Групата на Револуционерното братство додека беше на гледиштето за еволуција, имаше неоспорно некаков резон во својата борба. Таа ги вложи сите напори да го спречи историскиот процес на револуцијата. Нејзината борба на почетокот беше идеен акт на разбирање и не ни се гледаше воопшто чудна иако борбата водена врз таа база не содржеше елементи на лојалност и култура. Но, откако Револуционерното братство ја прифати револуционерната идеја, свесно или принудно претходно оспорувана од неговите соборци со ретка упорност и доследност, не можеше тоа да не создаде лажно и непатриотско чувство, во случај на

понатамошно продолжување на борбата против Револуционерната организација, а исто така не можеше повеќе да се смета и на поддршката од Егзархијата и општествените кругови во Бугарија како дотогаш кога борбата на братството се водеше свесно и имаше еволутивна форма. Кошмарот од проливање братска крв почна да ја угнетува душата на сите општествени слоеви бидејќи недостасуваше логично и практично оправдување за таква неразумна авантура, состојба, која Ив. Гарванов ја истакна пред другарите по сондажите во Бугарија. Враќањето кон предреволуционерната состојба во Македонија се сметаше од сите просветени луѓе како бесмислено откако револуционерната идеја беше станала крв и месо во широките народни маси. Патриотското чувство и здравиот разум го диктираа обединувањето на силите за успешно изнесување на националната кауза. Впрочем, нивното зближување се налагаше и по силата на настаните; неговото остварување се совпаѓаше со целите и задачите на ЦК, кој не беше престанал да дејствува за примање на противниците во редовите на Организацијата. Ив. Гарванов би бил одамна во ЦК ако тој не беше со толкава амбиција и не беше толку врзан со партијата на егзархистите. Мостот за тоа зближување беше поставен во октомври 1900 г. од ВК преку пратеникот поручник Камбуров, со чие посредство Револуционерното братство мина во Организацијата со заклетва, според воспоставениот ред. Јосиф Кондов, банкар, беше примен во ЦК, а Ив. Гарванов во Окружниот комитет, во кој влегуваа свештеникот поп Стамат Танчев, Атанас Ангелов од Кукуш и Хр. Матов (последниот како делегат на ЦК). Таа комбинација, при која се изврши капитулацијата на Револуционерното братство, според егзархистите, мислевме дека ќе ги зачува наполно престижот и авторитетот на ЦК пред народот, како и дисциплината во Организацијата.

Тие причини го натераа ЦК да не брза уште на почетокот со допуштање првостепени сили од Револуционерното братство, кои се држеа најочајно и бескрупулозно во борбата против револуционерното дело. Праведноста на тој наш став не можеше да не го признае амбициозниот, но загреан и орен за работа Ив. Гарванов, кој прв се потчини, макар со скршено срце и ретко цврста волја, на заповед на Организацијата. Силата и величината на интелектуалниот човек со волја се познава, општо, по готовноста да ги жртвува личните чувства и интереси за доброто на својот народ и татковината, каква што волја покажа дотогаш познатиот противник Ив. Гарванов при помирувањето со Револуционерната организација. Но, туку што се беше постигнало зближување со егзархистите, на почетокот на 1901 г. се развија тажни настани во Солун и околината, под чиј удар попаднаа во затвор раководителите на ЦК: Пере Тошев, Хр. Матов, Ив. Хаџиниколов и д-р Хр. Татарчев, како и членовите на Солунскиот окружен комитет: свештеникот поп Стамат Танчев и Ангел Атанасов, а само новопристапениот член Ив. Гарванов остана незасегнат. Функциите на ЦК требаше веќе да ги преземе Ив. Гарванов, како член на Окружниот комитет, до заедничкото договарање со внатрешноста, односно со окружните комитети и Задграничното претставништво. Тој, како член на

Револуционерното братство, водеше политика ту со генерал Цончев, ту со Б. Сарафов и им го ветуваше и на едниот и на другиот раководството на востанието, кое тие од своја страна го поддржуваа за акција, со цел да бидат допуштени тој и другарите во ЦК. Меѓутоа, Гарванов се убеди најпосле дека не може секоја теорија да се примени во пракса, макар теоријата и праксата да врват блиску. Откако тој го прими раководството на ЦК, не можеше веќе да се држи цврсто за ставот на бившите противници, а да не внимава на суверенитетот на ВМРО од посегнувањата на Врховниот комитет на Цончев, за што би бил обвинет за ренегатство (отстапништво). Кога тој го прими раководството на ЦК, беа настапиле тешки настани во целата земја поради безбројните афери и честите судрувања на четите со турските војски.

Меѓутоа, Гарванов не можеше да ја зачува потребната ладнокрвност и остави да биде вовлечен во немирните бранови на настаните потресувајќи ја Организацијата од основа. Ужаснат од стихијните удари во земјата, тој со експанзивно-сентименталната душа побара разврска на тие настани во востанието – во обидот со ова судбоносно средство да го вовлече народот, без да побара други патишта за надминување.

Неколку дена пред неговото посегнување по живот тој беше во домот на авторот и кога се отвори темата за востанието, тој колку што беше восхитен од борбените квалитети на Македонецот Бугарин и неговата беспримерна саможртва – единствена можеби во историјата на поробените народи, толку беше и разочаран од бугарската влада за нејзината пасивност за време на востанието, барем да интервенираше во одвраќање на турските жестокости над жени, старци и деца. Често, тој се присетуваше на оној идеализам со кој се одушевуваме и работевме во Македонија и дојдовме до заклучок дека е неблагодарно да се дејствува во Бугарија при владеење на хаос во сфаќањата и тенденциите на државниците и луѓето во Бугарија. Тој падна мртов за Македонија, за која чувствуваше пожртвувана љубов како кон неа, така и кон нејзините бугарски чеда.

VII

Политиката на ВМРО спрема ВК – генерал Николаев

Информациите на Д. Груев по востанието во 1895 г. * Неговите средби со А. Љапчев и Туфекчиев * Д. Груев во Брисел за проучување на експлозивните средства * Неговата посета на Софија и средбата со генерал Николаев * Офицерот Луков во Солун и Битола * Предлогот на ВК на ЦК и прекинување на преговорите * Полковник Јанков во Солун и Битола * Поканата на ЦМК од ВК за приемот на 3000 пушки * Ѓ. Петров во Софија * П. Тошев во Цариград за истото прашање * Мистеријата со пушките * Недоразбирањето помеѓу двете организации *

Внатрешната македонска револуционерна организација беше исклучително месна творба и немаше никаква врска со Надворешната македонска организација во Бугарија.

Таа врска се воспостави дури летото 1895 г., кога почнаа да минуваат чети од Бугарија во пограничните места со Македонија. Таа околност го принуди ЦМК да го испрати Д. Груев во Бугарија за да се информира за целите на тоа движење и истовремено да му соопшти на Македонскиот комитет – Китанчев, за постоењето на ВМРО, за нејзините задачи, цели, како и да побара материјална помош – револуционерна литература и револвери. Тој не можеше да премолчи, а да не ја истакне неблагонавременоста на востанието во разговорот воден по тоа прашање главно со А. Љапчев и Н. Туфекчиев, како членови на комитетот бидејќи Китанчев бил болен и не можел да се појави. Од таа средба, тој извлече заклучок дека резултатот на востанието не би можел да биде друг освен негативен, и се врати сосема разочаран преку Пловдив и Дедеагач во Солун. А пред тоа, од комитетот беше испратен Никола Наумов во Солун со предлог за покана на ЦМК да земе учество во движењето бидејќи се претпоставувало дека некој од нас би можел да се појави тоа време во Софија. Н. Наумов патуваше преку Виена, Трст, Пиреја и Солун и мислеше да се сретне со мене. Тој и неговите пријатели знаеја за мојот престој во Виена во тоа време. Н. Наумов ми ја соопшти веднаш својата мисија и побара од мене одговор по таа мисија, меѓутоа тој одговор не можеше да биде поинаков освен негативен. Револуционерната организација не беше уште застанала здраво на нозе и една авантура од таков вид би била совршено безумна и опасна за делото. Но, поради ова негово настојување, најпосле го испративме студентот на Виенскиот универзитет, Георги Палашев, во Солун, да го предаде тоа барање од Комитетот – Китанчев, за да се запознаат членовите на ЦМК, познати на Палашев, дека и тој бил поканет навремено да влезе во Организацијата, но дека тој откажал. По малата одисеја по Средоземно Море, Н. Наумов пристигнал во Солун и ја соопштил својата мисија на нашите другари. Но, и покрај неговото настојување, му беше одговорено дека една таква акција на ВМРО, кога таа се наоѓа сè уште во пелени, не би постигнала никаква цел и тоа би излегло само како еден блеф. Меѓутоа, и покрај тоа, од

конспирацијата би можело да се направи соработка во смисла на покривање на луѓето, создавање услови за нивно полесно враќање во Бугарија. И во тој дух се пишуваше и се испратија курири, ако тоа беше возможно, по оние места што беа во центарот на збиднувањата (1895 г.). Несомнено, од наша страна се гледаше симпатично на тоа движење, но како факт на општо чувство и сознание помеѓу емиграцијата и слободниот бугарски народ дека се работи во духот на Левски за слободата на угнетениот дел од нашето племе, а не како акт кој може да ја измени специфичната положба на робот, со оглед на тоа што во тој момент не изгледаше дека постојат неопходните претпоставки за една завршена мисла и цел. Од таа причина, ние се задоволивме само да го следиме одблизу тоа збиднување и да го искористиме неговиот политички ефект за пропаганда на револуционерното дело, особено пред песимистичката трговска класа. Последната веќе се убеди дека нашата родина не ќе може да ја избегне судбината на сите други држави за добивање на слободата, со оган, меч и разурнување. Заедничките интереси и долгот кон татковината ја одврати од виткање 'рбет пред немилосрдната судбина на сите нас подеднакво за да соработува за полесен и среќен расплет на македонската драма. Исто така, пред нејзините очи, борбата се јави и како насушна потреба за успехот за кој се налагаше единство на народните сили и заедничките напори – сфаќање кое проникна во сите слоеви на нашиот народ. Меѓутоа, за да биде борбата доволно ефикасна во случајот, нужно беше да се располага со модерни боеви материјали. Таа мисла нè заинтригира најмногу по фамозната афера со бомбите во Битола, откриени од колциите за време на есента 1895 г. кај штипјанецот кирацијата Доне, кога ги пренел скриени во ориз. Нивното волшебно дејство го зголеми нашиот поглед кон моќноста и ефикасноста и си рековме по секоја цена да дојдеме до тајната на експлозивните средства. На почетокот на јули 1896 г., по решение на ЦМК замина Д. Груев за Брисел за да го изучи тој занает. На враќање, тој намина во Софија за да стапи во врска со тукушто избраниот комитет на чело со генерал Николаев. Без да води сметка за општествениот статус на генералот, Груев се обратил кон него како кон другар по идеи: „Е, генерале, како врви Вашиот врховизам?", на кое генералот возвратил со повишен тон, дека ВМРО ќе треба да биде орган полузависен од Врховниот комитет итн. Нивната разделба била генерално многу ладна, без никаков резултат, поради што Груев ценел за потребно да се сретне и со членовите на ВК кои се беа отцепиле од него, Н. Туфекчиев и браќата Иванови.

Ние, кои гледаме со огнено одушевување кон заинтересираноста на емиграцијата и бугарското општество за судбината на поробениот дел од нашата нација, го ислушавме со тага рапортот на Груев по држењето на ВК, како и по настанатиот расцеп во него и го дадовме на благовремена проценка, како во однос на луѓето кои стојат на чело на ВМРО, така исто и во однос на моќта и карактерот на Организацијата. Заедничка идеја, рековме, ќе ги расчисти патот на разбирањето и заемната соработка. По востанието во 1895 г., во Солун дојде офицерот Луков, учесник во

движењето во Одринско. Тој се сретна со Д. Груев и други, а исто така ме посети и мене дома. Неговата цел беше да се информира за состојбата на Организацијата и за нејзините потреби. Од Солун замина за Битола, каде што се виде со Пере Тошев. Тоа беше, впрочем, за нас еден јасен доказ за односот на Надворешната организација кон нашето дело, а тоа дека една и иста идејна цел ги врзуваше и двете организации, само што Надворешната организација се развиваше и дејствуваше слободно во кругот на владејачките закони во државата, со сопствен печат, митинзи и др., а, од друга страна, ВМРО се наоѓаше во исклучително тешки услови за работа, и тоа само врз конспиративни начела. При таа средба, меѓутоа, не стана збор за односите помеѓу двете организации и нашиот впечаток од неа беше дека нас нè движат еднакви чувства и мисли, исти како и луѓето од Надворешната организација. Тие кои отидоа да ја пролеат својата крв за каузата на робот, си рековме, не можеа да не мислат и да дејствуваат како нас и во тоа не се сомневавме ни најмалку. Нашиот идеализам и верата во тоа ни ги исполни душите со надежи, дека делото започнато од нас со ентузијазам и увереност наишло на позитивен прием кај браќата од кај Рила и дека тоа дело ќе биде изведено со заеднички напори кон победа. Сфаќањата, меѓутоа, на ВК не се совпаднаа со горекажаните; иако тоа произлегуваше од сите претпоставки при оценката за создадената состојба во Македонија, немаше волја и желба да се сфати смислата и значењето на развиеното револуционерно дело во неа бидејќи живееше со старите предубедувања дека не силата на ВМРО, туку онаа на Бугарската армија ќе им ја донесе слободата на Македонија и Одринско и така го игнорираше секој надворешен фактор за извојување на слободата. Од таа причина, ВК ценеше за излишно да се занимава со реална подготвителна организациска работа и наоѓаше за доволно една вербална политичка пропаганда за целта. Една моќна организација внатре за неа беше непотребна и поради тоа и оттаму произлегуваше незаинтересираноста да ѝ се притекне на ВМРО со каква и да е материјална помош. Целата нејзина историска дејност се исцрпи во она фамозно писмо од 1896 г. до ЦМК, во кое покрај приложениот устав на комитетот, се предлагаат следните услови: „Врховниот комитет да се смета за глава и повисок водител на ослободителното дело и да има право на општи директиви за дејноста во Македонија." Тие услови претставуваа очигледно нарушување на суштината на револуционерното дело, со што се суспендираше неговиот суверенитет во внатрешните работи. Со тоа се уриваа принципиелните фундаменти на револуционерното дело. Ние останавме во целосно недоумие зашто знаевме дека во ВК на чело со генерал Николаев влегуваат и забележителни луѓе на емиграцијата, како Јосиф Ковачев, Д. Ризов, А. Љапчев и др., кои не сакаа да разберат дека тие, со тој догматизам, не само што му создаваат тешкотии на револуционерното дело, туку им остават и лоши преседани на наредните комитети. Плод на тоа дилетантско доктринерство беше подоцнежната македонска вартоломејска трагедија, која се одигра помеѓу двете организации во пограничните места со Бугарија. Како и да е, ЦМК не отиде во преговорите со ВК до конечен расцеп и беше останал со убедување дека

ВК, кој гледајќи, во почетокот на револуционерно дело, лица, како Г. Делчев, Д. Груев и др., според него, со недоволна импозантна надворешност и се сомневал, можеби, во нашата способност да подготвиме некоја сериозна конспирација, се надеваше дека подоцна ќе го коригира своето поведение при постоењето на фактите. Преговорите беа молчешкум прекинати од наша страна, кога полковник Јанков дојде во Солун со мисија од ВК по прашањето за разбирање со ЦМК. Тој се виде со Д. Груев и со мене, кај мене дома. Тој беше извонредно слаткоречив и богат во ветувањата дека штом се разбереме со ВК, ќе ни се дадат пари и оружје. ЦМК и ВК требаше да образуваат единствено тело, меѓутоа, без да го спомене барањето на ВК – да биде центар во раководењето на делото надвор и внатре.

Од Солун, пол. Јанков замина за Битола за да се сретне со нашите другари од тој реон. Генерално, ЦМК се држеше цврсто за автономниот принцип на раководење на ослободителната кауза и тоа во границите на внатрешноста. При сето тоа, тој не губеше надеж за разбирање помеѓу ЦМК и ВК и мислеше секогаш дека кога се работи заедно, принципиелната разлика ќе се неутрализира под притисокот на реалноста. Животот е тој што ги кова формулите за односите помеѓу луѓето. Затоа, имено, од наша страна се погледна со ладнокрвност на претензиите пројавени од ВК и решивме да не ги прекинуваме конечно преговорите со него бидејќи ценевме дека ќе биде опасно да го предизвикаме во борба против ВМРО. И покрај воздржаната умереност и толеранција од ЦМК, сепак не можеше да се постигне другарско разбирање со членовите на ВК. Тука се судрија два спротивставени менталитети и два различни погледи. Луѓето на Надворешната организација се сметаа себеси за авторитетни да ја насочат ослободителната кауза и дури ВК сакаше да биде центар за раководење на делото. Луѓето на ВК не можеа да се издигнат над себеси во проценката на реалноста и станаа жртви на една идеологија која немаше ништо заедничко со потребите на времето и животот. Убедени фанатично во исправноста на својата догматска формула дека емиграцијата во Бугарија треба да го раководи ослободителното движење, тие не сакаа ни да ја чујат аргументацијата на раководителите на ВМРО, кои беа близу до реалноста дека една таква политика би ги изменила карактерот и суштината на борбата и би имала наспроти себе маса неповолни фактори, не од соседните држави на Македонија, туку имено – некои од Големите сили, заинтересирани во случајот. Игнорирајќи ја таа вистина, тие како елита на бугарското општество и емиграција не можеа, впрочем, не само да ја одиграат големата историска улога, туку го поместија развојот на делото од неговиот природен пат – со фатални последици за ослободителната кауза. Покрај сето тоа, ВК побара човек од ЦМК за воспоставување канал за примање 3000 пушки, кои веќе биле натоварени од Англија на пароброд и биле на пат по Средоземно Море. Ние го испративме Ѓорче Петров во Софија – тоа беше кон крајот на летото 1896 г., за да се договори со ВК по тоа прашање. Од друга страна, пак, Васил К'нчев му беше соопштил за тоа, доверливо, на Пере Тошев, кој замина

веднаш за Цариград, а ние се ангажиравме да направиме скривалиште близу до солунското пристаниште за да ги растовариме пушките со помош на селани од околните села, под надзор на Д. Груев и свештеникот поп Стамат. Мислата дека илјадници пушки ќе паднат во наши раце нè опои до самозаборав. Не можеше тука да има никаква мистерија бидејќи таа понуда доаѓаше од два доверливи извори и ние си го објаснувавме тоа со фактот дека англиската дипломатија, која претрпе пораз во однос на ерменското движење, бара начин да го обнови својот престиж на Ориентот. Егзалтирани од мислата за оружје, ѝ дадовме шанса на нашата доверба без да бараме да ни бидат посочени било какви документи ниту од ВК, ниту од В. К'нчев, но целата таа работа, за несреќа, излезе блеф – ниту очекуваниот пароброд се појави на определеното место, ниту пушките ги добивме. Тенденцијата на таа мистерија остана за нас енигматична, но Ѓорче Петров го констатирал од средбите со Д. Ризов и Тома Карајовов следниот факт: ВК, за да си го подигне авторитетот во Софија и пред владата, ја лансирал верзијата, дека ВМРО ќе преземе вооружени акции кога тој ќе најде за потребно, за да може на тој начин да ја игнорира бугарската влада и истовремено да ја плаши и европската дипломатија. Таа желба на ВК содржеше несомнено многу неизвесности, дури и опасности за ослободителното движење и ЦМК не можеше да не се огорчи од таа негова претензија, жртва, која се бараше од нас за чисто шпекулативни цели и која не почиваше ниту на логика, ниту пак на некакви реални потреби и затоа ние не се согласивме дури ни да се говори по тоа прашање. Во однос на моралната поддршка, ЦМК не би ја откажал никогаш зашто тоа му се диктираше од интересот – да има еден моќен ВК, кој ќе биде во состојба да ни потпомага искрено во морален и материјален однос.

VIII

Мешањето на Задграничното претставништво во конституирањето на ВК со офицери

Офицерските братства во гарнизоните * Генерал Цончев во Солун и неговите средби со лицата од ЦМК * Агитацијата на Ѓ. Петров за формирање ВК со офицери * Обидот на ВК - Сарафов за преземање на ВМРО во свои раце * Раскол помеѓу Комитетот и Задграничното претставништво * Убиството на Михајљану * Апсењето на Б. Сарафов, Сл. Ковачев и Ѓ. Петров * Избирањето на ВК на чело со генерал Цончев * Напорите на Задграничното претставништво да го одврати востанието *

Врховниот комитет беше, генерално, парализиран, од една страна, поради својата внатрешна партиска политика, а од друга, тој беше очаен од бездејствителноста на дел од емиграцијата и бугарското општество, особено на офицерите, кои учествувале во движењето во 1895 г. Младите активни офицери, незадоволни од таа негова неактивност, настапија во опозиција против него и се организираа помеѓу себе, за да ѝ дадат живот на замрената Надворешна организација. Тогаш, кај нашите другари Г. Делчев и Ѓ. Петров се јави идејата да се вмешаат во Надворешната

организација, за да ја преорганизираат заеднички со офицери со револуционерен дух, така што на тој начин, откако ВК ќе се издигне морално и материјално до импресивна моќ пред општеството, тогаш би се нашле доволно средства за задоволување на нараснатите потреби на ВМРО. Таа идеја кај нив се засили уште повеќе кога средствата што ги добивале од внатрешноста не биле доволни ниту за издржување на работниците, ниту за градењето на фабриката за бомби во Сабљар и решиле во 1897 г. да организираат заедно со офицерите - учесници од востанието од 1895 г. – тајни офицерски братства во гарнизоните, на чело на кои беше застанат генерал Цончев. Следната година во Солун дојде и генерал Цончев за да се запознае со луѓето од ЦМК и да се увери на самото место за постоењето на Организацијата. Тој, како и повеќето луѓе од страна, се упатуваше често во книжарницата на Ив. Хаџиниколов, каде што се случи и средбата помеѓу генерал Цончев и Груев, и по завршениот разговор генералот се сретна и со мене дома. Тој истакна пред мене дека доаѓа од името на офицерските братства за да влезе во директна врска со дејците на Револуционерната организација со задача да ја потенцира пред нејзините раководители нивната готовност за морална и материјална поддршка. Тоа негово доаѓање во Солун ја олесни во голем степен меѓусебната соработка помеѓу Задграничното претставништво и офицерските братства, која се изгради под следните услови: „ЦМК да раководи и да биде на чело на дејствијата, при што се сметаат сите боеви сили, кои би биле испратени во внатрешноста на помош на Организацијата, а во замена за тоа Надворешната организација да се смета како мандатор на сите политички иницијативи, кои би ги предрешил ЦМК". Врз основа на тој договор, Ѓорче Петров излегол да агитира пред бугарското општество за да бидат избрани офицери во Врховниот комитет. Таа морална поткрепа дојде во еден момент, кога авторитетот на ВМРО беше доста издигнат пред бугарското општество со убиството на Пејчиновски, убиец на бугарскиот учител по хемија во Солунската машка гимназија, Христо Ганов. Моќта на афектите при најнезначителни појави некогаш е доволна да ги измени најзакоравените концепции во човекот, како и во народот, во спротивна насока од претходната. Таков беше случајот и со бугарскиот народ, кој премина под влијание на тој минимален афект, од еволуционизам во револуционизам. ВК на чело со офицери, и покрај тој формален другарски договор, не задоцни да ја појави истата тенденција како и онаа на претходниот комитет со нејзиниот буржоаски политички состав - да го преземе ЦМК, како и целата ВМРО во свои раце. Тоа решение било донесено на специјално заседание на кое присуствувале генерал Цончев, полк. Николов, полк. Јанков и др. и тоа откако веќе беше реализиран меѓусебниот договор, т.е. Цончев да го преземе претседателското место. Оттука, имено, почна расколот помеѓу двете организации. Дијалектиката, тактот и дипломатијата на Ѓорче Петров, на кои ЦК полагаше многу надежи, не можеа да ги изменат офицерската психа и менталитет – како раководството на таков сложен механизам, каков што претставуваше ВМРО, може да се диригира од даскалчиња. Краткотрајната заедничка

работа не можеше да ја омекне таа нивна концепција, напротив, таа создаде поголем јаз во меѓусебните разбирања и односи. Никаква аргументација на Ѓ. Петров не беше веќе во состојба да ги помести од идејата за преземање на Организацијата со испраќање голем број офицери во околиите и во ЦМК – идеја колку лесна теоретски, толку тешка практично – ако се имаат предвид посебните услови во земјата. Несомнено, предвременото вметнување на таков запаллив елемент во внатрешноста би имало фатални последици кога револуционерната подготовка не е уште завршена и предвреме би го иницирало прашањето за востание, без да се согледа вистинскиот момент. Меѓутоа, никогаш не било откажано да се влегува поединечно во внатрешноста, како што тоа стана, на пр., со поручник Георги Папанчев, Тома Давидов и др. Во тоа време на препирки и спорови, за жал, се напластија редица непожелни инциденти од ВК поради нивната тенденција да ги привлечат работниците од внатрешноста со парична издршка за да ги завладеат пограничните пунктови на ВМРО, состојба која го засилуваше уште повеќе антагонизмот помеѓу двете организации. Постапката, пак, на ВК преку Бозуков, кој замина со Г. Делчев кон крајот на 1899 г. кон внатрешноста, со цел да агитира пред населението во полза на ВК, беше флагрантно уривање на другарството и идејноста. И тогаш Делчев дефинитивно се разочарал од лојалноста на другарите-офицери и не сакал да се појавува повеќе во ВК иако подоцна отстапил од таа одлука правејќи го тоа по долги убедувања од Ѓ. Петров за да не дојде до вистински расцеп. Затегнатоста помеѓу двете организации продолжуваше и потоа, час незабележително, час отворено, во врска со востанието, времето, начинот и неговото раководење. Ставот на офицерите од ВК не се разликуваше од тој на претходниот буржоаски ВК. Нивната недоверба во народната подготвеност за саможртва и способноста на робот-селанец за востание ги лишуваше од критички поглед на суштината и целите на востанието. Последното за нив беше важно како идеја-востание и тоа ќе се решеше според нивниот критериум – со уфрлување големи вооружени сили однадвор. Секоја контрааргументација од нив се сметаше како доктринерство за прикривање на личните амбиции, како што му припишуваа на Делчев дека тој сакал да биде главниот што командува и во џагорот на тие дискусии ги насочуваа сите стрели кон Делчев, кој во нивните очи беше врел опонент на нивните замисли, што доведе дури до конфликт. По таа случка, Ѓ. Петров го сметал за излишно понатамошното учество во ВК и се повлекол во Трново, а тоа време, пак, се случи атентатот на Михајљану, романски журналист. Бугарското општество во името на идеалот, дотогаш ги толерираше сите нелегални појави на ВК во земјата, но тоа беше ужаснато од убиството извршено во друга држава и почна да гледа непријателски кон лицата на ВК. Тоа не можеше, неоспорно, да не ја засегне положбата на Задграничното претставништво на ВМРО, кое беше вистинскиот виновник за поставувањето на офицерите во ВК, како и за промената на општественото мнение во полза на револуцијата. Дезавуирано од лицата на ВК, бугарското општество сакаше веќе за ВК луѓе со голема скромност, умерен темперамент, авторитет и

широки погледи. Поради тоа, веќе не беше тешко да се изберат за ВК луѓе како генерал Цончев и Ст. Михајловски. Толку повеќе што Цончев и другите офицери беа поканети од ВК на чело со Б. Сарафов да ги заменат. Расколот, меѓутоа, помеѓу Цончев и Борис Сарафов стана подоцна, откако Цончев излегол од армијата и неговата кандидатура била санкционирана од офицерството. Задграничното претставништво не можеше да не го дочека избирањето на Цончев во ВК со голема загриженост бидејќи тој беше дојден главно со намера да дигне востание. Конгресот кој го избра Цончев, ѝ обезбеди всушност на ВМРО да управува и да раководи со револуционерното движење во Македонија и Одринско, што истовремено претставуваше долг на ВК да ѝ помага морално и материјално на ВМРО и да ги изнесува, како нејзин мандатор пред европската заедница, сите политички иницијативи кои би ги предложил ЦМК. Цончев, меѓутоа, немаше желба да го исполни тоа конгресно решение, што се гледаше јасно од неговото дејствување, како и од дејствувањето на неговите другари-офицери. Поради тоа, Задграничното претставништво го сметаше за свој долг да ја спречи таа негова намера истакнувајќи ги пред бугарското општество опасностите за националната кауза од неговото авантуристичко дејствување. На тој негов апел остана глуво поголемиот дел од бугарското општество; уште повеќе, тоа го поддржа уривањето од основа на, револуционерното дело приготвено со таква жар и љубов. Вмешувањето на Г. Делчев и Ѓ. Петров во внатрешните работи на ВК, кое се изврши под притисок на материјалните потреби, го помести ВМРО од ставот и разбирањата на нејзините раководни сили – да бидат далеку од партискиот живот на Бугарија и разните организации. Последиците од тоа избрзано мешање не можеа да не се одразат подоцна судбоносно врз постоењето на ВМРО бидејќи, како се беше тргнало по тој пат, неминовно наближуваше провалата на нејзината формална структура; така што нејзиниот основен принцип на независност и суверености стана веќе проблематичен и никаква дијалектика не можеше да го спаси. Двете организации по силата на склучување согласност, фактички, меѓусебно се прелеваа. Тој процес беше забрзан, несомнено, со мешањето на нашите другари во внатрешните работи на ВК, макар тоа да било и историска неизбежност, по што се врбуваа луѓе од касарните и се формираа стрелечки дружини, кои не можеа да земаат учество во борбите, откако работниците од внатрешноста навлегуваа во Бугарија и потпаѓаа под моралното и материјалното влијание на Надворешната организација. Но, тој процес не би се појавил во така опасна форма во животот на двете организации, ако се запазеше ставот на ЦМК – за немешање во работите на ВК. Заради тоа, ЦМК се мачеше секогаш да се брани од нецелесообразните претензии на ВК, без да прибегнат кон мерките и средствата со кои се служеше ВК против ЦМК зашто знаеше дека внатрешноста беше поранлива од ударите на ВК кога ЦМК во тој однос можеше да ги дискредитира неговите луѓе само пред бугарското општество или, пак, со агитацијата против него да предизвика една промена во системот, без да ги измени значително тенденциите на неговите следбеници со тоа. ЦМК водеше, исто така, сметка за

принципите на Организацијата, но, од друга страна, не ја испушташе од вид реалноста. Тој ги одбиваше најнапред намерите на ВК кои беа противречни на целите на револуционерното дело, меѓутоа, без да оди со контрамешање и предвидување на лошите последици и да прибегне кон крајности. Поради тоа, тој беше принуден да маневрира со умереност, такт и компромис, толку повеќе што нашиот народ ги имаше насочено уште од почетокот очите кон емиграцијата и бугарското општество за морална и материјална поткрепа. Тоа сфаќање, право или криво, ни беше заедничко на сите нас кои бевме пораснати и воспитани под влијание на некаква митологија, а под непосредната заедничка прагматична просветна и религиозна култура. Како резултат на тоа, немавме ниту материјално, ниту јуристичко право да го лишуваме со нашиот дрзок ексклузивизам од една рационална братска интервенција. Кога сме мислеле да побараме интервенција од Големите сили за примена на член 23 од Берлинскиот договор, ќе бевме осудени ако не претендиравме на материјалната помош од емиграцијата и бугарското општество и затоа ние знаевме дека треба да жртвуваме, во тој случај, дел од нашата апсолутна слобода на дејствување. Тука се потенцираше природно заедничкиот трагизам и од таа причина ЦМК ги вложуваше сите напори во концесиите кон Надворешната организација, со единствен услов само да не се наруши кардиналното прашање за востанието и тоа да биде зачувано во неговата света чистота и идејност како акт на ВМРО. Кошмарот од 1895 г. со експерименталните акции, побарани од ВК на генерал Николаев за поткрепување на неговиот авторитетот во Бугарија и надвор, нè ужаснуваше и не можевме да отстапиме во никој случај по прашањето на востанието. Последното создаваше за ВМРО ултранеопходност и прибегнувањето кон него требаше да биде мотивирано главно од внатрешните наталожени потреби, [како и] во зависност од надворешната меѓународна констелација. За сите други прашања секогаш се правеа задоволителни отстапки: ВК да ја води надворешната пропаганда, се допуштија поединечни офицери и подофицери кои можеа да достигнат хиерархиски до највисокото место на организацијата. ЦМК ценеше дека [е потребно] паралелно суштествување на двете организации со точно определени атрибути за да биде отстранета секаква фрикција помеѓу нив, [со цел] нивното правилно функционирање да врви несметано кон заедничката цел. Такво сфаќање за заедничко дејствување, секој во својата област, како што предлагал ЦМК, ќе беше од огромна полза за ослободителната кауза. Таа политика на ЦМК, за голема жал, не беше разбрана од ВК, кој ја искористи на најнелојален начин поддршката од Ѓорче Петров за конституирањето [на ВК] со офицери за да го исфрли прашањето за востанието од сферата на ВМРО. Идеологијата на востанието – тоа да биде запазено во неговата најидејна форма, за која држеше толку многу ЦМК, конечно пропадна уште кога офицерите туку-што влезени во ВК почнаа да се обидуваат да ставаат рака на Внатрешната организација и покрај тврдењата и уверувањата на Сарафов, дека Ѓ. Петров е комитетот, а ВК само фирмата. Цончев, пак, од своја страна беше го декларирал токму обратното уште при создавањето

на офицерските братства дека кога тој ќе влезе во ВК, ќе треба да прави востание. Заменувањето на Б. Сарафов со генерал Цончев во ВК го предодреди веќе прашањето за востание. Од тие причини, напорите кои ги употреби Задграничното претставништво за да го спречи востанието беа многу задоцнети, откако бугарското општество беше веќе ориентирано во насока на заедничка работа на двете организации. Бугарското општество го поддржа тоа повеќе врз база на своите интереси отколку врз принципиелна база. Општественото прифаќање на личноста на Цончев почиваше на неговиот авторитет и тоа отфрлаше секакво друго сфаќање. И токму во таа критична фаза на Организацијата, кога требаше да се опстојува успешно против избрзаните дејствија на ВК – Цончев, луѓето на ЦМК паднаа во затвор. Задграничното претставништво ја немаше веќе онаа сериозна и авторитетна поткрепа од новиот ЦМК во борбата против стремежите на ген. Цончев за востание. Последното веќе летна по наклонета површина кон разврската и покрај контраборбата на ВМРО.

IX

Политиката на ВМРО спрема бугарските влади

Предизвикување на мешањето на Големите сили и на Бугарија од ВМРО * Соработка помеѓу бугарските влади и ВМРО* Подарувањето на 4400 пушки кримки преку браќата Иванови * Гонењето на ВК на чело со генерал Николаев од министерот К. Стоилов; обидот да го преземе ВМРО во свои раце преку Д. Ризов * Конфликтот помеѓу Стоилов и ВМРО * Преговорите на Стоилов со српската влада за сфери на влијание во Македонија * Владата на Радославов и проблемот на ВК на чело со Б. Сарафов * Убиството на Михајљану * Новата влада на Данев - Каравелов * Апсењето на Б. Сарафов, Сл. Ковачев и Ѓ. Петров * Паѓањето на ЦМК во затвор *

Политиката на ВМРО се наоѓаше во целосна зависност од целите кои си ги беше поставила за решавање – проблемот за слободата на Македонија и Одринско. Тие цели ѝ ја определија акцијата, која требаше да предизвика мешање на Големите сили за создавање нормални правни и социјални услови во тие области во духот на чл. 23 од Берлинскиот конгрес. Примената на тој член, и покрај поминатите десетина години, стана проблематично поради антагонизмот на интересите и третманот на Турција од Големите сили. Турција го искористи многу умешно тој нивни антагонизам за да ја придуши секоја мисла и желба кај населението во тие области за каков и да е слободен политички живот, посебно кај бугарското население, кое таа го сметаше за најопасниот елемент за целоста на државата. ВМРО, како израз на едно население, очајна од индиферентноста на Големите сили кон неговата судбина, и покрај официјалните обврски од чл. 23 од една страна, а од друга - како протест против непрекинатото одржување хаотична состојба во тие области, ќе ја постигнеше целта ако се издигнеше во моќ која ќе има не само теоретско, туку и реално влијание во меѓународната политика. Тие мотиви, кои беа

легнати во основата на политиката на ЦМК кон Големите сили, исто важеа и за Бугарија, нејзиното вмешување, кое ЦМК го сметаше за важно не само како акт на моралност и хуманост, туку и како акт на крвна врска, заедничко историско минато, култура и интереси. Ако бугарскиот народ врз основа на некакво племенско сродство и религиозен просветителски придонес од своето минато во просветувањето на рускиот народ претендираше од последниот да ја пролее крвта за својата слобода, колку повеќе би имал право тој дел од бугарскиот народ, останат под турско ропство, да побара ефикасно вмешување од слободниот братски народ за своето ослободување. Кресненското и Разлошкото востание (1878 г.), а потоа востанието од 1895 г. беа една реалност, која ја зацврсти во македонскиот Бугарин верата во правичноста на таа негова претензија, а, пак, во тие факти ВМРО гледаше еднаквост на својата политика со онаа на Кнежество Бугарија. Востанијата беа, исто така, една санкција на методите и средствата на ВМРО кои таа ги избрала за извојување на слободата на Македонија и Одринско. Тие околности создаваа состојба на паралелност во стремежите и целите помеѓу политиките на бугарската влада и ВМРО, како и во средствата и во нивата методологија. Од паралелизмот, чие начело беше поставено и фактички санкционирано во востанието од 1895 г., не можеше да не спечали општата кауза ако тој [паралелизам] се согледаше во неговата идејна форма. ЦМК сфаќајќи ја големата одговорност пред племето и неговата иднина, го сметаше за директен долг, дури и за обврска поддржувањето, воопшто, блиски и лојални односи со бугарските влади и општество. Една искрена комбинирана соработка би помогнала да се избегнат грешки од која било страна и да се постигнат пореални резултати од заедничката акција. Во духот на таа идеологија, ЦМК се мачеше да биде во контакт со бугарските влади и постојните корпорации во Бугарија, чија дејност на тој начин би била пофлексибилна и полесно приспособена на постојаните варијации. На таа идеологија сметаше и населението во својата реакција против непрекинатото засилено економско-политичко угнетување на турските власти врз него, кога тоа прибегна кон револуционерна акција како неопходност за да го активира дипломатскиот механизам на Големите сили, кои го потпишаа чл. 23 од Берлинскиот договор. ВМРО немаше илузија дека исклучително со сопствени сили може да се избори за слободата од турската власт. Такви случаи воопшто биле ретки во историјата. Така, на пр., во најново време, Италија успеа да го достигне делумно својот идеал со помош на Франција; исто така Србија, Грција и Бугарија – преку интервенцијата главно на Русија. Имено, таа мисла беше навлезена во сфаќањата на авторите на Револуционерната организација и таа не беше следствено производ на моменталниот, непосреден увид, ниту пак на апстрактен формализам, туку резултат на прагматичен емпиризам, т.е. таа ги имаше предвид историјата на поробените народи и нивниот живот. Антагонизмот помеѓу Големите сили постоел отсекогаш, но тој отстапувал под притисокот на борбените народи, кога нивната борба била инспирирана од праведна и хумана кауза. Таа илузија нè потхрануваше нас, од една страна, а од друга – се мислело дека политичките услови биле

секогаш без прекин под ударот на животниот трансформизам и во кругот на таа директива требаше да дејствуваат Задграничните претставници на ВМРО: Г. Делчев и Ѓ. Петров. Партијството на управниците и политичките мажи, за жал, одамна ја разјадуваше народната душа во нејзината најинтимна човечност и тој јаз не го поштеди дури ниту ослободителното движење. Владата на Стоилов, кој го создаде движењето од 1895 г., посака да се послужи со претставниците на ВМРО за чисто партиски цели, против Врховниот комитет, кој се оттргна од негово влијание, на чие чело стоеја тогаш генерал Николаев, Јосиф Ковачев, А. Љапчев и др. Откако ги поттикна против него офицерите кои учествуваа во движењето, Н. Туфекчиев, браќата Иванови и др., владата направи обид да ги привлече луѓето на ВМРО кон себе послужувајќи се мајсторски со едно мошне деликатно средство – давање 4400 пушки кримки на Г. Делчев од воениот министер Иванов преку браќата Иванови. На тој начин крилата на ВК беа потсечени зашто [ВК] беше запоставен од активните офицерски сили. Така, ВК остана само како сенка без појава на живот. Тенденцијата на владата со подарокот на кримките беше деморализирачка и тоа се виде јасно од следната фраза на министерот Иванов, која му ја кажа на Ѓ. Петров: „Не сме будали да ви дадеме патрони. Така ја држиме иницијативата во свои раце, инаку ќе ни се оттргнете." Оружјето, макар и без патрони, даде еден голем импулс за развој на агитацијата во земјата. Народот гледаше кон тоа како револуционерното дело да ги има зад грбот бугарската влада и бугарската армија, а ЦМК уште од почетокот ја протолкува таа владина постапка како акт на заедничка дејност, диктирана од чисто национални интереси, но никогаш не дозволувајќи да се замеша во делото партиската тенденција. Ползата од тој подарок на кримките беше незначителна во споредба со штетата која ѝ се нанесе на Организацијата бидејќи тој акт ја потхрануваше [организацијата] со [лажни] надежи и на тој начин [постоеше опасност таа] да се отклони од нејзиниот првобитен принцип: „Народот да се потпира предимно на себеси и да гледа да го набави сам неопходното оружје, колку што е можно [повеќе] со свои средства." На местата каде што се најде одеднаш толку многу оружје, се создаде, помалку вредното за делото, сфаќање за бесплатно оружје, потхранувано исто така систематски и од Врховниот офицерски комитет, кој совршено го деморализира [делото], така што во тие места не можеше да се појави сериозна воена дејност во конкретниот историски момент. Стоилов, кој со својата политика успеа конечно да го парализира Врховниот комитет, се помачи да се справи со ВМРО на ист начин и мислеше дека ако не може да ја обезвредни наполно, барем да ја држи во свои раце. Виничката афера (1897 г.), за која тој носеше не мала морална и правна одговорност, му послужи како погоден повод. Фактот што откриените кримки во Скопскиот крај произлегуваа од бугарските воени складови, макар и продавани преку браќата Иванови, не можеше да не биде индикација за нелојалност на бугарската влада кон Турција и да не претставува загрозување на мирот на Балканот. Таа афера ја засили во него желбата да се ослободи од проблемите на едно дело кое би можело да му пречи

секогаш во партиско-политичкиот живот на земјата, а исто така и непрекинато да му создава тешкотии во меѓународната политика. Поради тоа, тој се помачи да стави рака врз Организацијата преку блиски лица на ЦМК, така што ако таа не може да биде наполно преземена, барем дејноста да ѝ се управува од негови луѓе во правец на директивите на бугарската влада. За таа цел беше избран Димитар Ризов и беше испратен како трговски агент во Скопје, а Никола Наумов беше назначен за негов секретар, а исто така и Тома Карајовов беше како таков испратен во Битола. Меѓутоа, ЦМК веќе имаше воспоставено своја политика: целосна независност во раководењето на револуционерното дело во Македонија и Одринско, така што лично пријателство или каква и да е врска околу тоа не би повлијаело врз луѓето на ЦМК во однос на нивната политика, ниту во однос на нивните сфаќања. Евангелието на Револуционерната организација за нив беше свето и неприкосновено. Д. Ризов беше минал низ сито и решето во општествените работи и се држеше секогаш џентлменски кон лицата на ВМРО. Штитејќи ја тезата на бугарската влада, тој, од друга страна, не ја игнорираше правичноста на ставот на ВМРО кон бугарските власти, така што неретко се застапувал во тој однос пред бугарската влада. Тој обид на г-дин Стоилов се осуети од непоколебливата опозиција на ЦМК и тогаш тој обмисли една посмела акција спрема ВМРО. Така, тој се послужи со еден егзалтиран младешки инцидент – одвлекувањето на едно од децата на Весов во град Велес од учителот Парнаров за откуп (1898 г.) и по тој повод фрлаше дрва и камења во едно окружно [писмо] по трговските агенства во Македонија, во кое раководителите на Револуционерната организација беа наречени „разбојници". Во тој дух, тој беше не малку поттикнуван од солунскиот трговски агент А. Шопов и од егзархиското течение. Но, уште поогорчено провокаторство против Организацијата беше свикувањето на бугарските трговци од г-дин Шопов за да им го прочита окружното [писмо] по наредба, како што се виде, од бугарската влада. Освен тоа, тој се беше заканил дека ќе ги уапси Г. Делчев и Ѓ. Петров, претставниците на ВМРО во Бугарија, кога истовремено се поведе и во Македонија борба од егзархиското течение, позаострено од истиот трговски агент г-дин Шопов. Тоа окружно [писмо] и заканата против претставниците на Организацијата ќе се сметаше не само како акт на бугарски министер, туку и личен акт на г-дин Стоилов, кого [Организацијата] ќе го држи за одговорен. Истовремено, со ова се издадоа наредби до револуционерните комитети веднаш да ги бојкотираат трговските агенства во Македонија ако добијат дополнителна наредба за тоа. Бојкотот, исто така, требаше да се изведе од граѓаните и општините кои беа во поголемиот дел во рацете на Организацијата; така што неговите трговски агенти да бидат совршено изолирани од месното население. Тој таканаречен ултиматум, насочен кон г-дин Стоилов, го даде саканиот ефект; тој побрза да го надмине конфликтот со Организацијата со посредништво на Д. Ризов. Летото 1898 г. последниот дојде во Солун за да им соопшти на лицата од ЦМК дека „бугарската влада нема ништо против ВМРО, но само против некои нетактични дејствија на Ѓ. Петров. Владата, која ви даде пушки, готова е

исто така да ве поткрепи материјално и да ви остави на располагање 20.000 лева и еве ви ја првата рата од 10.000 лева." Тој предлог ми беше пренесен мене, да ми се врачат 500 наполеона. Но, бидејќи беше решено да не влегуваме во преговори со бугарската влада, ниту да примаме каква и да е помош од неа, јас го ислушав Д. Ризов и одбив да ги примам парите, а тој кога се збогуваше, ги остави парите на машината за пишување велејќи намуртено: „Вие сега можете да ги фрлите во морето" и го напушти мојот дом. Организацијата, и покрај Виничката афера и очајната борба на егзархиското течение во земјата, се чувствуваше доста силна и за да заговори во таква ултимативна форма, поседуваше еден опширен извештај од Ѓ. Петров дека како последица на Виничката афера бугарската влада се почувствувала виновна. Таа нејзина (на владата, В.Х.) слабост била сфатена од српската влада, која преговарала со бугарската [влада] околу состојбата во Македонија, како алузија за сфери на влијание – факт кој Стоилов го потврдил пред Ѓ. Петров, дека станувало збор за тоа. Исто така, Рачо Петров, од друга страна, му имал соопштено дека се воделе преговори за поделба на земјата според сфери на влијание. Таа неразумна бугарска политика нè ги беше толку збунила со комбинациите за сметка на Македонија, што ни се налагаше по должност како Бугари, како и [имајќи го] предвид ставот на Организацијата за нејзината (на Македонија, В.Х.) целост, да реагираме со сета морална и материјална моќ против тоа посегнување по нашата родна земја. Тој факт нè убеди дека бугарските власти гледаат сосема лесно на националните прашања и немаат воопшто никаква јасна директива за нив и под влијание на тој тажен факт во нас се создаде извесен песимизам кон бугарските влади во однос на заштитата на нашите национални идеали и интереси. Ултиматумот на ЦМК до г-дин Стоилов го имаше предвид главно горниот факт и беше едно потсетување кон него, лично како министер, дека Македонија не е една колонија која треба да се третира со сфери на влијание и дека македонскиот народ нема да трпи никаква слична комбинација на делење на родната земја. ЦМК, по таа случка, требаше да го насочи уште повеќе своето влијание кон народот, да го воспита во духот и идеологијата на конспирацијата – да смета пред сè на себеси и да не се предава на чувства дочекувајќи ги со резигнација сите перипетии на борбата до постигнувањето на неговата слобода. Владата на Радославов, пак, се интересираше за ВК на чело со Б. Сарафов, ако тоа се совпаѓаше со целите на неговата партија и гледаше со симпатии на развојот на патриотското револуционерно движење во Бугарија. Тој, неоспорно, печалеше со тоа популарност сред широките маси. Последните го толкуваа тоа владино држење во смисла дека националното дело се наоѓа веќе во вистински раце и ќе му се даде поинтензивна национална насока, отколку за време на претходните влади. Меѓутоа, засилувањето на Врховниот комитет не претставуваше за него никаква опасност, како што и самиот Радославов го имаше потврдено тоа пред Мелхамето, дека „тој го држи комитетот во свои раце". Револуционерниот подем во Бугарија се дочека воопшто со ентузијазам од ВМРО бидејќи гледаше во него едно воопштување на револуционерната идеја во слободниот бугарски народ.

Таа (ВМРО, В.Х.) се заведуваше не само од материјалната помош која можеше да ја има, туку уште и од идејната страна, санкционирана од постоењето на револуционерното дело во Македонија и Одринско како огромен политички-дипломатски успех на ВМРО. Бугарските влади се ставаа на тој начин пред свршен чин и не можеа веќе да нѐ игнорираат во својата политика, како што во исто време им беше должност да ја следат државната политика, диригирана од реалноста. Тоа идејно движење за жал се дегенерира наскоро како последица на извршените репресалии врз граѓаните за извлекување парични средства од земјата од ВК – Б. Сарафов. Интелигенцијата и претходно сочувствителното бугарско општество беше се збуниле од тие дејствија на Врховниот комитет, кои беа недозволени во една слободна уставна држава каква што беше Бугарија.

Убиството на Михајљану, од друга страна, пак, уредник на в. [„Peninsula Balcanica"], летото 1900 г., го дискредитира ослободителното дело пред просветеното европско општество и дипломатски ја постави во мошне лоша положба Бугарија пред нејзините соседи, како и пред Големите сили. Тоа, имено, го повлече и паѓањето на кабинетот на Радославов и новата влада „Данев-Каравелов" беше принудена да стави крај на дејствијата на ВК, така што ги уапси првите негови луѓе – Б. Сарафов и Сл. Ковачев. Но, таа мерка го засегна и Ѓ. Петров, претставникот на ВМРО и тие случки се следеа со тажна душа од ЦМК зашто во нив беше замешан и неговиот претставник и авторитет. Крајот на таа драма не го дочека ЦМК бидејќи на почетокот на 1901 г. тој се најде комплетно во затвор.

X

Револуционерната организација и аферите

Првите револуционерни инциденти со турската власт * Виничката афера * Инквизицијата на Дервиш ефенди * Наредбите на ЦМК * Обидот на турската влада да си го врати авторитетот * Валандовската афера и четничките судрувања * Солунската афера * Апсењето на ЦМК и неговото заточение * Четништвото во Битолскиот вилает и аферите * Костурската афера * Делчевата инспекција и Битолско *

Уште на почетокот на револуционерната дејност започнаа да се редат инциденти помеѓу работниците на заверата и властите. Така, низ 1894 г. тукушто покрстениот Алексо Панчев се навре на полицијата кога го разнесувал хектографираниот солунски весник „Востаник" и по патот кон полициската станица успева да ги голтне весниците. Преку ноќта и по извесно време беше ослободен. Ефектот од тој инцидент во тој момент беше колку потресен за солунското бугарско општество, толку подоцна и охрабрувачки, за присуството на духот и снаодливоста на тој младич да го уништи фактичкиот документ за постоењето на заверата. Една година потоа, во месец април 1895 г. се случи откривањето на бомбите во Битола, скриени во ориз, најдени кај кирацијата Доне Стојанов од Штип, од агентите на тутунската режија. Тој се обиде да побегне пред да ги

растовари коњите, но беше веднаш фатен. Изненадувањето од тие, дотогаш непознати опасни „јаболка", беше поразително за власта и предизвика страв и трепет помеѓу муслиманското население, а нерасположение во бугарските средини поради [опасност] од предавство. Валијата Абдул Ќазим наредил бомбите на масата да се покажат на конзулите за да видат и тие што прават Бугарите. Доне бил измачуван на најзверски начин, но целото време одбивал да признае [велејќи] „дека не знаел ништо". По тој повод бил испитуван Гоце Делчев од штипскиот кајмакамин; тука Делчев ја изиграл мајсторски својата улога на првостепен артист од комичен театар: „Дина – Дина, ефендим... со никоја Дина не сум имал работа." Во врска со таа случка беа уапсени околу 40 граѓани од Прилеп на чело со бестрашниот револуционер – железарот Гавазов. Нивното испраќање во Битола било спроведено со необична граѓанска демократија, која ги потресе властите.

Во месец април 1897 г., пак, беше фатен курирот на Организацијата со весници од Скопје за Тетово, меѓу кои се наоѓал хектографски весник „Санстефанска Бугарија" издаван во Скопје. Курирот беше ослободен со откуп даден на скопскиот полицаец Дервиш ефенди, познат подоцна во Виничката афера по инквизаторските испади над населението во Скопскиот вилает. Тие инциденти, макар на прв поглед да изгледаат незначителни, имаа свое значење за понатамошниот развој на револуционерното дело бидејќи се создаваше традиција на висок дух, цврстина и саможртва во Организацијата, тие беа истовремено прелудија на судбоносните инциденти кои следеа, наречени „афери". Последните го затекнаа заговорот во подготвителниот агитациски период и го поставија на еден тежок испит, дури го загрозија неговото постоење. Во прво време, поради недостаток на потребните [државни] органи за тоа, реакцијата против репресалиите што следеа поради создадената положба од аферите била препуштена исклучително на цврстината, карактерот и силната волја на одделните личности. Навистина, при ужасните инквизиторски мачења, тука се појавија ретко возвишени квалитети и натчовечка волја во личноста, кои ја надминуваат и најголемата фантазија – како човечката природа може да издржи такви мачења. Идеалот за слободата и клетвата „верно да се служи на родината" го правеле нечувствително жешкото железо кое ги гореше месата на човечката снага во најделикатните нејзини делови. Гореопишаните инциденти беа една алка од онаа верига на последователни афери кои зафатија цели околии дури и самиот вилает. Поводите за тоа беа случајни, како на пример убиството на некои агенти од режијата, некои злосторници падари, крсердари итн.; така убиството на двата агенти на режијата во с. Дедино, Радовишко, извршено на 25 август 1897 г. од организациски луѓе, даде повод за афера во околијата. При претресот на куќата на поп Петар се најде една торба со патрони, а во други куќи – пушки. Селото Гинево го снајде истата судбина. Жртвите од таа афера беа околу 120 души, од кои 28 беа осудени, а шестмина умреа од мачење во скопскиот затвор „Куршумли-ан" пред разгледување на делото. Киднапирањето на струмичкиот бај во септември 1897 г. од четата на Гоце Делчев беше наплатено со 30 души селани,

уапсени и измачувани. Кон тие афери се нареди на крајот од 1897 г. таканаречената „Виничка афера". Повод за неа беше убиството на Турчинот Ќазим-ага во Виница, Кочанско, извршено на 14 ноември 1897 г. од една разбојничка банда, дојдена од Бугарија, која му украла од дома околу 800 лири. Следниот ден пристигна во селото кочанскиот кајмакамин и го уапси Георги Иванов, син на виничкиот кмет и жената на селскиот чувар, кој бил најден убиен близу до селото затоа што издал дека во куќата има складирани пушки. Испитувањето тука главно било насочено кон конспирацијата по заповед на скопскиот валија Хафез-паша, познат по испадите кон бугарското население во тој крај. За таа цел бил испратен Дервиш ефенди, кој не пропушти да употреби инквизициски средства, како горење на телото, обесување на главата надолу, забивање на клинови под ноктите, за да извлече од жртвите признанија за конспирацијата, додека во исто време неговата орда ги обесчествуваше младите невести и девојки. Според предавствата се истакнуваше Георги Иванов, виничкиот раководител, за што беше казнет и убиен од Организацијата. Оттука, таа афера се прошири во Штипско, Радовишко, Малешевско, Кратовско, Паланечко и го опфати главно оној дел каде што конспирацијата беше достигнала во својот развој полн процвет. Таа беснееше повеќе од два месеца и еднакво во сите сталежи од нашиот народ. Виничката афера претставува, воопшто, по размерот и сверштината една дамка за моралот и цивилизацијата на XIX век во светот, посебно за Европа, која има претензии да биде носителка на слободата, правото на човекот и хуманоста. Многу градски и селски раководни сили беа уапсени и мачени на најзверски начин. Бројот на уапсените во Скопје и затворите во казата се искачи на 528, а на оние што беа избегани во Бугарија – повеќе од 300 души, од кои 5 души беа убиени и 5 умреле од мачење. Наредбите на ЦМК во тој случај беа да се прескладираат пушките од оние работници што ги чуваа, да се скријат на друго место и да се бега само при неопходни факти за виновост; а во исто време беше пишано од Софија да премине Делчев во внатрешноста со една чета за да го поддржи духот и да го прибере оружјето. Хр. Матов дури го беше викнал да го нападне Дервиш ефенди во Виница или на друго место со многубројна чета. Притоа се гледало да се исползува аферата во јавноста за да се заинтересираат Големите сили и европското општество за македонската кауза. Една од причините за апсењето на Хр. Матов во Скопје беше таа што тој ги беше однел луѓето мачени од власта кај кореспондентот Емера на в. „Манчестер Гардиан".

Виничката афера беше, генерално, изненадување за Турција и за европските сили; таа им покажа дека македонското прашање созреало и дека одамна чека свое разрешување. Турската власт се обиде веднаш да ги врати своето реноме и авторитет пред населението. Но, тоа ќе беше возможно само тогаш кога би пресушиле животните флуиди кои го поддржуваа постоењето на заговорот. Случајни поводи за тоа не ѝ недостасуваа никогаш и не беше тешко за неа да си ги испорача кога тоа ѝ се диктирало од нејзината политика, така што за таа цел се служела со човечките слабости со посредство на усовршените нејзини инквизиторски

методи. Човечката природа нема еднаква солидна еластичност во однос на моралот и физичката градба за да може да реагира моќно против физичко-моралниот каузалитет на животот. Поради тоа е невозможно да се најде еден заеднички критериум во однос на материјалот од кој се градела и се гради конспирацијата, според кој би се определила моралната и физичката вредност на одделна личност. Често најнеисправни работници се издигнувале до ниво на херои кога, пак, најнадежните испаѓале слаби. Таквата анализа не била секогаш гаранција за заговорот. Последното не беше во состојба сосема да ги избегне човечките слабости; тоа се мачеше да ги обезвреднува по можност; инаку поради страв од таква евентуалност би замреле секакви напредни социјални иницијативи и животот би се претворил во вечно мирување. Тенденцијата на турската власт, генерално, не беше толку да ја открива конспиративната мрежа која одамна ѝ беше позната, колку да ги скрши духот и верата во населението во однос на успехот на започнатата ослободителна акција од него. Таа, следствено, не можеше да се помири со мислата како довчерашниот роб може да носи револвер и пушка како правоверниот муслиман и да му пресудува лично на османлискиот Турчин за неговите извршени злодела. И во немоќта да се справи со Револуционерната организација, таа власт даваше наредби за непрекинати блокирања на села, претреси и мачења на селаните и граѓаните за на тој начин да се доведат до очај и да ги напуштат револуционерните редови. Затоа, најдобрите граѓански и селски сили се поведоа под кривична одговорност, ги осудуваа и ги фрлаа во месните затвори, како и во азијатските и африканските затвори на заточение. Сето тоа го разгоруваше уште повеќе револуционерниот оган и го зголемуваше бројот на борците против тиранијата. Напразно Портата се обидуваше да го одврати (од неа систематското создавање претреси и афери) избувнувањето на заканувачкиот револуционерен вулкан за целоста на државата, готов да избувне во секој момент. Многуглавата револуционерна хидра стануваше сè повеќе неранлива со подоцнежното прошарување на земјата со чети. Несомнено, присуството на четите ги зачестуваше средбите со војската и поради тоа аферите зачестуваа; но последните беа исто така еден придонес кон ослободителната кауза. Така, на пример, четата во с. Валандово, Дојранско, беше издадена од еден предавник од с. Балинци. Куќата каде престојуваше четата беше заобиколена преку ноќта на 7 декември 1899 г. од војска. Се почна бој со четата, која се повлече без загуби, а од турска страна паднаа убиени двајца заптии. Судењето на таа случка се изврши од жандармерискиот началник Мехмед-паша од Тетово. Инквизиторската процедура беше истата како при Виничката афера и се прошири во Гевгелиско и Ениџевардарско. Уапсените од таа афера се искачија над 100 души, а измачуваните – на околу 150 души. Истовремено со неа избувна Новоселската (Штипската) афера, за која даде повод еден ранет четник Сандо, кој бил забележан и издаден од Турци. Се обиколило веднаш местото и започнала борба помеѓу него и војската. По тричасовна престрелка, куќата била потпалена. Меѓутоа, Сандо се извлекол и се прикрил во соседните куќи. По извесно

време тој умрел од раните. Таа афера беше завршена со апсењето на 21 човек, 14 осудени и двајца убиени граѓани, а домаќинката на Сандовата куќа полудела. Не помалку важна афера беше Еницевардарската, предизвикана како резултат на ранувањето на месниот злосторник Демир Субаша, кое станало на 12 август 1900 г. помеѓу селата Тумба и Тушилово. По тој повод беа измачувани 35 души и 21 уапсен. По неа следеше Тиквешката афера во месец јануари 1900 г. поради убиството на еден Турчин и Бугарин. Беа уапсени 48 души од с. Неготино и Мрзен-Ореховец од кои четворица беа осудени на смрт. Во истата 1900 г. настрадаа Одринско, Лозенградско и Мало Трново, особено селата Ахаркој, Кемалово и Каикќој во Одринско, како резултат на предавството на Фоти Георгиев од с. Ахаркој; аферите во Лозенградско и Мало Трново, главно во селата Велика, Стоилово, Кара Хадр, Срмашик, Пенека, беа побудени како резултат на убиството на еден шпион од Лозенградско. Беа уапсени околу 60 души, пребегнале во Бугарија 33 души.

Годината 1900 беше генерално судбоносна за Внатрешната организација. Аферите таа година се нижеа бесконечно една по друга со темпо, интензитет и разорност и ја засегнаа структурната суштина на Организацијата. Раководните тела на многу градови од вилаетите беа речиси уништени и дури ЦМК не беше поштеден од тие афери. Целиот состав на ЦМК падна во затвор на крајот на јануари, како и Солунскиот окружен комитет, со исклучок на Ив. Гарванов, како нов тукушто приклучен [член] во него. Солунската афера го претставуваше ореолот на многубројните такви [афери] и беше истовремено прелудиум на онаа страшна бура по опустувачките последици, која застрашуваше да се разлее низ целата македонско-одринска земја.

Солунската афера се должеше на следната случајност: двата организациски работници – Милан Михајлов од Бугарија, бивш курир на Сарафовиот комитет, а потоа курир на ЦМК и Александар Ников од Битола, секретар на ЦМК, беа претресени од полицијата на 23 јануари во Вардарското маало во Солун, кај кои беа најдени револвери. А. Ников успеа да побегне, но Милан беше фатен и одведен во полициската станица, каде што беше подложен на измачување. Тој ги предаде учениците од VI клас: Коце Лазаров од Штип и Милан Ризов од Велес. При претресот во собата на К. Лазаров се најде дел од кореспонденцијата, списокот на работниците, револуционерните книшки, хектографираниот весник и шифруваниот проект за прокопувањето канал под Отоманската банка во Цариград од Гемиците, на чело со Славе Мерџанов, кој проект беше испратен од Кипров на ЦМК, поради што беше осуетено тоа огромно и тешко дело да биде крената банката во воздух. Тие документи му беа поверени нему од П. Тошев, а пред тоа тие се чувале кај членовите на ЦМК, кај мене, кај Иван Хаџиниколов и др. Притоа, Мерџанов (Татарчев направил грешка со името: овде се мисли на Коце Лазаров, а не на Славе Мерџанов) искажал уште некои други револуционерни тајни, а Милан Михајлов беше главниот предавник во таа афера. Преоблечен во жандармериска униформа тој ги поткажуваше местата каде што живееја и

се движеа организациските работници. Куќата на мајстор Андон беше поткажана од него, каде што беше фатен ранетиот четник Кочо Флоренлијата, лекуван од мене. Тука бил затечен уште и Александар Ников, кој [претходно] беше испуштен од рацете полицијата. По три дена, кај месноста Тумба, полицијата ги фати во колата на Анго Арабаџијата од Кукуш, Александар Ников, Милан Ризов и Тодорчето од с. Серменин, Гевгелиско. Александар Ников успеа да се застрела уште таму, а другите двајца беа приведени во полиција, заедно со Анго Арабаџијата. Милан Ризов го предаде каде се криеше членот од Солунскиот окружен комитет Ангел Атанасов. На 27 јануари беше уапсен Христо Матов, следниот ден Пере Тошев; потоа бевме уапсени јас и свештеникот поп Стамат Танчев. Повеќето од членовите на ЦМК можеа да се скријат. Јас бев советуван од Тодор Хаџимишев, руски преведувач, да побегнам, но никој од нас не сакаше да дезертира од местото. Требаше во случајот да се даде санкција по наредбите на ЦМК, кои беа еднакво валидни за раководителите, како и за обичните работници. Се претпочитаа затворите отколку оголување на земјата со бегство [на организациските работници] надвор од конспирациската територија, [иако] само во крајни случаи тоа им беше советувано на четите. Турската власт беше се веќе добрала до конкретни факти и почна да ги раширува своите испитувања со испробаниот инквизиторски систем во целиот Солунски вилает. На прво место, како резултат на тоа предавство пламна Кукушко. За тоа придонесе не малку и судирањето на четата на Чернопеев во с. Бајалци. Последната, опколена од војската, едвај пробила пат за напад, откако даде 7 души убиени од 13 души четници. Тогаш беа уапсени и измачувани 45 души – од нив двајца умреле, двајца биле осакатени и еден полудел – сите од градот Кукуш и селата Морарци, Капиново, Гаваљанци и др. Исто така, поради таа битка се создадоа и аферите во Гевгелиско и Воденско. Во Гевгелиско беа измачувани 51 човек и двајца умреле, а во Воденско биле измачувани 45 души. Како резултат на Солунската афера се случија исто така Тиквешката, Дојранската и Серската [афера]. Во Кавадарци беа уапсени видни граѓански чорбации: Лазе Гроздановв, Иван Велков, Терзи Христов и младиот интелигентен учител Александар Станоев, со многу благородна и поетска душа, кој за да го избегне апсењето си заби куршум во окото. Бројот на измачуваните достигна до 111 души, а тој на уапсените – 32. Во Дојранско беа измачувани 10 души, уапсени 8, а во Серес помеѓу многуте уапсени беше и Никола Бојациев од Велес, редок трудбеник со блага душа, висок интелект и скромност до негација. Тој беше исто така заточен во Подрум Кале заедно со членовите на ЦМК. Во истото тоа време и Струмичко беше подложено на турскиот терор, главно поради предавствата на најголемиот предавник Милан Михајлов, кој се беше движел во тој крај со четите. Уапсени и измачувани селани беа 20 души, повеќето од кои беа фрлени во солунскиот затвор. Поради Солунската афера пострада и Радовишко. Потерите зверствуваа од 30 март до 16 април 1901 г. во селата Враштица, Габер и др. Уапсени беа 82 души од селата и шестмина од градот Радовиш. Генерално, Солунската афера фрли во затвор 188 души, од кои беа осудени 101 човек, а 9 души на смрт.

Еден дел од нив – 40 души, беша заточени на 6 јули 1901 г. во Подрум Кале, друг дел - на 8 август во Акија.

Битолскот вилает до 1900 г. беше споредбено [помалку] зафатен со афери бидејќи револуционерното дело се развиваше во него побавно отколку во другите вилаети. Подоцна, четништвото, кое беше воведено мошне доцна, доби кон крајот на 1901 еден редок растеж. Истовремено со тоа одеше и подемот на револуционерното дело, поради што се зачестија и аферите, на пример, Кичевската, Кадиноселската (Прилепско), Пателската и Трсенската (Леринско), Ракитничката (Демирхисарско) и др. Прво место меѓу аферите држи Костурската, по бројот на жртвите и ретката издржливост на тамошното население. Таа бугарска тврдина, во која се прекршуваа бесцелно усилбите на духовното и културното проникнување на грцизмот, изнесе под двојниот удар на турската власт и грчките месни и надворешни органи масовни афери, кои се искачија на 14 и кои зафатија 28 села. Иванчовата афера во месец јули 1901 г., наречена по името на предавникот кичевчанец, после потурчен Осман-бej, беше една од најкрупните во тој крај. Таа опфати 19 села, поради која по планините избегаа 150 души; 78 души беа измачувани и пратени во Кожанскиот затвор. Судирите на четите со војската по Делчевата инспекција на почетокот на 1902 г. во Битолскиот вилает создадоа во тој крај мошне критична положба, како резултат на испитувањата, малтретирањата, апсењата, убиствата на машкото население без разлика [дали тие] биле борци или не, кои при гласови за пристигнување на турски одреди во селото, населението барало спас во планините или во четите. Населението беше поставено на тежок испит, а уште повеќе неговите раководители. Силната волја на народот го воздржуваше од предвремено негово избувнување за да се одмазди на угнетувачот, но тоа негово трпение во секој момент можеше да ја прелее границата за да се роди „да биде или да не биде“, кон својата логична фаталност.

XI

Четничкиот институт

Винишката афера и Револуционерната организација * Создавањето на Четничкиот институт * Назначувањето на Делчев за шеф на Четничкиот институт и организирање на четите * Подготвувањето војводи * Војводскиот контингент * Егзекуцијата на шпионите и злосторниците Турци * Тешката пложба во земјата од судирите на чети со војска * Организација на милицијата * Рекапитулација на битките од 1898 г. до средината на 1903 г. *

Виничката афера беше едно изненадување за ВМРО и ја фрли во судбоносна морална и материјална криза токму тогаш кога таа ја рашируваше мрежата во земјата и кога уште не беше зацврстена длабоко во душата и сознанието на народот. Нејзината конспирациска мрежа во тој крај беше веќе откриена од турската власт. Секој интелигентен младич и свесен селанец се сметаше од неа за конспиратор против државата.

Пропаѓањето и депримираноста на духот беа настапени во сите слоеви на народот од теророт и ужасите опфатени во целата земја, така што суштествувањето на конспирацијата беше ставено под прашање. Народот имаше искусено измачувања и затвори и другпат, но никоѓаш во таков размер и свирепост. Бестрашното држење на многу раководни сили и работници влијаеше доста поттикнувачки врз духот на народот. Вмешувањето на бугарската влада, заинтересираноста на европското општество и ослободувањето на дел од уапсените, ја разведрија делумно неговата душа. Но, сето тоа не беше доволно за да воскресне верата во моќта на Организацијата. Виничката афера како што ја подигна предвремено завесата на постоењето на конспиративната структура, задачите и целите на Организацијата ја поставија, генерално, во отворена бунтовничка борба со власта. И [наоѓајќи се] пред таква алтернатива, револуционерната дејност требаше да се приспособи согласно со новите услови за да може да продолжи нејзиното егзистирање или, пак, конечно да се ликвидира. Тоа не беше така лесно откако идејата за слобода беше веќе проникната во големиот дел од населението и затоа на ЦМК му претстоеше да го намали теророт на власта колку што е тоа можно, од една страна, а од друга, [повторно] да го воспостави авторитетот на конспирацијата пред населението. За [таа] цел беа нужни нов метод и нови средства кои ЦМК требаше да ги пронајде. Тој побара такви, како од животот, кои беа предавани од националната поезија во форма на легенди во земјата, така и во акцијата на одделни личности и на помали групи, на пример, Спиро Црне, Келеш Димко, Миле... во Битолско, дедо Стојо, Кочо Муструкот, Дончо Златков во Североисточна Македонија. Тие сите ја имаа фатено гората, кој поради турско насилство, кој поради лични арамиски побуди и по тој повод ЦМК беше принуден да создаде Четнички институт, за на тој начин да ја постави ВМРО на здрави, цврсти основи, со што функционирањето ѝ се стабилизира и таа постепено се издигнуваше до држава во држава со сите нејзини атрибути – пошта, полиција, судови, оружени сили и др. Револуционерната дејност можеше да се развива веќе слободно и сигурно, без да има таинствен, мистичен карактер. Притоа борбата беше од стабилен и непрекинат карактер и не беше подземна. Таа се водеше на два фронта – в град и на планина, што заемно се дополнуваа. Организацијата стануваше, генерално, неранлива и кога градот беше парализиран, планината ја преземаше неговата функција и обратно, до нејзиното закрепнување. На почетокот, задачата на четата се состоеше во чување на оружјето, прибирање раководни сили и работници во неа чие легално задржување по местата им станало невозможно и казнување на шпионите и злосторниците Турци. Четничкиот институт еволуираше постојано во духот на потребите на делото, така што [активноста на] четите мина набрзо од агитационо-административна дејност по селата, до активна вооружена борба и [тие] претставуваа идните кадри на народната воена моќ. Четничкиот институт беше озаконет кон крајот на 1898 г. со специјално окружно [писмо] на ЦМК и како шеф на тој институт беше определен Г. Делчев, кој дотогаш беше член на ЦМК и Задграничен претставник и на кого му се одреди

должноста да го приготви потребниот војводски персонал за околиските чети во земјата. Организацијата на Четничкиот институт беше, генерално, дело на Делчев, кои ги поседуваше сите квалитети за таа мисија. Тој навистина успеа да го издигне [Четничкиот институт] со личниот пример до онаа висина на оружена сила, која ја покри со вечна слава и величина нашата родна земја. Тој ја започна четничката дејност со искусни мажи, кои талкале одамна по планините од лични побуди, како Кочо Муструкот, Илија Крчовалијата, Георги Бродалијата и со младичи кои беа штотуку излегле од касарната, како Михаил Попето од Софиско и др. Создавањето војводи не беше лесна задача. Повеќе од година требаше да мине од издавањето на окружното [писмо] на ЦМК додека потребите на Организацијата бидат задоволени со подготовката на војводи. Четите на Михаил Попето, ученик на Г. Делчев и на Георги Иванов (Марко) од Серско служеа како организациска школа за војводи. Попето и Марко беа две крупни фигури во историјата на Четничкиот институт и беа примери на цврст карактер, силна волја и беспрекорна чесност, поврзани со беспримерна смелост и себеодрекување во борбата за слобода.

Четата на Попето даде редица забележителни војводи, како Хр. Чернопеев, Михаил Герџиков, Никола Дечев и др., а онаа на Марко – Методи Патчев, Сл. Арсов, Митре Влавот, Леко Церовски и др. На почетокот се прибегнуваше кон подофицерите за војводи како поиздржливи и полесно приспособливи кон извонредно тешките месни услови, а подоцна се прибегна кон месни учители, сомнителни на власта, кои се испраќаа кај неписмените војводи како секретари или, пак, да се подготвуваат во четите за идни војводи.

Војводскиот контингент беше засилен уште и со приливот на интелигентни идеалисти младичи од Бугарија, кои под влијанието на револуционерната идеја или, пак, на романтизам го напуштаа училиштето и родниот дом и заминуваа во ропската земја, не толку за да бараат сензации и ефекти во авантурите на природните стихии и ропството на режимот, колку вистински да ја поткрепат борбата на бунтовниот народ против многувековниот поробувач. Такви млади луѓе беа: Крсто Асенов и Георги Папанчев од Сливен, Васил Попов, Никола Дечев, М. Даев, Соколов, Мерџанов од Стара Загора, Јули Розентал, студент-поет и др. Четничкиот институт ја спаси, генерално, Организацијата од уништување при честите афери и ѝ го подигна престижот пред населението, како и пред турската власт, дека Организацијата е една стабилна моќна сила, за која населението и власта не можеа да не водат сметка. ВМРО откако се снајде со справувањето со предавниците при аферите, почна да ја чисти земјата од турските злосторници, разбојниците по патиштата, колциите, падарите и др., кои го измачуваа населението, му го ограбуваа секојдневниот труд и посегнуваа по неговата чест. Такви беа: Кас'м-ага и бејовите Абедин и Нуредин во Костурско, Смаил Зенил, полјаци во Ресенско, Ќор Алиат, разбојник во Крушево, Билал Баланце од Демир Хисар. Егзекуцијата на злосторниците и предавниците од четите влијаеше магично врз духот на

масата, која гледаше пред себеси не фантоми, туку конкретна сила – уредни јунаци момци, кои минуваа бестрашно по горите и полињата и покрај многубројните султанови војски и башибозук и кои беа готови секој момент да ја дочекаат спокојно својата смрт!

Четите, исто така, му дадоа можност на робот да се почувствува слободен, да може да оди без страв на својата нива и да реагира смело под нивната закрила против бејот, спахијата и другите тирани; така што четата истовремено стана синтеза на идеја и реалност – сила. Нејзината проповед во селата се прифаќаше безусловно: цели села се покрстуваа од неа без разлика на пол – клетвата ја добиваше тука својата тежина и значење, како пред Бога, така и пред татковината, бидејќи имаше санкции во лицето на четата за секое непочитување на клетвата. До крајот на 1898 г., задачата на четите се состоеше главно од агитациска и организациска дејност со избегнување средби со војската, додека Организацијата да заздрави од ударот, нанесен од Виничката афера и се создаде нужниот број чети за секоја околија одделно; а кон крајот на 1899 г. и на почетокот на 1900 г. земјата беше веќе прошарана со чети, кога секоја околија сакаше своја чета – кадар на идната околиска оружена сила. Четите веќе ги завладеаја планините и делумно полето и се движеа слободно насекаде, поттикнувајќи го населението на ред, дисциплина и самовооружување – услови, неопходни за успехот при мегданот со вековниот тиранин. Со тоа, неоспорно му се даде еден силен поттик на револуционерното дело, а во исто време се создаде една тешка атмосфера за народот. Таа состојба личеше на Дантеовата пеколна јама и таа состојба можеше да ја издржи само еден цврст и прекален народ со длабоко сознание и возвишен идеал, без да бидат расколебани неговиот дух и неговата вера во започнатото големо ослободително дело. Жестокиот терор на власта, навистина, извлекуваше информации за заговорот од одделни предавници, но мнозинството од народот, и покрај жестокостите на кои беа подложени, се придржуваа со редок стоицизам кон клетвата дадена пред олтарот за слободата на татковината.

Со нараснување на бројот на четите, се создаде еден вистински воен лагер: две сили веќе беа испречени една против друга одмерувајќи ја секоја својата моќ за да се нафрлат врз противникот. Таа положба ја наруши рамнотежата помеѓу власта и населението, така што последното се најде помеѓу две спротивставени сили, кои се неутрализираа при секој судир врз снагата на населението со крв и затвори. ВМРО требаше да гази, следствено, преку своите трупови, за чија слобода таа се бореше и ја готвеше идната акција. И покрај сето тоа, народот гледаше во постоењето на четите една неопходност, наложена од Организацијата од развојот на настаните, за продолжување и напредок на револуционерното дело. Затоа, народот ги штитеше и ги поддржуваше не толку поради стравот од нив, колку од внатрешното убедување дека тие го отелотворуваат идеалот за слободата и се носители на светлата иднина.

Таа фаза беше за него една од најмачните бидејќи беше исполнета со редица битки помеѓу чети и редовна војска по цела Македонија и

Одринско, предизвикани ту од власта, со цел да се намали моќта на Организацијата и да се оттргне народот од неа преку терор, ту од случајни средби помеѓу војска и чета. Народот, во тој случај, ги сносеше последиците од тие средби, но и требаше да се притекне на помош на четите кога тие ќе се најдеа опколени од војската, како што се случи во Кичевско и Ресенско. Тие факти го наведоа природно Задграничното претставништво во лицето на Матов и д-р Хр. Татарчев на мислата да ја обопштат таа појава во форма на закон во целата земја и по опсежни дискусии по тоа прашање Хр. Матов се ангажира да изработи устав за формирање милиција во Македонија и Одринско, врз кој требаше да почива оружената народна моќ на Организацијата. Со милицијата се зацврстуваше здраво Четничкиот институт и можеше да располага со неисцрпни сили за да се спротивстави на нападите на турската војска. Четата и милицијата беа фактори, на кои се полагаше [надеж] во историскиот момент да се решат за многуочекуваниот вооружен народен протест против турското петвековно владеење. И колку се засилуваа репресиите од турска страна, толку помоќна стануваше реакцијата на ВМРО и од година на година судирите помеѓу чети и турски потери стануваа сè почести. Првата битка на организациска чета со војска стана на 20 март 1898 г, онаа на кукушката чета на војводата Кољо М'шкото кај с. Гаваљанци. Годината 1900 одбележа три битки; годината 1901 – 8, а следната 1902 г. броеше 34 со 97 убиени четници; 1903 г. одбележа само во првото полугодие 86 битки со убиени 382 четници. Тој оружен конфликт со својот сестран замав беше прелудиум кон разврската на Македонско-одринската драма. Тоа беа усилбите на еден народ, кој се бореше на живот и смрт за слободата на својата родна земја.

XII

Пропагандите

Пристапување на протестантите и унијатите во револуционерното движење * Учеството на Власите во револуционерното дело * Грчкиот елемент и Револуционерната организација * Приклучување на патријаршиските Бугари во револуционерното движење * Србоманите ренегати * Српската пропаганда * Српско-турскиот договор (1895 г.) * Предлогот на српската влада до премиерот Стоилов * Српско-турскиот сојуз * Казнувањето на шпионите ренегати *

Револуционерната идеја беше најнапред понесена од бугарската интелигенција во Македонија. Пропагандата се вршеше на почетокот исклучително насред бугарското население. Таквото ограничување се налагаше поради конспиративниот карактер; но кога револуционерната идеја закрепна во голема мера во еден дел од бугарскиот народ, нејзиното раширување низ другите небугарски народи и вероисповеди можеше да биде реализирано без страв за егзистирањето на револуционерното дело. Основачкиот конгрес на крајот од 1896 год. беше зел решение за допуштање незадоволни месни елементи без разлика на народноста и верата во конспирацијата, под услов тие да не бидат вмешани во

престапни дела. ВМРО не ги делеше Бугарите протестанти во Разлошко, Радовишко, Струмичко и Тиквешко и унијатите во Кукушко, Дојранско и Солунско од Бугарите егзархисти и ги вбројуваше од почетокот во редовите на Организацијата. Таа не им ги нарушуваше ни најмалку нивните религиозни чувства. Клерот не им се мешаше во нивните политички убедувања, ниту во нивните дејствувања, ниту пак се водеше од мотивите на Грчката патријаршија за денационализација на своето паство. Влашката интелигенција беше прва од туѓите христијански народности која пристапи во револуционерното дело. Таа се наоѓаше исто така во борба со Грчката патријаршија, која не сакаше да го дозволи создавањето на самостојна влашка општина во Битола и најпосле успеа да го реализира својот стремеж преку влијанието на бугарскиот свештеник Алтипармаков во Битола. Власите, пак, во Охрид минаа под влијание на Егзархијата зашто заедништвото помеѓу Бугарите и Власите во нивната црковно-просветната независност од грчкото патријаршиско денационализаторско духовно угнетување го олесни, исто така, во голем степен создавањето почва за соработка во борбата за автономија на Македонија. Плејада Власи на чело со бестрашниот војвода Питу Гули, бранителот на Крушево, ја дочекаа херојски смртта за заедничкиот идеал. Меѓутоа, не така лесно се изврши привлекувањето на чисто грчкиот елемент во револуционерното движење. Една вековна борба се испречуваше пред Бугари и Грци и продолжуваше уште да биде во акутна фаза, поддржувана методично од Патријаршијата и елинските силогоси. Грчкиот елемент беше во реалноста истиснат од внатрешноста, [тој егзистираше] само во некои градови во Македонија и Одринско и беше задржан главно по морското крајбрежје, тој беше издигнат несомнено на високо ниво во национално сознание и култура, така што ВМРО не можеше да проникне во него и да го ангажира за општата кауза. Таа ја насочи дејноста кон бугарскиот елемент во селата, како во Преспанско, Струмичко, Серско, Драмско, Битолско, кои се наоѓаа во рамките на Грчката патријаршија и успеа за кратко време да го привлече во револуционерното движење, да го подигне неговото бугарско национално сознание и да го сроди со истокрвните браќа егзархисти, без притоа да го оттргне од Патријаршијата. Таа политика ѝ се налагаше на Организацијата од тактички причини бидејќи припаѓајќи под Патријаршијата, бугарскиот елемент беше побезбеден од турската власт и Организацијата располагаше со една посигурна база на дејство во селата окупирани од него. Егзархијата и спротивното нам течение – проегзархистите, за жал ја интерпретираа таа политика на ВМРО како злонамерна и почнаа да ја обвинуваат за антинационална тенденција и индиферентност кон бугарското национално дело во земјата. Меѓутоа, набрзо грчката пропаганда ја насети опасноста од револуционерното движење и го постави целиот свој апарат од владици, конзули, свештеници, лекари и повлијателни свои личности на располагање на турската власт против Организацијата. Последната, меѓутоа, не можеше да прави разлика помеѓу патријаршисти и егзархисти кои вршеа предавства на делото и затоа таа ги казнуваше на општа основа (во духот

на нејзините закони) за нивните престапи. Шумот околу оние што го издигаа елинизмот имаше за цел главно да го дискредитира делото пред европскиот просветен свет како насочено против грцизмот и немаше ништо заедничко со слободата на Македонија. Меѓутоа, на друг начин беше поставено прашањето со оние несреќници во Скопско, Кумановско, Поречие и др., кои било поради морална пропаст, за пари, било поради незнаење или, пак, сиромаштија, се оддадоа на српската пропаганда. Прашањето со тие несреќници беше од кардинална важност за Организацијата бидејќи се однесуваше на единството и целоста на бугарскиот народ, врз плешките на кои почиваше заговорот. ЦМК мислеше во прво време дека тие несреќници ќе можат да се приберат во револуционерното движење преку убедување со легално дејствување врз нивното национално чувство, сознание како Бугари и на тој начин да го разрешат тоа толку сериозно национално прашање за ослободителната кауза. Тоа сфаќање се базираше на фактот што српскиот елемент не беше оставил од ефемерното Душаново владеење во Македонија никакви културни вредности, ниту беше придобил низ многувековниот турски режим свои српски населби во неа. Тој [српски елемент] почна да се појавува поединечно главно по српско-бугарската војна (1885) и се одржуваше со поткупи и репресалии врз работници од Поречието, кои бараа да се прехранат во Србија. ЦМК мислеше дека со една мудра политика, каква беше применета спрема Бугарите кои ја признаваа грчката патријаршиска духовна власт, ќе дојде во сознание за штетното и непатриотско одвојување од својата народност и ќе влезе полека во општото бугарско движење. Таа политика на ЦМК го издигаше, од друга страна, револуционерното дело над владејачките страсти и борби меѓу историдните браќа во името на еден виш идеал и истовремено ја минираще морално-политичката база на српската пропаганда пред населението. Протагонистите на ВМРО врз основа на тоа гледиште го укоруваа Хр. Матов дека се беше вовлекол многу во борбата со српската пропаганда, што беше желба, дури, и на Високата порта. Нам ни беше позната нејзината тенденција зашто солунскиот валија Зехни-паша се исповеда најнедвосмислено пред претседателот на солунската општина Ив. Мацаров, кога во мај 1892 год. се јавил кај него за да се застапува за црквувањето на егзархисти и патријаршисти по ред во селата Грдобор и Ново Село. Одговорот на валијата по неговата молба беше следниот: „Знај, попе, дека уште една година ќе се мачам со вас, потоа ќе ве оставам да се фатите за гуша со Србите и ќе гледаме сеир." Излегувајќи од конакот, Ив. Мацаров го сретнува Ив. Хаџиниколов и тој му го раскажува буквално разговорот со валијата. Тоа не ги зачудуваше творците на ВМРО ни најмалку зашто политиката на Портата била отсекогаш „Раздели и владеј!", која се појавуваше во секој чекор во животот на нашата нација. Ние, меѓутоа, придржувајќи се кон основните принципи на заговорот, не сакавме да дадеме повод за сомнение за неискреност на идејата следена од нас; но кога на тој обид за едно мирно решение на проблемот за српската пропаганда ни се одговори со српско-турски сојуз, појавен фактички за време на Виничката афера, кога при испитувањето на

уапсените во Куманово до кајмакаминот седеа србомани за да ги убедат жртвите да станат Срби за да бидат ослободени, ние бевме принудени да го напуштиме принципиелното гледиште и да го браниме со сите сили и средства единството на нацијата, од кое зависеше успехот на ослободителното дело. Тој сојуз се гледаше насекаде, каде што српската пропаганда мислеше да ја спроведе својата желба, на пример, со отворањето српски училишта во Штип, Прилеп, Охрид и на други места, каде што никогаш немало ниту еден Србин. Како резултат на гореспоменатиот сојуз беше кумановската трагедија, а имено србоманите потпомагани од власта се обидоа да ја преземат црквата „Св. Никола" од Бугарите и откако не успеаја во тоа, забиваат крст во црковното место (1899). Крстот беше отстранет од херојската учителка Екатерина Симитчиева, која беше прободена од аскерскиот нож. Поради тоа бугарскиот народ водеше долга борба со војската и со србоманите и во разгорот на таа историска борба ЦМК беше принуден да оди до ризичните крајности, за да ги поддржи борбените кумановци во нивната народна светост. ЦМК веќе имаше издадено заповед до четите во Струмичко, Радовишко и Кочани да дојдат на помош на кумановци. Таа наредба беше истовремено соопштена писмено од мене на другарите во Софија. Смелата интервенција на министерот Тодор Иванчов по тој повод, спречи катастрофа. Освен со официјалната власт, особено со скопскиот валија Хафез-паша, српската пропаганда се служеше со влијателните Турци и со најголемите злосторници, кои беа скапо платени за да го принуди на сила населението да ги испраќа своите деца во српско училиштге. Генерално, српската власт при стремежите кон Македонија дејствуваше на еден редок по такт, умешен и остроумен методичен план, без да испраќа никакво макијавелистичко средство за постигнување на конечната цел. Таа, штом надушеше извесно незадоволство или, пак, замисла во бугарските владини кругови за подигање на прашањето за подобрување на положбата на македонскиот Бугарин, преземаше веднаш контрагледиште пред Портата и пред Великите сили. Секоја реформа во Македонија беше смрт за српската пропаганда. Така, кога стана востанието од оваа страна на Вардар во 1895 г., српскиот полномошен министер д-р Владан Ѓорѓевиќ во Цариград го уверувал султанот Хамид дека Србија ќе војува во сојуз со Турција против Бугарија ако последната си дозволи каква било акција против неа. Исто така, кога избувна Виничката афера, српската влада му предложила на министерот Стоилов договор врз база на сфери на влијание во Македонија и по одбивањето на бугарската влада, таа одново го склучува српско-турскиот договор – сојуз, кој остана во сила од Виничката афера до склучувањето на фамозниот, фатален Српско-бугарски сојуз (1912 г.) од слабоумните бугарски државници. Српската пропаганда, и покрај фактичката поддршка од турската власт и изобилното злато за поткуп, не можеше да има позначителен успех. Нејзините агенти и конзули беа истовремено и турски шпиони и како такви потпаднаа под законите на Организацијата. Во Охрид, на пример, Д. Грданов, србоман и турски шпион, беше убиен на 5 август 1898 г. од Методи Патчев, учител, кој поради тоа убиство одлежа

три години во Битолскиот затвор; во Прилеп Тодор Попантов, еден деморализиран ренегат, беше убиен на 6 јануари 1899 г. од терористот Стојан Лазов.

Со оглед на тоа што атентатите врз србоманите се извршија на многу места, народните предавници беа принудени да ги напуштат домовите под силно обезбедување на властите. ВМРО за тоа време требаше да ги одбива, од една страна, ударите од власта и да ги казнува ренегатите, а од друга - ѝ претстоеше да го приготвува народот за борбата. Енормно тешки задачи стоеја пред неа; за тоа беа потребни напори, жртви и време. Раководните сили и работниците се натпреваруваа кој да биде удостоен со поризична мисија. Целосната предаденост кон долгот, непоколебливиот дух и исклучителната саможртва на борецот ја зачуваа од уривање величествената зграда на Организацијата од постојаните потреси од властите и пропагандите и ја издигнаа до мерка на обожување и респект на нејзината тупаница.

XIII

Заточеништвото на ЦМК во Подрум Кале (Мала Азија)

Држење на членовите на ЦМК во подземјето на Еди Куле, во централниот затвор, а потоа во разните негови одделенија * Нивното осудување * Испраќањето на 40 души осудени во Солунската афера во Подрум Кале * Нивниот престој во Смирненскиот затвор * Нивното пристигнување во Подрум Кале и сместувањето на целата група од 40 души во една сала * Режимот во затворот * Пристигнувањето на Д. Груев * Кореспонденцијата со внатрешноста * Несогласување во групата и оладувањето помеѓу нив * Амнестирањето и нејзиното враќање во Македонија * Пиреја * Апсењето на д-р Хр. Татарчев * Неговото ослободување и упатувањето кон Бугарија * Убиството на свештеникот поп Стамат, член на Солунскиот окружен комитет *

Членовите на ЦМК П. Тошев, Хр. Матов и Хр. Татарчев по нивното фаќање беа држани во одделни соби во владиниот дом, додека им траеше истрагата. Судската полициска власт се обидуваше со убедувања или со заплашувања да извлече од нив потврда за сведочењата дадени од Милан Михајлов, Милан Ризов и др. По неколку дена тие беа испратени во централниот затвор на Еди Куле и фрлени во влажното темно подземје на кулата, каде што престојуваа повеќе од десет дена заедно со свештеникот поп Стамат Танчев, член на Солунскиот окружен комитет и Д. Палашев, комисионер, а потоа беа префрлени во салите на осудените за криминални престапи. Во таа група не влегуваше Иван Хаџиниколов, кој посегнал по својот живот со пресекување на радијалната артерија и беше префрлен од владиниот дом во болницата, каде што престојуваше долго време до закрепнувањето од изгубената крв. По произнесување на пресудата на 6 јули 1901 г. од Солунскиот вонреден суд, 40 души, врзани еден за друг со тешки железни окови, беа внесени во еден турски изгниен пароброд на пат за Подрум Кале (Халикарнас), спроти островот Кос,

родното место на Хипократ. Тие го поминаа целото време врзани под силна стража на палубата на паробродот до Смирна, од чие пристаниште беа одведени во смирненскиот затвор, расфрлени помеѓу другите затвореници. Тие требаше да престојуваат тука повеќе од една седмица, додека пристигне паробродот, кој го вршеше сообраќајот на тој дел на малоазискиот брег – Подрум Кале. На истиот начин како и претходно, тие поминаа врзани на палубата на паробродот, кој ги обиколи островите: Хиос, Самос и др., додека најпосле пристигна во Подрум Кале. За среќа, тука се погоди како директор на затворот еден интелигентен и хуман човек и откако ги провери уапсените по списокот, рече со еден доверлив, но мошне строг тон: „Ако сакате да си поминете спокојно, не треба да се дружите со други затвореници, ниту пак да разговарате со нив, инаку ќе бидам принуден да ве префрлам во другите сали.“ Ни се даде еден простор, кој некогаш служел како складиште во тврдината, кој се наоѓаше до управата на затворот и кон нас се приклучија и седумте души од Виничката афера: Петар Попарсов, Мише Развигоров и др. Бидејќи директорот на затворот и началникот на патролната стража имаа често потреба од мојата медицинска помош, неретко тие ме водеа во градот да им ги прегледувам семејствата, поради што се создаде извесна блискост меѓу нас. Ни се дозволи да добиваме редовно грчки весници кои излегуваа во Смирна, како и да се запишеме за француски романи и др. книги за читање. Нашата кореспонденција се цензурираше од докторот на затворот, кој знаеше помалку француски и од мене. Таа околност ни даде возможност да се врши редовна кореспонденција со внатрешноста и со Софија и да бидеме во тек со настанатите случувања таму. Покрај тоа, двапати имаше дојдено курир од внатрешноста со работи, испратени од блиските на затворениците, кој нè запознаваше со состојбата во земјата. На крај на мај 1902 год. пристигна и Даме Груев, кој беше исто така поставен во нашата солунска група. Преписката оттука со внатрешноста се водеше со хемиско мастило и беше доста забрзана. Од Солун и Битола ни се соопштуваше за прибирањето на луѓето од странство по нивните родни места, судирите на четите со војските и други вести. Од Софија, пак, ни се пишуваше за расколот во ВК, како и за борбата меѓу него и Задграничното претставништво. Режимот во затворот не беше воопшто толку тежок: најмалку 8 часа преку ден беше отворена вратата на просторијата и можеше да се дише чист воздух во дворот. Летото беше речиси неподнослив; човек се задушуваше преку ноќта во просторијата поради недостаток на вентилација. Климата преку зимата беше мека и топла, како за време на април. Бевме разделени на групи по 5-6 души за храна. Се готвеше на мали мангалчиња на дрвен јаглен. П. Тошев, Хр. Матов, П. Попарсов, Ив. Хаџиниколов, Никола Бојаџиев, авторот и Д. Груев се хранеа заедно. Издршката на повеќето од нас беше од ВМРО, но јас и Ив. Хаџиниколов се имавме откажано од предложениот дел во полза на останатите, кои, пак, се откажаа да добијат материјална помош од Организацијата за време на престојувањето во солунскиот затвор. По некое време, осудените од Солунската афера и покрај советите и изричната забрана за дружење со другите затвореници, почнаа да

разговараат со изгладнетите криминалци затвореници, кои гледаа со завист, дури и непријателски на мангалите со јадење, на нас – бугарските затвореници. Тие изгладнети несреќници ни ги собираа трошките и ги глодаа коските прибрани од сметот и беа во состојба да избувнат и при најмал повод до крвопролевање. Немарноста на нашите сонародници не можеше да се толерира понатаму од никого меѓу нас и беа замолени неколкупати да се откажат во името на заедништвото и нашето другарство од такви односи имајќи ја предвид опасноста од управата на затворот. По тој повод, една вечер настана спор во просторијата. Сите се согласија дека нивното држење е многу опасно за целата наша група, но П. Тошев и Д. Груев не се искажаа по тоа и молчеа. Однесувањето на двајцата нè постави сите во голема недоумица и ги поттикна останатите во таа насока. Избегнувањето солидарност во таква ситуација доведе кај сите до непријатен впечаток, дури создаде и извесно заладување помеѓу нас. Заедничкото солидарно однесување се диктираше од интересот на целата група и тоа можеби ја загрозуваше личната слобода, но [само] ако во колективитетот пројавата на личната слобода е, генерално, релативна, што всушност се налагаше од состојбата во која се наоѓаше нашата група. Во средината на август 1902 год. групата од Солунската афера и седумте души од Виничката афера беа амнестирани без Д. Груев и заминаа веднаш, наполно ослободени, со турски пароброд. Од Смирна нè префрлија во еден италијански пароброд, кој патувал за Пиреја, од кој требаше да се префрлиме насред морето во друг италијански пароброд, кој оди за Солун. Таквото транспортирање не можеше да се изврши бидејќи тој друг италијански пароброд не се појави на означеното место и затоа префрлувањето требаше да ни се изврши во пирејското пристаниште, каде што требаше да се остане околу 24 часа. Имајќи го предвид расположливото време, ние отидовме по групи во Атина за да го разгледаме градот, но јас бев задржан од полицијата и испратен во затворот Цингрос, обвинет за убиството на грчкиот лекар во Гевгелија, д-р Кивернидис. И по дво и пол месечен затвор бев ослободен како резултат на митинзите кои по тој повод беа одржани во Бугарија. Кореспондентот на в. „Times“ – г-дин Баучер, бил исто така еден од тие што се застапувале пред грчките власти за моето ослободување, кој веднаш по моето ослободување ме викна во хотел „Angeletette“, каде што сакаше да се информира за мојот третман при сослушувањето во затворот. Тој ме посоветува да не се враќам во никој случај во Солун правејќи алузија дека Грците не би ме трпеле таму. Исто така и бугарскиот дипломатски претставник, министер г-дин Цоков, настојуваше да не заминувам во Солун, туку да се упатам кон Бугарија колку што е можно поскоро. Имајќи ја предвид таа толку најстојчива дискреција, јас се решив најпосле да заминам преку Бургас за Софија, каде што пристигнав во првите денови на месец ноември 1902 год. Моите другари заминаа од Пиреј за Солун, од кои Хр. Матов беше принуден да се прибере во првите денови на ноември 1902 год. во Софија, а П. Тошев пристигна во средината на ноември истата година во Софија, за разлика од свештеникот поп Стамат, кој беше убиен во Солун од Грците, есента 1904 год.

XIV

Задграничното претставништво и неговите директиви

Пристигнувањето на подрумските заточеници во Солун * Конгресот на повидните раководители во Солун по повод намерите на ВК * Прибирањето на Хр. Матов, П. Тошев во Солун * Ефектот од Цумајското востание * Помирувачката акција на проф. Милетич, Георгов и др. * Задграничното претставништво во однос на ВК и идната акција * Конституирањето на Задграничното претставништво * Самоволното исклучување на Ѓ. Петров *

На подрумските заточеници од Солунската афера, туку што пристигнати на 1 септември 1902 год. со италијански пароброд во солунското пристаниште, наредено им беше од власта да се разотидат по нивните родни места. Другиот ден било решено да се одржи конгресот од видните раководни сили, свикан од ЦМК - Ив. Гарванов, на кој зеле учество Христо Матов и П. Тошев. Целта на тој конгрес била да се разменат мислења за намерите на Врховниот комитет – Цончев, кој се готвел да дига востание. Било донесено решение да се дејствува пред ВК за да не ги форсира настаните и кога ќе се реши прашањето за востание, ВК да биде благовремено известен. Ив. Гарванов имал задача да му го соопшти тоа решение на ВК. Задржувањето на П. Тошев и Хр. Матов во Солун, Битола, Скопје или на кое било место било речиси незамисливо, а пак би било бесцелно [да одат] во нивните родни места поради локалниот карактер на нивната дејност, уште повеќе што тоа би им попречило на легалните [тамошни] раководители, поради следењето на секое нивно движење од властите. Нивната дејност би дала плод само в планина; а пак ниту Хр. Матов, ниту П. Тошев ги поседуваа потребните физички квалитети за тоа и по силата на околностите требаше да ја напуштат земјата и да се приберат во Софија. Прашањето на денот, кое го затекнавме и тројцата, беше Цумајското востание, извршено од ВК – Цончев, под чиј впечаток се наоѓаше бугарското општество. Поголемиот дел од општеството беше во одушевување од себеодрекувањето на офицерите и четниците, пролевајќи ја својата крв за слободата на Македонија. Цончев беше херојот на денот, а Ст. Михајловски го воспеваше усно и писмено тоа велико дело и подоцна отиде во Париз за да ја одбрани неговата кауза.

Друг дел од бугарското општество, блиско до владините кругови, заедно со госпоѓа Бахметиева, сопруга на рускиот полномошен министер, ја прифати грижата за заштита на оние голи, боси несреќници, кои поради востанието побараа спас во Бугарија како последица на измачувањата од турските власти. Македонската интелигенција во поголемиот свој дел, како и еден мал дел – порасудлив и попроникliв, од бугарското општество, ја сфатија штетата од едно ненавремено движење во Македонија, но не беа во состојба да ја спречат таа замислена авантура на ВК. Комитетот – Станишев, избран во 1902 г. по расцепот на емиграцијата, поради несогласувањето на директивите на Надворешната

организација спрема Внатрешната македонска организација, кој ја бранеше каузата на ВМРО, беше принуден да прекрати секаква активност под влијание на бугарското општество. Последното го обвинуваше за непатриотизам поради неговата пасивност, а исто така ја обвинуваше и ВМРО зашто мирува кога се лее крв во Македонија. Тоа време Задграничното претставништво го застапуваа Туше Делииванов и Д. Стефанов, откако Ѓорче Петров, по прифаќањето на раководството на ЦМК од Иван Гарванов, се тргнал настрана. Борбата, која Задграничното претставништво ја водеше против Цумајското востание проектирано од Цончев не беше затишена; таа потроши многу енергија и парични средства и имаше создадено несносно очајување насред бугарското општество. Ние, новите дојденци, бевме поставени во деликатна состојба. Многу родољупци – било од македонската емиграција, било од бугарското општество, доаѓаа кај еден или друг од нас со апел да се стави крај на раздорите меѓу двете организации, кои го разјадуваа ослободителното движење. Имено, во тој дух дојде вмешувањето на професорите Милетич и Георгов, како и тоа на А. Љапчев и Д. Ризов. Последниот со својата богата аргументација одеше во такви крајности дека ослободителното дело во Бугарија ќе презело веднаш нормална и навремена насока ако новодојдените погледнеле на работите пополитички и реално. Исто така не недостасуваа постапки од ВК, а имено од д-р Владов во заштита, се разбира, на врховистичката теза. Лично јас, меѓутоа, ценев за непотребно да земам активно учество во раководството на Задграничното претставништво на ВМРО бидејќи не ги гледав тука веќе оној дух и онаа идејност како во внатрешноста. Длабока промена беше се создала во разбирањата на работниците за хиерархискиот ред, организација и дисциплина. Значењето на легалните работници беше редуцирано на нула, а центарот на тежиштето беше веќе пренесен во нелегалните сили, кои даваа тон и по политичките прашања на револуционерното дело, компетентност, која припаѓаше повеќе таму, отколку на легалните дејци, поради кое сфаќање имаше една неприродност во нивните односи. Тие причини ми диктираа речиси да не се нагрбувам со каква и да е деликатна активност според одговорноста во Задграничното претставништво, но не поради фактот што голем дел од бугарското општество, како и не мал дел од емиграцијата, држеа антагонистичко поведение против луѓето на ВМРО. Тоа не ме обесхрабруваше, со оглед на тоа што тие гледале секогаш низ призмата на партиите кон кои припаѓаа. Г. Делчев беше, меѓутоа, тој кој ме оттргна од тоа мое решение, за кое беше поддржан од Хр. Матов и Ѓ. Петров, а П. Тошев не беше уште дошол во Софија. Така, се заработи на старите другарски начела меѓу нас четворицата, кои бевме работеле во конспирацијата од нејзиниот почеток при создавањето, а подоцна кон нас се приклучи и П. Тошев. Две кардинални прашања се испречија пред нас: едното – за односите на Задграничното претставништво спрема ВК, другото – во однос на положбата на Македонија и Одринско, респективно на идната акција. По првото прашање бевме соочени пред алтернативата дали е разумно да ја продолжиме старата политика – борбата со ВК или, пак, да ја приспособиме нашата дејност согласно со новите услови. Ѓ.

Петров живееше уште со мислата дека ние, старите другари, можеме да ја спасиме ситуацијата ако сме се заложеле не со мекост и компромиси, туку со една смела и решителна акција надвор или внатре. Му се одговори: дали е време за таква политика на крајности кога населението се наоѓа во неиздржливо напрегање на духовите и крајна нетрпеливост за понатамошна мирна револуционерна дејност, било тоа, од една страна, поради Солунската и насекаде распространетите афери, кои го изменија карактерот и развојот на револуционерното движење, било, од друга страна, поради навлезените дискредитирани војводи во земјата, како Дончо, Хаљо, Алексо Пороjлијата, Ив. Пашалијата и др. кои ВК ги фрли кон крајот на 1901 г. и 1902 г. да ја проповедаат каузата на населението со најнедозволени деморализирачки средства? И ако мерките на Задграничното претставништво и на пограничните внатрешни сили не беа тогаш во состојба да го спречат навлегувањето на тие војводи, дискредитирани пред народот, ниту авангардниот полковник Јанков во Битола, како и офицерите Софрони Стојанов, Јордан Стојанов, Саракинов во пограничните реони со Бугарија – тогаш можен ли бил обидот за една политика на крајности, која не би ни дала подобри резултати од оние во минатото? Би било веројатно да се придобие само голем дел од бугарското општество, но би било тешко да се смета премногу на него бидејќи тоа било отсекогаш во зависност од политичките собитија однадвор и одвнатре. Во врска со другото прашање – по однос на состојбата во Македонија, тоа веќе се јавуваше како резултат на еден комплекс од фактори, кои го изменија од корен карактерот на развојот на револуционерното дело. Пресилено би било да се верува дека краткотрајната дејност на новиот ЦМК – Гарванов, би можела да предизвика пресврт во тактиката и методите на ВМРО поради сегашната безизлезна состојба и ако таа се стремела навистина во таа насока. Задграничното претставништво би требало да ја коригира уште на почетокот неговата дејност и да го прифати раководството на ЦМК или пак Даме Груев со Битолскиот окружен комитет да го замени, до конституирањето на законски Централен комитет. Што се однесува на постапката на Иван Хаџиниколов за доаѓањето на власт на новиот ЦМК, тоа не може да се прифати за сериозно бидејќи тој не можел да не знае дека конституирањето на ЦМК не е од компетентност на една личност. Тој тврдеше, при своите објаснувања дадени на авторот, дека по апсењето на П. Тошев, Хр. Матов и д-р Хр. Татарчев, го предал само печатот на ЦМК, списокот и шифрата на Ив. Гарванов, Спас Мартинов и Д. Мирчев и истовремено му дал задача на Спас Мартинов да му напише писмо на Ѓорче Петров во Софија во следната изрична смисла: „Држете ја здраво вие оттаму положбата". Тој не му кажал никому дека се преземало решение од нас за некакво востание, ниту пак испраќал бели бланка со печатот на ЦМК до Б. Сарафов. Гоце Делчев ја сфаќаше тешката положба, како и грешките од минатото поради тоа и затоа се обиде да им парира, не со ексклузивизам, туку со примирје поради кое некои гледаа во него непринципиелност, дури неоправдан опортунизам. Тој беше постојано во контакт со населението и имаше затоа јасна претстава за реалноста.

Дијалектиката на животот беше за него посилна од формалистичката теорија за светоста на социјалните принципи, кои непрекинато се трансформираат под принудата на динамизмот во животот. Тој го држеше одблизу пулсот на народот и му ги познаваше добро физичките и душевни страдања од безумната борба, предизвикана колку од патриотски побуди, толку и од амбициозен романтизам. Гоце не можеше да си прости дека и тој беше еден од авторите на таа драма. Разочаран од Цумајското востание дека делото кое се градело низа години со толку труд и маки беше разорено така од лекомислените авантури на ВК. Тој ја гледаше нашата безизлезност и се согласи со нас, како што вели: „Ете вие останувате тука, дејствувајте како што е најполезно за делото." На таа изјава на Делчев никој од нас не приговори. Ние стоевме на гледиштето да не се оди понатаму во активна борба со ВК кога се прават укажувања за неодржлив притисок, детонација од внатрешноста; во таков случај чувствата и личните разбирања требаше да се задушат, а одговорноста за создадената внатрешна состојба во тој момент не можеше да претставува објект на нашата дејност. Од развојот на настаните ни се диктираше да се канализираат сите народни сили и да се насочат кон заедничката велика цел, со тоа што истовремено ќе се даде месен народен карактер на борбата според иницијативата на раководството и ќе се анулира впечатокот на надворешната вмешаност во ослободителното движење. Така, Хр. Матов и д-р Хр. Татарчев ја разбираа својата задача во Бугарија и кон тоа нивно разбирање се приближуваше и П. Тошев, макар што беше делумно резервиран. Ѓорче Петров гледаше во тоа суштествено отклонување од принципите на Организацијата кога се санкционираше минатото на тој начин. Тоа би имало лоши последици врз ослободителната кауза во иднина. Тој, штом виде дека неговиот предлог не беше прифатен, премолче без никаква реакција и престана да доаѓа веќе на нашите одделни средби. Тоа негово доброволно самоисклучување несомнено нè изненади непријатно и останавме ние четворицата: Г. Делчев, П. Тошев, Хр. Матов и д-р Хр. Татарчев, за да се занимаваме со работите на ВМРО. Определени директиви по однос на ВК не му беа дадени на Задграничното претставништво; меѓутоа, се подразбираше дека старата политика би требало да продолжи додека не се изјасни конечно прашањето за идната акција. Притоа, на нашите блиски средби, на кои редовно присуствуваше и Г. Делчев, се разменуваа најчесто мисли за идната акција без да се дојде до каков и да е заклучок. Меѓутоа, секој од нас беше на мнение дека не може да се мине без акција, како што и никој не смееше да го произнесе зборот „востание" под кошмарот на неизвесност.

XV

Политика на Задграничното претставништво на ВМРО

Односот на бугарското општество спрема борбата меѓу ВМРО и ВК * Политиката на Задграничното претставништво спрема бугарските влади * Средбата на д-р Христо Татарчев и кнезот * Задграничното претставништво и Ламсдорф * Падарските реформи и нивното дочекување од боречкото население * Растурање на врховните комитети * Џумајското востание *

Задграничното претставништво П. Тошев, Хр. Матов и д-р Хр. Татарчев се најде пред редица тешкотии, создадени од борбите меѓу претставниците на ВМРО и Врховниот комитет. Бугарското општество гледаше со тага на разидувањето среде борците за слободата на робот. Главно го интересираше самиот факт на расцепот, но не и принципиелните разлики на тој расцеп. Тоа (бугарското општество, В.Х.) го сметаше за херој и ослободител секој кој ја граба пушката, без да полага сметка за комплицираноста на делото, какво што воопшто револуционерното дело [може да биде]. Тој негов поглед на ослободителната кауза го олесни создавањето на авантуристичките средини и нивните неразумни акции во Македонија. Таа негова концепција дека целта и средството се синонимни, ја покри ропската земја со гробови на невини и многу надежни борци. Разбивањето на тој менталитет во бугарското општество, како и непријателската легенда за ВМРО и нејзините луѓе која циркулираше во него, беше една мошне тешка задача за Задграничното претставништво и тоа требаше да си го постави како должност да ја омекне, од една страна, атмосферата од борбите, а од друга – да го оттргне бугарското општество од поттикнуваниот авантуризам на ВК. Меѓутоа, добронамерниците за разбирање со ВК не престанаа да ги заобиколуваат Задграничните претставници на ВМРО. На нивните постапки, меѓутоа, тие би можеле да се однесуваат на друг начин освен негативно зашто ги знаеја од минатото сфаќањата и тенденциите на луѓето од ВК и поради тоа беа се апстрахирале од секакво разбирање стремејќи се да го осветлат бугарското општество главно преку суштината на ВМРО и задачите кои последната си ги беше поставила за постигнување на слободата на Македонија и Одринско. Таа политика нам ни се налагаше од судбоносниот момент кој го преживуваше ослободителното дело. Задграничното претставништво не можеше да се затвори во сопствената лушпа. Таков ексклузивизам, кој се поддржуваше од Ѓ. Петров, би бил оправдан во случај ВК да беше поскоро онеспособен во практичната работа отколку во вербалната политика, а во духот на предлогот од ЦМК (уште од времето на генерал Николаев) [ВК] да го претставува ВМРО надвор. Тој ексклузивизам беше, за жал, нарушен уште од почетокот на организацискиот живот кога Даме Груев требаше во 1895 г. да се сретне со министер Рачо Петров за да се информира каков однос има владата спрема отцепниците од ВК на генерал Николаев и офицерите Бозуков, Туфекчиев и браќата Иванови.

Делчев го третираше прашањето за подарените кримки преку браќата Иванови и најпосле Ѓ. Петров беше принуден да се расправа за истото прашање за пушките со министерот Иванов. Покрај тоа, Ѓ. Петров не ја имаше откажано средбата со ротмистер Морфов, човек на кнезот, ниту пак ги избегнувал бугарските општественици, кои им припаѓаа на разните партии. Со активното учество на Задграничното претставништво во конституирањето на ВК со офицери и неговото слевање со ВК, се стави крај на ексклузивизмот и се осветли принципот за релативна политика на ВМРО. Тоа беше гледиштето кое го застапуваа Хр. Матов и д-р Хр. Татарчев. По тоа важно принципиелно прашање, Делчев се искажа во смисла дека нашата политика треба да е секогаш независна, со оглед на целите на Организацијата, а Пере Тошев беше против целосната изолираност од секаква политика, но таа да биде разумна и строго доследна во достигнување на општата цел. Тоа време, министерот Данев имаше пројавено желба да се сретне со некои од новодојдените од заточение. За тоа јас бев назначен од другарите, откако претходно беа определени точките за разговорот. Средбата се случи кон средината на декември 1902 г. во 11 часот пред ручек, во домот на министерот Данев. Тукушто бев влегол во неговиот кабинет, пристигна кнезот Фердинанд и тој веднаш ме запраша за состојбата на Македонија. Откако накратко ја опишав положбата на бугарскиот народ и мотивите за создавањето на Револуционерната организација и кога јас ја споменав моралната и материјалната поткрепа на руските претставници во Македонија, која ѝ ја укажуваа тогаш на српската пропаганда, кнез Фердинанд се обрна со повишен тон кон министерот Данев: „Гледате ли, господин Данев, што прави руската дипломатија во Македонија?“ Господин Данев пребледе без да изусти ниту збор. Јас не можев да не ја почувствувам во него непријатноста и жалната состојба и колку тој беше понижен од својот господар пред моите очи. Потоа минавме кон последните настани и афери и четнички судири и јас го завршив разговорот со изјавата дека „се неминовни акции идната година. Меѓутоа, карактерот и размерот ќе им зависат од решението на внатрешноста.“ Загрижен, кнезот изусти: „Претстојат, значи важни настани. Тешка е навистина положбата на Бугарите во Турција.“ По тој збор јас го напуштив домот на министерот Данев, а кнезот остана во неговиот кабинет. Имајќи ги предвид Џумајското востание и револуционерното вриење во Македонија, од една страна, од друга – пред нечуениот сеопфатен системски терор на турската власт, руската дипломатија се виде принудена да излезе од набљудувачкиот статизам и да побара патишта за воведување ред и мир во тој крај, толку повеќе што таа се наоѓаше пред претстојниот конфликт со Јапонија на крајниот исток. Министерот за надворешни работи, гроф Ламсдорф, пристигна на 13 декември 1902 г. носејќи со себе 10.000 рубљи, подарок од рускиот цар за џумајските бегалци, со мисија главно да ги успокои Бугарија и Србија дека Русија ја презема грижата за спроведување реформи во Турција, како и да го ангажира на тој начин нивното содејствување. Тенденцијата на руската дипломатија во однос на Македонија изгледаше доста јасно дека таа ја поставуваше Србија на

истото ниво со Бугарија за македонскиот проблем. Во тоа време, пак, министерот Данев беше направил постапки преку инж. Хр. Станишев до Задграничното претставништво да формулира најминимални барања на Македонците за да му ги претстави на Ламсдорф. И тука Ѓ. Петров се постави во опозиција, како и претходно, против средбата на авторот со кнезот. При разгледување на Даневиот предлог, се истакна фактот дека ВМРО официјално води веќе две години активна борба и европскиот печат даваше редица статии за судрувањето на четите со војската и за опожарувањето села од војска и башибозук. Претставниците на Големите сили во Македонија поднесуваат исто така до своите респективни влади најтревожни извештаи за положбата на земјата и општественото мнение во Европа се залагаше за брза и ефикасна интервенција. И кога тука дојде специјално еден министер на Русија по прашањето за реформите во Турција и сакаше да го дознае барањето на востанатиот македонски народ, требаше ли неговата влада да каже: „Не можам да го сторам тоа; бидејќи Вие го знаете одамна неговото барање"; или, пак, да каже: „Не верувам во Вашите добри намери, затоа не се смета за потребно да се направи никаков предлог по тоа прашање." Зошто беше тогаш борбата со ВК, таа не се водеше од името на принципот дека македонското револуционерно дело е чисто месна рожба и дека револуционерната борба не е диктирана од надворешни побуди, туку од чисто внатрешни – за зачувување на нацијата и на нејзините културни вредности, како и за слободен развој на нејзината индивидуалност. Негативното држење на Задграничното претставништво би било тогаш совршено нелогично и неоправдано кога една од неговите задачи се состоеше да предизвика интервенција на Големите сили за разрешување на македонскиот проблем. Таа интервенција се налагаше и не можеше следствено да биде игнорирана од Задграничното претставништво, без оглед дали е таа фиктивна или, пак, реална. Најпосле, Ѓ. Петров се согласи да ја изработи заедно со Хр. Матов фамозната „Pro memoria" за Ламсдорф, која беше поднесена во руското претставништво од Хр. Матов и д-р Хр. Татарчев. Ламсдорф откако ја прими таа „Pro memoria", им даде свој совет, кој се сведува на двата збора „patience et prudence". Тој совет немаше никаква вредност за ВМРО, а уште помалку кога се изнесе на видело измудрениот падарски проект за реформи во Турција, со неговото директно учество во Виена. На 8 февруари 1903 г. тој фамозен проект беше соопштен на турската влада, кој ги содржеше следните три точки: реорганизирање на полицијата и жандармеријата со европски офицери, одделен буџет за трите вилаети и христијани полјаци во христијанските села. Тие реформи не можеа да го задоволат воопшто востанатото население, и покрај тоа што се правеше алузија за раширување на тие реформи од руската влада. Од искуство и набљудување населението ја знаеше цената на тие ветувања и затоа уште од денот на нивното публикување во него настапи песимизам за нивната ефективност бидејќи тоа не ги гледаше во реформите нужните елементи за создавање ред, закон и слобода во тие вилаети. Населението, безнадежно од експериментите на австро-руската дипломатија, се увери за последен пат дека треба да се избори за

слободата на својата родна земја со својата крв и со опожарувањето на своите живеалишта. При такви услови, револуционерното движење, против кое толку се беше настроила руската дипломатија, не можеше да биде запрено и се рашири по силата на настаните со ретка стихијност во целата земја. Кабинетот на г-дин Данев, кој беше најпредаден и ревносен исполнувач на желбите и волјата на руската дипломатија, се обиде да појави манир на државничка мудрост и остроумност со растурањето на двата врховни комитети на 31 јануари 1903 г., а нивните шефови ги интернира, имено, генерал Цончев во Дреново, Хр. Станишев во Севлиево и малку подоцна, во февруари, претставникот на ВМРО, Ѓ. Петров, во Казанлак. Таа мерка не ги засегна П. Тошев, Хр. Матов и д-р Хр. Татарчев, со оглед на тоа што тројцата не беа уште излезени јавно како Задгранични претставници на ВМРО. Господин Данев тогаш се покажа колку верен и непоколеблив државник во концепцијата на тоа извесно државно-политичко прашање, толку и лишен од граѓанска доблест, достоинство и карактер на умен и смел државник во судбоносниот момент кога требаше да го спречи фаталниот експеримент со Цумајското востание, организирано пред нос од својот колега министер Паприков, доверливо лице на кнезот Фердинанд. Со тој експеримент ѝ се создадоа, од една страна, не само големи тешкотии на бугарската дипломатија, туку, од друга страна, ѝ се одзедоа сите правни и морални претпоставки за ефикасна заштита на ослободителната кауза. Тоа ги исфорсира настаните на со години подготвуваното сеопфатно востание, со истовремено потценување на неговата смисла и значење пред просветниот свет и европската дипломатија. Внатрешната македонска револуционерна организација имајќи ги предвид специфичните услови во кои таа изникна, ја изградуваше, генерално, борбата врз чисто месни основи и идеологијата што произлегуваше од неа, таа се стремеше револуционерното движење да ги црпи главно своите ресурси и импулс во внатрешноста и да ги има сите неопходни елементи за независно и самостојно народно дело. Што се однесува, пак, за моралната и материјалната поткрепа која би ја укажал слободниот бугарски народ и неговата влада, ВМРО мислеше дека таа поткрепа би била мошне природна и неоспорлива ниту од европската дипломатија, ниту од заинтересираните соседни држави, ако се извршеше во време и простор во хармонија со принципите на ВМРО.

XVI

Советувањата на видните дејци на ВМРО кои се наоѓаа во Софија по прашањето за востанието

Ефектот од Цумајското востание * Двете струи во раководните сили на ВМРО * Солунското решение * Советувањата во Софија околу востанието * Двете гледишта: Ѓ. Петров и Г. Делчев, од една страна, а од друга – Хр. Матов и д-р Хр. Татарчев * Прифаќање на идејата за општи четнички офанзивни дејствија * Последната вечер на Делчев кај д-р Хр. Татарчев * Заминување на Делчев во внатрешноста * Пристигнувањето на Ив. Гарванов во Софија * Средбата на 7-те чети од Серскиот округ во Али Ботуш * Делчевиот атентат кај Ангиста * Неговото прескокнување до Солун * Неговата средба со Д. Груев * Неговата смрт во с. Баница *

Цумајското востание на генерал Цончев им нанесе ненадоместлив штетен удар на суштината и тактиката на ВМРО и ја постави предвремено пред свршен чин компромитирајќи го нејзиниот план, поради што Задграничното претставништво и раководните сили, кои се наоѓаа во Бугарија, се најдоа во крајно вознемирена психичка состојба, од една страна, од ефектот на востанието, а од друга – поради создадената критична состојба од востанието низ целата земја. Револуционерното дело беше веќе излегло од скривалиштето и врвеше по својот динамизам, како резултат на што се налагаше нова ориентација во тактиката и методите на Револуционерната организација. Секој од нас го чувствуваше тоа и никој не смееше да каже нешто конкретно – да се прејде кон реорганизација на делото или, пак, да се преземе активно учество бидејќи и двете подеднакво ја засегнуваа неговата суштина. Реорганизацијата беше исклучена поради неодржливоста на положбата, предизвикана од последните настани на турските власти. Активноста, пак, го нарушуваше нашето интимно верување кое го симболиризираше крајот на борбата. Зборот акција се тркалаше во устата на секој, како единствен излез од таа положба и кога требаше да се определи таа акција, секој од нас под кошмарот на неизвесностите гледаше некако да ја одмине за да не падне тежината на одговорноста врз неговата совест. Во нивните интимни средби за тоа се оцртуваа две спротивни сфаќања, врз чија почва се образуваа две течениja. Едното од нив беше она што требаше да ја одбрани со оружје најпредадено и самопожртвувано каузата на ВМРО од оваа страна на Вардар, против усилбите на ВК и поттикнување на населението кон востание поради што имаше дадено непроценливи жртви. Тоа го сметаше прашањето со ВК уште незавршено, ниту пак беа погодни за акција постраданите реони од Цумајското востание. Другото течение, кое беше застапувано отаде Вардар, се држеше, напротив, за акциите како факт наложен по силата на околностите и тоа прашање остануваше да се реши заедно со внатрешноста. И кога се разменуваа мисли за општата состојба во земјата и идната дејност на другарските средби, до Задграничното претставништво пристигна едно окружно [писмо] од ЦМК со датум 24 декември 1902 г., испратено до окружните и

околиските комитети, со кое се свикуваа делегати на конгрес во Солун за да се разменат мисли во однос на положбата на земјата и соодветните мерки кои треба да се преземат. Покрај тоа, се оцени уште и дека положбата е неиздржлива, особено во Југозападна Македонија, а истовремено беше поканет Г. Делчев да присуствува на конгресот што требаше да се одржи во првите денови на јануари 1903 г. Дискусиите за положбата во Македонија и за идната дејност на Организацијата не беа уште завршени кога пристигна друго соопштение до Задграничното претставништво дека конгресот се одржал на 2 јануари 1903 г. и веќе било донесено решение за востание. По тој повод, Задграничното претставништво свика собрание, на кое присуствуваа Г. Делчев, Пере Тошев, Ѓорче Петров, д-р Хр. Татарчев, М. Герџиков, Б. Сарафов, Сл. Ковачев, В'лчо Антонов, Ив. Хаџиниколов, Туше Делиивanов, Кирил Прличев, Хр. Силјанов, Д. Стефанов, Никола Наумов и др. Тука се прочита извештајот, кој штотуку беше пристигнат, за донесеното решение за востание на Солунскиот конгрес. Незадоволството, да не кажеме огорченоста, од тоа соопштение беше мошне нормално. Целото собрание остана вчудовидено од тоа решение на ЦМК и на битолчани за востание, пред сè, зашто зборот „востание" циркулираше насред широките маси од моментот на несреќното Џумајско движење и откако ЦМК имаше наредено да се приберат работниците од странство во родните места. Меѓутоа, никој не помислуваше дека ќе се пристапи така лекомислено кон решение за такво судбоносно прашање, кое ги ангажираше минатото и иднината на едно дело, платено со тешки морални и материјални народни жртви и што тоа кардинално прашање можеше да се решава главно од луѓе кои за тоа требаше да имаат морална и правна одговорност, [но тие си зеле за] право да се произнесат, [без разлика] колку и да им биле оправдани мотивите. Но, и од формална гледна точка, постапката на ЦМК беше наполно незаконска, во однос на духот на статутите на Организацијата, зашто во случајот таа му ја одземаше возможноста дури и на Задграничното претставништво, кое претставуваше неодвоив дел од ЦМК, да го искаже своето мнение по тоа прашање. ЦМК не дочека да се произнесат усно или писмено многу нелегални и легални дејци кои тоа време не беа во своите реони. Г. Делчев навистина беше викнат со окружното [писмо] од 24 декември 1902 г. да се јави на 2 јануари 1903 г. на конгрес во Солун, но времето беше толку кратко што во никој случај не беше замисливо неговото присуство на конгресот. Таа избрзаност на ЦМК за тоа толку, природно, животно важно прашање, им даваше полно право на сите да се сомневаат во искреноста за причините на ЦМК; негодувањето, при читањето на извештајот беше наполно оправдано бидејќи [ЦМК] прејудицираше еден акт од десетгодишна тешка непрекината дејност, со кој се олицетворуваше слободата на Македонија и Одринско. Имено, во таква атмосфера, Задграничното претставништво требаше да го постави на разгледување прашањето за востание; тоа не можеше, меѓутоа, да ја сокрие својата душевна тага од фактот што нему, како и на присутните, им се наложуваше да потврдат една наложена неповратна пресуда против

нивните разбирања и совест. При разгледувањето на прашањето за востание кај нас возникна мислата за акција, но толкувањето се јави во двојна формула. Различноста се состоеше во определувањето на видот на акциите. И едното и другото толкување беа синонимни разбирајќи ја акцијата како средство за предизвикување интервенција на Големите сили за применувањето на чл. 23 од Берлинскиот конгрес. Разлика имаше само во дефинирањето на акцијата и тоа беше повеќе од формален отколку од практичен карактер – акцијата да биде многукратна и офанзивна или, пак, да се изрази во востание. Тезата за офанзивните акции ја застапуваа Г. Делчев, Ѓ. Петров и сите оние што се бореа со оружје против врховистичката инвазија на пограничните места со Бугарија. Таа теза беше речиси истата, која се практикуваше веќе една година и повеќе во внатрешноста, само што иницијативата произлегуваше од турска страна. Тезата за востание, пак, беше поддржувана од Задграничните претставници Хр. Матов и д-р Хр. Татарчев, кои го поткрепуваа солунското решение – посебно неизбежноста од акции, какви и да се тие, како резултат на веќе постојниот развој на настаните. П. Тошев се држеше како набљудувач. Тоа поведение на Задграничните претставници им се диктираше од логиката на фактите. Акцијата, каква си ја замислуваа Делчев и Ѓ. Петров, не беше ништо друго за нив освен синоним за востание; дури да не беше таква, повторно ќе се претвореше во востание бидејќи револуционерната конструкција беше веќе изградена според тој систем. Факти за тоа изобилуваа последните години од животот на Организацијата. Таква офанзивна акција претставуваше Џумајското востание на генерал Цончев, кое исфрли 2000 несреќници во Бугарија. Последиците од офанзивните акции не би биле помалку разорни за населението, од друга страна, бидејќи повеќето луѓе веќе беа заплеткани во револуционерната мрежа и знаеја дека без разлика дали се активни или неактивни работници, ќе ја предизвикаа на ист начин турската одмазда, затоа едни фаќаа планина, а други бегаа во Бугарија, со што акцијата доби таков генерален карактер. Независно од тоа, поимот „востание“ за творците на конспирацијата не беше идеал, туку средство, само облечено во пластична форма, со што широките маси би имале појасна претстава и не го сочинуваше принципот на револуционерната борба, туку еден жив, подвижен перманентен еволутивен народен полет кон ревендикација на слободата. Тие го зедоа терминот „востание“ од животот и историјата на поробените народи зашто тој беше веќе извојувал право на аксиома и ако тие настојуваа да се вика формата на акцијата „востание“, го имаа предвид главно ефектот пред општеството и дипломатијата. Обичната акција била отсекогаш потценувана и сметана како дело на крајни субјективисти идеалисти барајќи ефекти во романтични подвизи; кога, напротив, на востанието му се оддавало отсекогаш значење како резултат на вистински потреби и очајување на еден народ, принуден да прибегне кон таква крајност. Застапниците на тезата „востание“ не се самозалажуваа никогаш дека може да се организира некогаш едно масовно народно оружено востание, како што се тврдеше од спротивната струја. Масовното народно

вооружување го сочинуваше најважниот објект на конспирацијата и беше во зависност од истиот закон, кој ѝ го обуслови развојот. Револуционерниот процес врвел, како и историскиот, не по права линија, туку по парабола – еволуција и инволуција. Тоа се виде јасно од нашата десетгодишна револуционерна дејност; како се развивале реоните кои, кога потпаднаа под удар на турската власт, биле оттргнувани долго време од активност, други, пак, кои биле подоцна осознаени, доаѓале да ги заменат. Следствено, идеалната масовна оружена подготовка при такви услови би била само желба, но не и реалност. Навистина, вооружувањето не беше доволно, но неговото зголемување при создадената база од честите судири на четите со војската, како и будноста и мерките преземани од властите, би биле не само проблематични, туку и врзани со ризик да не биде одземено и тоа [оружје] кое беше расположливо. Во таква ситуација не би се постигнало никогаш ниту еднакво, ниту пак задоволително револуционизирање на широките маси и нивното вооружување по сите околии. Тоа беше, впрочем, законот кој доминирал и доминира во животот на колективитетот. Таа вистина беше разбрана од мнозинството, увидена од фактот дека акциите се откажуваа само од единици кога сите тоа го сметаа за неизбежно. Прашањето кое создаваше тешкотии и ги раздвојуваше мненијата се однесуваше на карактерот на акциите и од каков тип да биде тој во пракса. Поддржувачите на тезата „офанзивни акции" велеа да се минува во напад, без да се дава карактер на востание. Таквите, пак, акции, според заштитниците на тезата „востание", беа фактички неостварливи зашто секој што имаше оружје кога ќе разбере дека има општи акции, би ја грабнал пушката и ако не бил веќе прибран во четите, ќе избегаше во планината, така што би се формирале одделни групи кои би почнале да дејствуваат на своја глава, а на тој начин борбата би била изместена од својата база со создавање анархија во неа. Во таков случај, никаква наредба не би била во состојба да ги задржи во селото да седат мирни кога секој знаеше што го очекува од турската власт. А, колку потешко тоа би било за оние што ја имаа напуштено работата и беа дојдени од странство за востанието. Акциите, следствено, ќе беа без план и ќе се сметаа, и покрај нашата желба пред светот и дипломатијата, како востание. Никој немаше да ја протолкува акцијата во теоретска смисла, како што се претпоставуваше од поддржувачите на тезата за офанзивни акции и секој би ја разбрал како востание. Опасноста, која се истакнуваше од таа струја се состоеше во тоа што ако акцијата носеше карактер на востание, тоа би се сфатило како ликвидација на борбата засекогаш. Тоа тврдење, ни се чини, беше сосема неосновано бидејќи никогаш не се агитирало дека востанието ќе биде крајот на борбата. Аферите не го погребаа револуционерното дело, туку создадоа силни борбени карактери. Уништувањето на некои чети не го намали ни најмалку еланот на работниците да пристапуваат во четите. Револуционерното дело неоспорно би настрадало почувствително по едно востание во многу околии отколку како последица на Виничката, Солунската и др. афери, но би биле зачувани пак некои катчиња од каде би можело да се шири идејата за слобода. Тогаш борбата би го изгубила

својот интензитет, но не и својата перманентност. И ако второто течение инсистираше на масовна народна акција – востание, се мислеше дека веројатноста би била поголема за интервенција при едно, макар и минијатурно востание, отколку при обичните четнички напади. За правичноста на тоа сфаќање имавме доволно претпоставки од минатото. Виничката афера го раздвижи дипломатскиот механизам. Џумајското востание, колку и да беше фатално за ВМРО, го доведе Ламсдорф во Софија и Мирцштегските реформи (веројатно Татарчев мислел на „падарските реформи", забелешка на В.Х.). Тие незначителни резултати не би се добиле, ако немало масовно раздвижување, било пасивно или активно. А, колку за моментот на акциите во однос на востанието, тој момент беше извлечен за жал од власта на ВМРО уште со нафрлувањето на врховистичките чети во внатрешноста, чија заслуга ја имаше ВК – Цончев. Одлагање на акциите, т.е. востанието, како што се настојуваше од некои кои учествувале во борбата со врховистите, со цел ВМРО да се справи со врховизмот, дури да се подготват разрушените реони од Џумајското востание - не зависеше веќе од раководителите на револуционерното дело бидејќи народната свест беше збунета од дејствијата на ВК и тој народ се наоѓаше во борба со себе си и не знаеше кого да слуша – дали старите раководители, со кои споделуваше еднаков ризик за делото или, пак, врховистичките апостоли, кои му сугерираа дека Бугарија со 200.000 бајонети ќе ја преземе ослободителната кауза. Тоа одлагање се покажа опасно и од друга страна – да не пропаднат минатогодишниот труд и жртвите без да бидат исползувани за целта, дотолку повеќе што турската власт, поради загрозувачката опасност од оружен бунт против режимот, го подложила населението на непрестан терор. Населението живееше, воопшто, под неиздржлива напнатост и возбуда како последица на тој терор и една неактивност ќе му донесеше целосна деморализација и опаѓање на духот и верата. Поради таа грда реалност, поддржувачите на солунското решение не можеа да не преземат мерки. Тие и да беа привремено изолирани од македонската реалност, беа нераскинливо поврзани по чувства и разбирање со раководителите, кои останале внатре да го продолжат своето дело и не можеа, следствено, да не бидат верни толкувачи во тој судбоносен и историски момент без да внесат каква и да е лична тенденција. Главниот идеолог на тезата за офанзивни акции беше Ѓ. Петров, кој наоѓаше „дека сенародно востание е невозможно зашто народот не е доволно револуционизиран, ниту вооружен за тоа. Последиците од востанието од оваа страна на Вардар ќе се повторат, како и оние од 1895 г., а тоа ќе биде против основниот принцип на ВМРО. Дури не треба да се плашиме ако една околија, која е подготвена, го предаде оружјето. Востанието е моќно средство само додека е идеал, стане ли тоа реалност, тогаш ние се лишуваме засекогаш од најефикасното плашило." Ѓ. Петров беше за делумна активност на четите од целата земја. Таа тактика би ја внела земјата во непрекината борба, како кога четите отворено ги напаѓаат турските разбојнички банди и ги казнуваат лошите полицајци, кехаите и др. штетни луѓе. Таа апологија на Ѓ. Петров беше изградена на априорни и дедуктивни

претпоставки. „Востанието е моќно средство додека е идеал, а до реализирањето на тој идеал, тоа ќе биде најефикасно плашило." Излегувајќи априори од тој принцип, нему му недостасува, неоспорно, логичка врска. Таа дедукција беше и определба на нешто што постои надвор од реалноста, чист спиритуализам. Аргументите [на Ѓорче] му беа апстрактни, преземени од метафизиката, но не од животот и реалноста. Поради тоа, тој беше во дисонанса со суштината на Организацијата и со нејзините претпоставки. Неговата убеденост беше прифатлива во рамките на една теоретска шпекулација, но таа остана само како метафизичка суштина, кога Ѓ. Петров се обиде да ја примени таа шпекулативна доктрина во практика. Неговата апологија ја изгуби, пак, онаа вредност на шпекулативната кохерентност. Тој призна дека револуционерниот процес се развива по параболата подем и опаѓање – оружјето во едни реони ќе пропаѓа, а во други ќе се набавува. И така турските складови ќе ги полниме постојано со оружје, било поради недоволно револуционизирање на населението за да се служи со него, било поради забраната да го користи бидејќи другите реони не биле доволно вооружени. Идеалот за сенародно востание беше, следствено, според тоа Ѓорчево тврдење, една илузија без некогаш да можеме да се приближиме кон неа. Бидејќи од оваа страна на Вардар народот не бил готов за акција, тврдеше Ѓорче Петров, ако се јави движење отаде Вардар, тогаш повторно востанието од оваа страна на Вардар би заличило на она од 1895 г. и за да не се компромитира целото движење, како иницирано од надвор, требало да се чека и подготовката на населението од оваа страна на Вардар. Можело ли некогаш да се избегне тоа сомневање за од оваа страна на Вардар, дури кога населението би се вооружило со сопствени средства и би ја изнело борбата со своја иницијатива и сили. При такво воспоставување апсолутна зависност на еден крај со друг, како што претпоставуваше Ѓ. Петров, би се дошло до вечна инерција. Од Ѓ. Петров се предлагаше уште и нова тактика за напаѓање од [страна на] градските работници во однос на четите на бејските кули, турските чети и злосторници во градовите, како и во селата. Таа тактика за конспирацијата не беше нова, туку се применуваше уште од 1898 г., благодарение на што престанаа насилствата и злоделата и искористувањето на трудот на работниот народ од спахиите, кехаите и др. И ако задачата на конспирацијата беше реално толку ограничена, според тоа сфаќање на Ѓ. Петров, зошто тогаш би имал потреба од револуционизирање на населението кога би се постигнала истата таа цел со врбување и дејствија на одделни личности од народот, на мафиите од целата земја? Населението немаше да биде изложено на толку маки, страдања и жртви и конспирацијата би била помалку чувствителна, на пример, како нихилистичката организација во Русија. Револуционизирањето на широките маси, од кое се состоеше суштината – основниот принцип на конспирацијата, беше прифатено главно во поглед на перманентноста на борбата. Се мислеше дека кога ќе се посее добро револуционерно семе, борбата, било да минува низ деструктивни или потикнувачки фази, нема да престане да биде стимулирана од истиот идеал кој лежи во нејзините основи, се разбира, додека угнетувачкиот

режим продолжува. Исто така, не се правело никогаш илузија дека едно востание би го решило проблемот на слободата. Востанијата на островот Крит беа пред нашите очи и колку пати биле подигнувани масовни движења без да се постигне саканата слобода? Веројатноста за и против не била никогаш игнорирана од ВМРО. Земјоделецот, ако се плаши од лош род, не би фрлил ниту зрно семе во земјата. Борецот за слобода смета на веројатноста толку колку и земјоделецот. Не би требало да се нарекува акцијата „востание" зашто ќе сме се лишеле од едно најефикасно плашило. Голема наивност би било да се претпоставува дека Турција, која би се домогнала до сите нишки на конспирацијата, не би умеела да измудри контрамерки за да се справи со таа опасност – востанието. Таа знаеше каде се наоѓа плашилото – не во востанието, туку во сознанието на народот и неговата економска положба и затоа таа ги имаше насочено сите напори против црковно-училишното дело и стопанскиот живот на нашиот народ. Офанзивните акции, како што се претпоставуваше, не беа прецизирани; се велеше само дека четите ќе минат во офанзивни акции, без да биде определен нивниот размер, ниту карактер, како што беа во периодот на агитацијата или зголемени сообразно со расположливото оружје во секоја околија или, пак, во поглед на нивните предодредени задачи. Се мислеше дека на тој начин населението ќе биде помалку изложено на опасност и при тоа идеалот „востание" ќе беше запазен во имагинацијата на населението и ќе служеше понатаму за плашило пред Турција. Таа теоретска хипотеза ги имаше предвид само нашите желби, но таа не водеше сметка ниту за намерите и дејствијата на Високата порта, ниту за фактите. Последиците од офанзивните акции немаше да бидат во никој случај помалку важни од оние на случајните пресметки на четите скриени во селата. И ако уништувањето на селата со артилерија и опожарувања (како во с. Коњско, 13 февруари 1903 г., с. Ербино, Охридско, 15 март 1903 г.; с. Избишта, Ресенско, 18 март 1903 г. и др.) станаа поради случајните судири на четите со турските воени потери, не беше воопшто тешко да се претпостават последиците од преминувањето на четите во офанзивни акции ако, на пример, почнеше да се опожаруваат бејските кули, да се нападнат официјалните турски злосторници на народот и др. Населението знаеше од искуство што го очекува во местата на акциите и ќе побараше веднаш, и покрај нашите убедувања, спас во горите и соседните мирни реони. Офанзивните акции, колку и да би биле незначителни, како заеднички би имале резултат во раздвижување на населението, кое би било општо насекаде, и тоа би имало вид на оформено востание, околност, што впрочем се признаваше од приврзаниците на идејата за офанзивни акции; но тие мислеа, за да се зачува надворешноста на акциите, требало да не се нарекуваат „востание", туку офанзивни акции. Таа логика доминираше кај нив, против која се водеше борбата од спротивната страна, која држеше до морално-политичкиот ефект на акциите пред надворешниот свет. Од друга страна, се тврдеше, дека консеквенциите би биле и во едниот и во другиот случај истите, било во однос на потресот на револуционерното дело, било во однос на несреќите што би го стасале населението. Меѓутоа, веројатноста

за странска интервенција би била помала, според нас, при офанзивните акции, отколку при востанието. Г. Делчев ја поддржуваше исто тезата за офанзивни акции, кога велеше „востанието да биде зачувано како далечна и последна резерва; нашата пушка треба да остане докрај полна", посочувајќи го примерот на Ерменците. Тој тврдеше уште, дека „би било престапно да се ослободува народот преку пожари, касапници и др." Притоа тој ја споделуваше теоријата на Михаил Герциков за терористички акции против европските капиталистички претпријатија: железници, банки и др. Огнен привржаник на таа тактика беше и В'лчо Антонов. Терористичките акции најдоа одзив во Делчевата душа и неговите сфаќања под впечаток на маките и страдањата кои ги доживуваше народот, од една страна, за време на револуционерната дејност, а од друга – за време на врховистичките неразумни наезди во соседните краеви на Бугарија, дури и во Битолскиот вилает. Џумајското движење, пак, ја достигна апогејата на безумието, кое го уништи не само револуционерното дело, туку ги засегна, покрај физичките страдања на народот, и братското чувство и сознание. Делчев, кој што беше секојдневно во контакт со народот, гледаше дека целата тежина на ослободителната кауза ќе легне исклучиво врз плеќите на народот и под притисокот на тоа чувство тој сакаше да го олесни некако тој [притисок врз народот], како последица на што во него се јави борба помеѓу неговите стари концепции и идеи и новите, добиени од непосредното набљудување, како и од странската литература за правната слобода на човекот, принципи застапувани од екстремни течења. Тој пресврт имаше настапено во неговите сфаќања по завршувањето на неговата ревизија во Битолскиот вилает. Тој го напушти со ентузијазам тој крај и беше окрилен со силна вера за делото. Положбата во пограничните места со Бугарија, создадена од врховистичките акции и во другите места на земјата, како и однесувањето на голем дел од бугарскиот народ спрема ослободителното дело ја разнебитија неговата душа и создадоа во него колебања во однос на целесообразноста на постојните директиви на Организацијата, но тој го забораваше фактот дека терористичките акции се несомнено ефикасни во културно просветените држави, каде што експлозијата на бомбите ја огорчува народната свест и тие причинуваат не само штети на одделни лица и корпорации, туку уште го засегаат престижот и авторитетот на државата. Тие наоѓаат најчесто сочувствување и поткрепа среде голем дел од нацијата бидејќи целта им била секогаш високоблагородна и полезна за националната кауза. Таква една состојба не би можела природно да се толерира долго време од културните народи и поради тоа тие акции биле често ефективни. Но, што да кажеме за нивниот ефект во турската држава, каде што тие акции биле секогаш најфатални за нацијата! При ерменските атентати во Цариград паднаа безброј невини Ерменци од разјарените турски толпи, подгреани од власта, кога ниту еден Турчин не падна жртва од невешто изведените експлозии. Големите сили, пред чии очи се изврши таа вандалска касапница на стотици невини човечки жртви, се држеа сосема пасивно за да не се санкционира анархистичкиот принцип во борбите на народите за

извојување на нивната слобода. Прогонување и казнување луѓе, невини во ментална или физичка смисла, не би се допуштило никогаш во културни средини.

Меѓутоа, тврдењето дека со заплашување странскиот капитал во турски претпријатија ќе ги принуди Големите сили да интервенираат за создавање ред, законитост и слобода во земјата, е погрешно бидејќи се испушта од предвид дека штетите кои им се причиниле на странските претпријатија и на странските државјани беа секогаш покривани од државата. Политичките тешкотии на Турција во тие случаи беа умесно искористени од странскиот капитал под форма на концесии. Турската власт никогаш не мислела за работниот христијански народ врз чиј грб живееше власта и правоверниот муслиман, ниту пак таа помислила за напредокот и благосостојбата на државата.

И покрај тоа, Делчев инсистираше на терористички акции, не ја беше разрешил во себе алтернативата дали воопшто би ги намалил ризиците и страдањата на народот ако тие се усвојат како систем во револуционерното дело. Таа мисла го интересирала најмногу во последно време, но тој не го игнорираше нивното дејство пред просветениот свет и европската дипломатија. Терористичките акции, кои дотогаш [на Делчев] му беа туѓи, како и на основачите на конспирацијата, се сметаа за полезни само како дополнување кон општото дејствување. Затоа, Делчев најпрвин сакаше да го види нивниот ефект, та после да помисли за нивното воведување во револуционерната дејност, ако тоа се смета за додатна мерка, но со помалку жртви од народот и ако притоа борбата се покаже поефикасна и со постојан карактер. Бидејќи тоа беше негова лична идеја, не можеше да биде објект на дискусија на заедничкото заседание и за неа се разменуваа мисли само за време на личните средби. По долги дебати за претстојните акции, најпосле се прифати од сите едногласно идната акција да се состои од четнички напади, придружени истовремено и со терористички акции, и на тој начин се воспостави усогласување помеѓу двете течениј а. Ѓ. Петров и Хр. Матов беа задолжени од собранието да состават еден исцрпен реферат до ЦМК, кој од своја страна треба да го препрати до окружните и околиските комитети, како што следствено требаше да дејствува во таа смисла пред нив, за идните акции да бидат координирани според посочената директива во рефератот. Тој реферат, потпишан од Ѓ. Петров и Хр. Матов, беше испратен до ЦМК. По тоа прашање, како и по тековните прашања, Хр. Матов водеше кореспонденција со ЦМК. Понекогаш пишуваше П. Тошев до свои пријатели по прашањата кои му ги поставуваа во однос на тој проблем. Г. Делчев се согласи да слезе до Солун за да ги убеди таму другарите за прифаќање на директивите изработени во заеднички дух на софиските советувања и за да се одложат акциите колку што е можно подоцна. Но, за да има неговиот збор поголема тежина во однос на директивата прифатена за време на софиските средби, Делчев имаше замислено да изврши пред тоа некоја терористичка акција на железничката линија Солун-Дедеагач; М . Герџиков, пак, од своја страна – во Одринско. Пред

заминувањето на Делчев во внатрешноста, на 6 јануари 1903 г., беа на вечера кај мене тој, П. Тошев и Хр. Матов, при што седевме до полноќ и рано изутрина, на 7 јануари, Делчев тргна за Самоков и оттаму за Разлошко, придружен од П. Тошев до Самоков. На таа последна средба се расправаше главно за претстојната дејност во внатрешноста и во Кнежевството. По однос на политиката на Задграничното претставништво во Кнежевството, тој беше се изјаснил од поодамна: „Правете го она што е полезно за делото", но кога стана збор за ВК во лицето на генерал Цончев, тој ја измени веднаш физиономијата – се зацрвени, а потоа и побледе. Во тој момент, во него се забележуваше силно душевно бранување од тешка депресивна криза поради чувството на должност и одговорност. Тој се бореше со себе, дали да се препушти на разумот или, пак, на чувствата. Цончев беше виновникот за несреќите на безброј луѓе и тој го одврати револуционерното дело од неговиот нормален историски развој. Тој требаше, следствено, да ја добие потребната казна според законите на Организацијата и ако за многу помалку вредни дејства причинувани на делото не се прошт еваше никому, дотолку повеќе тоа се налагаше за еден човек како генерал Цончев, кој без оглед на опомените и на конгресното решение, донесено при неговото избирање во ВК, ја изврши таа престапна и толку штетна акција спрема револуционерното дело. Така расудуваа сите оние што ги одбиваа врховистичките удари против Внатрешната организација. Таа нивна логика му тежеше најмногу на совеста на Делчев, кој се чувствуваше морално ангажиран пред оние со кои тој ја води борбата против ВК и пред неговите очи тој акт се беше оцртал во најцрни слики, колку и да беше справедлив и законски. И така, тој беше душевно скршен, од една страна, поради фактот на неисполнет долг, како и поради избрзаното солунско решение, нешто што не го скри пред нас, а од друга страна, мислата да организира крупна терористичка акција, која ја измачуваше неговата душа, го разведруваше делумно неговиот депресивен дух. Тој се појави при разделбата во онаа моќна поза на нескршлива волја и вера, својствени на неговата природа, како секогаш кога пред него се испречуваа тешки задачи при нивното исполнување.

Г. Делчев веќе беше заминал за Разлошко да договори средба со раководните сили на Серскиот округ со разменување мисли во однос на солунското решение и она, усвоено на софиското заседание во тесен круг од дејци на револуционерното дело, а потоа требаше да скокне до Солун. Тоа време, околу средината на јануари 1903 г., пристигнаа во Софија Ив. Гарванов и Велко Думев, првиот од ЦМК, вториот од Одринско, за да им ги објаснат мотивите на легалните и нелегалните дејци на ВМРО, кои се наоѓаа во Софија и кои го принудија ЦМК да свика конгрес и да го донесе решението за востание. Тие ја разбираа наполно големата одговорност која ја имаа прифатено, без една сестрана проценка за внатрешните и надворешните услови за таков еден судбоносен народен акт – прашање кое воопшто не беше само од нивна компетентност и затоа тие бараа морална поткрепа од дејците кои се наоѓаа во Бугарија, кои беа наполно игнорирани при донесувањето на решението за востание. Во однос на тоа

решение, исто така и многу раководни сили од Битолскиот вилает не беа запрашани од окружниот комитет, ниту пак бил свикан окружниот комитет за тој повод, како што се заповедаше тогаш од статутите на конспирацијата. А. Лозанчев, кој го претставуваше Битолскиот вилает на Солунскиот конгрес, решавал таму врз основа на рапортите на одделни околии, во кои била потцртувана положбата како неиздржлива и опасна, за да не биде прибрано оружјето од властите. Решението за востание според Ив. Гарванов, било наложено од последните настани во земјата. Битолскиот вилает, рекол тој, дали било решено или не, ќе дигнел востание. Чернопеев од Струмичко и Славчо Ковачев од Штипско реферирале дека ако не се преземело нешто преку летото, оружјето ќе било прибрано и др. ЦМК ја имал предвид таа состојба и бил принуден да свика конгрес, на кој сите делегати се изјасниле едногласно за востание и во тој дух ЦМК се поставил спрема окружните и околиските комитети. Решението за востание, според Гарванов, било неповратно, по што тоа било пропагирано насекаде и работниците веќе се биле прибрале од странство по родните места. Во таква состојба не му преостануваше ништо друго на Задграничното претставништво освен да му го препорача на Ив. Гарванов софиското решение за претстојните акции, кое беше испратено до ЦМК и да настојува пред него да се издејствува неговото одложување, колку што е можно за подоцна, зашто се имаше предвид не само потребата за подготовка на Организацијата за претстојните дејствија, туку уште и од причина што Бугарија, макар што ѝ беше позната актелноста на македонскиот проблем и дека ѝ претстоеше извршување на една голема историска мисија, не беше подготвена материјално да ги поткрепи напорите на боречкиот бугарски народ за слобода. Таа само што порачала некои најнеопходни нешта за нејзините празни воени складови и допрва ќе ги добиела. Во врска со датумот на востанието, ќе се решело подоцна, како што тврдеше Гарванов, меѓутоа имало мнение да се почне во мај. Важно беше, впрочем, да се истера главно принципот за востание, а во однос на формата како да се изврши, велеше тој, „тоа ќе биде објект на специјално разгледување од компетентни боеви сили за тоа". Не се пропушти можноста од Задграничното претставништво да му се истакне пристрастноста, нетактичноста и незаконитоста во однос на свикувањето на конгресот и донесеното решение за востание, како последица на што беше предизвикано разидување на силите во Организацијата – околност која не би можела да не се одрази лошо врз натамошните идни акции. Тој ја оправдуваше итноста за свикување на конгресот со општата состојба во земјата, влошена од врховистичките чети и последното востание, како и од честите судрувања на организациските чети со војската. Но, од сето тоа изгледаше дека му недостасувал потребниот авторитет на ЦМК, како и доволното искуство за да се справи со тешкотиите од создадената тешка положба во целата земја. Освен тоа, Гарванов, по природа сентиментален, беше се оддал делумно на влијанијата од страна. Тој го виде нашето општо расположение во Софија, нашите лични мислења, ги слушна исто така нашите усни образложенија за нашето донесено решение, кое посочуваше каква треба да биде тактиката на замислените акции и затоа

тој замина за Солун со длабока вера дека ќе стори сè што е во негова моќ во духот на софиското решение при изработување на планот на општите дејствија, а исто така дека ќе се вложат сите напори за делумно да се обезбеди оружје за оние места каде што им недостасувало тоа.

Штом пристигнал Делчев во Банско, најпрвин примил извештај од околиското управно тело и после започнал средби со граѓаните. Тој тука не проповедал, туку се исповедал себеси пред нив [во стил на] онаа религија со која верувал дека ќе се постигне слободата на Македонија. Оттука, тој се спуштил по течението на реката Места за Неврокоп и откако го ислушал рапортот на околиското управно тело, меѓу кои бил и Васил Пасков, слегол во Демирхисарско, каде што била определена средбата на четите од Серскиот округ. Таа се случила во првите денови на февруари 1903 г. и се собрале на Алиботуш во с. Крчово седумте чети на Јане Сандански (Разлошко), Илија Крчовалијата (Демирхисарско), Георги Радев (Серско), Атанас Тешовалијата (Неврокопско), Гуштанов (Драмско), за да ја разгледаат актуелната состојба во земјата, како и да се произнесат по солунското решение за востание и она на софиското заседание – за сеопшти офанзивни акции. На таа средба не било донесено конечно решение и се останало на мнение Делчев да се види со ЦМК за потоа одново да се соберат на Ѓурѓовден на Алиботуш за да го утврдат односот на Серскиот округ спрема идните акции. Оттука, Делчев се упатил по Струма да го изврши атентатот замислен од него и откако не успеал таму во тоа, заминал веднаш кон Драмско, каде што на 18 март 1903 г. успеа да го дигне во воздух железничкиот мост кај Ангиста. Меѓутоа, замислата дека ако динамитските атентати се извршат во места ненаселени од бугарски елемент, не би пострадало толку многу бугарско население, не го оправда неговото неаргументирано верување. Поради тој атентат беа подложени на нечуен терор 10 бугарски села од Драмско и Неврокопско: 80 души биле тешко измачувани и 152 уапсени. Обидот на М. Герциков да ја дигне [во воздух] железничката линија кај с. Черкезќој и Синеклиј, Бунархисарско, излезе неуспешен, извлекувајќи ја со големи тешкотии четата оттаму. Делчев се упатил низ Кукушко и на Велики Четврток, 29 март, пристигнал на солунската железничка станица [преправен] како селанец од Кукушко со кошница црвени јајца. Тој го нашол таму Д. Груев, тукушто вратен и амнестиран од Подрум Кале, и Делчев ја имал сета возможност да ја развие тука својата теза пред Д. Груев, како и пред членовите на ЦМК. За водениот разговор меѓу двајцата се знае главно од објаснувањата на Д. Груев. Делчев ја истакнал речиси истата аргументација по прашањето за востание, како и на софиското заседание, но Груев му возвратил дека една идеална подготовка за востание не би била никогаш достижна и немало зошто да се потценува од наша страна значењето на акциите и да не се нарекуваат така, како што народот и надворешниот свет би ги протолкувале, а што се однесува на прашањето за недостаток на оружје во Серскиот округ, му било дадено уверување дека сè што е возможно ќе се стори во однос на тоа. За таа цел Делчев ја презел одговорноста да го среди каналот на Света Гора, а Ив. Гарванов истото го потврди пред нас, дека Делчев се убедил лесно во неопходноста од

сеопфатни акции и тоа согласно со месната подготовка на населението и месните услови. Во однос на терористичките акции, Груев немал ништо против нив, но тие да бидат вршени паралелно со општите акции. По прашањето на датумот на акциите, и двајцата се согласиле веднаш тие да бидат одложени за подоцна, не само поради потребата за подготовка на Серскиот округ, туку уште и од тактички причини. Тие се разделиле најдругарски помеѓу себе со најдобри желби, велеше Гарванов. Со таа средба на Д. Груев и Делчев во Солун бил надминат акутниот антагонизам меѓу прајавените, во негово време, две течанија. Меѓутоа, неочекуваната херојска смрт на Делчев на 21 април кај с. Баница, Серско, внесе огорчување во редовите на борците и премногу се одрази во реализирањето на утврдениот план помеѓу нас, особено во Серскиот округ. Македонско-одринскиот роб вложуваше најголема вера и надеж во Делчев и очекуваше да го види на чело на делото, кое растеше и јакнеше уште од почетокот под неговото будно око и мина низ тешки мачни перипетии, додека можеше, за да стане моќно и бестрашно за пресметка со многувековниот угнетувач. Судбината, за општа длабока жал, го одзеде од средината на тој измачен народ во моментот кога тој беше неопходен во нерамната борба. Веста за смртта на големиот син и војвода, големиот апостол и борец за Македонија, во битката кај с. Баница се разнесе по селата и планините и го прекри народот во длабока жалост, во која се мешаа веќе тагата и легендата на минатото и сегашноста од неговите славни и бестрашни подвизи. Робот требаше да го понесе и тој удар на судбината и да се подготви уште посмело и самоуверено за претстојните дејствија, решен да стави крај на своето многувековно ропство или, пак, да изгори во пламенот на борбата.

XVII

Дејноста на Задграничното претставништво

Недостатокот на средства * Потребата од материјали * Пречките од власта * Испраќање малубројни кадри во внатрешноста * Смилевскиот конгрес и донесените решенија * Смртта на Делчев * Солунскиот атентат * Заминувањето на П. Тошев во Битолско * Д-р Христо Татарчев во Русе, Шумен и Варна по парична помош * Неговата средба со Ал. Протогеров *

На Задграничното претставништво му претстоеше дејствување во една средина во која недостасуваше мудра, целесообразна и системно-последична државна политика со прецизни сфаќања за националните прашања и цели во општеството, поради што [Задграничното претставништво] требаше да надмине премногу тешкотии за нормалното фукционирање на ВМРО. Од друга страна, потребите на ВМРО, поради претстојните активности, беа многу зголемени, меѓутоа средствата беа доста оскудни. Малата сума од мис Стоновите пари, која му беше предадена, беше незначителна. Тие скромни суми, кои се испраќаа од разните околии на внатрешноста, беа наменети за нивните локални потреби, а требаше уште и да бидат дополнувани од други места. Имајќи

ја предвид таа состојба уште од почетокот, се формира благотворно друштво со претседател Червен Иванов, чии расписки беа испраќани до пријатели во Кнежевството за да ги пласираат. Приходите, за жал, беа сосема незначителни. Тоа го отежнуваше задоволувањето на најнасушните потреби на Организацијата. Покрај тоа, Задграничното претставништво требаше да се занимава со соодветните барања на одделни војводи да бидат делумно снабдени со потребните материјали, кои Претставништвото беше принудено да ги собира оттука и оттаму, и тоа по неповолна, прескапа цена. Меѓутоа, големиот идеализам на војводите и четниците им ги отапуваше чувствата и тие не мислеа за себе и не се гледаше веќе на квалитет на оружјето, доволно [беше] само да го имаат какво и да е. Тоа се сметаше воопшто како симбол на протест од еден народ жртвувајќи се за слободата на својата родна земја. Војводи и четници одеа со гордост, ентузијазам и сознание што ќе го поднесат дарот на својот живот пред олтарот на слободата. Тие, растерани по квартови и градови во Кнежевството, неретко беа тестирани морално и физички [преку своите] страдања. Таа мартирологија на која беа изложени тие не им ги расколеба духот и верата во правичноста на нивната застапувана кауза, напротив, создаваше фанатици по мисла и сфаќања за да се впуштат позабрзано и со поголема волја во борбата. Меѓутоа, дејноста на Задграничното претставништво беше немалку спречувана од противдејството на власта. Постоеше наполно недоразбирање во политиката на тие што управуваа, но во претстојниот историски момент тоа недоразбирање не можеше да биде [поинакво] освен фатално, од аспект на идеалот за целокупниот бугарски народ. ЦМК, по должност, веднаш по конгресното решение на 3 јануари 1903 г. донесено во Солун, ја информира Даневата влада за востанието и прибегна кон тоа [решение] бидејќи не гледаше друг излез за извојување на слободата на Македонија и Одринско освен во оружјето. Бугарската влада, за жал, не му придаде сериозно значење на подготвуваното сеопшто движење; таа [движењето] го третираше како [да се работи] за обични судири на чети со војската или создавањето афери, [кои] повеќе или помалку [никогаш] не претставувале ништо чудно за Турција, така што сметаше дека и тоа движење ќе заврши така како и многуте претходни, без сериозни компликации по турско-бугарските односи. Притоа, бугарската влада беше ангажирана пред Ламсдорф да помага морално, дури и фактички [во рамките] на Мирцштегската реформаторска акција (Татарчев тука повторно греши, се мисли на февруарските, а не на Мирцштегските реформи, В.Х.) во Македонија и затоа владиното воздржување до прогласувањето на востанието беше доста непријателско и му предизвика не само морални и материјални штети на Задграничното претставништво, туку и мошне го осуети навременото заминување на дел од македонската емиграција во своите родни места за таму да ги поддржат борците. При [такви] големи тешкотии, едвај можеше да се успее да бидат испратени, на 23 јануари 1903 г., следните кадри во внатрешноста: Борис Сарафов за Малешевско со 20 манлихерки, голем дел од нив набавени лично од него, а другите – околу 20 мартинки и српски пушки, за сите [негови четници] 40 души.

Сава Михајлов и Андон Ќосето со 25 души за Гевгелиско. И двете тие мали чети заминаа заедно, меѓутоа Борис Сарафов, и покрај општото решение да остане во Малешевско, се упати веднаш кон Битолско бидејќи го сметал неговото присуство [во Малешевско] за помалку важно, откако на 12 февруари близу до с. Владимирово имаа еден судир. Исто така, кон средината на март бил испратен Диме Стојанов Берберчето со околу 20 души во Кратовско, од каде премина во Скопско. На 24 март истата година заминаа заедно: Чернопеев за Струмица, Коста Мазнејков за Радовишко, Тимо Ангелов за Тиквешко, Никола Дечев за Велешко, Кондов за Битолско и Вано Мицков за Кичевско, откако се предвидоа по 25-30 луѓе за секоја од тие околии, а малку повеќе за Велешко и Битолско. Меѓутоа, на пат тие беа откриени и требаше да издржат крвави судири во подножјето на планината Плачковица. Потоа, четите на Н. Дечев и К. Мазнејков беа принудени да се судрат повторно во Малешевско, каде што напомош им дошол Лефтеров со својата чета, која била наполно разбиена. Дечев и К. Мазнејков требало да се вратат назад за да ги обноват потребните материјали кои биле потрошени во судирот. Малку подоцна Силјан Пардов замина со 35 души демирхисарци за Битолско. Генерално, не сите чети можеа да стигнат до нивното назначено место. Кон 6 април пристигнал Јане Сандански за да ги набави потребните материјали за својата чета и кон крајот на истиот месец тој замина во својот реон. Покрај тоа, со него се разменија мисли за идните акции, но тоа остана да се разгледа за подоцна, кога ќе се дознаеше до какво решение се дошло при средбата со Делчев во Солун. Иако Јане негодуваше најпламено против солунското конгресно решение, се надевавме и ние и тој повторно [дека ќе се постигне] разбирање во духот на софиската теза за офанзивни акции. И токму кога работата на Смилевскиот конгрес била веќе завршена, на кој на 17 април 1903 г. се собрале 45 делегати од разни околии на Македонија во домот на Чуранов, под претседателство на Д. Груев, за да го определат оној одамна мечтаен датум на официјалниот бунт на робот, тогаш, имено, пристигна и веста за смртта на Г. Делчев. По тој повод се донесе решение движењето да носи карактер на партизанско востание, така што од вооружените реони ќе се формираат чети од 30 до 50 души и ќе дејствуваат според изработениот план за востанието од штабот, без да се ангажира целото население, а четите да се зголемуваат во зависност од акциите, а по извршувањето да се распрснуваат. На тој начин, сметавме дека тие ќе бидат поподвижни и помалку ранливи, а востанието, пак, ќе биде подолготрајно и поефикасно. Датумот на востанието беше оставен да се определи [од страна] на штабот и да им го соопшти на раководните тела, и тоа кога штабот ќе најде за најсходно. По тоа прашање П. Тошев го застапувал гледиштето да се почнат акциите колку што е возможно подоцна имајќи го предвид влијанието на Задграничното претставништво од генерал Савов и во врска со порачките на воени материјали. Д. Груев, Борис Сарафов и Атанас Лозанчев беа избрани за штаб, а како нивни заменици беа предвидени Л. Поптрајков, Георги Попхристов и Петар Ацев, притоа власта се доверуваше на шумски начела, а градските управни тела се поставуваа во услуга на горските началства. Смилевскиот

конгрес тукушто беше ја започнал работата, кога Отоманската банка во Солун на 16 април 1903 год. вечерта беше кренатa во воздух од гемиците. Тој атентат ги одврза рацете на турската власт, кој им послужи и тука со истите методи и средства против бугарското население какви што беа употребени против Ерменците во Цариград бидејќи турската влада не се притеснуваше во тој однос и знаеше од искуство дека европската дипломатија, под чие морално старателство се наоѓаше христијанското население, секогаш се држела индиферентно спрема мерките [на турската влада].

Кон крајот на април во Софија пристигна ѓакон Тома, кој му ги предаде на Задграничното претставништво протоколите од Смилевскиот конгрес и востаничкиот дисциплински устав. Тоа решение на конгресот ѝ се соопшти своевремено на бугарската влада и со тоа се изврши апел кон неа од поробениот дел на бугарскиот народ за поддршка на ослободителната кауза. П. Тошев, како Задграничен претставник во Бугарија, ја издржа со голема тешкотија конфузијата во разбирањата на бугарското општество, кое не можеше да си дојде при себе, како и во редовите на Врховниот комитет, со што се предизвикаа непоправливи штети по националното дело. Ете, зошто по добивањето на протоколите од Смилевскиот конгрес тој реши да замине во внатрешноста, каде што би бил најполезен. На 1 мај 1903 г. тој замина за Битолско за да се најде таму навреме за претстојниот велик момент во ослободителната историја на Македонија и Одринско. Христо Матов и д-р Хр. Татарчев останаа како Задгранични претставници на ВМРО. Помеѓу нас двата секогаш постоела истомисленост и разбирање по сите прашања и дејствија. Ние секогаш сме се грижеле да го зачуваме делото во неговата идеална чистота и светост. Имајќи го предвид недостатокот на парични средства, во средината на мај, јас требаше да ги посетам градовите Русе, Шумен и Варна, каде што бев благонаклонето дочекан од бугарското општество без разлика на партиите. Сумите собрани од трговските куќи, приватни банки и одделни личности се оправдуваа со расписки од благотворното друштво – Н. Червен-Иванов. На тој факт се погледна доста непријателски од блиските кругови на ВК. Од друга страна, пак, јас ја искористив можноста за да се видам со А. Протогеров, мене дотогаш непознат, кој во тоа време служеше во русенската воена единица и го посетив кај него дома. Тоа се случи од чисто етичка причина, но г-дин А. Протогеров веднаш премина на темата за расцепот меѓу македонските дејци во Бугарија: „Тоа што е таму Организација, кажуваше тој со посебен тон, треба само да врши прием и да ги спроведува и снабдува вооружените сили кои треба да влезат однадвор. Учители да командуваат вооружени сили, какви и да се тие, тоа е апсурд. ВМРО се самозалажува кога мисли дека селани собрани оттука и оттаму би биле во состојба да пројават какви и да се воени дејствија. Тие се способни да предизвикаат само еден обичен метеж. ВК произлегувајќи од таа концепција, се смета себеси најкомпетентна во таа област и затоа [комитетот] имал право кога се стремел да го преземе раководството на револуционерната борба во свои раце.“ На тој негов прагматичен догматизам беа излишни секакви приговори од моја страна

бидејќи моментот не беше веќе за дискусии, туку за брза итна позитивна работа и така се стави крај на нашиот разговор. Насекаде по мојата турнеја се истакнуваше тажниот факт за борбите помеѓу двете организации, што како факт го интересираше општеството. Тоа, меѓутоа, не му сметаше да се ниша без компас под влијание на сила, ту кон едната, ту кон другата страна. Таа драма не можеше да не предизвика длабока тага во душата на секој просветен човек – за грозната бугарска реалност и покрај одушевувачкиот просветно-културен прогрес во сите слоеви на тоа општество.

XVIII

Гемиците и Солунскиот атентат

Гледиштето на ЦМК по терористичките акции * Младинскиот кружок * Неговите протагонисти * Оформување на кружокот во Женева * Неговата агитација меѓу ученичката младина во Солун * Прокопување на канал под Отоманската банка * Однесувањето на Гемиците спрема ЦМК * Атентатот и вартоломејската драма во Солун, Битола и др. *

ЦМК не бил никогаш, во принцип, против употребувањето на експлозивни средства во борбата и беше размислувал за тоа прашање уште во 1895 г. , кога го испрати Д. Груев во Брисел за да ги изучи нивните својства, приготвувањето и употребата. За таа цел, подоцна, во 1898 г. беше организирана специјална фабрика во с. Сабљар, во колиби во Ќустендилско, за приготвување бомби, каде што се изведуваа истовремено и обуките на работниците [од Организацијата за нивна примена]. Меѓутоа, терористичките акции како систем во борбата беа сметани од ЦМК како штетни за ослободителното движење, но ако тие се извршуваат заедно со општите акции по железниците надвор од населените места, би биле, според разбирањето на ЦМК, од големо значење и од полза за успехот на нивната борба. Од таа идеологија, инспирирајќи се секогаш од своите дејствија, ЦМК не можеше следствено да не се спротивстави на оној младински кружок, кој сакаше да воведе анархо-терористички тенденции во Револуционерната организација, како систем. Тој сметаше за неразумно да се вовлекува во тие младешки идејни пориви, [иако] мошне природни кај младите луѓе – особено пак кај велешката младина, која се издвојуваше од другите со силниот индивидуализам, експлозивност и висок патриотизам. Таа младина му создаваше неретко непријатности со своите сепаратистички дејствија во Велешко, како по киднапирањето на едно од децата на Весови за откуп или со ограбување на касите на нивните родители во полза на нивното замислено терористичко дело. ЦМК ја познаваше одблизу душата на тие млади луѓе и нивните манифестации и гледаше, по можност, да ги канализира, но во таа негова насока беше попречуван главно однадвор. Тие наоѓаа морална и материјална поддршка за нивните екстремни дела во лицето на Борис Сарафов. Нивниот другар Д. Коштанов, терорист, беше блиско лице на ЦМК. П. Тошев беше во непрекината врска со нив и ги моделираше

нивните егзалтирани планови и дејствија. Ал. Кипров со еден исцрпен рапорт до ЦМК го информираше за работата извршена под Отоманската банка во Цариград, така што додека [членовите на] ЦМК не беа уапсени, не беа игнорирани од нив тежиштето и авторитетот на ЦМК. Ив. Гарванов не можеше да ги контролира и покрај неговите убедувања, дури и заплашувања упатени кон нив. Меѓутоа, сето тоа не ги одврати од извршувањето на нивниот план. Младинскиот кружок беше генерално една аберација на владејачката македонска идеологија. Тој изникна, исто така, врз база [на идејата] за слобода на Македонија. Во 1896 г., под влијанието на востанието од 1895 г., неколку ученици од Пловдивската гимназија образувале тајна група за ослободување на Македонија преку револуција. Нејзините организатори и раководители биле, главно, М. Герциков, син на директорот на Народната банка во Пловдив и П. Манџуков, внук на пловдивскиот митрополит Натанаил. Протагонистите на таа група се најдоа во 1897 г. во Женева и тука групата се оформи преку контактот со руските нихилисти-револуционери во идејно-анархо-терористички кружок. Терористичките акции на Ерменците во Цариград дадоа силен поттик за зародување на младешката идеја во нив за ревендикација на слободата на угнетените народи преку терористички акции, вршени против европските установи и капитали во Турција, поддржувачи на угнетувачкиот режим. Таа ерменска тактика го вовлече и Д. Љапов, раководител на македонскиот комитет во Цариград, кој ја пропагираше среде македонските работници во Софија и успеа да го привлече Б. Сарафов во тој правец. Почвата во Македонија, оддамна изорана од Револуционерната организација и ученичката младина, беше заразена од ослободителната идеја и не остануваше друго освен да се фрли во неа најмала искра за целосно да пламне.

Еден од протагонистите на женевскиот кружок, Слави Мерџанов, дошол во 1898 г. во Солун и им влегол под кожа на неколку ученици од гимназијата, главно на велешани, а имено: Јордан Попјорданов (Орцето), Константин Ив. Кирков (Коста), Тодор Богданов, Илија Трчков, Владимир Пингов и др. Новото откровение му погодуваше токму на нивниот темперамент и нескротлив дух. Тактиката и методите на ВМРО им го задушуваше нивниот поглед кон светот. Поради тоа, тие не можеа да се помират со редот и дисциплината на Организацијата и дури нејзините раководители ги нарекуваа „назадни и непогодни“ за велики дела. Личниот хероизам и саможртва за нив беше култ. Тиранијата, како и нејзиното кршење за нив биле секогаш дело на силната личност и на херојските подвизи. Тргнувајќи од таа идејна концепција, слободата, односно автономијата на Македонија би се постигнала, според нив, само со анархистички методи. Меѓутоа, нивното реализирање претпоставува силен индивидуализам, самоувереност, врвна смелост и себеодрекување. Тие квалитети, синтетизирани со трезвен и практичен ум, силна енергија, непоколеблива волја и постојаност, својствени за тие младичи, наречени „гемидии“, беа веќе фактички пројавени при прокопување на каналот под Отоманската банка, исто така при она нивно, до безумие смело решение да умрат задолжително [сите] до еден за време на атентатот со бомби в

раце и отворени гради против дожд од олово на плотуните од пушки на разјарената толпа од војници. Таа нивна одлука беше буквално исполнета со прецизност и упорност од чудесна волја, егзалтирана од една колку благородна, толку и универзална мисла, каква што е борбата за постигнување на слободата на еден народ. Таа драма не беше лишена и од хуманиот гест пројавен од Орцето, кој само што го потпалил фитилот на експлозивната направа, се искачил во станот на директорот на банката за да ги спаси него и семејството зашто заедно со банката можеа да летнат во воздух. Избрзаноста на солунските атентати, извршени на 16 април 1903 г. вечерта во 8 и половина часот, а на 15 април кон 11 часот изутрината, Павел Ванасов (Шатев) го постави куферот со пеколната машина во паробродот „Гвадалкивир" од „Месажери Маритим" и го запали, ѝ наштети многу на подготовката на сенародното востание и ги лиши од оружје, кое беше на пат, најважните околии од оваа страна на Вардар: Солунската, Ениџевардарската, Струмичката, како и Серскиот санџак. ВМРО беше повторно обезглавена со апсењето на членовите на ЦМК. Гемиџиите, и покрај настојчивите молби од ЦМК да го одложат исполнувањето на нивниот план, останаа непоколебливи на своето решение. Тие, генерално, го ценеле повисоко нивниот конспиративен зафат, за кој вложиле толкав труд, постојаност и ризик за да не биде осуетено од некаква случајност, отколку општото дело – сеопштото востание, во кое беше ангажиран целиот народ. Востанието, по ефект и резултати, беше потценето во нивните очи, така што тие не се сметаа себеси одговорни да ги подредат своите дејствувања во согласност со сенародната акција. Тука можеше особено да се увиди македонскиот трагизам: недостасуваше синтеза на личните побуди и заедничките цели, без разлика на идејните претпоставки. Најпосле, Гемиџиите го реализираа со Солунскиот атентат нивниот одамна ентузијастички идеал – редок во историјата, смел по начинот на извршување, кој ја издигна македонската интелигенција пред културниот свет до една ретка возвишеност по [својот] интелект, хероизам и самопожртвување за каузата за слобода. Тие платија со својата крв за жртвите на многубројните човечки суштества, како и штетата нанесена во предвечерјето на сенародното движење. Анархо-терористичките дејствија ги потврдија стравувањата на ЦМК, кога тој стануваше против нивното извршување во населени места и тоа во исто време со заедничките акции. Тој не мислеше ни најмалку дека извојувањето на слободата би се постигнало без жртви, но гледал тие жртви генерално да бидат дадени во еден претходно добро осмислен и целесообразен погоден план за акции. Атентатот ги одврза рацете на турската власт, под чија команда муслиманските толпи се нафрлија против христијаните, главно против Бугарите. Вартоломејската драма продолжи три дена во Солун и чинеше 200 души масакрирани и 220 уапсени. Таа се пренесе на 23 април во Битола, каде што паднаа 14 души убиени и 40 ранети од турските банди и полиција. Истовремено со тоа, војската го стави под опсада селото Цапари, каде што се разврза судир помеѓу војската и селаните, така што последните дадоа 14 души убиени, а војската 30. Тој [ист] систем се

случуваше во поголемите градови на Македонија и Одринско, од страв да не се извршат и во нив слични атентати. Европската дипломатија се постави индиферентно спрема истапите на турската власт. Реформаторската жандармерија на чело со Милер, помошник на Хилми-паша, гледаше спокојно на тие Неронови гладијаторски сцени. Ужас и трепет го беа обзеле градското население. Најпосле, пристигнувањето на странската флота во Солун внесе малку спокој, откако турскиот Молох беше се наситил од локвите крв.

XIX

Илинденското востание

Решението за востание – 20 јули 1903 г. * Полагање на заклетва пред реонското знаме * Обид на робот да ги скине веригите на ропството * Создавање епос и митологија во ослободителната историја * Нивниот ефект врз поколенијата *

Илинден, 20 јули 1903 г. беше неизбежна последица и резултат од повеќе различни фактори. Во проценката на реалноста, немаше во него ниту романтизам, ниту наивност. Илузија дека ќе биде поразена турската империја со пушки „тетовски", „кримки" и „гра", никогаш не се правела. Тоа отворено го имаше изјавено и Д. Груев пред народот и четниците. За нас не можеше да претставува изненадување палењето на селата, масакрирањето невини луѓе, силувањето и обесчестувањето жени и девојки. Воопшто не недостасуваше објективност во сфаќањата и дејствувањето на раководните сили и затоа решението за Илинден беше донесено со скршено срце, голема загриженост и депримиран дух, макар што се јавуваше како историска и социјална неопходност, единствениот возможен излез наложен од настаните што претходеа [во борбата] за добивање човечки права и слобода. Илинден беше оружен протест на еден народ поробен со векови против бесправниот и нехуман турски режим во Македонија и Одринско, а истовремено и апел кон Големите сили и цивилизираниот свет за правда и човечност. Во жртвеникот на таа одлука беше принесена сенародната фантазија, под чиј импулс и вера се приготвуваше македонскиот бугарски народ со прекалена вера, кој дојде до целосното сознание за достоинство и чест и даде бесценети жртви. Тој одамна силно посакуван историски момент беше ноќта на 20 јули 1903 година, кога полјаните и височинките ги опфати сеопшта тишина, прекинувана од трепетот на лисјата и шумолењата на водите од потоците кои лудо се спуштаа [по падинките], како и од претпазливите чекори на четникот. Само што светлоста на месечината и ѕвездите волшебно ја беа разредиле густата темнина, небото во еден миг се обои со крв од огнените јазици кои се издигаа од врвовите на планините и спокојот на кој се беше оддала природата беше нарушен од плотуните на пушките и експлозиите на бомбите, чие ехо се разнесуваше по македонската земја и оддекнуваше во бесконечното пространство. Јуначишта македонски борци излегоа од планините, селаните, пак, од селата, секој беше си ја грабнал пушката. Ѕвонот на камбаните и громогласното „ура" од безбројните грла го цепеа

воздухот. Старци, жени и деца се веќе на нозе и ликуваат од радост за доживеаниот момент на тој велик настан. Борците, застанати смирено и со длабока почит, сите пред реонското знаме полагаат клетва дека [се спремни да] умрат верно и достојно под знамето за слободата на Македонија, и по тој духовно-воjнички обред тие се нафрлуваат со неопислив ентузијазам во нерамноправната борба против тиранинот. Македонскиот народ, измачуван низ долги столетија од еден чудовишно-варварски режим, се обиде со смел замав да ги оттргне веригите на ропството и да го побие, фактички, оној со векови владејачки поим за малодушност и немоќ на робот против моќната Турска Империја. Во тој велик подвиг, тој, стимулиран од возвишениот копнеж за правда, слобода, национална култура и живот, ја вложи свесно сета своја енергија и душа за една ретка по замисла планомерност и методична последователност и се истакна во таа борба со возвишениот дух, силниот карактер и нескршливата волја како моќен народ со строго истакната бугарска народносна физиономија, чувство и сознание. Дваесет и три илјади борци се бореа во текот на повеќе од четири месеци со двестеилјадната редовна турска војска и безброј башибозучки толпи. Виорниот нивен полет во таа нерамноправна, но велика борба, беше дело натопено со возвишен идеализам, посветена љубов на синовите кон родот и родната земја, како и од длабоката вера и сознание за изградување на слободата на Македонија. Имено, таа борба ја создаде Илинденската епопеја, која ќе блеска за вечни времиња во нашата татковина, богато оросена со крвта на безбројните македонски синови. Илинден е воопшто ореолот на моќната осознателна волја и натчовечка акција на бугарскиот македонски народ, пројавена во името на еден светол идеал – слободата. Таа исклучителна акција на живот и смрт, на безбројни идејни борци му ја исполни душата на Македонецот со гордост и одушевување пред неговите епски херојски подвизи, кои создадоа епос и митологија во ослободителната македонска историја. Нивниот магичен ефект и блесок ќе се засилува сè повеќе со тек на времето и ќе се закова во душата и умот на идните поколенија со грандиозноста и славата на еден подвиг – историското дело на еден поробен народ за својата слобода.

XX

Востанието во Западна Македонија

Масовно учество на населението * Потпорните точки на востаниците * Тактиката на Главниот штаб * Формирање на востаничките одреди * Нивното концентрирање и командување * Колективниот полет, саможртва и нивното опстојување против 80-илјадната турска армија на Наз'р-паша *

Центарот на востанието беше Западна Македонија. Населението учествуваше масовно. Планините Пелистер, Бигла, Илино, Нице, Вич, Галичица претставуваа потпорни точки на востанието. Тактиката на востаничките дејствија се состоеше, според инструкциите на Главниот штаб, во прекинување на телеграфските врски, разурнување на

железничката линија, мостовите по патиштата, палење на воените стражи и бејските кули и др. Се препорачуваше да се нападнат, меѓу другото, од стратегиски причини, турски гарнизони по градовите и селата кои беа одамна окупирани од нив, без да се даваат многу човечки жртви и да се трошат многу патрони. Се забрануваше најстрого да се посега по мирното турско население, а исто така се усвои како должност на реонските и горските началства да го бранат христијанското население, вклучувајќи ги и странските граѓани, од турските напади. Востаничките дејствија, општо, се развија во Битолскиот вилает со таква прецизност, акуратност и точност, како што беа предвидени со планот на Главниот штаб. Главниот контингент на борбените операциски сили се формираше од селските чети образувајќи одреди кои имаа, според акциите, од 100-300, па дури и до 500 души. Нивното брзо концентрирање, моќниот полет и себеодрекувањето беа единствените елементи за успехот на востанатиот народ против многубројните турски војски и башибозуци. Командувањето на востаничките сили покажа во сите фази на борбата рационална стратегиска вештина, присуство на нескршлив борбен дух и неверојатна агилност и упорност. Тоа претставуваше една од најблескавите страници во историјата на Илинден по генијалноста со која се водеше востанието близу четири месеци, додека не го прекина зимата. Војводите му беа учители и селани, застанати на чело на четите и одредите, како В. Чакаларов, Јордан Пиперката, Митре Влавот, Тане Солев, Питу Гули, Лазар Поптрајков, Сугарев, Сл. Арсов и др., кои ја покрија татковината со ореолот на вечна слава и возвишеност од бескрајната редица епски и легендарни подвизи [исполнети] со лична и колективна самопожртвуваност. Тие, фактички, го демантираа митот што се шириле среде бугарското општество дека даскалот и робот не се способни за сериозни акции. Многубројните напади кои македонскиот народ ги изврши против добро утврдените гарнизони во градовите и селата се зачудувачки по својата тактичност, смелост и издржливост, а не помалку се за почитување борбите кои тој ги даде против настапувачката армија на Наз'р-паша. Поставен во тесен обрач од многубројните турски дружини со артилерија и коњица, тој народ ја отстапуваше секоја педа земја со борба и се извлекуваше од обрачот со „ура", за повторно да ја завладее од противникот [истата] земја. И, ако Наз'р-паша се служеше со тактиката на Китничер во Трансилванија, Македонецот се служеше со онаа на Бурите. Ниту една чета не падна во турски раце и турската власт можеше да биде наполно востановена дури по демобилизацијата на востаниците.

Востаничките, пак, дејствија во Одринско се извршија на истиот начин како во Битолскиот вилает; не недостасуваа и тука полет, дух и саможртва кај началниците војводи и востаници. Четничките акции во Солунскиот и Скопскиот вилает, исто така, се одликуваа со офанзивен дух и смелост против многубројниот противник.

XXI

Востаничките дејствија*

Прогласувањето на востанието во с. Смилево * Повикот на Главниот штаб кон населението* Востанието од час на час * Преземањето на гр. Крушево и неговото управување * Обидите за преземање на гр. Костур, Ресен и др. *Востаничките дејствија: 1) во Демир Хисар, 2) во Кичевско, 3) во Леринско, 4) во Костурско, 5) во Ресенско, 6) во Охридско и 7) во Прилепско *

И под влијанието на тој еп и митологија, создадени во неговата борба за слобода, ќе растат [идните] поколенија. Под тој симбол тие ќе го преживуваат оној бурен, но содржаен живот на лични и колективни хероични подвизи, ќе ги разберат грандиозноста и значењето на тоа велико дело кое ќе ги разгорува срцата на тие поколенија и ќе ги зајакнува нивните мускули, волја и дух во нивното дејствување, сè додека македонскиот проблем не биде разрешен. Востанието, воопшто, како колективна спиритуална борба беше епизода на долг историски процес, надвор од влијанието на индивидуалната рефлексија и волја. Тоа се врежало веќе во бесконечната заедничка верига од појавата на човечкиот дух во светската историја за слобода. Неговото значење, импулс и дејствие се уште актуелни и бидејќи неговите претпоставки сè уште постојат, историјата на востанието за робот ќе претставува ревелација на минатото и аспирација кон слободата и правдата во неговата родна земја.

Востанието беше прогласено во Смилево од Главниот штаб: Д. Груев, Б. Сарафов и А. Лозанчев, токму приквечер, кога самракот веќе ја завладеал Смилевската Котлина. Откако беше осветено штабното знаме , 200 души востаници на чело со Главниот штаб ги нападнаа сместените 200 војници во училиштето и камената куќа на Г. Чуранов, каде што беше одржан историскиот Смилевски конгрес. Се разврза тешка борба од двете страни и најпосле било решено - за да се скрши отпорот на аскерот, да се запали куќата со газија, за што било побарано согласност и од сопственикот. Кога куќата беше обземена од пламен, Г. Чуранов во екстаза запеал: „Не сакаме богатство, сакаме слобода!“ Огновите тукушто биле забележани од сместената војска во соседното село на Смилево, Гопеш, која тргна напомош на опседнатиот аскер. Главниот штаб за да заштеди човечки животи и патрони, се повлекол во блиските планини. Во исто време со прогласувањето на востанието тој упатува кон населението на земјата повик со следната историска содржина:

---

* Забелешка. Ние ги вметнавме во спомените некои од поважните востанички дејствија кои се на друго место подетално и сликовите опишани бидејќи ги сметаме за неизбежни, како израз на ретка индивидуална и колективна акција на еден поробен народ, извршена во името на слободата. Тие претставуваат за нашиот народ крупен факт за народниот дух, непоколебливата волја и издржливоста, во кој акт тој ја вложи целата своја физичка и морална моќ за постигнување на својот идеал. [белешка на авторот д-р Хр. Татарчев]

„Ние земаме оружје против тиранијата и нечовечноста; ние војуваме во името на слободата и човештината; нашето дело стои повисоко од секакви национални и племенски различности...!"

Селата Смилево, Ѓавато и Цапари, поради планинскиот јазол, станаа важна стратегиска база на востаничките акции, како и за раководењето за кое помогна немалку и цврстата Револуционерна организација во тие села. Од гореспоменатите, само три села излегоа со над 600 борци. Влашките села, тука, по падините на Пелистер, Бигла и др., како Гопеш и Магарево, Трново, зедоа живо учество во востанието. Гопеш даде скапи жртви на чело со војводата Н. Кокошката. Загина и Питу Гули, еден од заштитниците на Крушево против многубројните воени дружини на Бахтијар-паша. Заземањето на некои градови, како Крушево, Ресен, Костур и др., беше една од целите на началствата на месните реони. Тоа прашање го интересираше Главниот штаб уште пред востанието, а Б. Сарафов настојуваше дури да биде нападната Битола. Ефектот од тоа, во странство и во земјата, би бил неоспорно огромен, но за тој тип акции на Организацијата ѝ недостигаа технички и оружени средства. Тој општ проектиран план беше реализиран на најблескав начин само во Крушево. Среде ноќ, кога градот пливаше во длабока тишина, нарушена тука-таму од свадбарски звуци во некои куќи, загрмеа од сите страни на градот пукотници од пушки, проследени со звонот од камбаните на црквите. Тресокот од истрелите и тревожниот звон на камбаните беа прелудиум на важниот настан. Градот бил за миг илуминиран од куќите, радост и страв ги опфатило граѓаните. Четата на Ив. Наумов – Алабакот го опседнала градот, онаа на Питу Гули ги нападнала војниците скриени во касарната и коњушницата. Војводата Митре кај Кулата ги одбил војската и башибозукот од с. Аланци. Коста Христов го разбил кај Липа башибозукот откај с. Норово. Ѓурчин го опколил башибозукот на Дени-камак од селата Дреново и Плеска и последниот фатил да бега, а поручник Т. Христов го запазил редот во градот со милиција од граѓаните. Дел од [војниците на] гарнизонот биле убиени, а другите успеале да побегнат. Сите обиди на војската на 22 и 23 јули да го заземат повторно градот биле одбиени. Знамето со „Слобода или смрт" се веело веќе гордо во градот и горското раководство влегло во слободниот град на 22-ри, пречекано најсвечено. Набрзо се основа влада и се создадоа потребните ресори за финансии, судови итн. Принципот на ВМРО беше тука наполно применет за еднакво и рамноправно учество на Бугари, Власи и гркомани во управувањето, така што Крушево претставуваше, фактички, една република. Истовремено биле пратени писма во соседните турски села во кои му се соопштува на населението дека му се гарантираат животот, имотот и честа. За законодавното уредување беше одговорен интелигентниот и благороден учител Н. Карев, кој стоел на чело на горското раководство.

Вториот обид да за преземање град беше Костур. Тој не успеа бидејќи четниците од соседните села, преоблечени во селски облеки, кои беа испратени да го потпалат градот – сигнал за настапување на

востаниците, беа принудени да се вратат назад поради раздвижувањето на војската, која беше расположена надвор од градот. Третиот обид беше со градот Ресен, кој излезе исто така неуспешен поради следниот факт: царедворската и дрменската чета, командувани од Спиро Олчев, биле начекани надвор од градот од една патрола, при што започнале стрелби. Четите се ограничиле на потпалување на некои крајни куќи и се повлекле.

Обидот со Кичево излегол поуспешен. Се водела борба внатре во градот, меѓутоа, без градот да биде преземен.

I. Востанието на Демирхисарскиот реон заседе едно од забележителните места во ослободителната историја. Географската положба од една страна, а од друга – примерната Револуционерна организација во тој реон, високиот дух и исклучителната храброст на населението беа најрационално исползувани од реонското началство. Тој мал реон извади над 1000 востаници, кои дејствувале одделно во импресивни одреди. На чело на раководството беше легендарниот херој Јордан Силјанов – Пиперката, родум од с. Козница, Кичевско, кој беше внел страв и трепет меѓу Турци и Арнаути, респект и гордост меѓу Бугарите. Негови помошници беа јункер Д. Дечев, свештеник Кузман од с. Бабино и Хр. Пасков. Првите дејствија по осветувањето на демирхисарското знаме на самиот ден во с. Прострени се сведоа на разурнување на телеграфските жици, мостови и опожарување на кехајските кули под чифлиците Утово, Загориче, Стругово и др. Горското раководство со еден одред од 150 востаници под командата на Д. Дечев го нападнале гарнизонот од 150 војници во административниот центар Прибилци и по знак на Пиперката, по опсадата на селото, се водела битка меѓу востаниците, војската и башибозукот од селото, кои се распрснале во невидена паника. Изутрина, одредот го оставил селото во таа паника и заминал кон село Бабино, а еден друг востанички одред се упатил кон Брезовската Кула, каде што беше поразен сместениот аскер. Освен тоа, Пиперката пак со голем одред го нападнал гарнизонот во с. Цер, кој го напуштил селото во бегство и се прибрал во турското село С'лб. Еден друг одред направил демонстрација околу турското село Мургашево. На 22 јули беше под опсада кичевскиот војвода, при месноста Ѓургевица кај с. Карабуница, Кичевско. Демирхисарското началство со доста сили му притекна на помош на 23 [јули] и однесе една блескава победа. Во таа битка паѓа прочуениот крвник Сефер-ага, водач на башибозукот.

Демирхисарско беше до 15 август во полно владение на востаниците. Армијата на Бахтијар-паша, по преземањето на Крушево, била упатена кон Демирхисарско и почнала со опожарувањето на бугарските села. Првата жртва по опожарувањето беше срамнувањето со земја на с. Цер . Војската била пресретната недалеку од с. Цер од селските чети на Велко и Злате, кои имајќи ги предвид огромните турски сили, отстапиле по долгата борба во гората. Храбриот Пиперката, кога ги видел огновите кои го зафатиле селото, се пуштил со неколку востаници кон селото и покрај убедувањата од другарите [да не го прави тоа] за да дознае што станува во селото и да им помогне на церчани и таму тој отвора оган

против војската и башибозукот. Во таа нерамноправна битка неговиот живот беше одземен од непријателскиот куршум. Тој голем син на Македонија, верен на заклетвата, бранејќи ја со непоколеблива енергија и волја каузата на робот, легна на вечен покој во својата убава земја, задоволен од исполнетиот долг кон робот и татковината.

II. Кичевско ги имаше сите услови за востанички дејствија. Тие, меѓутоа, беа ограничени само на пунктовите Горна и Долна Копачка и Рабетин Кол и Долно Кичево, а Горно Кичево и Горно и Долно Порече, поради српската пропаганда и густото муслиманско население, не влегуваа во планот на востаничките дејствија, но и покрај тоа тие дадоа доста борци. Тој планински крај е еден од посиромашните во земјата. Средства за последната достава на барут, олово и др. дадоа сељубениот и несебичен бугарски митрополит Козма и јеромонах Софроний, игумен во Пречистанскиот манастир. Подготовката на тој реон се изврши под умешното раководство на Лука Џеров, еден ретко скромен, молчелив и активен деец. Над 700 пушки се дадоа само од горенаведените два пункта, покрај оние на Горно Кичево и Горно и Долно Порече. Востанието почна тука на 20 јули со офанзивна демонстрација на градот Кичево од воените сили на реонските војводи Наке, Арсо Мицков, Ванчо Србаков и од самиот Л. Џеров, а имено: Л. Џеров со 200 востаници, Арсо Мицков – 200 и Србаков – 100 го опколиле градот од три страни. Огнот против аскерот, кој бил засолнет во месноста „Јурија", го отвориле со „ура". Паниката од тој напад во градот била извонредно голема. Востаниците проникнале во градот и потоа го упатиле секој одред на определеното место. Друг еден одред од 80 души, составен од селските чети на селата Елховец, Душегубица, Иванчишта и сл. го опколил гарнизонот од 150 души аскер кај с. Извор, сместени во кулата и анот. Четниците, лакоми за пушки маузери, наместо да ги запалат кулата и анот, како што им било наредено, сакале да ги испоубијат [војниците]. Таа операција била раководена од Климент Групчев, секретар на Џеровата чета и од старите Стефан и Јоше Анцијата. Аскерот се извлекол од опсадата и зазел набрзо здрава позиција над Извор. Меѓутоа, Џеров со 80 души притекнал на помош и успеал со труба да внесе забуна насред аскерот, кој ја напуштил својата позиција [и бил] во бегство кон Кичево, но во тоа време аскерот од с. Ижиште останал ненападнат, и покрај наредбата на раководството, заедно со башибозукот од селата Пласница и Лисичани, а било нападнато с. Вранештица (родното место на архиерејскиот намесник и револуционер свештеник Тома Николов). Арсовиот одред се упатил напомош на месната чета, која водела битка со аскерот и го принудил аскерот на бегство, исто така кон Кичево. На 22-ри утредента, еден воен одред од Кичево, потпомогнат и од башибозукот, го нападнал с. Карабуница, каде што се одиграла крвава битка со кичевските сили, напомош ним им притекле демирхисарци на чело со Јордан Пиперката. Извојуваа блескава победа. Војската и башибозукот бегајќи, викале „Аллах, Аллах". Тука паднал и крволочниот Сефер-ага од с. Зајас. Горна и Долна Копачка до 19 август се радувале на полната слобода, а војската и башибозукот веќе не се појавувале без топови против востаниците.

III. Леринскиот реон, по уништувањето на Папанчевата чета на 26 мај 1903 г., остана неподготвен, како по обука на работниците, така и по вооружувањето, но независно од тоа, тој извади околу 500 храбри востаници. Раководството на тој реон му беше поверено, непосредно пред востанието, на Георги Попхристов. Телеграфските врски помеѓу Лерин и Битола, Лерин и Невеска, железничкиот мост кај Кенали, како и некои патни мостови беа уништени според инструкциите на Главниот штаб. Еден одред од 200 души на чело со Георги Попхристов, Михаил Чеков и Алексо Турунциев го нападнале аскерот на станицата во Екшису и откако го разбиле, со динамит ги разрушиле магацините. Друг одред со околу 200 востаници се борел на 22 јули јуначки цели 8 часа во месноста Плоча над селото Трсје со едно воено одделение од 400 души од Лерин и селата Писодери и ги одбиле по ред сите негови напади, така што војската најпосле била принудена да се повлече. Леринските чети под раководство на Георги Попхристов, потпомогнати и од костурските одреди, воделе целодневна битка на 4 август кај месноста Езерцето над с. Арменско против 2000 души војска и артилерија и однеле полна победа и покрај постојаната поддршка на војски од Лерин. На 1 август месната чета од 15 души била нападната кај с. Битоша, каде што на помош притекнал еден одред од 30 востаници, и додека се водела битката, пристигнал илјаден аскер. Востаниците отстапиле без загуби и тогаш војската за одмазда го запалила и го ограбила с. Битоша. Следните денови, востаниците имале судири кај с. Раково и Буф, каде што Буфската чета била под команда на стариот борец Ферман. Тој, поддржан од други одреди, успеал да го спаси с. Буф од масовно уништување, но и двете села била подоцна запалени. Исто така, биле извршени востанички дејствија во полето и подножјето на Ниџе Планина. Биле запалени чифлички кули, турски воденици и имало судири кај с. Неокази, Сетина, Сакулево и др., а посебно битката на 25 јули над с. Горничево била една од покрвавите. Востаниците на спротивната страна имале 800 војници, кои, откако 50 души биле убиени, биле принудени да се повлечат. Нашите биле командувани од Тане Солев од Горничево, Лечо Настев Церовски, Леко Банички и др. Воопшто, иако востаничките сили не биле многубројни, тие биле искористени рационално и во согласност со месните услови.

IV. Востанието во Костурскиот реон било речиси масовно. Секој што имал оружје одговорил со ентузијазам на повикот на горското раководство во редовите на борците. Успехот на тој реон се должеше не само на свесноста на борците и високиот борбен дух, туку и на дисциплината, одличната организација и умешната тактика на раководителите и војводите. За тој успех придонесоа немалку брзата и навремена концентрација на борбените сили и смелиот и енергичен напад со огромни сили. Воопшто, востаничките дејствија во тој крај создаваат една ретка прекрасна страница во историјата на Илинден. Реонот беше разделен на 8 центри, според географската и стратегиската положба, а секој центар располагал со своја сопствена чета имајќи не помалку од 100 востаници. Освен тоа, имаше уште две реонски чети со околу 150 души за Пополето под командата на Иван Попов и за

Корештата – Митре Влавот, како и една казнена чета со која се движеа раководителите Лазар Поптрајков, Васил Чакаларов, М. Розов и Михаил Николов. Како потпорни пунктови во Корештата служеа планините Буче, Корабец и Лисец, а во Пополето – Вич и Хрбица, Одре во Костенаријата. Низа величествени битки се извршија во тој крај, меѓу кои битката за преземањето на влашкото гратче Клисура беше една од посериозните и покрвавите. На 21 јули, за таа цел беше направен обид од војводата на Мокренскиот центар, Н. Андреев (Алај-бej) со 150 востаници, но беше одбиен од турскиот гарнизон и дури на 23 јули еден голем одред од 600 души, посветен за таа цел, под командата на В. Чакаларов, Кљашев и Иван Попов, нападнаа од сите страни и по упорна борба градот падна во рацете на востаниците, а војската се распрсна во бегство. Влегувањето на востаниците во градот и нивниот дочек од граѓаните бил свечен и [проследен] со борбени песни. Друг еден одред, раководен од Лазар Поптрајков, го запалил помашкото турско село Жервени, по долга борба против неговите вооружени злосторници, кои постојано ги тормозеле околните бугарски села. Од Клисура В. Чакаларов, П. Кљашев и Иван Попов со околу 700 души се упатиле кон нахискиот центар Билишта, кон турското население кое зело најживо учество во палењето и ограбувањето на големото бугарско село Смрдеш и др. села. На 26 јули одредот настапил во две [борбени] линии со четири знамиња. Предните турски позиции биле поразени, а главните турски сили биле цврсто вкопани во позиции надвор од Билишта, кои имале околу 800 војници и 300 вооружени Арнаути. Борбата тука била очајна. Раководството на одредот, за да не дава многу жртви, решило да се врати во Смрдеш и на 29 јули се упатило кон Д'мбени, но нашите ги пресретнала една колона од 1000 војници со горска артилерија, дојдена од Костур за да се справи со селската чета која го запалила селото Д'мбени. Востаниците брзо ги зазеле врвовите Тиза, Арамиските Падини, Локвата и др. и ја принудиле артилеријата да молкне, та војската и вооружените Турци го побарале спасот во бегство. Потоа, одредот се упатил кон с. Писодери за да го нападне гарнизонот во селото и во кулата на писодерскиот премин, низ кој минале преку планината Бигла по патчето Лерин - Корча.

На 4 август, одредот се нашол под кулата. Турците, претходно известени за тоа, концентрирале 2000 војници, артилерија и коњица. Востаниците ги зазеле со ползење височините Копачката и Гогова Глава и Езерцето, а леринските чети, предводени од Георги Попхристов, се утврдиле во Кирчева Долина, Голем Ренсел, над село Трсје. Востаниците се бореле тука со песни и „ура" спроти дожд од гранати и шрапнели. Борбата носела епски карактер на храброст и саможртва. Тие извојувале една славна победа. Аскерот ја напуштил битката и се упатил кон Лерин. Во битката на Бигла паднал убиен познатиот храбар војвода Митре Влавот. Не помалку величествено било завладувањето на влашката паланка Невеска. На 12 август, таа била опколена од востаниците, чиј еден дел на гарнизонот бил засолнет во градот, а другиот дел во касарната. Востаниците, откако стигнале со ползење до градот, на сигналот на трубата отвориле брза стрелба. Иван Попов влегол од една страна во

градот, а Н. Андреев од друга. Војниците едвај се придвижувале и многу од нив паднале убиени. В. Чакаларов влегол во градот, најсвечено пресретнат од четници и граѓаните. Битките кај с. Вишени, Апоскеп, Нестрам и др. биле исто така не помалку забележливи. Во тој крај се случиле повеќе од 17 битки. Востанието преживеало тука близу 3 месеци и тоа било прекратено по наредба на Главниот штаб.

V. Ресенскиот реон бил разделен стратегиски на два пункта: Ресенски – Горна Преспа и Преспански – Долна Преспа. Тој беше ставен под раководство на Славејко Арсов од Штип, учител во Ресен, и потпоручник Панајотов. Востаничките сили од тој крај биле распределени во мали чети од по 80 до 100 души, формирани од 2 до 3 села. Четите дејствувале речиси самостојно; секоја во определеното место. Војводите на тие чети беа Спиро Олчев од с. Дрмени, Стефан Мешков од Охрид, Петруш Стрезов од Ресен, Ставре Тасев од с. Боуно, Јоше од с. Подмочани, Ив. Трајков - Гуле од Крушево, Кочо Кочовски, Георги Чауш од с. Златари и др. Учеството на населението во движењето беше масовно. Преку ноќта на Илинден се случило прекинување на линиите со Битола, Охрид и Корча и разурнувањето на патните мостови. Нападот на градот Ресен бил осуетен поради една случајност. Според Царедворската и Дрменската чета, водени од Спиро Олчев, ги начекала патрола и по мала престрелка се повлекле. Четите од с. Ехла и с. Дупени под командата на Ст. Мешков нападнале со 50 души една кула кај с. Петрино и еден аскер што се нашол таму. Четите од с. Перово, Волкодери и Шурленци со околу 80 души, предводени од П. Стрезов, го нападнале Шурленскиот ан по патот Битола – Корча, во кој изгореле 160 војници. Четата, пак, од с. Подмочани, водена од Јоше, откако ги истребила турските злосторници од таа околина, водела долготрајна битка со аскерот, кој таму бил пристигнат и најпосле се повлекол. Еден одред од околу 70-100 души од селата Перово, Езерани и Лесково нападнал стационирана војска кај с. Стење и по сериозна битка отстапил кон Корча, откако изненадил 20 стражари и ги убил. Четата на Иван Трајчев - Гуле имала долготрајна битка со аскерот кај с. Крше, кој отишол да го запали тоа село, каде што сместената војска во анот била отруена со арсеник. Таа не можела да ги одбие нападите на аскерот, кој добивал постојано поддршка и била принудена да се повлече токму тогаш кога четата од Љорека водена од Спиро Олчев, се појавила на помош. Селото било веќе запалено.

Доста важни битки се случиле исто кај с. Подмочани, Боуно, Дупени, Петрино помеѓу селските чети и војската, а кај с. Ехла се водела битка од 250 востаници со 2000 души редовна војска.

На источното крајбрежје на Преспанското Езеро, во Долна Преспа, се развиле, исто така, важни дејствија под раководството на Никола Кокарев од с. Царев Двор и Пенчо В. Илиев од Смилево. Како војводи биле Ангел Андреев од с. Рудари, „четник на Давидов", и Ст. Петров, подофицер во Бугарија. Преку ноќта на 20 јули, Кокарев и Пенчо со 200 востаници го нападнале нахискиот центар Наколец, каде што се одиграла битка со гарнизонот и по 20-часовен непрекинат бој востаниците биле

принудени да отстапат. Одредот, пак, на Ангел Андреев и Коте со 200 души го нападнале турското село П'пли; тука битката меѓу востаниците, аскерот и башибозукот траела неколку дена и била прекината откако се појавила на помош турска војска од Наколец. Ресенскиот реон бил под владеење на четите до 11 август, а, пак, западното крајбрежје на Преспанското Езеро од Стење било во владеење до 20 септември. Во тој реон имало над 31 битка.

VI. Востанието во Охридскиот реон поради неговата специфична положба – соседен со арнаутлукот и малубројноста на Бугарите во тие краеви, даде повод уште на Смилевскиот конгрес и подоцна за долги дискусии меѓу Главниот штаб и раководните сили на тој крај. Загриженоста на охридските раководни сили имајќи ги предвид гореспоменатите факти, беше реално оправдана, со оглед на тоа што пред Главниот штаб се залагале за помалку ризично користење на силите на тој реон. Тој мотив бил протолкуван од штабот како опасен од политичко-национално гледиште за општиот тек на востаничките дејствија и требало да се потчинат на заедничкото смилевско конгресно решение. Географско-стратегиската положба и бодриот свесен национален елемент обезбедуваа услови за позначителни подвизи во тој крај ако раководното тело не беше толку скрупулозно во решенијата и дејствувањето. Раководството на востаничките акции било распределено меѓу реонските раководители Христо Узунов, Александар Чакаров, Антон Кецкаров, Наум Цветинов Атанасов и Наум Златаров. Дебарскиот реон, пак, кој се сметаше за дел од Охридскиот, бил претставуван од Лазар Димитров. Востаничкото движење се развило во Дримкол, Струшко и Дебарско по западното крајбрежје на р. Дрим, Малесијата, на исток од р. Дрим, на север од Струга, Горна и Долна Дебарца, Орта Кол и Езерски Крај, на исток од Охридското Езеро. Првите дејствија се состоеле и тука од прекинување на телеграфските линии со Битола, Кичево, Дебар и Елбасан, во разурнување на патните мостови. Концентрацијата на силите од двата Дримкола требало да се случи во Горни Дебар, откако ќе се премине Дрим и онаа на Малесијата, меѓутоа таа концентрација не можеше да се реализира поради дејствувањето на малесискиот војвода Тасе Христов, кој, за да ги заплени стадата на еден Арнаутин крвник од ливадите кај с. Локва, предизвикал низа крвави битки кај 'Ржанска Река, Умишта, Црни Камен, с. Ташмаруништа, кои траеле до 23-ти вечерта. Дејствијата на Тасе Христов го отежнало преминувањето на дримколските сили и од таа страна на реката, поради што тие не можеле да ги поткрепат Велмејската и Брежанската чета кај Издеглавје, кои се бореле со аскерот, кој тукушто се ослободил од опсадата на раководителите Кецкаров и Цветинов во кулите кај с. Старо и се упатил кон Издеглавје. Нападот тука бил раководен од реонскиот војвода Смиле Војданов од с. Горна Дебарца, командувајќи ги четите од селата Сливово, Турје, 'Рбино, Оздолени, кои биле концентрирани уште на 20 јули во месноста Гојдароец, како и тие од Лактиње и Годивје – месноста Високо Речиште. Востаниците тука се собрале над 200 души. Битката започнала на 20-ти и продолжила непрекинато два дена, меѓутоа другиот ден притекнала напомош една

довна група, засилена и од башибозукот на Песочан и го загрозила од грб Смилевскиот одред. Востаниците биле принудени да отстапат. тамошните случувања од неуспехот кај с. Издеглавје биле со лоши следици за понатамошните дејствија во тој реон. Дримколските и лесиските чети се собрале на 24-ти во Горна Дебарца, кога битката кај деглавје била завршена. Нападот на Сирулскиот Рид, извршен со околу востаници под командата на Хр. Узунов и Дејан Димитров, не успеал дејќи турските сили, кога слушнале татнежи откај Велмејско и ежанско, се утврдиле во цврсти позиции и взори на опсадениот онизон од 200 војници му пристигнала помош откај Копарница. станиците требало да отстапат бидејќи грбот на Дејан Димитров, кој ги мандувал четите од Лешани Злести, бил загрозен од Турците. Тие два атегиски пункта, Издеглавје и Сирулскиот Рид, станале бази за здршка на турските сили, со што прибегнувањата и нападите на четите тој реон станале веќе невозможни. Слатинската чета, водена од штеникот Георги во с. Дебарца, исто така изврши низа напади, а на ден инден ја нападнала кулата во с. Сошани, Оздоленската, пак, чета – ата во Оздолени. Езерскиот Крај, иако не се предвидуваа никакви станички дејствија поради компактните арнаутски маси, беше случајно влечен во движењето. На денот на Илинден, четата на Никола Митров 15 души беше предадена и падна во заседа на аскерот кај селата јнско и Олшани. Туку што извлечена од заседата, таа ги мобилизирала те вечерта оружените сили на Олшани и имала неколку успешни тки, поткрепена од четите на селата Којнско, Олшани и Велгошти. јпосле, востаниците од Езерски Крај се прибрале во Дебарца. И покрај ворањето на Охридскиот реон откај Елбасан и Дебар, од каде што прекинато им пристигала поткрепа на турските војски кои се бореле, тој он даде повеќе од 31 битка, платени од двете страни со големи жртви.

VII. Прилепскиот реон беше, воопшто, еден од првите реони кој прифати револуционерната идеја и која даде во предвостаничкиот риод забележителни несебични борци како Јордан Гавазов, Чемков, не, Чакревци и др. Боречкиот елемент не недостасувал ниту в град, ту в село, меѓутоа раководството на тој реон губеше повеќе време на рија отколку на пракса, поради што тој толку важен крај беше немарен во подготовката и вооружувањето. Навистина, Пере Тошев ше се прибрал уште во средината на мај, пред востанието, а Ѓорче тров пристигна на 10 август во Прилепско со една импозантна чета од души и доста експлозивни материјали, но П. Тошев како поддржувач индивидуалните акции, а Ѓорче Петров, пак, - очаен противник на станието и горешт партизан на терористичките акции, не можеа да есат нова струја меѓу работниците во борбата. Смилевскиот конгрес, ко и да е, ги разгори младината и револуционерниот дух се подигна шне многу. Младината почна да се натпреварува кој побрзо да влезе во тите. Меѓутоа, еден фатален инцидент го засегна чувствително поривот ентузијазам кај младината, која и покрај тоа ќе придонесеше многу за едничката кауза, ако скептицизмот не ги опседнеше длабоко видните волуционерни дејци по однос на востанието. Инцидентот се состоеше во

следното: две седмици пред востанието четите на Петар Ацев и Никола Пешков, на број околу 80 души, во кои се вбројуваа 30 граѓани, биле нападнати во месноста Студеница кај с. Беловодица од 20-30 жандарми. Четата дала околу 18 четници жртви, но по разбивањето, таа била пресретната од гарнизонот во с. Дуња и била уништена поединечно, меѓу кои биле предадени револуционерите Тале Христов, Дим. Силјанов, учителите јеромонах Козма, граѓаните Ракициев, Јордан Луков и др. На денот на Илинден биле прекинати телеграфските линии меѓу Прилеп – Битола и Прилеп – Велес, дрвените мостови по патиштата за Градско, Велес, како и оние за Кичево, Крушево [биле уништени]. На 23 јули прилепските чети, во кои влегуваше и П. Тошев, се обидувале да ја нападнат касарната и мудурлукот во с. Витолиште, Мариовско, меѓутоа едно случајно испукување од пушката на еден четник го дигнало на нозе гарнизонот. Четата се повлекла и била демобилизирана. Проектираните терористички акции на Ѓорче Петров не се реализираа и тогаш во тој крај настапи армијата на Бахтијар-паша. Ѓ. Петров гледајќи ги недостатоците на големата чета, ја распуштил, а останал тој со Андон Ќосето и 14 момчиња. Тој се движел околу еден месец со таа четичка и мислел со леринчани и костурчани да ја нападне линијата Лерин – Воден, но тоа не можело да се изврши поради мерките преземени од властите. Во септември Ѓ. Петров се сретнал со костурските чети, водени од Лазар Поптрајков, и заедно имале една битка кај с. Чаништа, Мариовско.

XXII

Востанието во Одринско

Ослободителната идеја во Одринско * Учеството на Одринчани во решението за востание на Солунскиот конгрес * Конгресот на VII револуционерен округ * Солидаризирање со востанатиот македонски бугарски народ, за кое М. Герџиков се застапи најмногу * Прогласувањето на востанието на 15 август * Преземањето на Василико * Нападот на с. Хаџи Талишман, близу до Одрин, од Крсто Б'лгаријата кај Урум- Бејлиската област, како и на Дереќој – Дереќојската област од Лазар Маџаров * Нападите на с. Ениџе и на областите Паспалски, Граматиковски, Столиовски и Цикнихорски * Динамитски акции на железничката линија *

Ослободителната акција требаше да го опфати целиот останат дел од бугарското племе под турско ропство. Таа идеја легна на крајот на 1895 г. здраво во сфаќањата на основачите на конспирацијата и веќе претставуваше импулс и суштествен елемент при преземањето на мерките и дејствувањето. Одринско, исто така стана објект на востанието и се развиваше во еднакви револуцинерно-организациска структура, аспирации и идеал со Македонија. Решение за востание се зеде на Солунскиот конгрес со учество на негови делегати. Македонија и Одринско беа еднакво невооружени за општо масовно востание, како што тоа се идеализираше од промоторите на конспирацијата. Востанието беше

наметнато од настаните како неизбежна неопходност дури и против желбата на вистинските раководни сили на Револуционерната организација. Задграничното претставништво се сметаше себеси не само по должност, туку и по сфаќање да дејствува во духот на солунското решение и на Смилевскиот конгрес пред главните раководни сили на Одринскиот вилает за неговото учество во востанието, не само [како] гест на дисциплина и солидарност, туку и како акт на сродствен и морален долг за исполнување на општата посветеност за остварување на општата кауза. На 28 јуни 1903 г. беше свикан во месноста „Петрова нива" Странцанскиот балкан конгрес на VII револуционерен округ за да се произнесе по решението на Солунскиот конгрес, како и по оној на Смилевскиот. Одринскиот конгрес се одржа со специјално и импозантно обезбедување од вооружените сили на реоните М. Трново, Лозенград, Бунархисарско и др., како и од четата на Михаил Герџиков со околу 250 души. На конгресот зедоа учество 47 делегати, легални и нелегални, од разните реони. Соборот го претседаваше Васил Пасков. Состојбата и тука беше идентична со онаа во Македонија. Лозенградскиот реон беше опсипан од афери, а Бунархисарскиот располагаше со малку оружје, додека М. Трново поседуваше доста пушки. Останатите реони беа спремни за мали четнички акции и динамитски атентати. Конгресот се најде, генерално, пред еден тежок проблем: дали да се солидаризира со македонскиот народ во претстојното востание или, пак, да мирува. Жртвите, кои се налагаа во случајот, се сфаќаа еднакво од сите како тешки и страшни, но не помалку грозна и уништувачка беше нивната помисла да се откажат во тој еднакво судбоносен момент за општото дело. М. Герџиков, кој ја беше почнал конспиративната дејност во Македонија и кој живееше секогаш со копнежите на робот, не можеше да допушти неучество на Одринскиот округ, тоа беше нарушување на заклетвената верност и солидарност во борбата за слобода. Физичките жртви се компензираат лесно со тек на времето, но морално-духовните, кои се основа на нацијата и нејзината историја, не може да се поправат со ништо и остануваат такви за навек во историјата на нацијата – како огледало во кое ќе се огледа секогаш славата или срамот на нејзините раководни сили, како и на нацијата во историското и социјално битие. Држејќи се за моралната страна на прашањето, М. Герџиков со полна свест ја изигра најважната улога во соборот за да се направи таа колосална жртва во името на слободата. Меѓутоа, се реши да се издејствува пред Главниот штаб да се одложи востанието за еден месец подоцна за да може округот да се приготви со најнеопходното оружје, така што притоа да се остави на одринското боево тело да го определи денот на востанието, но во согласност со штабот.

За главно боево тело на округот беа избрани: М. Герџиков, Лазар Мацаров, учител и капетан Стамо Икономов. Планот за востаничките дејствија во VII револуционерен округ му беше доделен на капетан Ст. Икономов, кој, со оглед на географијата и подготовката, го подели на 5 реони. Освен тоа, конгресот ги избра Павел Ковачев како преставник на

Одринско во Задграничното претставништво, а Васил Пасков - како интендант на округот со седиште во Бургас.

Планот на капетан Икономов за востаничките дејствија беше опсежно дискутиран, а посебно дали да се нападне М. Трново или не; дали да се префрлат семејствата со добитокот во Бугарија или не – предлогот на капетан Икономов, кој се изостави од конгресот. Се прифати да се нападнат турските гарнизони, како и да се палат турските села по границата како одговор на турскиот терор во Битолскиот вилает, а да биде поштедено само мирното население. Им се препорачуваше на раководителите на четите да го заштитуваат бугарското население, ако биде можно, кога ќе им се даде иницијатива да дејствуваат.

Желбата на Одринскиот конгрес – да се одложи востанието, беше земена предвид од Главниот штаб и беше откажано на 20 јули 1903 г. Одринското боево тело врз основа на тоа решение го прогласи Странцанското востание малку подоцна, т.е. на 15 август по полноќ на Преображение. Тоа дојде многу неочекувано за Високата порта, токму тогаш кога востанието во Битолскиот вилает беше во разгорот. Нејзината збунетост беше уште поголема, со оглед на фактот што црноморската руска ескадрила во тоа време демонстрираше околу Енијада поради убиството на рускиот конзул Ростковски во Битола, извршено од еден војник два дена по избувнувањето на востанието во Битолско. Рефлекторите на ескадрилата ги осветлуваа преку ноќта непрекинато со снопови од ослепувачки зраци Странца и нејзините распрснати села, како се слеваа со огнените јазици преку ноќта на 5 август на кладите во собраните кампови во Странца на востанатиот народ. Тресокот од бомби и пукотниците на кримките одекнувајќи во длабоката тишина на Странца, предизвикуваа морничаво ехо, кое стигнуваше и до Одрин. Уште на полноќ М. Герциков со една чета од 120 души, потпомогнат од областа Кладара со нивниот војвода Халачев и придружуван од 10 Македонци, јагленари од Битолско, познавајќи ја добро месноста, се упатил кон Василико, кога одделил една команда на чело со четникот Георги Константиев кон мухацирското село Потурнаково.

М. Герциков сам со околу 50 востаници и Хр. Силјанов со 150 души се вметнале во гратчето Василико – првиот кон касарната, а вториот кон домот на владата. Со бомби и „ура" и трубата на Халачев тие станале господари на Василико. Војниците што се нашле таму и другите побарале спас во бродовите.

На 9 август преку ноќта Крсто Б'лгаријата, пак, со 70 души го нападнал селото Хаџи Талишман, Чокенско, недалеку од Одрин. Од вревата, Турците немале време да се фатат за оружјето. Војниците, нападнати во касарната со бомби, не успеале да пројават никаков отпор. Многуте пожари и тресокот на бомбите таму создале моментален пекол. Коњаницата оставајќи ги коњите, бегала заедно со толпата кон Одрин.

Целото село пламнало и огновите му се гледале дури од Одрин. Еден одред од 100 востаници на војводите Стојан Петров и Д. Ташев од селата Урумбегли, Велика, Магалик и др. (Урумбеглиска област) под командата на капетан Икономов го нападнал големото грчко село Инџеќој, каде што биле сместени 100 војници. Битката била доста напорна од двете страни. На војската ѝ пристигнала помош и востаниците дури тогаш биле принудени да се повлечат, но војската го напуштила селото и се прибрала во Лозенград. На 6 август војводите А. Лазов и Јанко Стојанов од Дереќонската област, Лозенградско, под водството на Лазар Мацаров, со околу 100 души востаници ги нападнале аскерот и стражата во Дереќој, кои иако не биле разбиени, го напуштиле селото и се прибрале во Лозенград. На 11 август, Цено Куртев и П. Ангелов ги повлекле одредите кон турското село Енијада, меѓутоа го нашле празно без жители. Тие ги запалиле складовите од дрвен јаглен и го кренале во воздух со динамит светилникот кај Енијада. Во Паспаловската област, М. Трновско, на војводата Георги Кондолов, беа извршени три акции: селаните од с. Карадере ја уништиле телеграфската линија во должина од 5 километри; самиот Кондолов со 97 души востаници го нападнал гарнизонот од 50 војници во Паспалово, а предвремената стрелба на Дико Целепов им даде можност на војниците да се утврдат во рововите. Се разврзала дополнителна и крвава битка и војводата Кондолов бил ранет во стомакот, кој посакал да биде застрелан од еден свој четник, за да не биде заробен, а потоа востаниците се повлекле. Една група селани, на број околу 74 души, го нападнале мухаџирското село Сазара, каде што се бореле јуначки и од двете страни. Војводата на Граматиковската област, М. Трновско, Пењо Шиваров, со стотина селани од селата Граматиково, Мрзево и др. го нападнал гарнизонот од 300 војници; во с. Граматиково, меѓутоа, бил пресретнат со истрели и требало да се повлече. Напади, исто така, биле извршувани во Стоиловската и Цикнихорската област, М. Трновско. Во првата – од Дико Целепов, во втората – од Стојан Камилски. Тие смели и брзи многубројни дејствија, извршени во мошне кратко време, а особено меѓу 5 и 6 август, наполно ги демобилизирале турската војска и населението, кои барале некаков спас во блиските големи центри. Тие акции мошне ја потресле Високата порта и го попречиле планот за концентрирање [на воени сили] на Наз'р-паша во Битолско, а, од друга страна, тој факт потврди пред Големите сили и надворешниот свет дека моќта на Револуционерната организација не е ни најмалку разнишана од преземените акции во Битолскиот вилает. Динамитските акции, за кои се говореше со толку жар, излегоа речиси невозможни за извршување, со исклучок на станицата кај Кулели Бургас, каде што востаниците успеале да разнесат со динамит два-три вагони од возот.

Управувањето во ослободените места му беше поверено на населението, кое се сметаше одговорно пред револуционерната власт. Така, на пример, во грчкото гратче Василико, привремената комисија се состоела од Грци.

Генерално, борбите во Одринско по напаѓачкиот елан и самопожртвуваваноста на востаниците не се разликуваше во ништо од оние во Битолскиот вилает. Тука имаше над 36 битки. Востанието траеше два и пол месеци.

XXIII

Востаничките дејствија во Серскиот санџак

Востанички и динамитски напади * Причините за невооружувањето на тој крај * Држењето на Јане Сандански и неговите другари спрема востанието и неговите заеднички дејствија со Врховниот комитет * Помирителното однесување на Задграничното претставништво пред Сандански, неговите другари и Врховниот комитет – Цончев * Организирање на четите на ВК и нивното влегување во Серскиот санџак * Борбите кај реката Струма, селата Обидим, Пирин, Бачево, Мехомија, Годлевски Балкан и др. *

На Солунскиот и на Смилевскиот конгрес беше исцрпно истакната состојбата во однос на вооружувањето на реоните во Македонија и Одринско и со оглед на таа состојба беше прифатена двојна тактика за акција – масовно учество на народот и чисто четничко. Масовното народно востание требаше да ги опфати Битолскиот и Одринскиот вилает, кои беа споредбено подобро вооружени, додека во Солунскиот и Скопскиот вилает се предвидуваа четнички и динамитски напади. Тие два вилаета, во кои се беа вложиле низ цело време на конспирацијата, како и пред востанието, толку големи напори и грижи од ЦМРК и Задграничното претставништво за нивното револуционизирање и вооружување, не можеа да пројават, и покрај соседството со Бугарија и нивната стратегиска положба, позначителни акции како во Битолскиот и во Одринскиот вилает. Аферите, кои го засегнаа Скопскиот вилает уште во раниот негов развој, а Солунскиот во разгорот на Четничкиот институт, придонесоа реално доста многу за таквата состојба иако аферите не беа помалку тешки и погубни и во другите вилаети. Не беше оружјето тука главниот фактор за тоа, туку онаа борба која се водеше меѓу Внатрешната и Надворешната организација, а населението во тие вилаети, каде што пропагандата на Врховниот комитет беше најмногу навлезена, се наоѓаше во недоумие – кого да слуша и по кого да тргне: со Врховниот комитет, кој проповедаше дека ќе им се дадат пушки и дека народот ќе биде ослободен од Бугарската армија или, пак, ЦРМК, кој го учеше народот да ја изгради својата слобода со својата пот и крв и од таа причина населението се оддаде на пасивност – резигнација. Раководните сили повеќе гледаа да се справат со врховистичката напаст, отколку со [проблемот за] вооружување [на населението] и ја сметаа таа состојба на реоните како непогодна за какво било дејствие, а не пак за едно востание. Голема надеж се полагаше од Задграничното претставништво на авторитетот на Гоце Делчев дека ќе ја преобрати нивната опозиција, така што со заеднички напори ќе се достави оружје за и тој дел од Македонија да даде

еден значителен реален придонес во претстојната историска борба за слобода. Предвремената негова смрт ја осуети таа задача толку посакуванаод сите , од една страна, а од друга – солунските атентати, кои негативно влијаеа врз доставувањето на договореното оружје за Солунскиот вилает, но уште и од целиот предвостанички подготвителен период со апсење на членовите на ЦМРК и на други раководни сили. Од оваа страна на Вардар, особено Серскиот санџак, се лиши од една авторитетна личност, која можеше да ги искористи најрационално вооружените сили за четничките напади и динамитските атентати. Раководството и иницијативата за дејствијата требаше да паднат [на товар] на Сандански и неговите другари, кои беа најотворени противници на востанието. Тие го држеа населението во санџакот настрана не само поради тој факт, туку и поради тоа што во некои реони Револуционерната организација се потпираше на арамиски елементи – јатаци. Задграничното претставништво знаејќи го нивното генерално негативно држење, се мачеше да ги оттргне од таа намера, а истовремено гледаше да ги задоволи сите нивни потреби за вооружување на нивните реони, колку што беше возможно, со цел и нивните реони да земат учество во борбата. Имајќи ја предвид таа околност, беше прифатено Серскиот санџак да влезе во движењето подоцна, а тоа се налагаше и од политички причини, со што на тој начин се одбиваа делумно инсинуациите против Бугарија и делото истовремено добиваше чисто локален народен карактер. Од друга страна, Серскиот санџак служеше како резерва за да бидат употребени неговите сили подоцна во борбата, така што со тоа на движењето му се придаваше поуниверзален и перманентен карактер пред надворешниот свет.

Не мала грижа за Задграничното претставништво претставуваше постојното непријателство меѓу луѓето на Врховниот комитет и раководните сили на Внатрешната организација од оваа страна на Вардар, главно на Серскиот санџак – Јане Сандански и неговите другари. Нивната меѓусебна борба имаше смисла до пред востанието, но штом последното беше прифатено (со право или не) од внатрешноста да се реализира по секоја цена и откако востанието беше веќе прогласено, природно отпаѓаше секаква основа за спор и несогласување. Им се налагаше и на двете страни од чувство на долг и интерес кон каузата на робот во тој историски момент да го забораваат минатото и да му притекнат на помош на востанатиот народ против вековното угнетување. Спротивставувањето на Сандански и неговите другари на помирувачката акција на Задграничното претставништво беше мошне остро, особено по смртта на Делчев. Сандански беше останал фактички раководител на тој толку важен, од стратегиски поглед, Серски санџак. Задграничното претставништво се надеваше и на Јаворов, кој го придружуваше Гоце Делчев до село Крчево, дека тој откако се приближи до Сандански по смртта на Делчев и неговото, како по чудо спасување на Голешката битка, близу селото Лехово, ќе може да го убеди за договор и заедничко дејство со врховистичките чети, кои беа веќе во тој крај. Сандански погледна и кон тоа со недоверба, дури и со презир, и го отфрли тој предлог. Никола

Наумов, кој беше во четата на Сандански, ценел за бесполезно да се меша по тоа прашање. Д. Стефанов, доверено лице на Сандански, се држел исто така пасивно спрема Јаворовиот предлог и затоа Јаворов и Наумов го напуштиле и се повлекле во Бугарија.

Сандански не можеше воопшто да се издигне над себеси и да ги разбере значењето и смислата на моментот, туку продолжуваше да живее уште под кошмарот на недовербата и стравот од небратски дејствија, дека одредите на генерал Цончев ќе го разоружат и ќе му го одземат господарењето со Пирин. Освен тоа, не помалку тешка беше задачата на Задграничното претставништво со Врховниот комитет, еден од виновниците за предвременоста на востанието. Тоа ја разбираше најдобро штетата од меѓусебниот антагонизам и расправии во предвечерјето на востанието и си постави како должност барем да ги омекне меѓусебните односи ако не може целосно да ги подобри и да ги ангажира расположливите сили на Врховниот комитет во подготвуваното востание, а истовремено гледаше да ги менаџира чувствата на неговите луѓе, без меѓутоа да ги нарушува со тоа историската суштина на ВМРО и нејзините цели. Покрај тоа, ЦМК по јануарското солунско решение за востание му имаше соопштено на Врховниот комитет дека по прогласувањето на востанието сите борци ќе бидат пречекани со отворени прегратки, но дека е пожелно тие претходно да имаат согласност од Внатрешната организација. Генерал Цончев не можеше да не ги оцени искрените помирителни тенденции на Задграничното претставништво и наполно ги разбираше тешкотиите кои му се испречуваа на патот на зближувањето од некои дејци на ВМРО. Само што беше прогласено востанието, ВМРО им апелираше на воените сили на Врховниот комитет да ги поддржат напорите на боречкиот народ за слобода. На тој апел веднаш се одзва генерал Цончев од ВК и се понуди да биде на располагање на ВМРО, без да пројавува посебни претензии. Тој и неговите другари, едноставно, појдоа кај своите бивши противници да ја помогнат заедно каузата на Македонија. Тој нивен гест за братска соработка ги олесни во голем степен дејствијата на Задграничното претставништво пред раководните сили на Серскиот санџак кога во другите реони (Малешевско, на пример) беше наложено по силата на нештата спонтано примирје и соработка меѓу Чернопеев и Лефтеров, помагајќи ги рамо до рамо нападнатите на 1 април 1903 г. од турските војски, четите на Мазнејков и Дечев. Генерал Цончев, во согласност со Задграничното претставништво, почна да организира и тој од своја страна чети, за кои беше потпомогнат од нас, така што за кратко време беа организирани четите на Љубен Стоенчев и капетан Ј. Стојанов со околу 80 четници, а потоа и оние на П. Дрвингов и Д. Зографов исто така со по 80 души и подоцна одредот од 400 души на генерал Цончев и полковник Јанков, во кој се вбројија офицерите Д. Атанасов, Хр. Танушев, Ботушанов, Парталев и др. Тој одред, на чие чело стоеше генерал Цончев, се наоѓаше веќе на крајот на август во Пирин. Притоа, во првите дни на септември беше свикан во Пирин конгрес од реонските раководители на Серскиот санџак за да изработи план на востаничките дејствија. Конгресот го претседавал Д. Стефанов, бивш

задграничен претставник и траел три дена. Беше решено да почнат акциите на 14 септември – Крстовден, така што ќе почнат да дејствуваат најнапред четите во Демирхисарско и Серско и ќе се рашируваат постепено кон Разлошко. Како раководно окружно тело беа избрани Д. Стефанов, А. Радославов и Сим. Витанов.

Јане Сандански за време на конгресот остана непомирлив и сомнителен спрема врховистичките сили и не дојде до конечен расцеп благодарение на држењето на Д. Стефанов. Од тие причини не можеше да се изработи заеднички и целесообразен план за дејствие на силите од ВМРО и ВК. Секоја страна дејствуваше самостојно поради што дејствијата во Серскиот санџак и покрај огромните боеви сили, доброто вооружување и стратегиската положба во реонот на санџакот беа анемични, но ја уплашија Високата порта и им послужија делумно како воздишка на Битолскиот и на Одринскиот вилает.

Во првите денови по објавувањето на востаничките акции, четите на Љубен Стоенчев и Илија Крчовски се обидоа да го кренат во воздух мостот на Струма, но тоа не го направија бидејќи беа начекани од голем дел војска и по долготрајната битка се повлекоа кон Неврокопско. На 13 септември Атанас Тешовалијата и Стојан Филипов ги прекинаа телеграфските линии во Неврокопското поле, а четите на М. Чеков, Ив. Апостолов - Копаран Чауш и Никола Пазарџиклијата со околу 150 души го нападнаа гарнизонот во с. Обидим. Во таа битка зедоа учество и селаните од селото. Георги Шопов запали дел од с. Рибиново, а Ст. М'лчанаков – с. Горно Дреново. Во Драмско, реонските чети на Мирчо Кипрев и Иван Атанасов – Грчето се бореа кај село Калопот. Борбата во с. Пирин и во неговата околина беше една од најдолготрајните и најкрвави во санџакот. Во таа битка зедоа учество четите на генерал Цончев и полковник Јанков. Преку ноќта на 30 септември, тука притекнаа напомош четите на Јане Сандански и Ј. Стојанов. Во таа средба се појави за прв пат изразот на помирување меѓу другарите, еднакви по судба и оружје, проследен со прегрнување меѓу четниците. Колку поефикасно и порезултирачко би било тоа помирување ако станеше пред изработувањето на планот за востаничките акции и ако имаше од почетокот планомерно и заедничко командување на боевите сили!...

Во Разлошко, востаничките дејствија имаа масовен народен карактер и покрај пиринското конгресно решение народот да се држи настрана од акциите. Населението, кое тука поседуваше оружје, им се придружи на четите. Боевите сили беа тука зголемени уште со една чета од 300 души под командата на мајор Шипков, формирана со помош на Задграничното претставништво од емигранти на Разлошко. Раководното тело тука се состоеше од Д. Лазаров – Минѓо, мајор Шопов и Кочо Молеров. Според веќе изработениот план, тие требаше да ја нападнат Мехомија откај Пирин, меѓутоа, отпосле се искажа мислење тоа да се случи не откај Пирин, туку откај Рила. Потоа се водеше долг спор и најпосле се прифати нападот да се изврши откај Рила. Тој спор немалку попречи да се искористи рационално онаа огромна сила од околу 1000

пушки, водена од компетентни лица: генерал Цончев, полковник Јанков и Д. Стефанов и требаше да се премести од Пирин кон Рила.

Нападот, пак, во Мехомија се изврши од внатрешната страна од Владимир Каназирев, Владислав Каназирев, поручник Зографов и др., а однадвор - од други сили. Над с. Бачево се водеше битка со турска чета. Огнови околу селото почнаа да ја осветлуваат целата Разлошка Котлина. Бојот во градот стануваше сè поужасен и поужасен. Пустош, пожари и тресок од бомби создадоа нечуен пекол во градот. По таа долготрајна борба во градот четите на чело со поручник Владимир Каназирев успеаја да се извлечат низ турските редови. Четите пак, командувани од полковникот Јанков, Д. Стефанов, Сим. Молеров и Ботушанов настапија на 18 септември против Белица и ги атакуваа аскерските позиции. Бојот се пренесе оттука во селото и помашкото маало беше целосно запалено, но четите требаше да го имаат предвид засилувањето на турската поддршка која надоаѓаше во Мехомија и Неврокоп. Во Годлевскиот Балкан, разлошкиот војвода Радон Тодев со 70 души, опколен во месноста Света Богородица од многубројна војска, се борел со ретка храброст во траење од неколку часа. Тој самиот, со 20 млади борци, ја осветија таа месност со својата херојска смрт. Но, по ред битките во Серскиот санџак излегоа 22. Генерално, востаничките акции тука траеја околу два месеца – од септември до крајот на октомври.

XXIV

Востаничките дејствија во Солунскиот вилает

Приклучувањето на тој крај кон апелот за востание * Динамитските диверзии на железниците * Парализирањето на Тиквешко од потерите * Женидбата на Крсто Асенов * Крвавата битка кај с. Аматово * Нападот на Гуменце * Борбите кај с. Рамно (Пајак) и на врвот Г'ндач *

Солунскиот вилает, потресен до дно од Солунската афера, како и од Солунскиот атентат на почетокот на април 1903 г., беше лишен од оружје не помалку од Серскиот санџак и покрај тоа неговите реони: Кукушко, Еницевардарско, Воденско, Гевгелиско, Тиквешко и др. се одзваа на готовност на апелот од Смилевскиот конгрес да придонесат и тие солидарно со другите, според [своите] сили, за успехот на Илинден. Учеството им се манифестираше во диверзии на железничките линии и четничките напади. Имаше три диверзии во Гевгелиско, две во Воденско и една во Кукушко. Експлозивни материјали им беа доставени од Задграничното претставништво и испратени преку Гевгелиската чета на Сава Михајлов, која замина уште во февруари во внатрешноста. На 28 јули преку ноќта, Сава Михајлов со месната гевгелиска чета на Аргир Манасиев, го крена [во воздух] железничкиот мост кај Гевгелија, а на 10 октомври беше организирана динамитска диверзија на еден товарен воз кај селото Смоквица, чии последни вагони беа уништени. На 24 август беше кренат во воздух од Воденската чета малиот железнички мост помеѓу с. Острово и с. Владово.

Генерално, динамитските акции беа основниот елемент на востаничките дејствија во Солунскиот вилает и затоа не се придаваше толку големо внимание на четничките напади. Не само што условите за тој тип акции беа благопријатни, туку и зашто тука се наоѓаа интелигентни сили, како Сава Михајлов, Крсто Асенов, Аргир Манасиев, Петар Јуруков, кои беа желни за такви акции, но и подготвени. Тиквешко, меѓутоа, беше уште од почетокот оттргнато од какво и да е сериозно преземање [на акции] поради убивањето на неколку злосторнички бејови. Тоа даде повод да се појават многубројните потери, кои крстосуваа непрекинато во околината. Четата на Петар Јуруков, на број околу 300 души, со избеганите 80 души граѓани од Солун за време на атентатите, не можела веќе да дејствува, таа на 3 август била опколена од војската кај с. Шешково, од каде што успеала да се извлече со 15 души жртви.

Во Солунскиот вилает се сметаше главно на Кукушкиот реон како најкултурен и најдобро вооружен. Тука беше енергичниот, храбар и интелигентен војвода Крсто Асенов, чија женидба со забележителната револуционерка учителка, гопоѓица Малешевска, беше протолкувано [од страна] на четниците како престап толкувајќи го тоа по свои критериуми: „Ние правиме востание, а тој се жени!“ Тие искористиле еден момент и го застрелале. Тоа избрзано, безумно дело ја растури конечно Кукушката околија и соседните околии и ги наруши предвидените динамитски акции во вилаетот.

(Забелешка: Крсто Асенов пред неговото убиство учествуваше во една битка на 16 јули кај с. Постулар, од каде што четата и покрај опсадата од многуброен аскер, успеа да го пробие обрачот само со четири жртви, а потоа во таа околија имаше уште една друга битка кај с. Аматово, забележана по крвавоста. Четата тука била под водството на Гоце Несторов, со нечуена храброст и себеодрекување и со развеано знаме.

Убиството на Крсто Асенов го разочара Задграничното претставништво. Казнувањето на неговиот убиец, Мицо Големанов, извршено од четата на Сава Михајлов, не го задоволи. Незадоволството од битката кај с. Постулар, женењето и омразата на простите работници кон интелигентните што им послужи како мотив за да посегнат по неговиот живот – тоа не можеше да се оправда од нас. Тој непримерен акт беше единствен во Револуционерната организација. Казнувањето, воопшто, на каков и да е раководител според статутите на Организацијата и дотогашната практика, не може да се изврши без санкција од централната власт. Имајќи го тоа предвид, Задграничното претставништво сметаше на честа и името на Организацијата како свој безусловен долг, да се фрли полна светлина на тоа дело и поради тоа тоа побара по востанието да се направи детална истрага за да се утврди интелектуалниот убиец и неговите мотиви. Од доказите кои ги собра тоа од одделните четници приватно, дојдени во Бугарија по востанието, не беше за ЗП оправдан мотивот дека венчалниот обред на Крсто Асенов со госпоѓицата Ана Малешевска би можел да згнаси толку многу наивни четници за тие да не можат да го трпат во нивните редови, кога честа, имотот, животот и

вредните културни скапоцености на еден народ беа вложени во една борба на живот и смрт. Решението за неговата казна било генерално донесено меѓу четниците и Мицо Големанов требало да го исполни тоа. Извештајот од таа истрага до Задграничното претставништво, извршена од ЦМК, беше составен од Христо Попкоцев. Тој рапорт го згрози уште повеќе Задграничното претставништво зашто тој наместо да фрли светлина на тоа несреќно дело, го покри со уште поголема мистерија. Задграничното претставништво остана на сомнение дека убиството не било извршено без знаење на барем некој член од ЦК.

Силниот и смел, до безумие, знаменосец Ив. Пеливанов падна убиен под знамето, како и неговиот заменик и уште двајца четници. Борбата била водена речиси цел ден и била извонредно жестока. Знамето најпосле падна во турски раце, но беше вратено со големи жртви. Еницевардарскиот војвода Апостол го опколи на 26 јули Гуменце. Едни четници влегле во градот и отвориле оган со бомби, други, пак, одвнатре во градот го поддржувале огнот со непрекината стрелба. Во градот настанала наполна бркотница, 170 души од гарнизонот се распрснале по градот и се бранеле од нив. Таа борба продолжи 3-4 часа и после четниците се повлекоа. Во Еницевардарско се водеа во август и септември 4 битки од четите на Апостол војвода и Ив. Карасулијата кај с. Рамно и на врвот Пајак, а посебно онаа на врвот Г'ндач на 12 септември, во која зела учество и Кукушката чета на Гоце Несторов и беше најкрвава. Турската власт не дозволувала во траење од неколку дни никој да се доближува до тоа место додека не биле погребани турските војници. Во сите тие акции во Солунскиот вилает имаше една огромна непропорционалност на силите. Три илјади и петстотини четници водеа, во траење од два месеца, борба против 25.000 [души] редовна војска. Турските жртви беа десетпати поголеми од оние на четниците, особено кај с. Пирин, Белица, Обидим и др. во Серскиот санџак, како и кај с. Аматово и врвот Г'ндач (Пајак Планина), [каде што жртвите на четниците беа] во Солунскиот вилает над 38, имено, во Серскиот санџак 22 и 18 во останатиот дел на Солунскиот вилает.

XXV

Востаничките дејствија во Скопскиот вилает

Динамитската диверзија на Н. Пушкарев на железничката линија кај с. Новачани * Битките на Н. Пушкаров и Боби Стојчев кај с. Кожле и Ѓуришкиот манастир, како и оние на Сл. Ковачев и Ат. Бабата близу градот Кратово на планината Плавица * Битките на Никола Дечев и Тане Мурџев над с. Луково * Битката на големиот одред под командата на Чернопеев кај с. Ново село и Султан Тепе *

Востанието го затече Скопскиот вилает најслабо вооружен. Тој не можеше да се соземе по Виничката и Штипската афера. Освен тоа, српската пропаганда ги имаше зафатено за време на приготвувањето [на востанието] највиталните негови сили. Поречието, каде што била загнездена пропагандата, како и Тетовско и Гостиварско, соседни со арнаутлукот, не влегуваа во планот на востаничките акции. Велес и Велешко, кои можеа да пројават поголем успех во движењето, го снајдоа месни раздори и меѓусебни борби помеѓу умерените и екстремните работници. Во Скопско дејствуваше Н. Пушкаров со 18 души. Снабден со доволно динамит и бомби, тој на 1 август со динамит успеа да отстрани од шините еден воен воз со 32 вагона на железничката линија кај с. Новачани. Потоа, таа чета имала судири со аскерот кај с. Кожле, како и кај Ветерскиот манастир. На 5 август четата на Н. Пушкаров и Боби Стојчев, на број 47 четници, даде сериозен отпор на арнаутските потери и на аскерот на Ѓуришкиот манастир. Тие се биеле речиси цел ден покрај непрекинатата поддршка на аскерот кон Велес, Штип и Куманово. Во Кратовско, пак, четите на Н. Дечев, Т. Мурџев со околу 150 души се бореа на 25 август околу 12 часа над с. Луково, а оние на Сл. Ковачев и Атанас Бабата, на број 90 души, на 19 август водеа борба до градот Кратово, на планината Плавица. На 5 септември еден голем одред од 250 четници се упати под команда на Чернопеев, капетан Тренев, П. Самарџиев, Константинов, Н. Жеков, Кирил Прличев и Делчо Коцев, кон разни реони: Струмичко, Радовишко, Велешко и др. бидејќи одредот не можеше да стигне до неговите предвидени реони за дејствие, со оглед на тоа што беше начекан од 7 заптии кај с. Витоша, кои беа убиени. Тоа му даде повод на аскерот што идел одблизу да ги открие. Набрзо, одредот зазеде добри позиции и така го дочека аскерот. Се разврза крвава битка. Во првиот ден одредот немаше жртви, но во вториот ден настапи бура со густа магла и одредот се разедини. Главното јадро со Чернопеев се борело под с. Ново Село, другиот дел, изгубен од маглата, се нашол на врвот Султан Тепе, од каде што се водеше борбата. Во тие битки паднаа околу 40 четници жртви. Во целиот Скопски вилает може да се набројат над 15 битки и жртвите од наша страна не се помалку од 100 души, додека оние од турска страна излегуваат над 400-500 души.

XXVI

Задушување на востанието

Ставот на власта за претстојното востание * Нејзиното изненадување од неочекуванта моќ на Револуционерната организација * Упатување на 60-илјадната армија на Омер Ружди-паша кон Битолскиот вилает * Настапувањето на Бахтијар-паша со 18 илјади души кон Крушево * Сменувањето на Омер Ружди-паша со Наз'р-паша * 80-илјадната операциска армија на Наз'р-паша во колони кон востаничките околии, потпомогната од месниот башибозук * Пожари, убиства, обесчестувања, грабежи и др. врз невиното население, извршени од војските и башибозучките банди * Истите злодела беа извршени во Одринско и во останатите востанички околии на Македонија * Разнишувањето на духот на востаниците од турскиот вандализам * Апелот на Главниот штаб кон бугарската влада и народ * Извршување на демобилизацијата при најнеповолни услови *

Востанието не беше изненадување за турската власт. Таа имаше доволно разузнавачки документи за тоа, пронајдени во последните два месеца пред објавувањето на востанието. Притоа, странскиот печат не престануваше да известува за претстојното народно движење. Солунскиот валија Хасан Фехми-паша дури изјавил уште на 17 јули 1903 г. со увереност дека очекува меѓу 19-20 јули нешто посебно во Македонија. Турската власт не можеше да ја сфати суштината на состојбата. Таа мислеше дека откако прибрала по Солунските атентати, со најжестока инквизиција од селата во целата земја 1715 пушки, 88.300 патрони, 390 кг динамит, 200 бомби и др., Револуционерната организација е конечно уништена и не е веќе способна за никаква сериозна акција. Најмногу што Организацијата, според неа, би извршила не би можело да биде друго освен обични четнички судири. Затишјето настанато за време на јуни и првите две декади од јули го потврди уште повеќе убедувањето на владејачките турски кругови за немоќта на Организацијата. Високата порта беше спокојна бидејќи имаше поставено значителни воени трупи во малите гратчиња, како и во стратегиските села, кои би биле објект на напади од четите, така што со тоа прераспределување на војската, владата можела да ја парализира четничката активност, каква и да е. Уште повеќе, некои од владејачките кругови беа поласкани по Солунските атентати од мислата дека при најмал сличен обид на Револуционерната организација ќе се обиделе засекогаш да ги уништат ресурсите на Организацијата и на тој начин да се стави крај на критичното расположение во Македонија и Одринско, создадено од конспирацијата. Турската леснотија во потценувањето на моќта на Револуционерната организација беше платена скапо со дискредитирање на авторитетот и престижот на Империјата пред очите на востанатиот народ и пред странскиот свет. Комплетното прекинување на телеграфските врски, експлозиите на бомбите, грмежите од пушките, опожарувањето на турските пребивалишта и кули, како и напаѓањето на турските гарнизони по градовите и селата, создадоа страшно безредие и страв кај Илдазата и во вилаетските власти. Меѓутоа,

разнишувањето на државната структура се почувствува најпогубно кога воените гарнизони од малите гратчиња и селата спасени од куршумите на бунтовниот народ бегаа кон поголемите центри. Турското население, пак, обземено од паника, оставајќи и дом и имот, бараше спас во градовите. Турските гарнизони по градовите не смееја да навлезат отворено во решителна борба против востаниците и ако се решаваа да направат, тука и таму, некое извидување или, пак, да запалат некое бугарско село, гледаа да се приберат уште истиот ден во градовите. Границите меѓу Турција и Бугарија спрема Македонија и Одринско беа наполно избришани. Турската власт се трудеше да ги спаси главно градовите од преземањето од востаниците. Завладувањето на Крушево и обидот за преземањето на град Ресен, Кичево и др. ги ужаснале толку владејачките луѓе во Битола, што тие живееја во кошмар градот Битола да не потпадне под ударите на востаниците иако во тој град беше сместен еден силен гарнизон од 5000 војници со потребната артилерија. Турската воена моќ изнесуваше во моментот на востанието околу 20.000 војници во Битолскиот вилает, меѓутоа таа беше на некој начин блокирана и некадарна за сериозна акција против востанатите народни маси. Во таа немоќ, Високата порта беше очајно принудена да ја врати 60-илјадната армија на Омер Ружди-паша, концентрирана во Скопско против бунтувачките Албанци на Косово и да ја упати во Битолско за задушување на востанието. Таа грамадна армија беше транспортирана со железница до Велес и оттука пешки била упатена кон Крушево. И, кога таа го опсадила градот, Хилми-паша, на 28 јуни, со ретка самоувереност, предвидувал пред странските претставници и странскиот печат дека мирот во Битолскиот вилает ќе биде воспоставен за 4-5 дена. Неговото предвидување се оствари дури на почетокот на ноември поради зимата што настапи. Првата задача на Омер Ружди-паша била да се ослободи Крушево од востаниците. Тука се работеше за честа и престижот на Империјата. Еден одред од 18 илјади души со артилерија и коњица под команда на Бахтијар-паша пристапи од сите страни кон Крушево и по очајна и долготрајна борба на востаниците, Крушево беше преземено на 31 август. Освен тоа, во Битолскиот вилает пристигнувала непрекинато воена поддршка од Солун и од др. места, така што беше на располагање една армија од 50-60 илјади војници за задушување на востанието. Омер Ружди-паша располагаше веќе со значителни сили за да се справи со востанието, но неговата тактика се состоеше во испраќање воени одделенија во разни насоки. Тоа, поради планинскиот карактер на вилаетот, им создаваше предност и иницијатива на четите да атакуваат на аскерот и да се прибираат по височинките на планините. Изминаа седмици без да се постигнат позначителни резултати од прославените акции на Омер Ружди-паша. Таа немоќ доста го засегна авторитетот на државата пред надворешниот свет. Најпосле, Портата се најде принудена да го смени султанскиот довереник со Наз'р-паша. Верата и самоувереноста на востанатиот народ беа нараснати значително поради неуспешноста на турската агресивна акција. Но, набрзо ситуацијата се промени со новото главно командување на Наз'р-паша. 80-илјадната армија и два големи одреди од месниот башибозук, составен од Турци и

Арнаути, беа концентрирани во Битолскиот вилает. Колони од неколку дружини со артилерија и коњица беа упатени во разни насоки за опсада на секоја околија поединечно, со непробоен воен кордон, каква што тактика употреби Китчнер спрема Бурите. Таа акција врвеше паралелно со палењето на бугарските села, убиствата и обесчестувањата – турски метод за пресушување на изворите за снабдување на боречкиот народ и за опаѓање на неговиот дух и морал со уништувањето на домот и неговиот имот, како и со посегнување по неговата семејна чест. Населението, обземено од ужасот на таа варварска акција, бараше гол спас во горите, каде што ги начекуваа плотуните на војската и башибозукот, кои започнуваа зверски оргии со уништување и силувања на жени и моми. Една колона од 12 илјади војници, упатена накај Смилево, наиде кај с. Ѓавато на силен отпор од одредот, командуван од Георги Сугарев, ѓакон Евстатиј и месните војводи и тој одред, по долготрајна битка, се повлече кон Смилево. На таа турска колона ѝ беше даден немал отпор од смилевските и од повлечените ѓаватски чети под раководството на Д. Груев, но имајќи ја предвид огромната непријателска сила, четите се повлекоа во соседните планини. Турските војски откако го запалија Смилево, се упатија за Демирхисарско и оттука во Кичевско. Но, тие биле пресретнати насекаде од месните востанички сили, кои требаше да отстапуваат педа по педа од својата родна земја во крвав бој. Турците откако ги потиснале востаничките сили кон планините, ги подложиле окупираните села на грабеж и опожарување. Друга многубројна колона од војски била испратена кон Леринско и Костурско, а трета колона кон Преспанско – Ресен и Охридско. Тие дејствуваа речиси на истиот начин, така што ги прогонуваа месните чети од селата и веднаш ги потпалуваа селата. За задушување на востанието во Одринско, пак, оперираше 40-илјадна армија, командувана од Исмаил- паша, Шукри-паша и Сад'к-паша. Против востаничките акции во Солунскиот вилает дејствуваше 21-илјадна армија, а против Скопскиот вилает – 27-илјадна армија. Истиот систем и метод беше користен и во тие вилаети, како и во Битолскиот вилает – местата каде што се случија најжестоките битки, како М. Трновско, Лозенградско, Одринско, Разлошко, Неврокопско (Серскиот санџак), Штипско, Кочанско (Скопски вилает), беа изложени на највандалска акција на турските војски и башибозукот. Многу бугарски села беа срамнети со земјата. Таа турска акција таму не наиде на истиот отпор како во Битолскиот вилает бидејќи селата беа испразнети од поголемиот дел од населението, кое веќе беше минало во Бугарија и затоа тоа настрада помалку од зверските истапи на војската и башибозукот отколку населението во Битолскиот вилает. Опустошувачката акција во Битолскиот вилает е потресувачка: од 502 христијански села, 247.000 куќи и 182.000 жители христијани исцело или делумно опожарени беа 122 села со 8646 куќи и останати без покрив над глава 51.606 жители; убиени и заклани 1779 души, силувани 2152 жени и моми, запленети 57. Ресенската нахија држи рекорд по турскиот вандализам – има 610 обесчестени и изнасилени моми и жени, повеќе од половината од вкупниот број 1092 во вилаетот, додека Охридската зеде прво место во

опожарување на селата: бројот им изнесува 32 наполно опожарени, а 10 делумно. Тоа е резултатот за 72 христијански села. Истата судбина ја делеше и Одринскиот вилает. Од 92 христијански села со 17.754 куќи, опожарени биле исцело или делумно 66 села со 2610 куќи, обездомени 12 880, заклани и убиени 2565, обесчестени моми и жени 920, запленети 135, избегани во Бугарија 20.000 души. Солунскиот и Скопскиот вилает не беа, исто така, поштедени; палењата и колежите се извршуваа и тука, особено во Мехомија, Белица и Бачево, Разлошко. Така во Серско беа опожарени 10 села со 10.090 куќи, останати без покрив над глава 5772, заклани 290, обесчестени 50 жени и 4 запленети, а во Скопскиот вилает опожарувањата и колежите станале главно во селата каде што се воделе битките, на пример, Долно Трогерци, Луково, Штипско, Просек, Вранинци, Кочанско и др. Опожарени биле сите 90 куќи и заклани 60 души. Вкупниот збир на сверствата и опустошувањата во Македонија и Одринско за време на востанието, извршени од војската и башибозукот, претставува една чудовишна варварска слика: 201 село наполно или делумно запалени со 12.400 куќи, останати без покрив над глава 70.835 души, убиени, заклани и живи изгорени 4694 души, обесчестени моми и жени 3122, запленети моми и жени 176, избегани 30.000. Но, и покрај сето тоа, Наз'р-паша не можеше да ја исполни поставената задача во целост. Четничките одреди отстапуваа стапка по стапка кон полињата и планините во долготрајните битки извлекувајќи се секогаш успешно од опсадата на војските. Благодарение на планинските локални услови и тактиката на раководството на востаниците, ниту еден одред не бил наполно уништен, ниту пак паднал во турски раце.

Планините, кои беа зафатени од војската, станаа набрзо повторно прибежиште на востаниците. Дамјан Груев, на пример, по окупирањето на Смилево од турските војски и неговото запалување, се движеше главно на Смилевската Планина. Но, тоа што Наз'р-паша не можеше да го постигне со воени дејствија, го спроведе со посредство на садистички систем и опожарувања. Тој чудовишен нечовечен систем нормално дека го поколеба силно боречкиот дух на востаниците. Физичката борба, колку и да беше тешка наспроти модерното вооружување на многубројниот непријател, не беше во состојба да ги скрши нивната волја и дух. Маките и жртвите нив им беа извесни уште кога се посветија на револуционерното дело. Но, моралната борба ги прекрши нивните сили. Едно тажно и болно чувство проникнуваше од дното на нивната душа. Долгот кон татковината, од една страна, а од друга – оној кон семејствата, беа за нив еднакво императивни. Така, синтезата на двата долга не беше лесна. Во прво време, тие гледаа да ги избегнуваат судирањата со аскерот главно за да не дадат повод за палење на селата и за измачување на населението, но подоцна, долгот кон семејството и домот надвладеа и некои се повлекоа, а посилните истрајаа до крај за долгот кон татковината. Таа состојба многу го обеспокои Главниот штаб, кој никогаш не ги допуштал опустошувањата на селата и сверствата во таков размер, додека тој ја водеше борбата врз чисти коректни и хумани начела спрема невиното турско население. Тој не беше во состојба да преземе никакви

контрамерки против турските варварски истапи. Истиот турски метод на дејствување, кој беше применет на почетокот на востанието во Одринско против турските села од востаниците, како и на крајот на востанието во областа Колона против некои турски села од одредот на В. Чакаларов, не ги одврати ни најмалку турските вандалштини. Варварскиот систем на Наз'р-паша ќе беше лесно применлив на почетокот на востанието, кога многу турски села не беа чувани од воени сили, но Главниот штаб немаше да го направи тоа во никој случај, зашто тоа ќе беше во противречност со аспирациите и тенденциите на Револуционерната организација.

Делото, за кое македонскиот бугарски народ се бореше беше општочовечко. Тој имаше потреба од застапништво од [страна на] културниот свет. Мислата дека каузата на Македонија и Одринско ќе биде, најпосле, поддржана од Големите сили, под чие старателство, согласно со чл. 23 од Берлинскиот конгрес се наоѓаа тие области, го тераше Главниот штаб да препорачува да се штедат сили, патрони и да се избегнуваат судири со аскерот за да може да се продолжат востаничките дејствија колку што е можно подолго време. Но, кога турските зверства и пустошења ја минаа границата на секоја човечка помисла и Балфур, премиерот на цивилизирана Англија, ги обвинуваше востаниците за турските истапи, надежта за интервенција на Големите сили тогаш стануваше бесмислена. Имајќи ги предвид тие факти, Главниот штаб се собра на 9 септември над с. Слоештица и сметајќи го како последен свој долг, [испрати] апел кон слободниот бугарски народ и неговата влада [за] ефикасна поддршка на делото, со образложение дека е тоа општобугарско дело. Во тој апел беше подетално изложена состојбата на востанатата област, создадена од турските ексцеси, а исто така беше изложена и идната перспектива на областа во услови на глад, мизерија и зимата што настапуваше, [како и] странските пропаганди [против] нашето национално дело. На 17 септември се случи големата крвава битка кај истото с. Слоештица на Бигла Планина, каде што зеде учество Главниот штаб со војводите Сугарев, Д. Дечев и други.

Два дена потоа, на 19 септември, повторно се собра Главниот штаб во Смилево за да донесе конечно решение по создадената состојба од востанието и по долги дискусии, а имајќи ја предвид зимата која настапуваше, недостатокот од патрони и храна поради опожарувањето на бугарските села, уништувањето на фурните, водениците и др., се реши со срце тешко од болка и прекршен дух да се демобилизираат востаниците за на тој начин, од една страна, да не ѝ се даде на власта повод за палење на бугарските села и измачување на населението, а од друга – целосната демобилизација повеќе ги штитеше востаниците од прогонување отколку ако таа се случеше поединечно. Но, за секој случај, се задржаа само старите четници и водачите покомпромитирани пред власта. Едни останаа во земјата, други заминаа зад границата, а доброто оружје беше прибрано. Демобилизацијата, која требаше да се случи уште во втората половина на август, [како] објект на дискусија од Главниот штаб, се одложи за околу еден месец со надеж за интервенција ако не од Големите

сили, барем од Бугарија и немаше веќе резон да се одлага подолго време или, пак, да се очекува некаков резултат од доставениот апел до бугарската влада. Се гледаше јасно од водената бугарска политика за време на востанието дека владата нема ни најмалку намера сериозно и активно да ја заштити каузата на бугарското племе под турско ропство. Уште повеќе, што не пројави дури ниту [чувство] за една човечка должност, ако не [за] племенското право за да го спречи масовното опожарување на бугарските села и убивањето на мирното население.

Демобилизацијата, генерално, се изврши во извонредно трагични услови. Главниот штаб и востаниците требаше да се потчинат на лошата судбина. Херојските и саможртвените подвизи на штабот, раководителите, војводите и востанатиот народ реално дадоа светли страници од големи моменти во ослободителната историја на Македонија и Одринско. Слободата повторно стана мечта, аспирација и идеал, но нејзиното повикување се постави на здрави фундаменти. Македонско-одринскиот народ се спозна себеси во борбата како народ со полна свест за народното достоинство и чест и засекогаш ги зацврсти својата волја, вера и дух, кои никогаш нема да бидат скршени при сите поволни и неповолни фази на неговото постоење сè до достигнувањето на неговиот идеал.

Торино, Италија, 8 мај 1936 г.

Преведено од оригиналот:

Д-р Христо Татарчев - „Вътрешната македоно-одринска революционна организация като митологична и реална същност“, съставители: Цочо Билярски, Валентин Китанов, Македония прес, София, 1995, (ЦДИА, Ф. 85, оп. 1, а. Е3. 9, л. 1-197. Оригинал. Машинопис)